# ПЛАТФОРМА #1198

**ЛУЃЕТО НА ПРВО МЕСТО**



**МАКЕДОНИЈА ПОВТОРНО ТВОЈА!**

ПРОМЕНИТЕ ВО ТВОИ РАЦЕ!

ВМРО-ДПМНЕ

*ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ*
***2024 ГОДИНА***

# *ПЛАТФОРМА #1198*

*ЛУЃЕТО НА ПРВО МЕСТО*

**МАКЕДОНИЈА**
ПОВТОРНО **ТВОЈА!**

ПРОМЕНИТЕ ВО ТВОИ РАЦЕ!

**ВМРО-ДПМНЕ**

# СОДРЖИНА


**ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ** 6

**МЕРКИ И ПОЛИТИКИ ЗА НАПРЕДОК** 9

**I. БОРБА ЗА КВАЛИТЕТЕН ЖИВОТЕН СТАНДАРД** 10

СТАБИЛНИ ЈАВНИ ФИНАНСИИ – ПРЕДУСЛОВ ЗА НОВ ЦИКЛУС НА ЕКОНОМСКИ РАСТ . . . . . 11
КОНКУРЕНТЕН ПРИВАТЕН СЕКТОР . . . . . 18
ПОДДРШКА ЗА ИНОВАЦИИТЕ И ИКТ СЕКТОРОТ . . . . . 25
ПРОДУКТИВНИ И ВИСОКОПЛАТЕНИ РАБОТНИ МЕСТА . . . . . 33
НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА ДЕМОГРАФИЈА . . . . . 37
ЕНЕРГЕТСКИ СЕКТОР ВО СЛУЖБА НА МАКЕДОНИЈА . . . . . 42
ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ХРАНА ЗА МАКЕДОНИЈА . . . . . 54
РАЗВИЕНА И ФУНКЦИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА . . . . . 65

**II. ФРОНТ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА** 80

ДЛАБОКА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДСТВОТО . . . . . 81
СТОП ЗА КОРУПЦИЈАТА. . . . . 91

**III. ИНСТИТУЦИИТЕ РАБОТАТ СПОРЕД ЗАКОНИТЕ** 96

РЕФОРМА НА ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ . . . . . 97
СМАРТ МАКЕДОНИЈА: ЈАВНИ УСЛУГИ ДОСТАПНИ НА ЕДЕН КЛИК. . . . . 101
ПРОФЕСИОНАЛНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА . . . . . 106
РАЗВИЕНИ ЛОКАЛНИ САМОУПРАВИ. . . . . 110

**IV. ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА ГРАЃАНИТЕ** 113

ЌЕ ИМА КВАЛИТЕТЕН ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ! . . . . . 114
ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ИДНИНАТА. . . . . 127
НОВ ПЛАН ЗА ЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА . . . . . 138
СОЦИЈАЛНА ГРИЖА ЗА ОНИЕ НА КОИ ИМ Е НАЈПОТРЕБНА. . . . . 146

**V. ПАТРИОТИЗАМ ШТО ОБЕДИНУВА** 151

НАЦИОНАЛНИТЕ ПРИОРИТЕТИ НА МАКЕДОНСКАТА НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА . . . . . 152
БЕЗБЕДНОСТ И ОДБРАНА. . . . . 161
КУЛТУРАТА – СТОЛБ НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА. . . . . 172
МАКЕДОНИЈА - АТРАКТИВНА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА . . . . . 182
ДИЈАСПОРАТА – НЕРАСКИНЛИВ ДЕЛ ОД МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ТКИВО. . . . . 190
СПОРТОТ: НАЦИОНАЛНА ГОРДОСТ . . . . . 194

**VI. ПРАВА И СЛОБОДИ** 200

ЖЕНАТА – ЦЕНТАР НА МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО. . . . . 201
ВРЕМЕ НА МЛАДИТЕ . . . . . 206
ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СЛОБОДНИ МЕДИУМИ . . . . . 212
ИНКЛУЗИВЕН ГРАЃАНСКИ СЕКТОР . . . . . 216
250 МИЛИОНИ ЕВРА ГОДИШНО ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО СИТЕ ОПШТИНИ ВО МАКЕДОНИЈА . . . . . 219

**250 МИЛИОНИ ЕВРА ГОДИШНО ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО СИТЕ ОПШТИНИ ВО МАКЕДОНИЈА** 219



Почитувани граѓани на Македонија,

Нашата победничка изборна Платформа #1198 е посветена на развојот на Македонија, на квалитетниот живот на сите граѓани, а особено на враќањето на луѓето на прво место.

Со фокус на реалните проблеми, оваа програма е срочена да гарантира целосно функционирање на системот, заштита на македонските национални интереси, квалитетно образование, како и модерен здравствен систем.

Платформата #1198 содржи 1198 проекти, мерки, програми и политики со кои решаваме огромен број проблеми кај граѓаните, затоа што за нас **луѓето се на прво место**. Овој визионерски документ содржи конкретни реформски мерки и политики што ќе генерираат динамичен и повисок животен стандард, повисоки плати и пензии, притоа обезбедувајќи ред и правда за сите.

Твојата поддршка за Платформа #1198 е повеќе од клучна за да се реализира визијата за изградба на подобро општество кое им служи на врховниот суверен – граѓаните! Оттаму, почетната премиса на овој системски обмислен политички проект е дека **промените се во твои раце**. И подобриот живот е во твои раце!

Платформа #1198 се роди од посветеноста кон развојот, квалитетниот живот и поставувањето на луѓето во самото срце на нашата политика. Вие – граѓаните – сте почетокот и крајот на секоја мерка во оваа програма. Со цел да го трансформираат нашето општество, политиките се потпираат на најсвежите истражувања, на успешните компаративни искуства, како и на конкретни акции кои ќе доведат до изградба на здрава **демократска држава** која повторно ќе биде во рацете на граѓаните!

Програмата не само што ги препознава, туку и ги решава реалните проблеми со кои во континуитет се соочува македонското општество. Со преземањето на конкретна и јасно поставена обврска за **заштита на националните интереси**, Платформа #1198, меѓу другото, поставува и амбициозни цели за гарантирање на нормалното функционирање на уставниот и политичкиот систем, како и за непречено одржување на редот и поредокот во земјата. Во борба за правдата, Платформа #1198 гарантира политики што ќе значат еднакви права за сите.

**Квалитетното и модерно образование** се смета за темелен аспект од кој е условен развојот на Македонија. Програмата предвидува и конкретни реформи и мерки што се наметнуваат како неопходни за **повисок животен стандард**, како и за повисоки плати и пензии. Во таа смисла, програмата се залага за обезбедување можност за секого да ги развива своите потенцијали, што е основен предуслов за квалитетен живот. Во исто време, таа се посветува и на изградбата на **квалитетен, ефикасен и правичен здравствен систем**, кој ќе биде достапен по исти услови и на ист начин за сите граѓани.

Во областа на земјоделството, програмата се залага за поддршка на малите и средните земјоделски производители, со фокус на технолошките иновации, обуките и правилното управување со ресурсите. Ова не само што ќе ги подобри условите за работа во руралните области на нашата татковина, туку ќе придонесе за **подобар и одржлив развој на земјоделството** преку осигурување на сигурна и квалитетна храна за сите граѓани. За земјоделство што ќе биде водено од горди и задоволни земјоделци.

Платформа #1198 предвидува интегрален пристап кон клучните сектори како единствен начин за унапредување на условите во општеството.

Во секторот енергетика, програмата промовира користење на различни и еколошки извори на енергија. Следењето на иновациите во областа на обновливите извори, поддршката на политиките за енергетска ефикасност, како и подобрувањето на инфраструктурните капацитети, се клучните аспекти на планот за **одржлив енергетски развој**. Ова не само што ќе ги стави во режим на оптимален капацитет енергетските ресурси, туку и ќе креира работни места во секторот на зелената економија.

**Заштитата на животната средина** е во фокусот на Платформа #1198. Во овој дел, програмата предлага конкретни политики во насока на зачувување на природните ресурси, борбата против климатските промени и подобрувањето на квалитетот на живот. Тоа вклучува имплементација на мерки за третман на отпадот, поддршка за еколошки иницијативи и обезбедување на чист воздух и вода за сите граѓани.

Во доменот на инвестициите, Платформа #1198 промовира концепт за препознавање и привлекување на домашни и странски инвестиции кои ќе ѝ дадат нова енергија на економијата. Истовремено, програмата се залага и за ефикасно управување со финансиските ресурси, поттикнување на иновациите во приватниот сектор, како и постигнување на одржлив економски развој. Ова не само што ќе креира **поволни услови за бизнис**, туку и ќе обезбеди долгорочен економски раст кој ќе носи бенефит за сите граѓани.

**Младите** се една од централните точки на Платформа #1198. Детектирајќи ги нивните предизвици и копнежи, програмата вообличува јасни мерки кои на модерен начин ќе овозможат реализирање на клучни приоритети: зголемување на младинското учество во политиката на сите нивоа, нов концепт на развој и промоција на индивидуалниот и колективниот спорт, мерки со кои ќе се осовремени образованието, ќе се олесни студирањето преку стипендии

и друга помош, ќе се поттикне вработувањето на младите, и ќе се постават новите основи за динамичен развој на младинската претприемливост потпомогната од државата.

Конечно, еден од клучните приоритети на Платформа #1198 е **демографијата и намалување на иселувањето**. Водејќи се од компаративните европски и демократски искуства, предвидуваме мерки со кои ќе се создадат услови за намалување на иселувањето на краток рок, а на среден рок, ќе се овозможи повторно враќање на оние кои веќе си заминаа од своите родни огништа. Во таа смисла, со имплементирање на европските искуства во справувањето со демографските предизвици, веруваме дека ќе успееме да воспоставиме нова реалност во која Македонија ќе пулсира и ќе се развива како држава на среќни граѓани.

Во целост, Платформа #1198 е визионерски политички план кој се потпира на еден модерен и прецизен пристап кон управување со ресурсите што ќе создаде услови за **поквалитетен живот и динамичен економски развој**.

Твојата поддршка за Платформа #1198 не е само политички избор, туку е и акт на силна верба дека промените се во твои раце.

Со твојата надеж, државата може повторно да биде твоја, а политиката - твоја алатка во градењето на подобро општество.

Во твоите раце е моќта да се обликува подобриот живот што го сонуваш.

Тоа е оваа Програма!

Со почит,

Претседател на ВМРО-ДПМНЕ,

Проф. д-р Христијан Мицкоски



# МЕРКИ И ПОЛИТИКИ ЗА НАПРЕДОК





# I. БОРБА ЗА КВАЛИТЕТЕН ЖИВОТЕН СТАНДАРД

# СТАБИЛНИ ЈАВНИ ФИНАНСИИ – ПРЕДУСЛОВ ЗА НОВ ЦИКЛУС НА ЕКОНОМСКИ РАСТ

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, во периодот 2024 - 2028 година ќе создаде предуслови за нов циклус на економски раст. Тој ќе се базира врз главниот принцип на економската програма на ВМРО-ДПМНЕ т.е. поттикнување на економската слобода на инвеститорите преку креирање на фер услови за сите стопански субјекти. Реализацијата на висок износ на јавни капитални инвестиции, посилна и финансиски поддржана инвестициска активност на домашните производни компании, влезот на странски компании и стабилизација на надворешното окружување ќе бидат основни двигатели на економскиот раст. Доколку не се случат непредвидени политички и економски нарушувања на глобално и регионално ниво, постојат услови во периодот 2024-2028 растот на БДП да се движи од 3,0% до 5,0%.

| | **2024** | **2025** | **2026** | **2027** | **2028** |
|---|---|---|---|---|---|
| Реален раст на БДП | 3,0 | 4,0 | 4,0 | 4,5 | 5,0 |
| Инфлација (просек) | 3,7 | 2,5 | 2,5 | 2,0 | 2,0 |
| Буџетски дефицит (како% од БДП) | - 3,6 | - 3,0 | - 3,0 | - 3,0 | - 2,9 |
| Стапка на невработеност | 12,0 | 10,7 | 9,4 | 8,1 | 7,5 |
| Јавен долг (како% од БДП) | 63,8% | 63,2% | 62,0% | 61,7% | 59,7% |
| Странски директни инвестиции (како% од БДП) | 4,0 | 4,2 | 4,5 | 5,0 | 5,5 |

Табела 1: Проекции на главни макроекономски индикатори 2024-2028 година (во%)

Фискалната политика во периодот 2024-2028 година ќе биде насочена кон враќање на макроекономската стабилност и поддршка на економската активност преку постепена фискална консолидација, подобрување на управувањето на јавните финансии и одржување на високо ниво на капитални расходи. Активната и одговорна фискална политика ќе биде во функција на економскиот раст при умерено и одржливо ниво на дефицит и задолженост. Свесни за тешкиот фискален товар и нарушената фискална одржливост од страна на претходната Влада (јавниот долг на крајот од 2023 година достигна рекордни 62,1% од БДП, а во наредните пет години ни се оставени огромни плаќања само по основа на камати во износ од 1,8 милијарди евра), ВМРО-ДПМНЕ следниот период ќе преземе мерки за фискална консолидација со цел земјата да се врати на патеката на умерено ниво на задолженост.

Буџетскиот дефицит постепено ќе се намалува на ниво под 3,0% од БДП. Тој ќе биде поврзан со повисоките капитални инвестиции за инфраструктурни проекти, пред сè за изградба на транспортната и комунална инфраструктура, инвестиции во енергетски капацитети и инвестициите во образовната и во здравствената инфраструктура.

Преку одржување умерен буџетски дефицит, стабилност на девизниот курс и добра координација на монетарната и фискалната политика, ќе ја намалиме разорната инфлација која ја оставија нашите претходници. Ако нема надворешни шокови, очекуваме во периодот 2025-2028 година просечната стапка на инфлација да изнесува 2,0% - 2,5% годишно. Ќе ја почитуваме независноста на Народната банка на Република Македонија, со очекување дека истата преку навремени мерки и активности ќе одржува ниска инфлација, стабилност на девизниот курс и ќе се грижи за ефикасен финансиски сектор.

Очекуваното забрзување на економскиот раст, вработеноста и платите, како и постабилниот надворешен и внатрешен амбиент, ќе придонесат за забрзување на растот на депозитната база и кредитната поддршка за фирмите.

Нашата цел е до 2028 година да ја намалиме стапката на невработеност до 7,5%. Тоа значи дека во следните четири години во Република Македонија ќе се креираат околу 55 илјади нови работни места. Невработеноста ќе биде намалена преку остварување на висок економски раст; одржување на бизнис-климата на ниво меѓу најдобрите во свет, што ќе даде директна поддршка на домашните фирми за нови инвестиции и отворање нови работни места; привлекување на нови странски директни инвестиции; активни политики и мерки преку Агенцијата за вработување; зголемена и таргетирана поддршка за повисок принос во земјоделството; натамошна поддршка на градежништвото и врзаните дејности преку повисок износ на капитални инвестиции; модернизација на образованието за создавање продуктивна работна сила.

Примарна цел и приоритет на следната Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ е зголемување на животниот стандард на граѓаните во Македонија. За да се постигне оваа цел, потребно е да се зајакне наплатата на приходите, да се подобри ефикасноста на трошењето на јавните пари, да се сведе на нула корупцијата во јавните набавки, да се реализираат значајни инфраструктурни проекти и да се внимава за идните генерации преку обезбедување на одржливост на јавниот долг. Со цел висок степен на реализација на крупните инфраструктурни проекти, потребно е нивно стратегиско планирање врзано со буџетирање.

Во наредниот период, една од главните активности на новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде насочена кон намалување на сивата економија и поголема наплата на средства за државниот буџет. Зголемувањето на даночната основа преку интегрирање на сивата во официјална економија ќе овозможи собирање на повеќе приходи во државниот буџет. Ова ќе овозможи задржување на ниските даночни стапки кај останатите даноци, а во исто време и поголем износ на средства за капитални инвестиции, за даночни ослободу-

вања, субвенции и стимулации на работењето на домашниот приватен сектор и граѓаните.

Распределбата на буџетските средства е подеднакво значајна. Наспроти неефикасното трошење на јавните пари, високиот степен на корупција во јавните набавки и ниската реализација на капитални расходи за инфраструктурни проекти во изминатиот период, ВМРО-ДПМНЕ се обврзува на искоренување на корупцијата во јавните набавки и значајно подобрување на ефикасноста и целисходност во трошењето на јавните пари, со главен фокус на реализацијата на капиталните расходи.

Квалитетот на јавните услуги мора да се подобри. За таа цел, ќе извршиме целосна дигитализација на услугите на јавниот сектор. ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да преземе активности со цел преиспитување и рационализација на поставеноста на органите на државната управа, со можност за спојување или укинување на одредени државни органи.

За подобрување на животниот стандард на просветните, здравствените, културните и социјалните работници, на вработените во судството, полицијата и во војската и на сите вработени во јавната администрација, платите ќе се зголемуваат со растот на економијата.

Ќе се заложиме за зацврстување на системот на социјална грижа. Голем број наши граѓани имаат потреба од социјална грижа и поддршка. ВМРО-ДПМНЕ ќе води посебна грижа за самохраните родители, многудетните семејства, лицата со попреченост и за болните. Социјалната помош ќе продолжи да се зголемува. За пензионерите ќе обезбедиме по 5 000 денари повеќе за пензии во првата година од мандатот. Со тоа ќе придонесеме за подобар и поквалитетен живот на највозрасните граѓани.

## ПРЕДВИДЛИВИ ДАНОЦИ И РЕГУЛАТИВА

ВМРО-ДПМНЕ се обврзува на создавање предвидливо даночно и регулаторно опкружување како еден од најзначајните предуслови за водење бизнис. Инклузивен ќе биде процесот на регулаторни промени во сите области значајни за функционирањето на бизнисот и граѓаните. Измените во законите ќе подлежат на широка јавна дебата и инклузија од сите засегнати страни. Нема да носиме ад хок решенија, ниту ќе воведуваме кратки рокови за почеток на нивна примена. Ќе формираме платформа за јавно-приватен дијалог.

## ЗЕМЈА СО НИСКИ ДАНОЦИ

ВМРО-ДПМНЕ ќе обезбеди Македонија да биде меѓу земјите со најниски даноци за фирмите и граѓаните. Тоа ќе го постигнеме на следниов начин:

- Ќе го задржиме рамниот данок;

- Данокот на личен доход од 10% нема да се зголемува;
- Даночно ослободување кај данок на личен доход ќе има за нововработени млади лица до 29 години со цел задржување на младите во економијата;
- Даночните олеснувања во рамки на данокот на личен доход за фриленсери;
- Подигнување на прагот за регистрација на ДДВ од два на три милиони денари за консолидиран промет на сопственички поврзани обврзници;
- Ќе направиме целосен поврат на данок на личен доход за секоја вработена жена со новороденче;
- Данокот на добивка останува со стапка од 10%;
- Реинвестираната добивка и натаму нема да се оданочува;
- За привлекување на мултинационални компании кои имаат висока нето-добивка над 50 милиони евра, ефективната стапка на данокот на добивка ќе биде 5%.
- Враќање на даночните поволности на фирмите (признат расход) за уплатените премии за доброволно животно осигурување со цел задржување и мотивација на вработените;
- Царинските давачки постепено ќе се хармонизираат со царинските стапки на ЕУ. Ќе направиме ревизија на царинскиот Тарифник, адаптирано на извозно–увозните потреби на стопанството и на државата.

## *РАСТ НА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ – ПОГОЛЕМ ИЗНОС, ПОДОБРА РЕАЛИЗАЦИЈА*

Капиталните инвестиции се клучниот фактор за подобрување на конкурентноста на економијата и квалитетот на живот на граѓаните. ВМРО-ДПМНЕ во следниот период се обврзува на:

- Капитални инвестиции исклучиво за продуктивни проекти: инфраструктурни и енергетски проекти што ќе бидат во функција на бизнис-секторот, и капитални проекти од комунална и друга локална инфраструктура за подобрување на општите услови за живот на македонските граѓани;
- Зголемен износ на капитални инвестиции од најмалку **3 милијарди евра** со значајно подобрена структура;
- Годишен износ на капитални трансфери до **250 милиони евра** за општините, вкупно 1 милијарда евра во текот на мандатот;
- Стратегиско планирање на крупните инфраструктурни проекти врзано за буџетирање. Во планирањето и реализацијата ќе се водиме од приоритетите;
- За најзначајните стратегиски капитални инвестиции во насока на поефикасно управување ќе ангажираме проект-менаџери.

## ПРАВЕДНА ФИСКАЛНА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Ќе направиме ревизија на системот на распределба на трансферите од централниот буџет до општините. Трансферите од централниот буџет ќе бидат во корелација со ефикасноста во наплата на изворни приходи. Врзувањето на буџетските трансфери со успешноста на општините да ги наплатат сопствените изворни приходи, ќе значи праведно оданочување и трансфер на буџетски средства до општините.

## ЕФИКАСНА, ДИГИТАЛИЗИРАНА И ПРАВЕДНА ДАНОЧНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Нашата визија е да креираме подобро опкружување за даночните обврзници и за даночните службеници, засновано на праведност, соработка, транспарентност и зајакната доверба. Со дигитална трансформација, иновативни пристапи и примена на нови технологии, УЈП ќе ги мобилизира даночните приходи кои се клучен извор на јавните финансии. Нашата визија за нов лик на УЈП се темели на реформата 4Д (Дигитализација, Даночни обврзници, Даночни приходи и Даночна администрација), која опфаќа повеќе активности и проекти:

- Нов интегриран електронски систем во УЈП, компатибилен со електронските системи на другите државни институции. Овој систем ќе овозможи автоматизација и дигитализација на работните процеси и услугите на УЈП. Тоа ќе ги намали трошоците за фирмите и граѓаните и ќе ја олесни нивната интеракција со УЈП за плаќање на обврските, поврат на даноци и други услуги. Истовремено, на ваков начин ќе се зајакне детектирањето на ризичните даночни обврзници и ќе се зајакне ефективноста на инспециската контрола и целокупното администрирање на даноците;
- Воведување бесконтактни алатки и иновативни начини за да бидеме поблиску до даночните обврзници (објаснувачки видеа, потсетници и пораки во електронско сандаче, виртуелна даночна канцеларија наместо традиционални шалтери и сл.);
- Електронско издавање на уверенија и потврди и други даночни документи на барање на даночните обврзници, со утврдени и јавно објавени стандарди за квалитет во постапката (рок за издавање и сл.);
- Воведување даночен караван – организиран начин за информирање на целни групи на даночни обврзници за нивните даночни права и обврски;
- Платформа „Поедноставно оданочување – дизајн според Вашите идеи“ за достава на идеи од даночните обврзници, организирање панел-дискусии и други форми за споделување идеи и негување иновации;
- „Хоризонтален мониторинг“, односно кооперативни аранжмани со големите даночни обврзници, кои ги управува Дирекцијата за големи даночни обврзници, како дополнување на традиционалната надворешна контрола;
- Воведување регулатива и процедура за издавање лиценца за даночен инспектор.

## ЕЛЕКТРОНСКА ФАКТУРА

Електронската фактура (Е-фактура) ќе го забрза работењето помеѓу субјектите од приватниот и јавниот сектор преку електронскиот систем на УЈП. Е-фактурата ќе овозможи електронски да се издаваат, да се доставуваат и да се примаат фактурите од сите даночни обврзници, вклучително и фискализација на е-трговијата, преку единствениот систем на УЈП. Тоа ќе ги намали бирократските процедури и ќе ја намали сивата економија преку елиминирање на издавањето на фиктивни фактури за поврат на ДДВ. На овој начин, УЈП во реално време ќе располага со податоци за деловните трансакции, прометот меѓу економските оператори и реалниот износ на искажан ДДВ по трансакција и по даночен обврзник за одреден даночен период. Ќе се создадат услови УЈП да издава однапред пополнета пријава за ДДВ за сите обврзници врз основа на претходните евидентирани фактури.

## ОБЈЕКТИВЕН И ФЕР ОДНОС КОН ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ

Воведуваме механизам за независна и објективна проверка на примената на даночната регулатива во конкретни даночни контроли и други даночни постапки. Со ова ќе обезбедиме правичен и фер однос, сигурност за даночните обврзници, оневозможување субјективизам во одлучување на даночните инспектори и намалување на споровите кои се разрешуваат во судски постапки.

## ОЛЕСНЕТО ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОЧЕН ДОЛГ

Ќе воведеме поголема флексибилност за плаќање на заостанат даночен долг, особено кај нископриходни даночни обврзници односно едноставна постапка и лесни услови за плаќање на данокот на рати со електронско аплицирање и без гаранција.

## ЗЕЛЕНА КАРТА ЗА ОЛЕСНЕТ ПОВРАТ НА ДДВ

Ќе ја редизајнираме процедурата за поврат на ДДВ и ќе доделуваме статус на „зелена карта“ за олеснета постапка на поврат на ДДВ. На овој начин процедурата за поврат на ДДВ ќе биде брза и ефикасна за даночните обврзници што ги исполнуваат критериумите за даночна доверба. Со оваа мерка ќе спречиме даночни малверзации и ќе обезбедиме сигурност и објективност за даночните обврзници.

## РЕЈТИНГ ЛИСТА НА ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ

Ќе воведеме рејтинг листа на даночни обврзници со јавно објавување. Оваа листа ќе ги класифицира компаниите врз основа на даночната усогласеност (редовност, точност во плаќањето на даноците и други критериуми).

## ПЛАЌАЊЕТО НА ДАНОЦИТЕ Е ВАЖНО

Ќе креираме едукативни кампањи за подигање на свеста кај приватниот сектор дека плаќањето на јавните давачки е важно, дека барањето на фискални сметки е важно, дека плаќањето на стоки и услуги без фискална сметка значи поддршка на сивата економија. Подигањето на колективната свест кај фирмите и граѓаните, и зголеменото плаќање на јавните давачки ќе значи повеќе средства во државниот буџет, повеќе средства за градинки, негувателки, подобри услови за образование, повисоки плати и пензии, повеќе можности за поддршка на спортот, повеќе можности за современи патишта, подобар јавен превоз итн.

## ЕФИКАСНА, ДИГИТАЛИЗИРАНА И ПРАВЕДНА ЦАРИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

Дигитализација на Царинската управа, воведување на нови е-услуги како и електронско поднесување и издавање на документи кои во моментов физички се поднесуваат и се издаваат на шалтерите на Царинската управа. На овој начин ќе се овозможи електронско поднесување на заверени и скенирани документи и преземање на електронски потпишаните документи од Царинската управа. Оваа мерка ќе ја олесни постапката на поднесување и издавање на документација, ќе доведе до комплетно воведување на безхартиена околина, ќе ги намали трошоците на физичките лица и економските оператори, ќе обезбеди значително побрз поквалитетен и потранспарентен сервис кон граѓаните и деловните субјекти, а со тоа ќе ги намали и ризиците од коруптивни делувања.

Ќе работиме на акредитација на царинската лабораторија по примерот на најсовремените европски земји. Преку исполнување на посебните барања за комплетност при испитување и акредитација на лабораторијата се обезбедува меѓународно признавање на резултатите од испитувањата и поголема заштита при пуштање на стоките во употреба.

## ИНСТАНТ ПЛАЌАЊА

Ќе воведеме инстант плаќања односно плаќања од сметка на сметка во реално време (за неколку секунди) во кој било период од денот, во текот на сите 24 часа. На овој начин се овозможува забрзување на безготовинските плаќања во домашната економија, се забрзува времето на ставање на располагање на паричните средства на сметка на примателот.

# КОНКУРЕНТЕН ПРИВАТЕН СЕКТОР

Подобрувањето на условите за водење конкурентен бизнис и реформи поврзани со намалување на административните оптоварувања ќе бидат во фокусот на нашите политики за креирање на поволна економска клима за компаниите.

ВМРО-ДПМНЕ нуди развоен концепт базиран на модерна индустријализација и подобрување на извозните перформанси на компаниите, преку зголемување на бројот на извозни производи кои имаат повисоко ниво на додадена вредност, зголемување на бројот на извозни компании и бројот на извозни пазари.

За таа цел, системски ќе ги поддржиме домашните производни капацитети во напорите за производно, техничко-технолошко, кадровско и организациско преструктурирање со цел градење на поголема конкурентност за настап на светските пазари и поголеми можности за интегрирање во националните, регионалните и глобалните синџири на снабдување.

Истовремено, ќе го унапредиме моделот за привлекување на странски инвестиции, заради гарантирање на објективност во критериумите за избор на кредибилни компании, успешност на инвестициите, поголема додадена вредност, поголеми ефекти за домашната економија и креирање на високоплатени работни места.

Реформата на правната регулатива ќе се подготвува и имплементира во соработка со приватниот сектор, а нејзина цел ќе биде намалување на правните бариери, непотребните закони, подзаконски акти, правила и процедури кои го отежнуваат водењето бизнис и ги зголемуваат трошоците. Дополнително, предвидуваме укинување на голем број парафискални давачки што ги оптоваруваат компаниите.

Целите на програмата за поддршка на конкурентниот приватен сектор на ВМРО-ДПМНЕ се:

- Повисоки стапки на економски раст на вкупната економија;
- Подобар животен стандард за македонските граѓани;
- Повисоко ниво на продуктивност на работниците и технолошки развој;
- Креирање на нови високоплатени работни места, како и подобар стандард на работниците;
- Враќање на економијата како тема во фокусот на целото општество;
- Пораст на домашните и странските инвестиции;
- Пораст на извозот.

Креирањето на услови за повисока конкурентност на приватниот домашен сектор ќе биде во фокусот на Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Нашата мисија е да го

поттикнеме растот на домашните приватни инвестиции преку:

- Оданочување на фирмите со ниски даночни стапки;
- Предвидливо даночно опкружување;
- Обезбедување на поволни финансиски средства за инвестиции кај производните капацитети;
- Намалување на трошоците од парафискални давачки;
- Обезбедување на повисок квалитет на јавните услуги со акцент на дигитализацијата;
- Регулаторна гилотина за намалување на бирократијата;
- Задржување на работниците во земјата и подобрување на квалитетот на нивните знаења и вештини;
- Борба против сивата економија;
- Подобрување на транспортната и енергетската инфраструктура.

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ ВО ПРОИЗВОДСТВЕНИ КАПАЦИТЕТИ

Во наредниот период ќе продолжиме со финансиската поддршка на инвестициите за домашните и странски компании, којашто е регулирана во Законот за финансиска поддршка на инвестициите. Постапката и условите за добивање на истата ќе бидат ревидирани, во насока на поголем износ на поддршката за домашните компании што извезуваат и компаниите од секторите со конкурентска предност.

Ќе воведеме единствен регистар на доделена државна помош, со цел да се спречи злоупотреба на финансиските инструменти за поддршка и нивно двојно искористување.

## ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ

За да поттикнеме одржлив раст на извозот, покрај подобрување на транспортната и енергетска инфраструктура, се обврзуваме на реформи во трговската политика:

- Рационализирање и дигитализирање на граничните процедури и зајакнување на меѓуагенциската координација за да се намалат доцнењата во царинењето и непотребните трговски трошоци со главните трговски партнери;
- Склучување на нови договори за слободна трговија заради зголемување на нивото на слободна трговија и опфат на поголем број производи што би се извезувале;
- Ќе им помогнеме на компаниите што се извозно ориентирани, на едно место да ги добијат информациите за потребната документација за пласман на производот;

- Ќе креираме програми за промоција на извозот преку поддршка на извозно ориентираните компании во процесот на градење меѓународни брендови, поддршка на маркетиншки активности и учество на меѓународни саеми, организирање купопродажни мисии и други промотивни настани за извозно ориентирани компании.

## МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА – ПОДДРШКА ЗА ЗГОЛЕМЕН ПРИСТАП ДО ФИНАНСИИ

Микро, малите и средните претпријатија (ММСП) се најбројни во домашната економија. ММСП имаат потреба од финансиска и стручна поддршка за пристап до финансирање и подобрување на стандардите во работењето.

Главните пречки за пристап до финансии кај банките на овој сектор лежат во: недоволната експертиза за подготовка на проекти за финансирање, неподготвеноста на дел од компаниите да обелоденат и да споделуваат деловни информации, недостатокот на профитабилност и несоодветна кредитна историја итн. Претпријатијата од своја страна ги наведуваат како пречки високата цена (камата) на средствата, долготрајноста на постапката на одобрување и преголемите хипотеки што банките ги бараат како покритие за кредитите.

За да се зголеми пристапот до финансии на ММСП, ВМРО-ДПМНЕ ќе обезбеди:

- Доекипирање на Развојната банка со стручен кадар којшто ќе го олесни пристапот на ММСП до кредитните линии преку подобрување на бизнис-планирањето и известувањето, за што ќе се креираат програми во соработка со консултантски куќи;
- Бројот на банки што партиципираат во кредитните линии од ЕБРД, ЕИБ и други меѓународни финансиски институции ќе се зголеми, со воведување на стимулативна (пониска) камата за банките зависно од износот на пласирани средства;
- Заедно со стопанските комори и Развојната банка, ќе организираме редовни форуми за средниот менаџмент на ММСП, со цел да се подобри квалитетот на изработка на проектната документација и информираноста за постојните можности за финансирање.

## ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ

Привлекувањето на странски инвестиции е тежок и софистициран процес, во кој е потребна јасна стратегија, добар бизнис-амбиент, дефинирани правила на игра и врвен професионален квалитет на кадарот.

Затоа, ќе спроведеме бројни активности за реформирање на тековниот систем за привлекување на СДИ преку:

- Изработка на ревидирана Стратегија за привлекување на странски директни инвестиции 2025-2035 година, како платформа за долгорочна активност за нови гринфилд и браунфилд инвестиции, мапирање на индустрии со фокус на високотехнолошки дејности, институционални промени и редизајнирање на системот на финансиска поддршка;
- Ќе креираме единствена Агенција за странски инвестиции и извоз, преку спојување и рационализација на постоечките агенции. Агенцијата ќе обезбедува услуги за инвеститорите по системот на one-stop shop, како во однос на информации и совети, така и постинвестициски, како aftercare.
- Финансиската поддршка ќе се базира на објективни критериуми;
- Ќе обезбедиме целосна инфраструктурна и логистичка поддршка во индустриските зони;
- Ќе го обновиме брендирањето на Македонија како поволна инвестициска дестинација и ќе обезбедиме светска промоција;
- Советот на странски инвеститори и други релевантни комори на меѓународните компании ќе бидат консултирани при носење на нова релевантна регулатива;
- Објективни критериуми и предвидливи постапки за издавање на дозволи за престој и работа на врвниот менаџмент, високообразован стручен кадар, експерти на меѓународни организации и припадници на македонската дијаспора.

## ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ ДЕЛ ОД СИНЏИРОТ НА ДОСТАВУВАЧИ НА СТРАНСКИТЕ КОМПАНИИ

Дел од домашните компании имаат потенцијал за извоз, но немаат доволно експертиза да го подобрат и да го стандардизираат сопствениот производ за да направат пробив на странските пазари. Присуството на реномирани странски фирми во Македонија е шанса за овие домашни фирми, во прва фаза да станат нивни доставувачи, а перспективно подоцна да започнат и сопствен директен извоз. За полесно вклучување на домашните компании во ланецот на доставувачи на странските компании кои инвестирале во Македонија, во соработка со меѓународните финансиски институции ќе релизираме повеќе проекти и мерки. Активностите ќе придонесат за трансфер на технологии и know-how преку бизнис-соработка на домашните со мултинационалните компании, како и зголемување на вработеноста. За таа цел, идната Влада на ВМРО-ДПМНЕ:

- Ќе ги мапира домашните компании кои имаат потенцијал да бидат доставувачи на големи мултинационални компании;
- Ќе ги идентификува областите каде може да се направи подобрување на нивните перформанси во смисла на Моделот за извонредност на Европската фондација за менаџмент на квалитетот (EFQM);
- Ќе креира индивидуални планови за компаниите со препораки како да ги подобрат стандардите, а за истото ќе биде обезбедена и соодветна тех-

ничка поддршка од експерти од соодветниот сектор;
- Ќе обезбеди државна финансиска помош за инвестиции во нови капацитети во функција на интеграција во ланецот на доставувачи.

## *НАМАЛУВАЊЕ НА СИВАТА ЕКОНОМИЈА – ФЕР ТРЕТМАН КОН СИТЕ КОМПАНИИ*

Сивата економија сериозно ја нарушува конкурентноста на фирмите кои редовно и дисциплинирано плаќаат даноци, придонеси и други јавни давачки од кои се финансираат сите потреби на буџетот. Намалувањето на сивата економија ќе создаде рамен терен за игра на фирмите и нивна поголема конкурентност. Затоа, во наредниот период ВМРО-ДПМНЕ се обврзува:

- Да го дигитализира и да го поедностави регистрирањето на микро и мали фирми, како и пријавувањето на работници ангажирани на пократок рок и сезонски, посебно во дејностите трговија на мало, градежништво и други услужни дејности;
- Да ја подигне јавната свест за предностите од формализација на бизнисите и пријавување на работниците заради нивна поголема социјална заштита и еднаквост на сите пред законите;
- Да ја заштити електронската трговија од нерегистрирани трговци со измени на законодавството и да гарантира плаќање на даноци.

### *РЕГУЛАТОРНА ГИЛОТИНА 2025*

Ќе спроведеме регулаторна гилотина на обемните прописи што ги засегаат граѓаните и компаниите. Тоа ќе опфати скенирање на илјадници законски и подзаконски акти, процедури и постапки, со предлози за укинување или поедноставување на сите што се непотребни или преобемни. Оваа алатка ќе влијае директно во насока на подобрување на бизнис-климата, намалување на бирократијата и корупцијата. Преку инклузивен процес, очекуваме голема и активна поддршка од бизнис-заедницата, институциите, стопанските комори и граѓаните за успешно детектирање на проблематичните регулативи и подобра реализација на овој проект.

## *ПОРТАЛ НА НОРМАТИВИ ПО ОБЛАСТИ*

Во рамките на Службен весник ќе се направи е-Регистар на закони и подзаконски акти по области. Целта е државата да обезбеди на едно место достапност на целокупната законска регулатива, систематизирана на јасен начин и лесна за пронаоѓање со цел да се зголеми ефикасноста на носењето на одлуки како од страна на приватниот, така и од страна на јавниот сектор.

## Е- РЕГИСТАР НА ПАРАФИСКАЛНИ ДАВАЧКИ

За следење и контрола на парафискалните давачки, ќе изработиме дигитален регистар во кој ќе се внесат сите парафискални давачки кои се наплаќаат на централно и локално ниво. Во соработка со коморите, редовно ќе се ревидира оваа листа со цел да се укинат или да се намалат дел од парафискалните давачки, кои создаваат дополнителен трошок за фирмите и ја намалуваат нивната конкурентност.

## РЕГИСТАР НА ЛИЦЕНЦИ И ДОЗВОЛИ НА ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Со интеграција на информациите за сите лиценци и дозволи со кои располагаат правните и физичките лица во Македонија, ќе се поттикне сигурност во правниот систем. Институциите во разни постапки ќе ги преземаат информациите од овој регистар по службена должност, наместо да ги бараат од странките во постапката. Оваа поволност ќе значи и поголема информираност на граѓаните и поголема бизнис-соработка.

## ПОВРЗУВАЊЕ НА ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР СО РЕГИСТАРОТ НА НАСЕЛЕНИЕ

Целосно ќе го поврземе трговскиот регистар со Централниот регистар на население. Промените на личните податоци на физичките лица, по автоматизам ќе значи промена на податоците во регистарот на компании. На тој начин ќе ја намалиме бирократијата, односно ќе се намалат обврските за известување, времето и трошоците за фирмите.

## ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА – ЗА ПОНИСКИ ЦЕНИ

Во функција на заштита на конкуренцијата, ќе го зголемиме административниот капацитет, кадровската екипираност и буџетската поддршка на Комисијата за заштита на конкуренцијата со цел унапредување на нејзината независност и оперативност. Ќе обезбедиме стриктна примена на Законот за заштита на конкуренција и Законот за нефер трговски практики со цел заштита на стандардот на граѓаните.

## ПОДДРШКА НА СТАРТАП ЕКОСИСТЕМОТ

Претприемачкиот дух на младите и на лицата со искуство кои имаат нови идеи за почнување на бизнис мора да се поддржи, затоа што истиот креира потенцијал за раст на економијата.

ВМРО-ДПМНЕ се обврзува на силна поддршка на стартапите во Македонија:

- Законската регулатива ќе ја измениме во насока на поттикнување и поддршка на претприемачките иницијативи;
- Ќе пристапиме кон промоција, ревидирање и носење законска регулатива за бизнис-ангели, формален ризичен капитал (venture capital) и збирно финансирање (crowdfunding), со цел да се зголеми конкуренцијата и пристапот до финансирање на стартап компаниите;
- Државните простории што се празни и не се користат ќе се пренаменат во деловни простории кои за минимален надомест ќе можат да ги користат стартап фирмите. Истите иницијално ќе добијат простории за својот бизнис, а кога ќе надминат одреден праг на промет и/или период, други ќе доаѓаат на нивно место. Системот на ротација ќе овозможи широка поддршка за повеќе стартап компании.

## ФИСКАЛНА ПОДДРШКА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ (R&D)

Ќе овозможиме даночни поволности за поддршка на научни истражувања, применети (индустриски) истражувања и експериментални истражувања. Во рамки на поддршката, ќе обезбедиме поволности за покривање на оперативните трошоци, материјали, услуги, како и капитални трошоци за машини, опрема, објекти итн.

Преку Развојната банка и ФИТР ќе обезбедиме финансиска поддршка за инвестиции во истражување и развој, во форма на кредити, даночни кредити и грантови.

# ПОДДРШКА ЗА ИНОВАЦИИТЕ И ИКТ СЕКТОРОТ

Дигиталната трансформација и развојот на ИТ индустријата се клучни за тоа како една земја ќе се адаптира и ќе биде конкурентна во дигиталната ера. Развиена ИТ индустрија може да ја позиционира земјата на глобалната сцена како иновативен и конкурентен играч, а неизбежни се и позитивните ефекти врз привлекувањето на нови инвестиции и унапредување на можностите за бизнис. Поддршката кон дигитализацијата на македонската економија може да придонесе за зголемување на конкурентноста и унапредување на процесот на воведување иновации, како клуч за раст и развој на овие претпријатија.

Ова дотолку повеќе од причини што во современиот свет, моќта на една земја во геополитички контекст е предодредена од степенот на нејзиниот технолошки развој и иновативност. Следејќи ги препораките на Европската Унија опишани во нејзината стратегија Дигитален компас 2030, со оваа Програма ќе го зацртаме патот на македонското општество кон одржлива и просперитетна дигитална иднина, со човекот во нејзиниот центар.

Бизнисите и граѓаните се најважната компонента на дигитализацијата. Затоа, во четирите најважни области спаѓаат едукацијата на населението и дигиталната трансформација на бизнисите. Во рамки на клучните области што ќе ја движат Македонија кон дигиталната иднина се и безбедна, ефективна и одржлива дигитална инфраструктура; како и целосна дигитализација на јавните услуги.

Создавање модерна дигитална економија ќе биде еден од врвните приоритети на новата влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Долгорочно, плански и системски – наместо ad hoc - во соработка со стручната, научната заедница и невладиниот сектор, а посебно со коморите, ќе се работи на креирање и усвојување на модерни политики и стратегии за развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелигенција, иновациите и стартап екосистемот.

Технолошките иновации и примената на дисруптивните технологии како што се вештачката интелигенција, cloud, big data, IoT, блокчеин, metaverse, VR/AR, RPA, сензори, роботи, дронови, паметни градови, 5Г, платформска економија се клучни за понатамошната трансформацијата на македонската економија - од трудоинтензивна и индустриска, во економија базирана на знаење.

# ИКТ ЕДУКАЦИЈА ЗА ВЕШТИНИ НА ИДНИНАТА

## „ТЕХНОЛОШКИ ТАЛЕНТ“ ВО ОСНОВНОТО И ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Преку измени во наставните програми во основното и во средното образование кои се однесуваат на новиот дигитален свет - алгоритамско размислување, работа со податоци, дисруптивни технологии, вештачка интелигенција и генеративна вештачка интелигенција, основи на програмирањето, работа со мултимедијални содржини, табели и презентации, онлајн безбедност, како и претприемливост, цели генерации ученици ќе бидат подготвени за работните места на иднината.

## ИТ МОДУЛ ЗА СРЕДНОШКОЛЦИ

Ќе дизајнираме модул за обука за средношколци и студенти за стекнување на средно ниво на дигитални вештини. По успешното завршување на модулот, ќе биде генериран сертификат за дигитална писменост. Модулот ќе овозможи секое 18-годишно лице да има барем средно ниво на дигитална писменост.

## 15 000 ИКТ ОБУКИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ГРАЃАНИ

Со оглед дека главниот извор за квалификувана работна сила е формалното ИКТ образование, неопходно е да се работи на унапредување на квалитетот и квантитетот на „технолошкиот талент“. Затоа планираме:

- Проширување на квотите на ИКТ факултетите, модернизирање на програмите, воведување на мастер програми од доменот на дисруптивните технологии, поддршка за набавка на инфраструктура и развој на компетенции во областите на High-Performance Computing, High-Performance Data Analytics и вештачка интелигенција;
- Систем на ваучерска поддршка за дипломираните студенти да посетуваат сертифицирана ИТ обука на напредно ниво;
- Поддршка на приватниот сектор за напредни ИКТ обуки на работната сила;
- Проширување на обемот на програмите за преквалификација на работна сила во ИКТ работна сила;
- Напредни ИКТ обуки за невработени лица - во соработка со приватни провајдери и државни универзитети, преку ваучерска поддршка, ќе овозможиме напредни ИКТ обуки за невработени лица кои по завршување на обуката ќе имаат обврска да останат и да работат во државата;
- Обуки за сајбер безбедност: во соработка со академската заедница ќе

бидат спроведени обуки за безбедност на Интернет, чија цел е зголемување на свеста кај децата и младите, нивните родители и наставници за потенцијалните закани од нарушување на приватноста на Интернет.

# РАЗВОЈ И ПРОМОЦИЈА НА ИКТ ИНДУСТРИЈАТА, ИНОВАЦИСКИОТ И СТАРТАП ЕКОСИСТЕМ

## *МУЛТИФУНКЦИОНАЛЕН ТЕХНОЛОШКО-ИНОВАЦИСКИ ПАРК „СКОПЈЕ СМАРТ“*

Ќе разработиме проект за Скопје Смарт. Овој проект ќе има трансформациска вредност за македонската економија, во насока на привлекување на компании со висока технологија, кои ќе отворат високоплатени работни места за младите луѓе со ИКТ, машински, електро и други слични квалификации, како и економисти и финансиски експерти за финтек-компаниите. Истовремено, ќе се обезбеди студирање на високо рангиран меѓународен универзитет во наведените технички и бизнис-области, како и во областа на креативните уметности.

Ќе создадеме просторни и логистички услови, привлекување на инвеститори со стимулативни мерки за изградба на најсовремен технолошки парк, кој ќе вклучи:

- Деловен простор, како што се канцеларии за компании во избрани сектори за висока технологија и медиуми, вклучително истражување и развој на технологии (центри за податоци (датацентри), интернет на нештата (IoT), роботика, сајбер–безбедност);
- Образовен центар кој вклучува меѓународен кампус на некои од најдобрите глобални универзитети на технолошки студии и меѓународна и деловна економија;
- Град на културата - што вклучува изградба, организирање и управување со филмски и музички студија, како и училишта за креативни уметности;
- Мултифункционален туристичко-хотелиерски комплекс - со светски познати хотели и конференциски центар што ќе помогне во функционалноста на технолошкиот парк, како и во развојот на конференциски туризам, рекреација и други деловни патувања во земјата.

Скопје Смарт ќе овозможи пренос на знаење на македонските граѓани, студентите и вработените, привлекувајќи во исто време човечки ресурси способни дополнително да ги зголемат придобивките и влијанието кон економијата на земјата.

Директните придобивки од Скопје Смарт се во зголемување на БДП и вработеноста на македонските професионалци, намалување на иселувањето на

стручните лица и младата високообразована популација, воведување и развој на нови технологии кои ќе ја зголемат конкурентноста на македонската економија, зголемување на извозот на технолошки услуги што доведува до намалување на трговскиот дефицит и подобрување на животниот стандард на граѓаните.

## ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА НА ДОМАШНИ ИКТ КОМПАНИИ И ПОДДРШКА НА ИЗВОЗОТ НА ИТ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Ќе обезбедиме дополнителна поддршка на интернационализацијата на домашните ИКТ компании, како и поддршка на извозно ориентираните софтверски компании. Ќе вложуваме во поголема конкурентност на македонските производи и услуги на светските пазари, преку дополнителните регулаторни и даночни олеснувања, субвенционирање на обуки и едукација од областа на дисруптивните технологии.

### ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ИКТ РАЗВОЈ И ИСТРАЖУВАЊА (R&D)

Ќе овозможиме отворање на R&D центри на глобалните технолошки компании во земјата, а тоа ќе помогне за унапредување на вештините на домашниот технолошки талент, развојот на иновациите и конкурентноста, креирањето на долгорочни партнерства и позиционирањето на земјата на глобалната технолошка мапа.

### ФИНАНСИРАЊЕ НА РАЗВОЈ И ИСТРАЖУВАЊА (R&D) ВО МАКЕДОНИЈА

Преку дополнително финансирање на апликативната наука и развојот и истражувањата (R&D), ќе овозможиме поддршка за отворање на институти од доменот на дисруптивните технологии, поддршка на Фондот за иновации за креирање на модерни инструменти и воведување на строги правила за финансирање само на иновативни и високотехнолошки компании. Ќе поддржиме отворање на технолошки паркови и програми за инкубација и акселерација, обезбедување на дополнителни даночни олеснувања заради привлекување на ангели инвеститори и VC фондови. На тој начин, ќе се креира поволно опкружување за развој на македонските иновации и создавање на интелектуална сопственост.

## МАКЕДОНИЈА: АУТСОРСИНГ ДЕСТИНАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ИТ КОМПАНИИ

Планираме пакет на даночни поволности за преселување на ИТ компании во Македонија. На овој начин ќе отвориме бројни високоплатени работни места, ќе го подобриме стандардот на граѓаните, а ќе се овозможи и трансфер на технологии и знаење. Дополнително, планираме стипендирање на студенти во овие индустрии, за истите да останат во Македонија.

## ПАКЕТ ЗА ФРИЛЕНСЕРИ

Визијата на ВМРО-ДПМНЕ е што повеќе македонски граѓани ангажирани на меѓународни проекти, да живеат дома и да работат од Македонија. Затоа, ќе предвидиме законски можности за препознавање на категоријата „фриленсер", како лица што работат на далечина на проекти преку дигитални платформи, по примерот на европски држави предводници во оваа област. Нашата цел е да се мотивира оваа група високоплатени лица своите финансии да ги добива во државата, но и да се избегнат потенцијалните злоупотреби.

Ќе овозможиме даночен пакет за овие лица со даночни ослободувања во зависност од висината на нивните месечни примања. Во рамки на овој пакет, предвидуваме зголемување на границата за ДДВ обврзник (физичко лице) од два на три милиони денари. Преку промени во трудовото законодавство, ќе ги олесниме процедурите за пријавување на нивната работа, а ќе ги поддржиме и проектите за отворање на фриленсерски (freelance) хабови во сите градови во Македонија.

Активно ќе работиме да овозможиме глобалните платежни процесори да бидат достапни во Македонија.

## ВИЗА ЗА ДИГИТАЛНИ НОМАДИ

Предвидуваме воведување на обновлива виза за престој на дигитални номади, односно за странци кои би сакале да поминат помеѓу 3 и 12 месеци живеејќи во Македонија, под услов да имаат обезбедена работа на далечина кај работодавец од странство и редовни месечни примања. Со оваа мерка, ќе се привлечат млади вработени професионалци да ја одберат Македонија како свој дом на одредено време, со што ќе се помогне локалната економија и ќе се подигне видливоста на државата на меѓународно ниво.

Владата ќе изработи промотивен веб-портал со кој ќе се промовираат можностите за престој во Македонија и сите потребни информации за дигиталните номади.

## *GOVTECH ПРОГРАМИ*

Ќе поддржиме соработка на јавните институции со стартапи и иновативни компании за решавање на проблеми на граѓаните на централно и локално ниво и севкупниот развој на екосистемот: онлајн содржини и мобилни апликации, хакатони, поддршка за учество на меѓународни натпревари, олимпијади и специјализирани обуки на талентирани ученици и студенти, дигитални содржини за деца или млади, апликации што користат отворени податоци.

## *ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ПОДДРШКА НА ФИНАНСИСКО-ТЕХНОЛОШКИОТ СЕКТОР (FINTECH)*

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе даде силна институционална и законска поддршка на иницијативи за поголема и полесна имплементација на новите технологии во финансиската сфера - финтек (FinTech). Оваа област ја опфаќа примената на алгоритми за вештачка интелигенција и машинско учење, технологии засновани на облак, блокчеин или технологија на дистрибуирана книга на записи, паметни телефони.

На пазарот на капитал, финансиска иновација е платформа за инвестирање (crowdfunding platform) каде инвеститорите можат да тргуваат со акциите од стартапи со користење на блокчеин технологија. Идната Влада на ВМРО–ДПМНЕ ќе работи на овозможување на целосна функционалност на платформите за електронски трансфер на средства преку Интернет што ќе вклучува испраќање и примање средства.

## *МОЖНОСТИ ЗА ТРГОВИЈА СО КРИПТО-СРЕДСТВА*

Најнапредните земји како Германија, Швајцарија и САД, воведоа можност граѓаните да можат да купуваат, да држат и да продаваат крипто-средства преку банкарските сметки, наместо исклучиво преку финтек-апликации. Ќе пристапиме кон дефинирање на крипто-валутите (крипто-средствата), како специфичен вид нематеријално средство засновано на дигитални технологии.

Предвидуваме можности банките во Македонија да можат да продаваат и да чуваат крипто-средства на приватни правни и физички лица и на институционални инвеститори, со цел физичките и правните лица да можат да купат биткоини, етереуми и други крипто-валути во банка.

Идната Влада на ВМРО-ДПМНЕ предвидува и директни погодности за инвеститорите, како што е: 0% данок на додадена вредност (ДДВ) за тргување со крипто-средства, и ослободување од данок на капитална добивка за инвеститорите до 2026 година.

## *МАКЕДОНСКАТА ИТ ИНДУСТРИЈА – РЕГИОНАЛЕН БРЕНД*

Системски ќе работиме на промоција на македонската ИТ индустрија. Ќе овозможиме видливо промовирање на ИТ индустријата во земјата и во меѓународни рамки од страна на Владата, преку обезбедување на студии, истражувања и лесно достапни информации, преку поддршка на учеството на ИТ компаниите на глобалните технолошки настани, преку потпишување на меморандуми за размена на искуства и соработка со други земји и меѓународни организации, промовирање на успешни приказни и сл.

## *РЕВИЗИЈА НА РАБОТЕЊЕТО НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ*

Фондот за иновации и технолошки развој не смее да биде алатка за партиско финансирање. Ќе бидат откриени и санкционирани сите досегашни злоупотреби. По сеопфатната ревизија на досегашното работење, значаен фокус на Фондот ќе биде ставен на програми за поддршка на ИКТ секторот, технолошкиот развој на домашните компании и иновациите. Улогата на Фондот мора да биде обезбедување на финансиски средства и можности за вистински македонски старт ап компании за иновации во работењето, употреба на блокчеин (block chain) технологии и меѓународен пласман на продукти.

# ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА БИЗНИС СЕКТОРОТ

Дигиталната трансформација на македонските традиционални бизниси ќе значи гаранција за нивниот опстанок и напредок. Од тие причини, неопходно ќе биде да се обезбеди сериозна институционална и финансиска поддршка за: промовирање на придобивките од дигиталната трансформација; креирање на стратегии за дигитална трансформација; набавка на решенија и нивна технолошка интеграција; користење на зелени технологии и „ecofriendly“ практики; развој на вештини кај вработените за примена на новите технологии (вештачката интелигенција, cloud, big data, IoT, блокчеин, metaverse, VR/AR, RPA, сензори, роботи, дронови, паметни градови, 5Г, платформска економија), работа со податоци, бизнис-анализи и предвидувања, агилни методологии, електронска трговија; и промовирање на отворени иновации, односно соработка со стартапи, иновативни компании и институти.

Само на тој начин, македонските традиционални компании ќе можат да одговорат на сè поголемите очекувања на корисниците, да ја задржат и/или да ја унапредат својата позиција на пазарот, да ја зголемат својата иновативност, ефикасност и конкурентност, т.е. да преживеат во новото дигитално време.

## *ДИГИТАЛЕН ИНОВАЦИСКИ ЦЕНТАР*

Во соработка со високообразовните институции и приватниот сектор, ќе се формира Дигитален иновациски центар (ДИЦ) кој на едно место ќе обезбеди поддршка за фирмите преку креирање на пакет на основни дигитални услуги и алатки за компаниите (дигитални сертификати и токени, cloud сервиси, е-продавници итн.) во соработка со домашни ИТ компании и млади ИТ инженери.

Преку ДИЦ ќе се спроведува и програма за кофинансирање на обуки за стекнување на дигитални вештини, подигање на свеста за напредните технологии (блокчеин технологијата или технологијата на дистрибуирана книга на записи (Distributed Ledger Technology – DLT), совети за финансирање на дигиталната транзиција и промоција на примената на новите технологии.

# ПРОДУКТИВНИ И ВИСОКОПЛАТЕНИ РАБОТНИ МЕСТА

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе работи на зголемување на квалитетот на работната сила преку формалното образование, континуирани обуки, програми за преквалификација и доквалификација, со цел зголемување на вработеноста, продуктивноста и отворање на нови високоплатени работни места. Во инклузивен процес со претставниците на бизнис секторот, средните училишта и факултетите, и сите релевантни државни институции и невладиниот сектор ќе пристапиме кон сеопфатна анализа на пазарот на труд, со цел детектирање на системските слабости и недостатоци, како и можностите за негова модернизација.

Нашата цел е до крајот на 2028 година да отвориме нови 55 000 работни места.

Ќе работиме и на зголемување на флексибилноста на пазарот на труд, со што ќе се унапреди ефикасноста на компаниите, ќе се зголеми сатисфакцијата кај вработените на работното место и ќе се придонесе за зголемување на бројот на учесници на пазарот на труд. Во таа насока е и креирањето на модерно трудово законодавство според европските критериуми, но во согласност со македонските национални потреби.

Социјалниот дијалог е основа за демократски и децентрализиран систем на работни односи. Ќе работиме на целосно деполитизирање на социјалниот дијалог и постојана комуникација со синдикатите и организациите на работодавачи.

## СИЛНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД 150 МИЛИОНИ ЕВРА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Преку програми на Агенцијата за вработување насочени кон мерки за вработување на млади, создавање на вештини и квалификации, преквалификации и доквалификации на ранливите категории, обуки за вештини потребни за пазарот на труд, поддршка на претприемливоста, како и кофинансирање на обуки за користење на нови технологии ќе овозможиме отворање на нови работни места и попродуктивни работници. За постигнување на овие цели, ќе обезбедиме буџет од 150 милиони евра.

## НАЦИОНАЛНО ВМРЕЖУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЧКАТА И ПОНУДАТА НА РАБОТНА СИЛА

Побарувачката за работна сила од страна на фирмите е повисока за одредени квалификации и работни позиции од тековната понуда. Недостасуваат градежни работиници, медицински сестри, машински инженери, вработени во услужен сектор и други профили.

Ќе го утврдиме бројот на дефицитарни работни позиции, за кои ќе обезбедиме државни финансирани програми за преквалификација. На тој начин ќе се задоволат потребите на пазарот.

## Е-НАЦИОНАЛЕН ПАЗАР НА ТРУД

Ќе ја надградиме националната електронска платформа како место на коешто ќе се поврзат понудата и побарувачката на труд. Истата ќе нуди и можности за практична работа и практиканство.

## STEM ОБРАЗОВАНИЕ – ЗА КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

STEM (Science, Technology, Engeneering, Mathematics) е современ концепт на образование кој кај учениците поттикнува креативност, иновативност, интерес за ИКТ областите и зголемени работни вештини. Затоа, ВМРО-ДПМНЕ во периодот 2025-2028 ќе овозможи пилот примена на концептот СТЕМ во образовниот систем, според барањата на родителите и учениците, во одреден број основни и средни училишта, како и факултети.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКАТА ПИСМЕНОСТ

Финансиската писменост овозможува носење на информирани одлуки за личните и јавните финансии. Ефикасното управување со парите го намалува ризикот од финансиски грешки, што води кон подобра финансиска благосостојба, намален долг и зголемени заштеди. Ќе воведеме програми за едукација за финансии во редовното образование, како и обуки во рамки на програмите за доквалификација и преквалификација.

## РЕФОРМА НА УСЛУГИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Агенцијата за вработување ќе прерасне во ефективен посредник помеѓу работодавците и работниците. Нејзините активности ќе вклучуваат и посредување при вработување, имплементирање пакети на мерки и услуги насочени кон долгорочно невработените, жените, младите, лицата без квалификации и маргинализираните групи. За лицата без квалификации кои се долгорочно невработени и лица кои се приматели на гарантирана минимална помош ќе

се овозможат програми за дополнително стручно образование и обуки за стекнување практични вештини согласно со барањата на пазарот на труд.

Ќе направиме комплетна реформа на активните мерки на пазарот на труд за да можат да се постигнат вистински ефекти. Спроведувањето на овие мерки ќе биде во инклузивен процес преку интергирање на бизнис-заедницата и коморите со Агенцијата за вработување. Ќе се реформира и системот на давање на услуги за вработување. Ќе се спроведуваат регуларни советодавни интервјуа, мапирање на вештините (skillmapping), ќе се изработува план за пронаоѓање на работа и негов мониторинг.

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА ОД ЈАВЕН СЕКТОР

Државата ќе им даде можност на лицата вработени во јавниот сектор полесно да најдат работа во приватниот сектор. Државата ќе обезбеди поддршка за компаниите кои ќе вработуваат лица од јавниот сектор, при што во период од 24 месеци истите ќе бидат ослободени од плаќање на данокот на личен доход и на придонеси.

## ФЛЕКСИБИЛНОСТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Со зголемување на флексибилноста на пазарот на труд ќе се унапредат конкурентноста и ефикасноста на претпријатијата, ќе се зголеми сатисфакцијата на вработените на работното место и ќе се придонесе кон повисок економски раст. Со измени во Законот за работни односи ќе обезбедиме:

- Поголема флексибилност на работното време кај новите родители во првите години од родителството (работа од дома, флексибилност во користење на работни саати во текот на неделата согласно со уредувањето на работењето на работодавачот);
- Поголема флексибилност на работното време кај оние вработени што се стремат кон доедукација и доусовршување;
- Ќе овозможиме пробен период за новвработените каде што работодавците би имале флексибилност да оценат во првиот месец од работата дали новвработените се способни да ги извршуваат работните задачи. Во овој период ќе се даде можност новвработените да работат преку привремена пријава, а по истекот на пробниот период од еден месец работодавецот ќе биде должен да пристапи кон обезбедување на сите дозволи и сертификати.

## ЕФИКАСНО РЕШАВАЊЕ НА РАБОТНИ СПОРОВИ

Со цел намалување на товарот на судовите од предмети од областа на трудовото право, ќе воведеме законска обврска за задолжителен обид за мирно решавање на работни спорови. Доколку некоја од странките е незадоволна од исходот, ќе го задржат правото за решавање пред суд.

## *УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА*

Ќе направиме целосна промена на концептот за безбедност и заштита при работа со што фокусот ќе биде насочен кон превенција, наместо досегашниот модел на санација од повреди и професионални заболувања. Во рамки на оваа мерка ќе воспоставиме систем на евиденција на повреди, професионално заболување и смрт на работно место.

Ќе направиме нова методологија за пријавување на повреди на работно место со цел намалување на административните процедури за вработениот или за неговото семејство. Ќе работиме на поврзување и афирмација на службата за трудова медицина со компаниите во системот за безбедност и заштита при работа.

## *КОДИФИКАЦИЈА НА ТРУДОВОТО И СОЦИЈАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО*

Ќе направиме целосна класификација, систематизација и оптимизација на законите и подзаконските акти кои ја регулираат областа на трудовата политика и политиката на социјална заштита. На овој начин ќе ја олесниме работата на државните институции од оваа област, но пред сè ќе им ја доближиме можноста за остварување на правата на граѓаните. Комплицирани закони значи комплицирани постапки, а тоа продуцира неостварени права на граѓаните.

# НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА ДЕМОГРАФИЈА

Демографскиот развој ќе го ставиме во прв план како област од клучно значење за економскиот развој, стабилноста на државата и националната безбедност. Македонија се соочува со растечки проблем на депопулација кој е предизвикан од долготрајниот, негативен природен прираст, како и растечкиот број млади и образовани луѓе кои одлучуваат да ја напуштат Македонија. Кон ова, институционално и програмски мора да се насочуваат моделите за демографска обнова, стимулирање на останувањето во Македонија и вработувањето.

Ќе ставиме фокус на заштитата и поддршката на семејствата, особено на оние со повеќе деца и ќе усвоиме нов пристап кон младите луѓе, кој ќе им овозможи достапно образование, поволен животен стандард и човечко достоинство со цел намалување на бројот на оние што се присилени да ја напуштат Македонија. Еден од најважните услови за подобрување на демографската слика на Македонија е стабилноста и сигурноста на работните места и отворени можности за стопанисување, посебно за младите луѓе, со примања што можат да ги задоволат трошоците на просечната потрошувачка кошничка и трошоците за одгледување деца.

## СТИМУЛАЦИИ ЗА ЗГОЛЕМЕН НАТАЛИТЕТ

### ЗГОЛЕМЕНА ПОДДРШКА ЗА СЕКОЕ НОВОРОДЕНО ДЕТЕ И НЕГОВИТЕ РОДИТЕЛИ

Свесни за демографските предизвици со кои се соочува Македонија и стапките на фертилитет кои се влошуваат, Владата предводена од ВМРО–ДПМНЕ ќе ги унапреди постојните и ќе воведе нови мерки за поддршка на родителите.

- Еднократна финансиска поддршка од 250 евра за првороденo дете (двојно зголемување во однос на моменталните 8 000 денари);
- Еднократна финансиска поддршка од 500 евра за второродено дете (драстично зголемување во однос на моменталните 20 000 денари);
- Еднократна финансиска поддршка од 750 евра за близнаци, третородено и секое наредно родено дете.

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА МАЈКИТЕ

За мајките кои се вработени предвидуваме дополнителна финансиска поддршка по завршување на породилното отсуство и тоа:

- една година поврат на уплатен данок на личен доход за првородено дете;
- две години поврат на уплатен данок на личен доход за второродено дете;
- поврат на уплатен данок на личен доход за третородено и секое следно родено дете, кој ќе трае до полнолетството на првороденото дете.

## ПОДДРШКА ЗА ФИРМИТЕ РАБОТОДАВАЧИ НА МАЈКИ

За фирмите кои ќе вработат мајки на три или повеќе деца предвидуваме ослободување од плаќање на придонеси од задолжително здравствено и осигурување во случај на невработеност, како и данок на личен доход во период од три години сметано од денот на вработувањето, со обврска работодавачот мајката да ја задржи на работно место онолку години колку што се користи мерката.

## 6 ПОСТАПКИ ИН ВИТРО

Ќе воведеме можност секоја жена без разлика на имотната состојба или бројот на деца што ги има, да добие до шест бесплатни оплодувања ин витро.

# ЕКОНОМСКИ МЕРКИ ЗА СЕМЕЈСТВАТА

## ДОМ ЗА МЛАДИ

Владата на ВМРО–ДПМНЕ повторно ќе ја воспостави и ќе ја подобри мерката „Купи куќа за млади“, преку:

- Исплаќање субвенции на месечна рата за изградба на куќа или исплаќање на субвенции за почетно учество при добивање на кредит за иградба на куќа;
- За младите парови кои ќе се преселат на село, ќе изработиме програма со која ќе овозможиме еднократна финансиска поддршка за купување, градење или проширување на куќа;
- Предвидуваме продажба на државно неизградено земјиште по повластена цена по квадратен метар, како и неколку бесплатни типови на проекти за изградба на куќа со што дополнително би се намалиле трошоците на семејството;
- Ќе поддржиме енергетско ефикасно реновирање на домовите на младите.

## СЕКОЕ ДЕТЕ ВО ГРАДИНКА

За Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе претставува врвен приоритет во мандатот да работи на создавање на услови за намалување на листата на чекање за прием во детските градинки. Недостатокот на градинки е една од причините за намален наталитет и силно изразено намалување на вкупното население во државата. Со цел остварување на брзи резултати ќе работиме на преадаптација на неискористениот простор во јавните установи.

## ДРЖАВНА ПОМОШ ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПРИВАТНИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ

Проширувањето на мрежата на установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е наш приоритет, со цел намалување на листата на чекање на прием на деца во детските градинки, отворање на нови бизниси и поголема вклученост на родителите на пазарот на трудот. Финансиската помош ќе опфати даночно ослободување во висина до 30 000 евра за отворање на приватна детска градинка или набавка на опрема во зависност од капацитетот на згрижување и локацијата.

Дополнително предвидуваме и продажба на градежно земјиште по поволни услови или изнајмување на неискористени објекти во државна сопственост, а во соработка со општините ќе овозможиме и ослободување од комунални такси. Се обврзуваме да понудиме неколку типови готови проекти за градба на детски градинки со различен капацитет, за да се намалат трошоците за отворање на нови детски градинки.

## АСИСТЕНТИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Воведуваме асистенти и стручни соработници во детските градинки како дел од воспитно-образовниот процес кои ќе овозможуваат активно и рамноправно учество за сите деца. Притоа ќе обезбедиме можности за максимално развивање на потенцијалите на секое дете. На овој начин, придонесуваме за реална инклузија на децата со попречености во предучилишните установи.

## СЕНЗОРНИ СОБИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Со воведувањето на сензорни соби во состав на детските градинки ќе направиме огромен чекор кон поинклузивно предучилишно образование. Сензорните соби се само дел од инклузивниот мозаик кои ќе дадат придонес за што поголема вклученост на децата во предучилишното образование, а истовремено ќе биде понуден соодветен третман за секое дете да може да ги развива своите сензорни сетила и потенцијали.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПОСЕБНИОТ ДОДАТОК

Посебниот додаток е паричен надоместок кој го остваруваат деца со попреченост до 26 години живот. Се обврзуваме да ги зголемуваме трите видови поддршка за корисниците секоја година од мандатот согласно со порастот на трошоците на живот и на овој начин да помогнеме во финансиската состојба и условите за живот на најранливите групи на граѓани во нашата држава.

## МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА РОДНИНСКО ЗГРИЖУВАЊЕ

Децата што се ставаат под старателство, најчесто поради смртта на родителите, се згрижуваат во семејство на нивни блиски роднини. Ќе овозможиме овие семејства да добиваат достоинствен надоместок за згрижување со кои ќе се покриваат трошоците на децата, во висина на минимална плата.

## ЗГОЛЕМЕН НАДОМЕСТОК НА ЗГРИЖУВАЧКИ СЕМЕЈСТВА

Предвидуваме и зголемување на бројот на згрижувачки семејства со зголемување на надоместокот до 20% за згрижено дете.

## RETURN – ДОБРЕДОЈДОВТЕ ДОМА!

Враќањето на нашинците назад во татковината е приоритет на новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ. Владата ќе дефинира системска и сеопфатна програма за поддршка за лицата кои ќе се вратат од странство. За таа цел предвидуваме:

- Фирмите да се ослободат од плаќање данок на личен доход за период од една година, за сите лица кои живееле во странство најмалку една година, а ќе се вратат да живеат во Македонија со однапред утврдени услови;
- Доколку се врати дефицитарен кадар, утврден според посебна програма, ослободувањето ќе вклучи и дел од придонесите што ги уплаќа фирмата за лицето;
- Мерки за отворање нови компании - грантови и помош за развој на бизнисот на квалификувани иселеници што ќе одлучат да отворат компанија во Македонија;
- Олеснување на условите за купување земјиште за изградба на сопствен дом;
- Олеснети процедури за добивање македонско државјанство за иселениците од Македонија.

## НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА ДЕМОГРАФСКИ ИСТРАЖУВАЊА

Ќе предвидиме поддршка за отворање на научен институт за демографски истражувања, миграциска и популациска политика, во рамки на новата институционална поддршка на справувањето со демографските предизвици. На овој начин, популациската политика ќе се подигне на научно ниво и ќе се овозможи следење на реализацијата на стратегиите и плановите за демографски развој.

# ЕНЕРГЕТСКИ СЕКТОР ВО СЛУЖБА НА МАКЕДОНИЈА

Визијата на ВМРО–ДПМНЕ е еколошки, конкурентен и стабилен енергетски систем кој се темели на принципите на сигурност, ефикасност, одржливост и независност.

Нестручното и недомаќинско работење во домашните енергетски компании пред сè во АД ЕСМ донесе до девастација на електро-енергетските капацитети и неколкукратно зголемување на сметките за електрична и топлинска енергија. Домаќинствата осиромашија, а стопанството стана неконкурентно.

Состојбата во енергетскиот сектор е на раб на критичност и затоа Владата на ВМРО–ДПМНЕ ќе стави значаен приоритет на оваа област. Предвидуваме сериозни повеќегодишни и долгорочни инвестиции во енергетска инфраструктура и капацитети кои ќе гарантираат енергетска стабилност и независност на државата, но и домашно производство на енергија како гарант за конкурентност на македонската економија.

За остварување на енергетска независност, Владата предводена од ВМРО–ДПМНЕ ќе ги преземе следниве мерки:

- Континуирано и одржливо производство на електрична енергија;
- Зголемена искористеност на обновливите извори на енергија;
- Зголемување на енергетската ефикасност на јавните објекти и на домаќинствата;
- Гасификација на домаќинствата, стопанството и јавниот сектор во Македонија;
- Функционален и ефикасен преносен електроенергетски систем;
- Подобрен квалитет на системот за дистрибуција на електрична енергија;
- Дополнително развивање на системи за топлификација;
- Политики за развој на енергетиката и
- Политики за развој на рударски капацитети и минерални суровини.

# ЗА ГРАЃАНИТЕ

## УКИНУВАЊЕ НА ТАРИФАТА ЗА ПРИСТАП НА МРЕЖА

Новата Влада предводена од ВМРО–ДПМНЕ ќе го ревидира тарифниот систем за снабдување со електрична енергија и ќе предложи укинување на тарифата за пристап на мрежа. Тарифата за пристап до мрежа е новоизмислена давачка од страна на Регулаторната комисија за енергетика која секој месец ги оптоварува сметките за струја за дополнителни 200 денари + 18% ДДВ без разлика на потрошеното количество на електрична енергија во текот на изминатиот месец.

Рокот на реализација е до крајот на 2024 година.

## ПРИСТАП ДО ПРИРОДЕН ГАС ЗА СЕКОЕ ДОМАЌИНСТВО

Ќе пристапиме кон развој на дистрибутивни мрежи на природен гас со што ќе овозможиме гасот да биде директно достапен до домаќинствата, индустриските и други стопански објекти и јавни установи во Македонија.

Со цел дополнително да се забрза процесот на гасификација, во населените места кои се наоѓаат на поголемо растојание од магистралните гасоводи, ќе се пристапи кон изградба на складни платформи за природниот гас. Со ваквите системи се овозможува природниот гас да стигне до гасните дистрибутивни мрежи низ населените места и да биде подостапен до секој кој сака да го користи. Доколку објектите се пооддалечени од гасните дистрибутивни мрежи и нема можност да се поврзат директно на нив, ќе се овозможи и достапност на природниот гас со специјализирани камиони кои вршат снабдување на индивидуални потрошувачи, така што ги „дополнуваат“ или „заменуваат“ нивните контејнерски инсталации преку кои гасот е достапен за користење во нивните објекти.

Со изградба на дистрибутивните мрежи и складните платформи за природен гас се очекува намалување на трошоците на граѓаните и другите економски субјекти за затоплување и користење на топла вода, како и значајно намалување на загадувањето на воздухот.

Во рамки на оваа мерка, се предвидува субвенционирање на приклучокот до дистрибутивната мрежа со цел да овозможиме природен гас за секое домаќинство.

Ќе се спроведува континуирано.

## ПРОДАЖБА НА ВИШОКОТ ОД ПРОИЗВЕДЕНАТА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Домаќинствата ќе имаат можност да го продаваат вишокот од произведена електрична енергија, по подобри услови, со промена на постојната регулатива. Во моментов за да може потрошувачот да биде и производител, т.е. вишокот произведена електрична енергија од сончеви панели да го продава, домаќинството мора да се снабдува од универзалниот снабдувач. Најпрво ќе го укинеме овој ограничувачки услов, а потоа ќе се промени и начинот на пресметка за исплата на продадената вишок произведена енергија. Пресметката ќе се прави на принцип потрошен KWh електрична енергија за предаден KWh, по иста цена, со пресметковен период од еден месец.

Рокот на реализација е до крајот на 2028 година.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ЕНЕРГИЈА

Ќе преземеме сет мерки со цел подобрување на квалитетот на електричната енергија за да се обезбедуваат стабилни вредности на напонот кај крајните потрошувачи. За таа цел ќе се зајакне капацитетот на Државниот инспекторат за техничка инспекција и ќе се спроведат обуки за мерење на квалитетот на електричната енергија со сертифицирани мерни инструменти во согласност со Законот за енергетика.

Ќе се спроведува континуирано.

## ПРОВЕРКА НА КВАЛИТЕТОТ НА ТЕЧНИТЕ ГОРИВА

Ќе гарантираме исполнување на пропишаниот квалитет на течни горива за потрошувачите. Ќе се стави во работа новата мобилна лабораторија која во моментов не е во функција. Во случај на горива со квалитет надвор од пропишаните норми, ќе се преземаат мерки за подобрување на истиот од страна на надлежните органи во согласност со Закон, со што ќе се придонесе и за намалено загадување на воздухот и заштита на потрошувачите.

Ќе се спроведува континуирано.

# ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА – СТОЛБ НА МАКЕДОНСКАТА ЕНЕРГЕТСКА НЕЗАВИСНОСТ

## *ИНВЕСТИЦИИ ВО РУДАРСКО–ЕНЕРГЕТСКИОТ КОМБИНАТ (РЕК) „БИТОЛА“*

Новото раководство на АД ЕСМ ќе набави рударска опрема која ќе овозможи експлоатација на постојните рудници на лигнит во РЕК „Битола“ (Суводол и Гнеотино), а со цел намалување на годишните трошоци за ископ.

Рокот на реализација е во периодот од 2024 до 2028 година.

За продолжување на животниот век на термоелектричните централи во РЕК „Битола“ се планира отворање на новите рудници „Живојно“. Се предвидува експлоатација со годишен капацитет до три милиони тони јаглен. Со овие нови количини се гарантира стабилно работење на ТЕЦ Битола во наредниот период со искористување на домашните ресурси како приоритет наместо зголемен увоз на јаглен од странство.

Рокот на реализација е до крајот на 2025 година.

Ќе спроведеме ревитализација и модернизација на ТЕЦ Битола што ќе даде повеќе позитивни ефекти:

- Намалување на емисијата и мисијата на SOx и прашина во гранични вредности според европските директиви и законодавство;
- Подобрување на амбиенталниот воздух во околината на РЕК Битола и градот Битола;
- Позитивно влијание врз климатските промени;
- Намалување на бучавата на постројката;
- Производство на гипс и негово можно пласирање на пазарот;
- Социо-економски аспекти и подобри услови за вработените и населението кое живее околу РЕК Битола;
- Намалување на респираторните болести и екстерните трошоци (намалено отсуство од работа, зголемени трошоци за лекови).

Рок на реализација на првата фаза – намалување на прашина (реконструкција на Електростатски филтри и замена на вентилатори и канали на димни гасови) е 2024 – 2028 година. Рок на реализација на втората фаза – Намалување на SOx – десулфуризација е 2026 – 2030 година.

## *ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ ВЕК НА ТЕЦ ОСЛОМЕЈ*

По формирањето на Владата ќе разгледаме која од трите можности за продолжување на работниот век на ТЕЦ Осломеј е најповолна:

- Модернизација на ТЕЦ Осломеј за користење погонско гориво природен гас;
- Модернизација на ТЕЦ Осломеј за користење на увозен јаглен со повисока калорична вредност;
- Искористување на локалните наоѓалишта на јаглен во Поповјани.

Секоја од можностите за понатамошно искористување на ТЕЦ Осломеј подразбира зголемена ефикасност на блокот и намалување емисиите на CO2, SOx, NOx и прашина во согласност со дозволените гранични вредности на емисии во ЕУ. При донесување на конечната одлука ќе се има предвид задржување на вработените во ТЕЦ Осломеј и мислењето на населението за искористување на локалните капацитети на јаглен.

Предвидуваме во текот на мандатот да се извршат детални геолошки истражувања и студии за оправданост за отворање и експлоатација на рудниците Чукале и Гуштерица, вклучувајќи ги притоа влијанијата и социјалните аспекти врз животната средина. Врз основа на добиените резултати ќе започнеме со изработка на главен рударски проект за отворање на рудниците и набавка на соодветната рударска механизација. Добиениот јаглен од рудниците ќе се искористи како дополнување на ревитализираната и модернизирана ТЕЦ Осломеј.

Рокот на реализација на овој проект е во периодот од 2024 до 2030 година.

## *ГАСИФИКАЦИЈА НА ТЕЦ „НЕГОТИНО“*

Со изградба на кракот за гас до ТЕЦ Неготино и преку ревитализација и модернизација на централата, ќе овозможиме продолжување на животниот век на енергетскиот капацитет за најмалку 30 години при што како погонско гориво би се користел природен гас.

Рокот на реализација на овој проект е во периодот од 2024 до 2030 година.

## *КОГЕНЕРАТИВНА ЦЕНТРАЛА НА ГАС ВО БИТОЛА*

Предвидуваме електрична централа со високи еколошки стандарди која ќе биде производствен енергетски објект во Битола со кој би започнала енергетската транзиција на РЕК Битола. Истата ќе овозможи сигурно и безбедно снабдување со електрична енергија и топлинска енергија и стабилност на целиот електроенергетски систем.

Рокот на реализација на овој проект е во периодот од 2027 до 2032 година.

## РУДАРСКО-ЕНЕРГЕТСКИ КОМПЛЕКС „ИСТОК“

АД ЕСМ преку јавно-приватно партнерство, концесија или друг алтернативен начин на финансирање ќе работи на изградба на електрична централа со високи еколошки стандарди која ќе биде прв производен енергетски објект во Источна Македонија. Истиот ќе овозможи зголемување на сигурното и безбедно снабдување со електрична енергија на жителите од тој регион и стабилност на целиот електроенергетски систем, како и решавање на проблемите во поглед на наводнување преку брана во близина на с. Разловци. Покрај можноста за производство на електрична енергија во Централата Исток ќе се разгледа можноста за снабдување со топлинска енергија на Делчево и Македонска Каменица, каде што ќе се искористи постојниот топлификациски систем.

Рокот на реализација на овој проект е во периодот од 2024 до 2032 година.

# РАЗВИВАЊЕ НА СИСТЕМИ ЗА ТОПЛИФИКАЦИЈА

Преку реализацијата на топлификациски проекти во кои како погонско гориво се јавува природниот гас, ќе се добие поевтина топлинска енергија за затоплување на домаќинствата, јавните објекти и индустријата.

## ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ ВО БИТОЛА, МОГИЛА И ВО НОВАЦИ

Ќе го завршиме проектот започнат од претходната Влада на ВМРО-ДПМНЕ. Реализацијата на овој проект ќе се овозможи со претходниот проект „Изградба на когенеративна централа на гас во Битола“. Со ова ќе се овозможи замена на користењето на електричната енергија за греење со што ќе се постигне:

- Намалување на емисиите од согорување на дрво, масло за домаќинства и јаглен во малите домашни печки како и во печките на јавните и комерцијалните објекти, SOx, NOx, CO, и др.;
- Намалување на емисиите на CO2 на ниво на Р Македонија;
- Зголемување на квалитетот на амбиенталниот воздух;
- Намалување на веројатноста за евентуално несоодветно третирање на отпадното масло во подготовка, а кое се користи за греење;
- Намалување на респираторни болести;
- Зголемување на квалитет и услуга на живеење;
- Намалување на потрошувачката на електрична енергија која се користи за греење на простории.

Ќе се спроведува континуирано.

## ИЗГРАДБА НА КОГЕНЕРАТИВНА ПОСТРОЈКА НА ГАС ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНА И ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ВО ОКОЛИНАТА НА СКОПЈЕ

Со цел да се намали емисијата од штетни гасови и загадувањето, се планира изградба на когенеративна постројка на гас за добивање на електрична и топлинска енергија во околината на Скопје со цел да може да се планира развој на дистрибутивна мрежа за топлинска енергија за греење во деловите од главниот град кои немаат таква мрежа.

Рокот на реализација на овој проект е во периодот од 2024 до 2032 година.

## ПРОШИРУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА ЗА ТОПЛИНСКА ЕНЕРЕГИЈА ВО СКОПЈЕ

Предвидуваме проширување на дистрибутивната мрежа за топлинска енергија во поголем дел на градот Скопје.

Со реализацијата на овој проект ќе се создадат услови за воведување на греење на гас пред сѐ на ниво на колективните станбени објекти кои сега се греат на струја. Со тоа ќе се овозможат дополнителни заштеди, рационална потрошувачка и акумулирање на топлинската енергија во дистрибутивниот систем во ноќните часови.

Рокот на реализација на овој проект е во периодот од 2024 до 2028 година.

# ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ВОДНИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА МАКЕДОНИЈА

## ПУМПНО–АКУМУЛАЦИСКА ХИДРОЦЕНТРАЛА ЧЕБРЕН

Водени од искуството на стручната јавност, а како резултат на сите досегашни неуспешни тендери, ќе изработиме нова физибилити студија, која ќе даде можност за оптимизирање и избор на најдобар проект за искористување на сливот на реката Црна од ХЕЦ Тиквеш до Расимбегов мост.

Рокот на реализација на овој проект е до крајот на 2025 година.

## ГРАДБА НА КАНАЛ ТЕНОВО - КОЗЈАК

Предвидуваме изградба на тунел за пренасочување на водите од реката Вардар во реката Треска и нивно максимално енергетско искористување во трите хидроелектрични централи Козјак, Св. Петка и Матка. Со тоа би се по-

стигнало дополнително производство на електрична енергија од околу 110 GWh при просечна хидрологија. По формирањето на Владата, ќе се започне со креирање на финансиска конструкција во соработка со меѓународни финансиски институции за изработка на проектна документација и изградба.

Рокот на реализација на овој проект е во периодот од 2024 до 2032 година.

## ДОВРШУВАЊЕ НА ТРЕТА ФАЗА ОД ПРОЕКТОТ ЗЛЕТОВИЦА

Предвидуваме изградба на шест мали хидроцентрали со капацитет од 9.90 MW и со годишно производство на електрична енергија од 49,5 GWh и тоа: три хидроцентрали по течението на река Злетовица (ХЕЦ „Злетово 1“, ХЕЦ „Злетово 2“ и ХЕЦ „Злетово 3“), една прибранска хидроцентрала на биолошкиот минимум на брана Кнежево - ХЕЦ „Б“ и две хидроцентрали на доводните цевководи за водоснабдување на општините Пробиштип и Кратово и тоа ХЕЦ „Пробиштип“ и ХЕЦ „Кратово“.

Рокот на реализација на овој проект е во периодот од 2025 до 2028 година.

## МАЛИ И МИКРО ХИДРОЦЕНТРАЛИ

Ќе продолжиме со политиките за промоција на изграба на мали и микро хидроелектрични централи за производство на електрична енергија, со особен осврт на минимизирање на влијанието врз животната средина. Ќе промовираме модел на изградба на хидроцентрали со концесија, со јавно-приватно партнерство, како и преку приватна иницијатива на инвеститорите.

Ќе се спроведува континуирано.

# ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА ИЗВОРИТЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

## ДОВРШУВАЊЕ НА ВЕТЕРЕН ПАРК БОГДАНЦИ

Ветерниот парк Богданци располага со ветерен потенцијал со вкупна инсталирана моќност од 50 MW, од кои во првата фаза до 2014 година беа изградени 36 MW. Останатите 14 MW ќе се доизградат во следниот мандат на новата Влада. Планираното годишно производство на електрична енергија е над 30 GWh.

Рокот на реализација на овој проект е до крајот на 2026 година.

## ВЕТЕРЕН ПАРК МИРАВЦИ

Ветерниот парк Миравци располага со ветерен потенцијал со вкупна инсталирана моќност од над 100 MW. Планираното годишно производство на електрична енергија е над 300 GWh. Овој проект ќе биде реализиран по принцип на јавно приватно партнерство во кое доминантна сопственост ќе има АД ЕСМ.

Рокот на реализација на овој проект е во периодот од 2024 до 2028 година.

## ВЕТЕРЕН ПАРК НА ПЛАНИНСКИ МАСИВ ИЛИНСКА, ПЛАКЕНСКА И БИГЛА

На билото на Илинска, Плакенска и Бигла Планина има погодни услови за изградба на ветропаркови бидејќи брзината на ветерот на тие позиции е поволна. Ќе се пристапи кон поставување на мерни станици за мерења на брзините на ветрот и веднаш ќе се започне со проектирање и изградба на голем ветерен парк од 200 MW. Ветерниот парк ќе се изгради преку јавно-приватно партнерство, каде доминантна сопственост би имал АД ЕСМ.

Ќе се спроведува континуирано.

# ГАСИФИКАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## ИЗГРАДБА НА ГАСОВОДЕНИОТ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА

Во наредниот период со интензивна динамика ќе се пристапи кон реализирање на следниве проекти за гасификација:

- Изградба на Магистрален гасовод Гостивар - Кичево (Рок: 2024 - 2028 година);
- Изградба на Магистрален гасовод Свети Николе - Велес (Рок: 2024 - 2028 година);
- Изработка на проект за Магистрален гасовод Битола - Ресен - Охрид - Струга (Рок: 2024 - 2028 година);
- Изградба на крак за ТЕЦ Неготино (Рок: 2024 - 2025).

## ИЗГРАДБА НА ИНТЕРКОНЕКТИВНИ ГАСОВОДИ

Со цел да се постигне конкурентност на пазарот и сигурност во снабдувањето со природен гас, како и обезбедување на дополнителни количини на природен гас согласно со прогнозите за побарувачка, предвидено е изградба на нови интерконективни гасоводи. Ова отвора можност Македонија да стане

транзитна држава на природен гас и да има дополнителен бенефит за својата економија. За тоа ќе се пристапи кон реализирање на следниве проекти:

- Интерконективен гасовод Македонија - Грција (Рок: 2024 - 2028);
- Интерконективен гасовод Македонија - Србија (Рок: 2024 - 2032);
- Интерконективен гасовод Македонија - Косово (Рок: 2024 - 2032).

# СИЛНА ЕНЕРГЕТСКА МРЕЖНА ПОКРИЕНОСТ

## КАЗНЕНИ ПЕНАЛИ ЗА ОПЕРАТОРОТ НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ ЗА НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ПАРАМЕТРИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Во однос на параметрите за квалитет на елетрична енергија SAIDI, SAIFI и CAIDI, кои се однесуваат на годишно времетраење на прекини по потрошувач, број на прекини по потрошувач и зачестеност на прекини кои се воведени како стандарди, Република Македонија заостанува во однос на сите европски земји. Доколку параметрите за квалитет на електрична енергија отстапат од дефинираните вредности, операторот на електродистрибутивниот систем треба да плати казнени пенали.

## Е-ПРИКЛУЧОК

Проектот е-приклучок ќе овозможи аплицирањето за приклучок на електричната мрежа да биде направено преку Интернет. Граѓаните кои аплицирале ќе можат брзо и едноставно да имаат увид во постапката за нивното барање за приклучок. Преку е-приклучок ќе имаат можност за поплака до Регулаторна комисија за енергетика и Државниот инспекторат за техничка инспекција. Сите постапки ќе можат да се поднесуваат, да се водат и да се завршуваат електронски.

Рокот на реализација на овој проект е до крајот на 2026 година.

## ДОИЗГРАДБА НА 400 KV ИНТЕРКОНЕКТИВЕН ДАЛНОВОД ТС БИТОЛА2 – ТС ЕЛБАСАН И 400/110 KV ТРАФОСТАНИЦА ВО ОХРИД

Со реализација на оваа интерконективна врска со должина од 95 км на македонска територија ќе се комплетира енергетскиот коридор 8 во правец исток-запад за пренос на електрична енергија меѓу Бугарија, Македонија, Албанија и Италија. Со изградбата на нова 400/110 kV трансформаторска станица

во Охрид ќе се надминат досегашните проблеми со прекини во снабдувањето со електрична енергија во југозападниот дел од државата и ќе се подобрат напонските карактеристики, со што крајните корисници ќе добиваат квалитетна електрична енергија.

Рокот на реализација на овој проект е во периодот од 2024 до 2028 година.

## *РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНАТА МРЕЖА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТАРИ 110 KV ДАЛНОВОДИ*

Во следниот десетгодишен период за обезбедување на сигурно напојување со електрична енергија без преоптоварување и ниски напони во електропреносниот систем, односно обезбедување на квалитетен пренос на електрична енергија, се предвидува реконструкција/ревитализација на следните постојни 110 kV далекуводи: ТС Гостивар (Буковиќ) – ТЕЦ Осломеј; ТЕЦ Осломеј – ТС Кичево 1; ТС Кичево – ТС Сопотница; ТС Сопотница – ТС Битола 1; ТС Валандово – ТС Струмица 2; ХЕЦ Вруток – ТС Полог; ХЕЦ Вруток – ХЕЦ Шпиље; ХЕЦ Шпиље – ХЕЦ Глобочица; ХЕЦ Глобочица – ТС Струга.

Ќе се спроведува континуирано.

## *РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ТРАНСФОРМАТОРСКИ СТАНИЦИ*

Врз основа на извршените анализи, се предвидува замена на по еден енергетски трансформатор во ТС Скопје 4 и ТС Дуброво.

Рокот на реализација на овој проект е во периодот од 2024 до 2028 година.

# НОВИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ЕНЕРГЕТИКАТА

## *СИСТЕМ ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ЕНЕРГИЈА*

Ќе создадеме систем за складирање на енергија во батерии. На тој начин ќе се намали енергетската зависнот од увоз на електрична енергија во Македонија, со формирање на т.н. оператор за складирање.

Рокот на реализација на овој проект е во периодот од 2024 до 2027 година.

## *ПРОИЗВОДСТВО, СКЛАДИРАЊЕ И ТРАНСПОРТ НА ВОДОРОД*

Со цел намалување на емисии на CO2 во животната средина, светот и ЕУ интензивно преминуваат на нов незагадувачки енергенс – водород. Се предвидува тие трендови да ги примениме и кај нас, најпрво со донесувањето на нов закон според европските нормативи, кој ќе го регулира производството и складирањето на водородот како енергенс. Ќе направиме напори за отпо-

чнување со производство, како и привлекување странски инвеститори кои ќе донесат нови технологии за производство и употреба на водород.

Рокот на реализација на овој проект е во периодот од 2024 до 2028 година.

# ПОЛИТИКИ ЗА РАЗВОЈ НА РУДАРСКИ КАПАЦИТЕТИ И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

## *ПОДОБРА ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ*

Ќе ја подобриме регулативата со донесување на Закон за геолошки истражувања и Закон за рударство, со кои ќе ги уредиме геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини, согласно со начелото за рационална и одржлива експлоатација и заштита на животната средина. Ќе изработиме Стратегија за одржливо искористување и експлоатација на минералните суровини, како и имплементација на катастарот на наоѓалишта и појави на минерални суровини.

Ќе ја регулираме експлоатацијата на песок од речни корита со цел одржување на стабилност на реките и создавање на рамноправни услови на субјектите кои ги одржуваат речните корита.

## *БИЛАНС НА ВОДИ*

Ќе воспоставиме Биланс на водите, како систем за следење на потенцијалот на водите и планирање на водените ресурси. Со Билансот ќе се утврди и намената за нивно рационално искористување за водоснабдување, наводнување и хидроенергија. Ќе ги опремиме и ставиме во функција напуштените метеоролошки станици за непречено прибирање податоци за климатските параметри (температура, врнежи, влажност, испарување и др.).

## *ОТВОРАЊЕ НА НОВИ РУДНИЦИ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МЕТАЛИЧНИ МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ*

Во наредниот период ќе вложиме напори за отворање на следните рудници:

СТОГОВО: Рудникот за манган на локалитетот „Стогово“, кој ги опфаќа општините Дебрца, Кичево, Дебар, Центар Жупа и Струга. Експлоатацијата на мангановата руда ќе придонесе кон локален економски развој на овој регион.

ТАЈМИШТЕ: Се планира избор на концесионер со примена на соодветен метод за експлоатација на железна руда од локалитетот „Тајмиште“ - Кичево.

ПЛАВИЦА (ЦРН ВРВ): Рудник за бакар, злато и сребро на локалитетите „Плавица“ и „Црн Врв“ во општините Кратово и Пробиштип.

ЛОЈАНЕ - ЛИПКОВО: За оваа локација, ќе се отпочне постапка за избор на концесионер и истата ќе се стави во функција до 2026 година.

# ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ХРАНА ЗА МАКЕДОНИЈА

Владата на ВМРО-ДПМНЕ во наредниот четиригодишен мандат има план и визија за ревитализација на водењето на земјоделските политики. Планираме реформи кои суштински ќе се зафатат со решавање на најесенцијалните прашања и предизвици што ги оптоваруваат земјоделците. Нашата заложба е преку зголемување на конкурентноста да дојдеме до приспособување на македонската земјоделска политика кон онаа на Европската Унија.

Ќе се обезбедат подобри услови за живот во руралните средини преку активни мерки за запирање на процесот на депопулација во овие средини. Преку активен однос на сите општествени чинители, а најмногу од самите земјоделци, ќе овозможиме тие да бидат во центарот на креирањето на мерките и инструментите за нивна поддршка. Основна мисија на нашите политики ќе биде изградба на одржлив земјоделско-прехранбен сектор кој ќе обезбеди соодветен доход на земјоделците и доволно производство на храна по достапни цени за населението во Македонија.

Од тие причини нашиот фокус ќе биде насочен на трите основни цели:

- Зголемување на конкурентноста и подобрување на доходот на земјоделците;
- Воведување нови технологии и иновации со кои ќе се намалува влијанието на неповолните климатски промени;
- Развој на руралните средини со цел задржување на населението, а посебно младите преку инвестирање во инфраструктурата и инвестиции за нови работни места во овие средини.

## ОПОРАВУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ: 180 МИЛИОНИ ЕВРА ГОДИШНА ПОДДРШКА

Се обврзуваме на реформа во начинот на поделбата на финансиските средства со која нашиот фокус ќе биде ставен на обезбедување на поддршка која е наменета за активните земјоделци. Преку обезбедувањето на неколку видови финансиски поддршки чијшто максимален износ би доспеал и до 180 милиони евра годишно, планираме да влијаеме во делот на зголемувањето на процентот на програмата за рурален развој. Планираме да ги зајакнеме капацитетите за користење на претпристапните фондови од ЕУ – ИПАРД како дополнителни средства за поддршка на инвестициите и руралниот развој.

Со мерките за директни плаќања ќе им се помогне на земјоделците да обезбедат стабилно ниво на доход.

Со цел да спроведеме исполнување на мерките од политиката за рурален развој ќе се воведе повеќегодишна буџетска програма за рурален развој, во која целокупниот буџет ќе биде детерминиран на почеток на програмата и ќе се реализира во континуитет. Ова ќе биде направено за подолг временски период како и за периодот на ИПАРД, со што ќе се постигне целосна компатибилност во целите на националната програма со инструментот на ЕУ и истовремено ќе се забрза динамиката на развојот.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРОИЗВОДСТВОТО И ПОДОБРУВАЊЕ НА ДОХОДОТ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

За да се изгради одржлив и конкурентен земјоделски сектор, со задоволни производители кои остваруваат соодветен доход со што ќе се подобри квалитетот на живеење во македонските села, ќе се спроведуваат земјоделски политики со мерки за поддршка на доходот и мерки за поддршка на инвестициите во програмата за рурален развој.

### *ДОХОДОВНА ПОДДРШКА ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ*

Директните плаќања ќе бидат основната мерка за доходовната поддршка за земјоделците. Тие ќе бидат предмет на детални анализи со цел средствата од мерките да стасаат до активните земјоделци и секторите кои во минатото претрпеа значителни штети. Во насока на трансформација на мерката и нејзино развојно насочување, ќе биде изработена нова реонизација на земјоделското производство и поддршка на подобното производство по реоните. Ќе се пристапи кон изработка на динамика за трансформација на мерката за нејзино хармонизирање со мерките на заедничката земјоделска политика на ЕУ, водејќи сметка овој процес да не наштети на кој било од секторите.

Во фокус ќе бидат традиционалните сточарски гранки, пред сè овчарството, козарството и говедарството. Кај овие гранки значително ќе ја зголемиме поддршката и до 50%, со посебен акцент на бројлерското производство. Ќе ја зголемиме и поддршката во производството на месо, млеко и јајца.

Во растителното производство ќе ги задржиме плаќањата по површина, со тоа што ќе го намалиме бројот на подмерките со цел да им олесниме на земјоделците во процесот на аплицирањето. За одделни стратешки производи ќе се креираат дополнителни плаќања за предадено производство, а со цел во овој преоден период овие сектори и понатаму да ја зајакнуваат конкурентноста.

## ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

Инвестициите се клучни за зголемување на конкурентноста и подобрување на доходот на земјоделците. Нашата цел е интензивна поддршка на инвестициските проекти на земјоделските стопанства. Со учество на неповратни средства во висина над 50% (во зависност од типот на проектите), ќе бидат поддржувани оние проекти со кои земјоделските стопанства ќе се зголемуваат и модернизираат, ќе воспоставуваат стандарди на производството со што ќе придонесат за квалитетот на производите. Во таа насока, ќе поддржиме проекти за:

- Набавка на механизација и опрема за примарно земјоделско производство;
- Подигнување на нови и реконструкција на постојни повеќегодишни насади;
- Набавка на педигриран добиток од основно стадо.

За да се подобри конкурентноста на земјоделските производители на пазарот, и да се подобри пласманот на земјоделските производи, значајни средства ќе бидат наменети за инвестиции со кои земјоделците ќе додадат вредност на примарните производи. Покрај ова, со овие инвестиции ќе може да се одложи пласманот на производите со цел да се избегнат пиковите на понудата и намалувањето на цената и ќе се придонесе за зачувување на некои традиционални преработки. Ќе бидат поддржувани инвестиции за изградба на објекти и набавка на опрема за:

- Калибрирање и пакување на производите;
- Мини погони за преработка на овошје и зеленчук;
- Мини млекарници (сирењарници) и мандри;
- Мини погони за преработка на месо;
- Поддршка на мини погони за преработка на грозје (традиционални производи од грозје, мини дестилерии и други).

## ИНВЕСТИЦИИ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА И МАРКЕТИНГ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

Со цел зголемување на конкурентноста на земјоделските преработки во насока на обезбедување на сигурен пласман на примарните земјоделски производи во време на зголемена понуда на пазарот континуирано ќе инвестираме во преработувачките капацитети. Ќе бидат поддржани проекти за изградба на нови капацитети или реконструкција на постојните со набавка на современа опрема и тоа:

- Изградба и опремување на капацитети за разладување, пакување и чување на земјоделски производи;
- Изградба, опремување на нови или реконструкција на постојните капаци-

тети за замрзнување на овошје и зеленчук;

- Изградба и опремување на нови или реконструкција на постојни капацитети за сушење на овошје и зеленчук;
- Изградба и опремување на дестилерии за овошни ракии.

## РЕСТАРТИРАЊЕ НА ВИНАРИИ И ДРУГИ ПРЕРАБОТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ

Во Република Македонија во минатото имаше подигнато преработувачки капацитети кои беа во функција на примарното производство. Винарските визби Повардарие, Лозар и Валандово значеа решение за голем број производители на грозје, но за жал во текот на изминатите години се надвор од функција. Од тие причини, Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе преземе активности да се помогне во рестартирањето на овие капацитети, истите да се стават во функција со цел решавање на проблемите на земјоделците, а пред сѐ на откупот на нивното производство.

## ИНВЕСТИЦИИ ЗА ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ АКТИВНОСТИ

Ќе посветиме сериозно внимание на помошните и сродните гранки со цел поддршка на македонското земјоделство. Нашиот фокус ќе биде ставен на:

- Руралниот туризам, преку широка понуда на домашни производи со кои ќе се збогати туристичката понуда, на начин со кој ќе се промовира националната кујна и специфичните земјоделско-прехранбени производи;
- Мерки за подобрување на квалитетот на живот во руралните средини со цел намалување на разликите и контрастите на релација село-град, преку субвенции и поддршка на гранките кои се во функција на развојот на земјоделството:
- продавници, механичарски, ковачко-браварски работилници и други занаети;
- инфраструктурни објекти, зајакнување на сообраќајните, дигиталните и другите врски.

# ВОВЕДУВАЊЕ НА НОВИ ТЕХНОЛОГИИ И ИНОВАЦИИ СО КОИ ЌЕ СЕ НАМАЛУВА ВЛИЈАНИЕТО НА НЕПОВОЛНИТЕ КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Влијанието на климатските промени сѐ повеќе влијае врз земјоделството. За да обезбедиме одржливост на земјоделскиот сектор и производство на храна, нашата основна заложба е да ги применуваме препораките од целите за

одржлив развој на ООН, како и на стратегијата на ЕУ „од фарма до вилушка“, која е позиционирана во срцето на „Зелениот договор“.

## ИНФРАСТРУКТУРА И ОПРЕМА ЗА ЗАШТИТА ОД ВРЕМЕНСКИ НЕПОГОДИ И ОСИГУРУВАЊЕ

Ќе поддржиме инфраструктура и опрема за заштита на земјоделското производство од негативни временски влијанија и природни непогоди како што се: заштитни мрежи во овоштарството и лозарството, мини акумулации и брани за заштита од порои, чистење на одводни канали и речни корита, како и системи за заштита од мраз во овоштарството и лозарството. Планирано е и зајакнување на мерката за поддршка на осигурувањето со зголемување на учеството до 70%.

## ПРОМЕНА НА ПРОИЗВОДНАТА, СОРТНАТА И РАСОВАТА СТРУКТУРА

Ќе ги поддржиме инвестициите за подигање на насади заради промена на производната и сортната структура и набавка на добиток од раси соодветни на очекуваните климатски состојби.

## ЗАЧУВУВАЊЕ НА БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ И ДОМАШНИТЕ АВТОХТОНИ РАСИ ЖИВОТНИ

Со цел да се одржи и да се зачува биолошката разновидност, како во растителното така и во сточарското производство, ќе ги зајакнеме и дополниме мерките за зачувување на домашните сорти во растителното производство, како и домашните автохтони раси на добиток. За оваа цел, мерките ќе бидат насочени кон:

- Дополнителни директни плаќања за одржување на насади од автохтони сорти;
- Дополнителни директни плаќања за чување добиток од автохтони раси и видови;
- Поддршка на организации на производители на производи од автохтони сорти и раси добиток во постапки за заштита и маркетинг.

## ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА ОРГАНСКОТО ПРОИЗВОДСТВО

Значајна цел од стратегијата „Од фарма до вилушка“ е достигнување на органско земјоделско производство на површина од 25% од вкупната обработлива површина. За таа ги цел ги предвидуваме следните мерки:

- Зголемени директни плаќања за органското производство;
- Покривање на трошоците за сертификација и покривање на изгубената добивка во текот на транзицијата за земјоделците кои ќе поминуваат кон органско производство;
- Поддршка на организации на производители на органски земјоделски производи во брендирање и маркетинг.

# ВОДОСТОПАНСТВОТО – КЛУЧ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

За подобрувања во дејноста и ефикасно реализирање на програмите ќе бидат донесени нови законски решенија за усогласување на надлежностите на водостопанските претпријатија и останатите институции од дејноста. Ќе се работи на подобрување на капацитетот на државните водостопански инспектори.

## *ИНВЕСТИЦИИ ВО ВОДОСТОПАНСКИ ПРОЕКТИ*

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе го интензивира акцискиот план за реконструкција на постојните и изградба на нови системи за наводнување и водостопанска инфраструктура, а со цел земјоделците успешно да се справат со последиците од глобалното затоплување и климатските промени.

Ќе бидат изработени развојни планови за секој хидросистем со биланс на води, култури и ќе бидат утврдени потребите за нивна санација, модернизација, дигитализација и просторен приказ на водостопанските објекти, наводнуваните површини и евиденција на водокорисниците. Ќе се изврши модернизација на пумпните станици, ќе се набават нови онаму каде што е потребно, но и ќе се изврши поврзување на водостопанските информациски системи со останатите системи воспоставени во Министерството.

Планираме инвестиции насочени кон постојната водостопанска инфраструктура во хидросистемите: Водостопанство Свети Николе, ХМС „Брегалница“ - Кочани, ХМС „Тиквеш“ - Кавадарци, ХМС „Липково“ - Куманово, ХМС „Турија“ – Струмица, Водостопанство „Полог“ - Гостивар. Предвидуваме и реализирање на втората и на третата фаза на Хидросистемот „Злетовица“ за наводнување на 4 500 хектари земјоделска површина, како и реализизација на зафатот на реката Плаваја кај с. Подареш, Радовишко со повеќе намени: водоснабдување, наводнување и енергетско искористување.

# ШУМАРСТВОТО – ВРВЕН ПРИОРИТЕТ ВО БОРБАТА СО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Во борбата со климатските промени зачувувањето на дрвата и шумите во Македонија претставуваат врвен приоритет. Од тие причини ќе понудиме нов пристап во развојот на шумарската дејност, што ќе подразбира воведување на нови информатички технологии како и воспоставување на современ шумарски информативен систем.

## ПРОШИРУВАЊЕ НА ВЛАДИНАТА ПРОГРАМА ЗА ШУМАРСТВО

За реализација на програмата би се грижел Секторот за шумарство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Програмата ќе ги содржи следниве потпрограми: Потпрограма за пошумување на голини, Потпрограма за пошумување на ерозивни подрачја, Потпрограма за мелиорација на деградирани шуми, шикари и шибјаци и подигање на плантажи од брзорастежни дрвни видови.

За оваа намена годишно ќе се обезбедуваат по 10 милиони садници.

## ИСКОРИСТУВАЊЕ НА БИОМАСАТА ОД ШУМИТЕ

Со цел воведување на организиран пристап кон искористување на биомасата од шумите за производство на пелети, брикети и енергија од енергани, како дел од т.н. „циркуларна економија“, ќе се поддржи искористувањето на биомасата и остатоците од обработката на биомасата.

## НАБАВКА НА МЕХАНИЗАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ШУМСКИ ПАТИШТА

ЈП Македонски шуми со сопствени средства како и преку кофинансирање од програмите за рурален развој, ќе започне со постепено обновување на градежната механизација за изградба и прочистување на шумските патишта. Механизацијата ќе се користи за тековните потреби, а ќе се создадат услови за учество во сите вонредни активности и потреби како што се: зимско одржување на патиштата и чистење на снег до планинските села, тековно чистење на речните корита за спречување од поплави, порои и други непогоди.

## ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ЛОВСТВОТО

Во делот на ловството, ќе ги регулираме концесиите заради ефикасно управување со ловството. Ќе се погрижиме за зголемена контрола на стопанисување со ловиштата и прецизно дефинирање на роковите при постапка

на одобрување на набавка на ловечко оружје и муниција. Од исклучително значење ќе биде зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

## РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Со цел задржување на населението кое живее во руралните средини, а посебно младите, предвидуваме системски и структурни инвестиции во инфраструктурата и нови работни места во овие средини. На овој начин, ќе го намалиме иселувањето, а ќе овозможиме и шанса за враќање на жители во руралните средини.

Ги предвидуваме следните мерки:

- Неповратни средства за млади земјоделци - за проекти со понуден бизнис-план за започнување на земјоделски бизнис;
- Поддршка на проекти за жени-земјоделки;
- Поддршка на земјоделски задруги во руралните средини и поддршка за формирање на организации на производители и интерсекторски организации;
- Поддршка на формирање на мали и средни претпијатија во рурални средини;
- Финансиска поддршка за млади брачни парови кои ќе се вратат во руралните краишта и ќе започнат бизнис;
- Инвестиции во проекти за подобрување на инфраструктурата во селата;
- Поддршка на локални акциски групи за проекти во рурални подрачја;
- Поддршка за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики.

## ПОДОБРЕНА ИНСТИТУЦИОНАЛНА КОМУНИКАЦИЈА

Согледувајќи ги проблемите на земјоделците заради слабостите во спроведувањето на земјоделските политики, ќе бидат преземени повеќе активности кои ќе овозможат подобрен институционален одговор. Особено е значајно поврзувањето во единствен систем на министерството и останатите институции задолжени за спроведување на земјоделските политики.

Со тоа ќе се овозможи да нема застој во спроведувањето на мерките и инструментите. На тој начин, земјоделците целосно ќе бидат ослободени од обврски да одат по институциите заради обезбедување на најразлични документи. Тоа ќе придонесе за брзи информации за состојбите на пазарот и пласманот на производите, како еден од посериозните проблеми на земјоделците.

Користењето и управувањето со земјоделското земјиште ја претставува и

основната системска слабост на секторот. Нашата цел е да ги надградиме политиките за поефикасно управување со земјоделското земјиште. Исто така ќе го интензивираме процесот на консолидација и доделување на државното земјиште.

## АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ И ПАСИШТА

Ќе се формира Агенција за управување со земјоделско земјиште која ќе ги преземе сите активности за целосно и ефикасно управување со земјоделското земјиште и пасиштата. Целта е успешност на процесот на консолидација и ставање на земјоделското земјиште во целосна функција.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЗНАЕЊЕ И ИНФОРМАЦИИ НЕОПХОДНИ ЗА УСПЕХ

Знаењето и информираноста на земјоделците за новите техники и технологии на производство, како и за состојбата на пазарот, се фактор без кој не е можен развој. Од тие причини предвидуваме да се интензивираат проекти за иновации во земјоделството и трансферот на знаење преку:

- поефикасен советодавен систем во земјоделството - либерализација на пазарот на советодавни услуги, преку поддршка на млад високообразован кадар кој ќе го подобри процесот на советување на земјоделците и ќе го зголеми нивното учество во аплицирање за проекти од ИПАРД и Националната агенција;
- систем за континуирано образование за земјоделците – како еден од клучните фактори за осовременување на производните технологии, постборбените технологии и маркетингот на земјоделските производи. За ова ќе се поддржат постојните средни земјоделски училишта, со специјални програми за образование на земјоделците. Исто така ќе се инвестира во огледувачки фарми во рамките на земјоделските стопанства на училиштата и факултетите и за практична настава на земјоделците.

## МЕРКИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТКУПОТ И ПАЗАРНИТЕ РИЗИЦИ: ЗАГАРАНТИРАН ОТКУП ПО ЗАГАРАНТИРАНИ ЦЕНИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ

Еден од најголемите проблеми на земјоделците, а особено по започнувањето на кризите, претставува откупот на земјоделските производи и неповолната положба на земјоделците во однос на откупувачите. Ова ќе биде еден од фокусите на идната политика на Владата на ВМРО-ДПМНЕ во делот на управувањето со т.н. пазарни ризици.

## ПОЛИТИКИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАЗАРОТ

Активностите за уредување на пазарот со земјоделски производи, ќе бидат во насока на обезбедување на заштита на земјоделците од пазарната моќ на трговците, а посебно во време кога постои нарушување на пазарот при зголемена или намалена понуда од некој производ. Ќе бидат имплементирани мерки за организација на пазарот преку донесување на Законот за организација на пазарот со земјоделски производи. Целта е преку мерки и инструменти да се обезбеди стабилност на пазарот преку:

- Дефинирање на минимални барања за квалитет (маркетинг стандарди) за производите;
- Поттикнување на соработка и помош и спроведување на мерки на земјоделската политика преку организација на производители и интер-секторски организации;
- Зајакнување и ревидирање на правилата за трговијата со земјоделските производи и правилата за конкурентност.

## ФОРМИРАЊЕ НА КРЕДИТЕН РЕВОЛВИНГ ФОНД ЗА ОТКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

Планираме формирање на посебен кредитен револвинг фонд наменет за кредити за средства за микро, мали и средни претпријатија кои вршат откуп на земјоделски производи за понатамошна преработка или трговија. Овој инструмент ќе овозможи полесен пристап до капитал за откупувачите со што ќе се гарантира исплатата на земјоделските производители за предадената реколта во период не подолг од триесет дена. Кредитните услови ќе бидат прилагодени на природата на производите, преработките и периодот за наплата до крајниот потрошувач, а истите ќе се одобруваат со поволни каматни стапки.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ФУНКЦИИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ЗАДРУГИ ВО ОТКУП И ПРОДАЖБА

Во решавањето на пласманот на земјоделските производи ќе бидат интензивирани и мерките за поддршка на земјоделските задруги преку зајакнување на дејноста за откуп и продажба и нивна поддршка за изградба и опремување на простор за пакување и чување на производите.

## ИЗГРАДБА НА ОТКУПНО-ДИСТРИБУТИВНИ ЦЕНТРИ

Предвидуваме изградба на централна пазарница за откуп и дистрибуција на земјоделско-прехранбени производи, каде од регионалните центри ќе се донесат откупените производи кои на централно ниво ќе ги сретнат понудата и побарувачката. Ова ќе овозможи да се развие квалитетот и стандардите на

производите и истовремено да се зголеми квантитетот по серии на земјоделски производи, со што ќе се придонесе до зголемување и конкурентност на земјоделско-прехранбениот сектор.

## ФИТОСАНИТАРЕН И ВЕТЕРИНАРЕН СИСТЕМ И БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА

Нашиот врвен приоритет ќе претставува одржување на висок степен на јавното здравје на граѓаните преку зајакнување на интегрираниот систем на безбедност на храната. Оваа поставеност ќе обезбедува функционален систем на контрола на храната во сите фази на производство. За таа цел ќе бидат зајакнати контролите на квалитетот на пестицидите, вештачките ѓубриња, семето и садниот материјал за да се заштитат земјоделците од неквалитетни производи.

### *МОНИТОРИНГ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО*

Ќе биде воспоставен целосен мониторинг на земјоделското производство. Тоа ќе овозможи преку постојано следење на природните услови (клима, почва, здравствена состојба на растенијата и животните и други агротехнички услови) да се реагира и да се дадат насоки до земјоделците да преземат активности во превенција на несакани состојби (активности за примена на агротехнички мерки, заштита на растенијата и животните итн).

## ПОДДРШКА ЗА РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА

Рибарството и аквакултурата се значаен дел за развој на земјоделството и руралните средини. Планираме ефикасна поддршка на рибарството и аквакултурата преку посебна програма која ќе опфати производство на риба и заштита на рибниот фонд на Македонија.

# РАЗВИЕНА И ФУНКЦИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе започне со реализација на проекти за градење на модерна и функционална инфраструктура, која ќе придонесе за подобар проток на добра и услуги. Ќе создаваме инфраструктура која ќе го олесни движењето на патниците низ земјата на национално, регионално и локално ниво и ќе ја зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

Ќе инвестираме во патната инфраструктура преку градење на автопати, експресни, магистрални, регионални и локални патишта. Фокус на инвестиции ќе биде и комуналната инфраструктура преку градење на водоводни, атмосферски и фекални канализациски системи во сите населени места низ земјата.

Ќе инвестираме во железничката инфраструктура преку градење и реконструкција на железничките пруги и набавка на возови.

Нашата цел и визија е да донесеме обнова и пораст на економскиот развој, придвижување и комплетно завршување на сите заостанати проекти на кои ќе им дадеме нов импулс и квалитет, а ќе понудиме и ќе реализираме нови проекти коишто ќе значат подобрување на квалитетот на живот на македонските граѓани.

## ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

### ЗАВРШУВАЊЕ СО ИЗГРАДБА НА АВТОПАТОТ КИЧЕВО – ОХРИД

Во 2014 година започна да се гради комплетно нов автопат во должина од 57 километри од Кичево до Охрид. За само две години, тогашната влада на ВМРО-ДПМНЕ успеа да стигне до реализација од 51%.

Во мандатот на идната Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе биде целосно изграден овој автопат и истиот ќе биде пуштен во употреба за граѓаните на Македонија.

Рокот на реализација е до крајот на 2026 година.

### ЗАВРШУВАЊЕ СО ИЗГРАДБА НА АВТОПАТОТ СКОПЈЕ – БЛАЦЕ

Завршување со изградба на првата делница од Граничниот премин Блаце до селото Блаце во должина од 1,9 километри.

Рокот на реализација е до крајот на 2024 година.

Целосно ќе ја изградиме втората делница од селото Блаце до клучката Стенковец во должина од 10,5 километри и истата ќе биде пуштена во употреба, притоа ставајќи акцент на ревидирање и намалување на вредноста на чинењето на изградбата на овој автопат.

Рокот на реализација е до крајот на 2028 година.

## АВТОПАТ КИЧЕВО – БУКОЈЧАНИ

Автопатската делница Кичево – Букојчани е со должина од 10,7 км, истата започнува како продолжение на новиот автопат Охрид – Кичево, на трасата од коридорот 8 кон Гостивар. Предвидена е изградба на три моста, три вијадукти, тунел со должина од 760 метри и две клучки за врска со постојниот државен пат А2 Кичево – Гостивар. Изградбата на автопатот Букојчани – Кичево ќе се финансира со грант средства од ЕУ и заем од ЕБОР Европската банка за обнова и развој.

Рокот за изработка на проект е до 2028 година.

## АВТОПАТ КАТЛАНОВО – ВЕЛЕС

Изработка на проектна документација за изградба на автопат од Катланово до Велес. Оваа делница од коридорот 10 паралелно би ја следела трасата во обратен правец од Велес кон Катланово. Проектната документација ќе ги содржи сите стандарди за проектирање со цел да се обезбеди соодветно ниво на автопатска услуга.

Рокот за изработка на проект е до 2028 година.

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДБА НА ПАТНИ ДЕЛНИЦИ ОД КОРИДОРОТ 8 И КОРИДОРОТ 10Д

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе преземе сериозни чекори со цел оптимизација и рационализација на трошоците, роковите, динамиката, приоритетноста и условите за изградбата на договорени делници од коридорите 8 и 10Д.

Во таа насока ќе продолжат активностите за сукцесивно завршување на проектите.

# ЕКСПРЕСНИ ПАТИШТА

## ЗАВРШУВАЊЕ СО ИЗГРАДБА НА ЕКСПРЕСНИОТ ПАТ ОД ГРАДСКО ДО ПРИЛЕП

Значително ќе се подобри патната врска од Градско до Прилеп преку конечно завршување на изградбата на експресниот пат од Градско преку Росоман и Дреново во должина од околу 33 километри.

Проектот ќе се реализира во три фази:

- I фаза: Градско – клучка Дреново (15,5 км) (до крајот на 2026 година);
- II фаза: Од Фаришка до Дреновска Клисура (10 км) (до крајот на 2026 година);
- III фаза: Проширување на патната делница од Прилеп до мостот на Ленишка Река и изградба на трета лента на патната делница од с. Беловодица - Каменолом Маврово околу 7,5 км (до 2027 година).

## ЗАВРШУВАЊЕ СО ИЗГРАДБА НА ЕКСПРЕСНИОТ ПАТ ОД РАНКОВЦЕ ДО КРИВА ПАЛАНКА

Изградба на делницата од Страцин (Чатал) до Длабочица како дел од експресниот пат А2, од Ранковце до Крива Паланка од патниот коридор 8 кон Република Бугарија.

Рокот за изработка на проект е до крајот на 2026 година.

## ИЗГРАДБА НА ЕКСПРЕСЕН ПАТ ОБИКОЛНИЦА БИТОЛА ДО ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН (МЕЏИТЛИЈА) – ГРАНИЦА СО ГРЦИЈА

Ќе се изгради нов експресен пат А3, делница Битола – Граничен премин Меџитлија. Патната делница започнува од магистралниот пат Прилеп – Битола околу 2 километри северно пред Битола, продолжува како источна обиколница на градот Битола и завршува на постојниот Граничен премин Меџитлија.

Рокот на реализација е до крајот на 2028 година.

## ИЗГРАДБА НА ДРЖАВЕН ПАТ ОБИКОЛНИЦА НА РЕСЕН

Патот е со вкупна должина од околу 9 километри, кој започнува од клучката Макази, продолжува до клучката Ресен и завршува кај селото Избишта. Обиколницата се класифицира во ранг на експресен пат со две сообраќајни ленти и две ленти за принудно запирање.

Рокот на реализација е до крајот на 2030 година.

## ЕКСПРЕСЕН ПАТ ВЕЛЕС – ЧАШКА – ПРИЛЕП

Изработка на студија и комплетна проектна документација за изградба на експресниот пат Велес – Прилеп преку Општина Чашка. Трасата на проектираната делница ќе започне со приклучок кај наплатната станица Отовица на автопатот Скопје –Гевгелија, преку обиколницата на градот Велес низ Општината Чашка до Прилеп. Ова ново поврзување ќе овозможи подобра патна поврзаност помеѓу Скопје, Велес, Прилеп и Битола, а ќе биде и алтернативна делница на автопатот Скопје – Гевгелија кон Грција.

Изградбата ќе биде од огромно стратегиско значење за пелагонискиот и велешкиот крај. Трасата на овој пат ќе обезбедува најкуса врска помеѓу југозападниот и североисточниот дел на Р Македонија.

Рокот за изработка на проект е до 2028 година.

## ЕКСПРЕСЕН ПАТ СТРУМИЦА – НОВО СЕЛО – ГРАНИЧЕН ПРЕМИН НОВО СЕЛО ГРАНИЦА СО БУГАРИЈА

Изработка на проектна документација за изградба на експресен пат од Струмица до граница со Бугарија (ГП Ново Село). Се предвидува проектирање и идната изградба на експресниот пат да биде надвор од населените места.

Рокот за изработка на проект е до 2028 година.

## ЕКСПРЕСЕН ПАТ СТРУМИЦА – ВАЛАНДОВО – СМОКВИЦА

Изработка и ажурирање на проектната документација за поврзување со ескпресен пат на Струмица, Валандово со автопатот Скопје – Гевгелија кај Смоквица.

Рокот за изработка и ажурирање на проектот е до 2026 година.

## ЕКСПРЕСЕН ПАТ БИТОЛА – РЕСЕН

Изработка на проектна документација за изградба на експресен пат од Битола до Ресен и разгледување на можностите за финансирање на неговата изградба. Трасата на експресниот пат би започнала од излез на градот Битола до раскрсницата Макази, односно на новопредвидената обиколница Макази пред градот Ресен.

Рокот за изработка на проект е до 2026 година.

## ЕКСПРЕСЕН ПАТ РЕСЕН – ОХРИД

Изработка на проектна документација за изградба на експресен пат од Ресен до Охрид и разгледување на можностите за финансирање на неговата изградба. Во проектната документација ќе биде предвидена клучка кај селото Косел.

Рокот за изработка на проект е до 2028 година.

## ЕКСПРЕСЕН ПАТ ТРЕБЕНИШТА – КОСЕЛ

Изработка на проектна документација за изградба на експресен пат од селото Косел до Требеништа. Со изградба на овој пат би се добил нов патен правец на поврзување на коридорите 10Д и 8.

Рокот за изработка на проект е до 2028 година.

## ЕКСПРЕСЕН ПАТ КАВАДАРЦИ – НЕГОТИНО (ПРИКЛУЧОК НА КОРИДОРОТ 10)

Изработка на проектна документација за изградба на експресен пат од Кавадарци до Неготино. Со изградбата на експресниот пат ќе се овозможи приклучување на Кавадарци со коридорот 10.

Рокот за избработка на проект е до 2028 година.

## ЕКСПРЕСЕН ПАТ КОЧАНИ – ВИНИЦА – ДЕЛЧЕВО

Изработка на проектна документација за изградба на експресен пат од Кочани до Делчево. Сегашниот пат од Кочани, преку Македонска Каменица до Делчево е со должина од 52 километри, а трасата на новиот експресен пат од Кочани преку Виница до Делчево ќе биде околу 40-тина километри.

Рокот за изработка на проект е до 2030 година.

## ПРОШИРУВАЊЕ НА ПАТОТ РАДОВИШ – СТРУМИЦА

Изработка на проектна документација за проширување на дополнителни две ленти на веќе постојниот пат од Радовиш до Струмица. Проект за реконструкција/доградба на веќе постојната траса со две сообраќајни ленти да биде изведен на ниво на експресен пат.

Рокот за изработка на проект е до 2028 година.

## ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА

Со ангажирана работа, предвидуваме проектирање, изградба и реконструкција на бројни регионални патишта. Помеѓу другите, приоритетни во овој период ќе бидат:

- Регионален пат Извор – Гарски мост (Кичево – Дебар) (рок: 2025 година);
- Регионален пат Саса – Крива Паланка – 19 км (рок: 2026 година);
- Реконструкција на патен правец Берово – Струмица (рок: 2028 година);
- Реконструкција на патен правец Берово – Виница (рок: 2028 година);
- Реконструкција на патен правец Пехчево – Берово (рок: 2028 година);
- Реконструкција на патен правец Делчево – Пехчево (рок: 2028 година);
- Реконструкција на патен правец Делчево – Македонска Каменица (рок: 2028 година);
- Реконструкција и проширување на патен правец Пробиштип – Свети Николе (рок: 2028 година);
- Реконструкција на патен правец Гевгелија – Ново Конско (рок: 2028 година);
- Реконструкција на патен правец преку планината Серта (рок: 2028 година);
- Реконструкција на патен правец Демир Капија – Неготино (рок: 2028 година);
- Реконструкција на патен правец Желино – Јегуновце (рок: 2028 година);
- Реконструкција на патен правец Лешок – Шемшово (рок: 2028 година).

## ИЗГРАДБА НА ОБИКОЛНИЦИ

Неопходно е проектирање и изградба на обиколници околу урбаните јадра на повеќе градови низ државата. Со ваквиот пристап, покрај олеснување и скратување на патните делници, ќе се помогне и за заштита во сообраќајот и животната средина во урбаните центри.

За таа цел во следниот мандат ќе работиме на проектирање, изградба или завршување со изградба (во зависност од можностите и нивото на развој на проектот) на обиколници во следните градови: Тетово, Штип, Прилеп, Велес, Битола, Кавадарци, Ресен и Охрид.

## ИНТЕНЗИВНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Рехабилитацијата и реконструкцијата на автопати, магистрални и регионални патишта ширум Република Македонија ќе биде во фокусот на работа на следната Влада.

Интензивно ќе работиме на реконструкција на мостови, санација на свлечишта, потпорни ѕидови, тунели и други објекти на патиштата. Континуирано ќе се одржуваат и ќе се заштитуваат магистралните и регионалните патишта кои во последните години беа оставени во лоша состојба.

БЕЗБЕДЕН ТРАНСПОРТ

Со цел зголемување на безбедноста во сообраќајот и минимизирање на причините за сообраќајни несреќи, во континуитет низ патните правци на земјата ќе се преземат следните активности:

- Поставување на вертикална, хоризонтална и светлосна патна сигнализација на патните правци;
- Проширување и реконструкција на патишта;
- Осветлување на раскрсници и клучки на државни патишта;
- Осветлување на мостови и тунели од државни патишта;
- Заштита и санација на тунели од државни патишта;
- Санација на мостови;
- Истражување, санација на потпорни ѕидови, свлечишта и одрони;
- Воведување на паметен систем за управување и менаџирање на мостовите на патната мрежа;
- Набавка на опрема за надгледување на мостовите на патната мрежа;
- Поставување на заштитна звучна ограда на одредени делови од автопатската делница на коридорот 10 и коридорот 8.

## ЦЕЛОСНА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ПАТАРИНИТЕ

На сите патарини во Македонија ќе овозможиме електронска наплата со што ќе добиеме многу поголема проточност на патиштата и намалена корупција. Ова е посебно важно во летно време како и за време на празниците кога има зголемена фреквенција на возила.

## РЕВИЗИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ НА СИТЕ ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Целта е да се утврдат црните точки, бројот на несреќи, утврдување на индекс на безбедност како и имплементација на мерки за зголемена безбедност. Со изработка на интегрирана база ќе се воспостави информативен систем во врска со безбедноста во сообраќајот.

## ЗГОЛЕМЕНА ПРЕВЕНТИВНА СИГУРНОСТ НА ПАТИШТАТА

Ќе се инсталира мониторинг центар во рамки на Јавното претпријатие за државни патишта. Ќе се изработи проект за видеонадзор на патиштата низ

Македонија, во кој првично ќе се снимаат клучките од автопатите од коридорите 10 и 8, ќе се монтираат камери кои ќе бидат од помош за зголемување на безбедноста во сообраќајот.

# ДА ЈА ВРАТИМЕ ЖЕЛЕЗНИЦАТА НА КОЛОСЕК!

## *РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ КОРИДОР 10*

Моментално пругата се наоѓа во лоша состојба и поради тоа патничките и товарните возови се движат со намалена брзина. Ќе изработиме идеен проект со физибилити студија и ќе се изврши ремонт на железничката пруга на Коридорот 10 (Табановце – Гевгелија), како најфреквентна пруга со големо значење за Република Македонија.

- I фаза: Изработка на идеен проект и физибилити студија (рок: 2026 год);
- II фаза: Започнување со работа - реконструкција и рехабилитација на железнички коридор 10 (рок: 2028 год.).

## *ЗАВРШУВАЊЕ НА ИЗГРАДБА НА ПРУГАТА КУМАНОВО – ДЕВЕ БАИР ГРАНИЦА СО БУГАРИЈА*

Овој проект предвидува континуирана работа до целосно завршување на пругата кон Бугарија. Со тоа конечно железнички ќе се поврземе со Бугарија како дел од коридорот 8. Придобивките од овој проект се огромни во делот на патничкиот и во делот на товарниот железнички сообраќај.

## *РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ЕЛЕКТРИФИКАЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ДЕЛНИЦА СКОПЈЕ – КИЧЕВО КАКО ДЕЛ ОД КОРИДОРОТ 8*

Целта е да се изработи идеен проект со физибилити студија и да се изврши ремонт со електрификација на пругата Скопје – Кичево. Веќе подолг временски период не сообраќаат возови на оваа релација. Моментално пругата се наоѓа во лоша состојба и потребно е да се изврши комплетен ремонт и електрификација за да може граѓаните од западна Македонија да ги користат железничките услуги.

- I фаза: Изработка на идеен проект и физибилити студија (рок: 2026 год.);
- II фаза: Започнување со работа – реконструкција, рехабилитација и електрификација на железничката делница Скопје – Кичево како дел од коридорот 8 (рок: 2030 год.)

За реализација на проектот ќе се аплицира за средства од фондови на ЕУ.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ЕЛЕКТРИФИКАЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ДЕЛНИЦА ВЕЛЕС – БИТОЛА КАКО ДЕЛ ОД КРАКОТ 10Д ОД КОРИДОРОТ 10

Целта е да се изработи идеен проект со физибилити студија и да се изврши ремонт со електрификација на пругата Велес – Битола. Пругата Велес – Битола е една од најексплоатираните пруги во Македонија. Подолг временски период на неа нема преземено зафати за подобрување на нејзината состојба како ни нејзин ремонт и модернизација. Потребно е да се изврши ремонт на истата со што ќе се добие побрз, посигурен и побезбеден железнички превоз.

- I фаза: Изработка на идеен проект и физибилити студија (Рок: 2026 год.);
- II фаза: Реконструкција, рехабилитација и електрификација на железничката делница Велес – Битола, како дел од кракот 10Д од коридорот 10 (Рок: 2035 год.).

За реализација на проектот ќе се аплицира за средства од фондови на ЕУ.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ДЕЛНИЦА ВЕЛЕС – КОЧАНИ

Целта на овој проект е да се изврши ремонт на пругата Велес – Кочани. Веќе подолг временски период не сообраќаат возови на оваа релација. Моментално пругата се наоѓа во лоша состојба и потребно е да се изврши ремонт за да може граѓаните од Источна Македонија да ги користат железничките услуги.

Рокот на реализација е до 2035 година.

## ИЗРАБОТКА НА ИДЕЕН ПРОЕКТ И ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА НОВА ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА ШТИП – СТРУМИЦА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Со овој проект се предвидува изработка на идеен проект и физибилити студија што ќе биде основа за изградба на пруга од Штип до Струмица и граничниот премин со Бугарија.

Во рамките на овој проект се предвидува нова едноколосечна железничка линија со што ќе се изврши поврзување на коридорот 10 со коридорот 4.

Рокот на реализација е до крајот на 2028 година.

## ИЗГРАДБА НА ЖЕЛЕЗНИЧКИ КРАК ИЛИНДЕН – МЕЃУНАРОДЕН АЕРОДРОМ СКОПЈЕ

Со изградбата на железничкиот крак Илинден – Меѓународен аеродром Скопје, се овозможува брз пристап на патници и стоки од Скопје и од другите градови на Македонија до аеродромот и обратно.

За реализација на проектот ќе се аплицира за средства од фондови на ЕУ.

Рокот на реализација е до 2030 година.

## НАБАВКА НА ВОЗОВИ И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ОПЕРАЦИИТЕ ВО МЖ ТРАНСПОРТ

Со овој проект се предвидуваат набавки на електромоторни возови, дизел-моторни возови, генерален ремонт со модернизација на постојните возови, вагони и локомотиви.

Ќе се спроведе реорганизација на функционирањето на компанијата. Целта е да се обезбеди поефикасен железнички превоз, подобрување на условите за патување, зголемување на бројот на линии.

Рокот на реализација е до 2030 година.

## НОВИ НАДВОЗНИЦИ И ПОДВОЗНИЦИ

Со овој проект се предвидува проектирање и изградба на неопходни надвозници и подвозници, посебно во градските средини, каде железничката пруга се вкрстува со патната инфраструктура. Целта на овој проект е намалување на сообраќајните несреќи.

## ЖЕЛЕЗНИЧКИ ПАТНИЧКИ ЛИНИИ

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе работи во насока на повторно ставање во употреба на патничкиот железнички транспорт во Македонија. Врз база на анализа на потреба и трошоци, со спроведување на соодветни активности и кампањи, ќе поддржиме интензивирање на патничкиот железнички сообраќај низ Македонија. Посебен приоритет ќе посветиме на воспоставување на редовен и чест патнички железнички сообраќај на пократки релации, како на пример: Скопје – Велес, Скопје – Куманово, Скопје – Тетово и Прилеп – Битола.

Ќе поддржиме редовен и оптимизиран железнички патнички сообраќај на сите делници во државата.

## БАЛКАНСКИ И ЕВРОПСКИ ЖЕЛЕЗНИЧКИ ЛИНИИ

Со цел да ја поврземе Македонија, ќе работиме на анализа, а врз утврдена потреба и реализација на проекти за воспоставување на редовни железнички патнички линии:

- Скопје – Солун;
- Скопје – Белград;
- Прилеп – Битола – Солун; и
- Скопје – Приштина.

## ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Со овој проект се предвидува дигитализација на системите на железничката инфраструктура и системите на железничкиот транспорт.

Воведување на е-билети, достапен интернет во патничките возови, воведување на комбиниран билет за железнички и градски автобуски превоз, реално време на следење на возовите, односно целосно дигитализирање на сите процеси со цел полесно спроведување на операции на вработените и достапност на информации за клиенти и патници.

Рокот на реализација е до 2027 година.

## АВИОНСКИ СООБРАЌАЈ: НОВИ ЕВТИНИ ЛЕТОВИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ГРАЃАНИ

Преку финансиска поддршка ќе работиме на овозможување на обезбедување дополнителен број нови дестинации со прифатливи цени на билетите.

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНАТА ПЛОВИДБА

## ПРЕЗЕМАЊЕ АКТИВНОСТИ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ЕЗЕРСКОТО ДНО НА ОХРИДСКОТО, ПРЕСПАНСКОТО И ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО

Со соодветна опрема ќе се преземаат активности за редовно чистење на езерското дно како и за проширување, прочистување и одржување на пристаништата и пристапните мостови.

Со реализација на овој проект ќе се создадат услови за редовно одржување на брегот на езерата.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА, САНАЦИЈА И ДОИЗГРАДБА НА ПРИСТАНИШТАТА ВО ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

Проектот предвидува реконструкција, санација и доизградба на постојните пристаништа на езерата во Македонија. Предвидени се градежни зафати за зацрстување и доизградба на пристаништата како и зголемување на длабочината во тој дел од езерото со цел подобрување на условите и зголемување на бројот на пловни објекти кои ќе ги користат услугите на пристаништата.

Овие активности би се преземале во координација со локалната самоуправа, еколошките здруженија и УНЕСКО.

## НАБАВКА НА СПЕЦИЈАЛНИ ПЛОВНИ ОБЈЕКТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ИНТЕРВЕНИРАЊЕ ПРИ ИТНИ СИТУАЦИИ ВО МЕДИЦИНСКА, ПРОТИВПОЖАРНА, СПАСУВАЧКА ЦЕЛ

Проектот предвидува набавка на специјални пловни објекти за интервенција на вода во крајбрежниот појас на Охридското Езеро во случај на елементарни непогоди, природни или други катастрофи, како и управување со итни случаи во Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, како и крајбрежните области. Пловниот објект ќе биде опремен со противпожарна опрема, пумпи за вода, опрема за давање на итна медицинска помош, опрема за спасувачки екипи на вода и на копно и друга потребна опрема.

## ВЕЛОСИПЕДСКИ СООБРАЌАЈ: ДРЖАВНИ РЕГИОНАЛНИ ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ

Во соработка со единиците на локалната самоуправа ќе се разгледа можноста за изградба на велосипедски патеки со кои ќе ги поврземе населените места, туристичките центри и знаменитости во Македонија, а со цел зголемување на користењето на велосипедите заради рекреација, туризам, безбедност и намалување на загадувањето.

Во оваа смисла, финансиски ќе ги поддржуваме општините за изградба на велосипедска инфраструктура.

# УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТВО

Во делот на урбанизмот и градежништвото ќе имаме системски пристап за реформирање на оваа област. Реформата ќе значи примена на софтверски алатки кои ќе овозможат нулта корупција и брз, транспарентен, ефикасен и евтин начин на донесување на урбанистичките планови.

Во делот на градежништвото ќе ја примениме најсовремената БИМ техноло-

гија, која драстично ќе го скрати времето за добивање на одобренија за градба и комплетно ќе го исклучи човечкиот фактор во процесот на одлучување.

## Е-УРБАНИЗАМ: ВТОРА ФАЗА

Електронскиот систем за донесување на урбанистички планови, воведен од владите на ВМРО-ДПМНЕ, го забрза донесувањето на плановите, но по десетгодишно негово практикување се јавува потреба од негово надополнување и усовршување. Тоа ќе овозможи поголема транспарентност, точност, ефикасност и ефективност.

ВМРО-ДПМНЕ, со нов Закон за урбанистичко планирање ќе овозможи целосна дигитализација и стандардизација на податоците во сите надлежни институции, кои ќе бидат достапни бесплатно преку владин гео-портал за урбанизам и просторно планирање. Гео-порталот ќе биде на располагање на сите проектантски куќи, граѓани и заинтересирани страни. Ваквиот начин ќе овозможи нулта корупција и брз, транспарентен, ефикасен и евтин начин на донесување на урбанистичките планови.

## БИМ (BUILDING INFORMATION MODELLING)

Ќе воспоставиме објективни стандарди при изготвување на документација за добивање на дозволи за градба со помош на иновативни софтверски платформи за автоматска проверка. Системот е-одобрение за градба е систем кој овозможува електронско поднесување на барања за одобрение за градба од страна на инвеститорите и обезбедување на согласностите од сите надлежни институции. Владата ќе воведе БИМ технологија (Building Information Modelling) која овозможува брзо и квалитетно проектирање со намалување на влијанието на човечкиот фактор во јавната администрација, со софтверска контрола на проектите. На тој начин се добива брза и квалитетна контрола без субјективности и коруптивни елементи во истите.

## АДРЕСЕН РЕГИСТАР

Ќе го продолжиме запрениот проект од 2016 година, и ќе ја направиме Република Македонија првата држава од Западен Балкан со адресен регистар усогласен со стандардите на ЕУ. Ќе ги усогласиме теренски собраните податоци од Агенцијата за катастар на недвижности со општините, за потоа и теренски да ги одбележиме улиците со назив на улица и објектите со куќен број.

## РЕГИСТАР НА ВОЗИЛА

Во Република Македонија нема единствен регистар на сите возила. Поединечни институции и правни лица водат евиденција на возилата во засебни

бази на податоци, кои не се меѓусебно поврзани. Со единствениот Регистар на возила, ќе се добие база на податоци на сите возила во Република Македонија (патнички, комерцијални, автобуси, такси возила, специјализирани возила, приколки, моторцикли итн.), која го следи целиот животен век на едно возило. Регистарот ќе ги содржи и податоците за извршените технички прегледи, регистрацијата, осигурувањето, промената на сопственост, извршените преправки, сообраќајните прекршоци, сообраќајните незгоди, важечките и истечени документи поврзани со возилото, издадените дозволи, платени и неплатени давачки итн.

## ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Со соодветни законски измени, ќе се овозможи Агенцијата за катастар на недвижности по службена должност или пак по барање на странката да ја изврши трансформацијата на дотогашното право на користење на поранешните сопственици на земјиштето. Со ова предлог решение значително би се намалиле трошоците на самите граѓани и би се скратила целата постапка при стекнување право на сопственост на градежното земјиште кое во реалност го владеат и го користат.

Истовремено, ќе овозможиме сопствениците на посебни делови од колективни станбени згради кои се наоѓаат на земјиште сопственост на Македонија, по сила на закон да станат сопственици на идеален дел од градежната парцела. На овој начин ќе овозможиме завршување на голем број долготрајни управни постапки во кои голем број граѓани бараат стекнување на сопственост на земјиштето што е во функција на зградата во која се сопственици на посебен дел.

## ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И БЕСПЛАТНИ ЕЛЕКТРОНСКИ ПОДАТОЦИ

Македонија ќе го апроксимира целокупното законодавство на ЕУ во однос на просторното планирање и ќе ги искористиме најдобрите практики од САД и Јапонија, за дигитализација на процесите. Институциите во оваа област ќе бидат вертикално и хоризонтално поврзани во еден заеднички систем. Дигиталните податоци ќе бидат комплетно бесплатни, што ќе помогне на граѓаните, институциите и бизнисите.

## ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ИМОТЕН ЛИСТ

Спроведувањето на мерките за енергетска ефикасност ќе резултира со намалување на сметките за електрична енергија, а со запишување на сертифи-

катот за енергетска ефикасност во имотниот лист ќе се добие транспарентност и јавност и секој купувач на објект однапред ќе биде информиран за енергетската ефикасност на објектот што е предмет на промет.

# ИНВЕСТИЦИИ ВО ЈАВНИОТ ПРОСТОР

## ИЗГРАДБА НА СКОПСКИ САЕМ

Во соработка помеѓу Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за катастар на недвижности и Град Скопје ќе се изработи проектна програма за потребите за изградба на Скопски саем. Саемот ќе содржи управна зграда, мултифункционална сала, канцеларии за користење, паркинг и унифицирани продажни места за храна.

Ќе се одбере модел на финансирање од две алтернативи, односно државно финансирање како прва можност или финансирање преку распишан конкурс за јавно-приватно партнерство.

## УРБАНА ШУМА

Во соработка со општините во Скопје по цела должина на реката Вардар од Карпош 4 преку Центар до Ново Лисиче ќе се оформи потег со т.н. урбана шума, со засадување на оформени садници.



# II. ФРОНТ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

# ДЛАБОКА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДСТВОТО

Во Република Македонија во овој момент:

- Политичките институции и државните органи се во заложништво на власта;
- Во Македонија не владеат Уставот и законите;
- Власта секојдневно ги крши правата и слободите на граѓаните;
- Нема кривична, ниту каква било друга одговорност за прекршителите на Уставот и на законите кога тие се дел од власта. Нема правда за граѓаните;
- Изгубен е професионалниот интегритет и кредибилитет на правосудните органи поради сервилниот и поданички однос кон власта;
- Постои партиска контрола врз судиите и јавните обвинители;
- Правосудниот систем е распаднат и треба да се изгради одново;
- Во државата владее правна несигурност, а системски вкоренетата корупција и криминал го разјадуваат секое здраво ткиво на општеството.

Нашите цели за реформи во правосудниот систем се:

- Системски решенија за трансформирање на правосудните органи во вистински независни, транспарентни и одговорни ефикасни субјекти;
- Воведување на европските стандарди и вредности во текстот на сите закони по европскиот принцип „Rule of law check list“;
- Во Македонија мора да дојде правда за неправедно осудените во политички монтирани случаи по желба на власта;
- Заштита од судир на интереси и непотизам во судскиот и обвинителскиот систем;
- Демонтирање на неуставниот, незаконит и максимално корумпиран правосуден систем, кој треба да биде одговорен и отчетен исклучиво пред граѓаните;
- Одговорност за секој кој се огрешил пред Уставот и законите во Република Македонија, особено за оние кои незаконски се богателе на грбот на граѓаните;
- Ефикасни управни постапки во интерес на граѓаните со што ќе овозможиме и во овие процеси ефективна и ефикасна правда за сите;
- Ќе се посветиме на заштита на граѓаните од нереални и несразмерни трошоци, а истовремено ќе се заложиме и за градење на прекршочна политика исклучиво во интерес на граѓаните.

Ќе се водиме од следниве принципи:

- Фундаменти на правниот систем и македонското општество мора да бидат демократијата, бескомпромисната примена на начелото на владеење на правото и зајакнувањето на граѓанската и политичката свесност за по-

требата правото да владее подеднакво за сите;

- Ќе работиме законски, чесно и посветено;
- Законите во Република Македонија ќе се применуваат еднакво за сите граѓани, без оглед на нивната етничка, верска, полова и друга припадност. Владеењето на правото како императив во една европска, демократска држава подразбира многу повеќе од само декларативна заложба за почитување на законите. Тоа значи и развиена свест за потребата од општество во коешто ќе се почитуваат и ќе се спроведуваат законите, но пред сè истите ќе бидат праведни и правични, а нивната примена ќе е ефикасна и неселективна.

ВМРО-ДПМНЕ ќе понуди нови системски решенија за трансформирање на правосудните органи во вистински независни, транспарентни, одговорни и ефикасни субјекти кои се темел за едно нормално демократско општество.

# НЕЗАВИСНО СУДСТВО, ЦЕЛОСНО ОСЛОБОДЕНО ОД СТЕГИТЕ НА ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

## *ВОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИ ОГРАНИЧУВАЊА ЗА РАСЧИСТУВАЊЕ СО ЕВИДЕНТНИОТ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ, НЕПОТИЗАМ, ПАРТИЗАЦИЈА И КРОНИЗАМ*

Судството ќе го ослободиме од стегите на извршната власт и ќе спроведуваме политики за расчистување со судирот на интереси во правосудството, присутниот непотизам, партизација и кронизам.

Ќе утврдиме законски критериуми за рангирање на кандидатите за судии и претседатели на судови и ќе ги регулираме постапките за преземања и префрлања на судии во други судови. Ќе ги спречиме злоупотребите во дисциплинските постапки против судиите, со утврдување на јасни критериуми за дисциплинските прекршоци.

## *ПРОГРАМА ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ И ОБРАЗОВНИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА СУДИИ*

Судиите ќе се избираат од листата на најдобрите кандидати кои успешно ја завршиле обуката на Академијата за судии. Ќе работиме на ревидирање на точноста на професионалните и образовните критериуми кои треба да ги исполни секој судија.

Ќе ограничиме избор на судии од пониско рангирани кандидати кои доаѓаат од Академијата за судии, а за својот конечен избор Судскиот совет ќе треба да даде конкретно образложение.

Ќе ги почитуваме препораките на оценските мисии и Европската Унија во делот на условите за избор на судии во сите нивоа на судската власт, кои ќе бидат базирани на јасни правила и критериуми, вградени во систем на заслуги.

## ЦЕЛОСНА РЕВИЗИЈА НА ПРИЕМОТ НА КАНДИДАТИ ВО АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Ќе спроведеме целосна ревизија на приемот на кандидати во Академијата за судии и јавни обвинители.

### РАСПУШТАЊЕ И ЗАКОНСКА РЕФОРМА НА СУДСКИОТ СОВЕТ

Акумулираните системски девијации од законската рамка и недостатокот на добра судска практика ги направи Судскиот совет и судиите ранливи од надворешни влијанија и заплашувања. Сегашниот состав на Судскиот совет го има изгубено кредибилитетот и затоа ќе биде распуштен.

Со законски измени ќе утврдиме строги и објективно мерливи критериуми кои треба да ги исполнат новите членови, избрани на предлог на Собранието и на Претседателот на државата. Постапката ќе биде транспарентна и јавна, со што ќе се гарантира интегритетот и квалитетот на избраните кандидати. Од предложените кандидати ќе се бара да имаат програма за работа со точно утврдени индикатори за успешност.

Во врска со внатрешните процедури за одлучување во Судскиот совет, ќе утврдиме јасно дефинирана постапка за избор и разрешување на претседателот на Судскиот совет, задолжително образложение на донесените одлуки на Судскиот совет, како и зголемена транспарентност во одлучувањето, со присуство на јавноста и медиумите.

При процесот на законска реформа на Судскиот совет ќе ги земеме предвид сите препораки од Европска Унија и добрите практики на Европската мрежа на Судски совети.

### ПРОВЕРКА НА ИМОТОТ НА СУДИИТЕ И НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Ќе спроведеме целосна проверка на имотот на судиите и нивните семејства со цел јасно одделување на чесните од нечесните судии. Доколку не се докаже законитоста на стекнувањето на имотот, покрај другите постапки, за истиот ќе биде пропишано задолжително поведување на постапка за разрешување.

## НОВА ЗАКОНСКА РАМКА ЗА ЕФИКАСЕН ПРАВОСУДЕН СИСТЕМ

Во согласност со највисоките европски стандарди Владата предводена од ВМРО–ДПМНЕ ќе работи и ќе иницира донесување на нова законска рамка во сферата на правосудството. Ќе иницираме донесување на целосно нов Кривичен законик по примерот на неколку нам сродни правосудни системи (пр. Словенија и Хрватска), Закон за јавно обвинителство, Закон за судови, Закон за Судски совет, Закон за кривична постапка, Закон за Совет на јавни обвинители и други неопходни закони.

## ПОДИГНУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СУДИИТЕ

Со законски измени ќе ги подигнеме и ќе ги прецизираме критериумите за можноста за унапредување на судиите при што ќе биде воведена задолжителна евалуација на нивната работа како судии.

## СТОП НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО

Ќе воведеме нови јасни дефиниции за заштита од судир на интереси во правосудството при што ќе ги ограничиме можностите за влијание на непотизам, партизација и кронизам при одлучувањето на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во постапките за избор, унапредување, разрешување и евалуација на судиите и јавните обвинители.

## ОДГОВОРНОСТ ЗА СУДИИТЕ КОИ СЕ РАЗРЕШЕНИ ПОРАДИ НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО РАБОТЕЊЕ

Со измена на законската регулатива ќе се предвиди обврска Судскиот совет по донесување на одлука за разрешување на судија задолжително да достави извештај за постапката за разрешување на судијата, со целокупна документација во прилог, до надлежното јавно обвинителство, а со цел проверка на возможно прекршување на кривичниот законик.

Со закон ќе биде предвидено поведување на постапка за одговорност на судија чиишто одлуки или пресуди за кое било утврдено прекршување на човековите права и слободи од страна на судот во Стразбур.

Со законските измени ќе се предвиди и обврска за Судскиот совет задолжително да ги извести граѓаните кои поднеле барање за утврдување одговорност на судијата за донесената одлука. Доколку по претставка на граѓанин е утврдена одговорност кај судијата заради нестручно и несовесно вршење на функција, Судскиот совет задолжително ќе го информира граѓанинот за неговото право да бара надомест за претрпената штета.

## ВОЕДНАЧЕНА СУДСКА ПРАКТИКА

Во случај на постоење на различни судски пресуди, од ист или различен суд, а во врска со иста или слична фактичка состојба, преку измени на Законот за судови, ќе се предвиди одредба Врховниот суд да донесе начелен став во случаи на нееднаква примена на законите. Начелните правни ставови на Врховниот суд ќе бидат задолжителни за пониските судови. На овој начин ќе се обезбеди правна сигурност за граѓаните.

Во секој суд ќе се воведе посебна служба којашто задолжително ќе внимава на судската практика и редовно ќе го известува претседателот на конкретниот суд, кој пак ќе биде должен во случај на различна судска практика да поднесе иницијатива до Врховниот суд за носење на начелно правно мислење.

## КОМЕСАР ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО СЕКОЈ СУД

Заради највисок степен на гарантирање на човековите права со закон ќе предвидиме претседателот на секој суд од редот на судиите да назначи комесар за заштита на човекови права. Обврските и начините на постапување на судијата – комесар за заштита на човекови права ќе бидат предвидени во измените на Законот за судови.

## ЈАВНОСТ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ВРСКА СО ПРИТВОР

Преку воведување на транспарентност и јавност, ќе им се овозможи на граѓаните можност да ја следат работата на јавното обвинителство, на судовите и на адвокатите. Со измена на Законот за кривична постапка ќе се предвиди можност новинари, претставници на научната и на стручната јавност да ги следат рочиштата за определување на мерката притвор. На овој начин ќе се оневозможи влијание на обвинителско-судскиот систем за користење на мерката притвор како казна, а не како мерка за обезбедување присуство во кривичната постапка. Сите решенија и одлуки за определување мерка притвор, куќен притвор, гаранција и останати мерки за обезбедување присуство во рамки на постапката, по претходно анонимизирање ќе бидат јавно објавени на веб-страницата на судот.

## АКТИВЕН ВРХОВЕН СУД

Со измена на Законот за судовите ќе бидат формирани две нови одделенија во рамките на Врховниот суд: Одделение за судска практика и правна информатика и Одделение за следење на судската практика на Европскиот суд за човекови права. Овие две одделенија ќе имаат обврска да ја следат воедначеноста на судската практика на територијата на Македонија, како и примената на судската практика од Европскиот суд за човековите права од страна на македонските судови.

### *ОДДЕЛУВАЊЕ НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ВО ПОСЕБНИ АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И АКАДЕМИЈА ЗА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ*

Судската власт треба да биде целосно независна и разделена од Јавното обвинителство кое по закон претставува единствен и самостоен државен орган. Јавното обвинителство е странка во постапката пред судовите, како и адвокатите. Токму поради тоа, едукацијата на судии и јавни обвинители треба да биде разделена, со цел да се спречат можни влијанија и злоупотреби при водењето на постапките.

### *ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ПРАВОСУДСТВОТО – ПРОЕКТ E-JUSTICE*

Судиите по електронски пат ќе можат полесно да ги следат списите на предметот и да ја идентификуваат фазата во која се наоѓа случајот. Странките ќе добиваат унифициран број на водење на предметот и во секое време ќе можат електронски да го следат предметот низ сите фази од постапката. Задолжително ќе се предвиди сите одлуки, по претходно нивно анонимизирање, да бидат јавно објавени.

Унапредување на рамката за автоматска распределба на судските предмети по случаен избор, со цел да се избегнат можни злоупотреби при распределба на предметите во судовите.

Освен доставата која задолжително ќе се врши преку системот на е-достава, ќе се овозможи обвинителите и адвокатите да имаат можност и за електронска достава до судовите, со што ќе се заштеди време, ресурси и ќе се олесни начинот на комуникација меѓу сите учесници во судските постапки. Ќе се воведе и начин електронски да се поднесат барања за издавање на документи од страна на судовите, со што ќе се заштеди на времето на граѓаните, а и самата постапка ќе биде побрза.

## ПРОФЕСИОНАЛНО И НЕПАРТИЗИРАНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

### *РЕВИЗИЈА НА ЗАКОНИТОСТА НА ЦЕЛОКУПНОТО РАБОТЕЊЕ НА СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО*

Ќе биде поведена постапка за ревизија и испитување на законитоста на целокупното работење на Специјалното јавно обвинителство, при што посебно внимание ќе се посвети на загрозување на човековите права направени во постапките на СЈО, прекршување на процесните закони при постапување-

то на СЈО, расчистување на утврдените злоупотреби на исплатата на финансиски средства кон обвинителите, истражителите и советниците и нивно враќање во буџетот, како и испитување на непотизмот, партизацијата и кронизмот при вработувањата во СЈО.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИ ОГРАНИЧУВАЊА ЗА РАСЧИСТУВАЊЕ СО ЕВИДЕНТНИОТ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ, НЕПОТИЗАМ, ПАРТИЗАЦИЈА И КРОНИЗАМ

Во Обвинителството ќе спроведуваме политики за расчистување со судирот на интереси, присутниот непотизам, партизација и кронизам.

Ќе утврдиме законски критериуми за рангирање на кандидатите за јавни обвинители и ќе ги регулираме постапките за преземања и префрлања на обвинители. Ќе ги спречиме злоупотребите во дисциплинските постапки против обвинителите со утврдување на јасни критериуми за дисциплинските прекршоци.

## ПРОГРАМА ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ И ОБРАЗОВНИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Јавните обвинители ќе се избираат од листата на најдобрите кандидати кои успешно ја завршиле обуката на Академијата за обвинители. Ќе работиме на ревидирање на точноста на професионалните и образовните критериуми кои треба да ги исполни секој јавен обвинител.

Ќе ограничиме избор на јавни обвинители од пониско рангирани кандидати кои доаѓаат од Академијата за јавни обвинители, а за својот конечен избор, Советот ќе треба да даде конкретно образложение.

Ќе ги почитуваме препораките на Европската Унија во делот на условите за избор на јавни обвинители, кои ќе бидат базирани на јасни правила и критериуми, вградени во систем на заслуги.

## РАСПУШТАЊЕ И ЗАКОНСКА РЕФОРМА НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Сегашниот состав на Советот на јавни обвинители го има изгубено кредибилитетот и ќе биде распуштен. Со законски измени ќе се воведат строги и објективни критериуми за избор на членовите на Советот. Ќе дефинираме јасни, строги и високи критериуми за бодување во процесот на избор на членовите на Советот на јавни обвинители кои се бираат во Собранието на Република Македонија. Постапката ќе биде транспарентна и јавна, со што ќе се гарантира изборот на најдобрите кандидати. Од предложените кандидати ќе се бара да имаат програма за работа со точ-

но утврдени индикатори за успешност.

При процесот на законска реформа на Советот на јавни обвинители ќе ги земеме предвид највисоките европски стандарди.

## ПРОВЕРКА НА ИМОТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ И НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Ќе спроведеме целосна проверка на имотот на јавните обвинители и нивните семејства со цел јасно одделување на чесните од нечесните јавни обвинители. Доколку не се докаже законитоста на стекнувањето на имотот, покрај другите постапки, за обвинителот ќе биде пропишано задолжително поведување на постапка за разрешување.

## ПОДИГНУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

Со законски измени ќе ги подигнеме и ќе ги прецизираме критериумите за можноста за унапредување на јавни обвинители при што ќе биде воведена задолжителна евалуација на нивната работа.

## ОДГОВОРНОСТ ЗА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ КОИ СЕ РАЗРЕШЕНИ ПОРАДИ НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО РАБОТЕЊЕ

Со измена на законската регулатива ќе се предвиди обврска Советот на јавни обвинители по донесување на одлука за разрешување на обвинител задолжително да достави извештај за постапката за разрешување на обвинителот, со целокупна документација во прилог, до надлежното јавно обвинителство, а со цел проверка на возможно прекршување на законите.

## РЕШАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ „ВО ФИОКА“

Ќе ги прецизираме законските рокови за постапување во предистрага, со одговорност на јавните обвинители кои не постапиле во законскиот рок. Непостапување по законските рокови ќе биде сметано како суштинска повреда на постапката.

## ЗАЈАКНАТИ ИСТРАЖНИ КАПАЦИТЕТИ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

Вистински ќе профункционираат истражните центри предвидени со Законот за кривична постапка со целосно техничко и кадровско екипирање. Со овие истражни центри ќе се овозможи ефективна и ефикасна борба особено со организираниот криминал и високата корупција.

### РЕАЛЕН СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА ОЦЕНУВАЊЕ И ОДГОВОРНОСТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

Во соработка со јавно-обвинителската фела, ќе се унапреди системот на оценување и одговорност на јавните обвинители преку објективни критериуми. Со ваквиот пристап ќе се овозможи вистинско вреднување на обвинителите и нивната работа, односно ќе се овозможи полесно одвојување на квалитетните и вистинските професионалци кои ќе напредуваат во својата фела, од неквалитетните и непрофесионални обвинители чие место не е во правосудството.

## ПРОЦЕСНА ПРАВДА

### РЕВИДИРАЊЕ НА ОСНОВИТЕ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ РЕВИЗИЈА ДО ВРХОВЕН СУД

Со измена на Законот за парнична постапка ќе се ревидираат и ќе се зголеми бројот на основите за поднесување на ревизија до Врховниот суд на Република Македонија, со тоа што ќе се овозможат услови за ефективна и ефикасна правда.

### ПРИНЦИПИТЕ НА ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА

Законот за кривична постапка во целост ќе биде усогласен со принципите на Европскиот суд за човекови права, особено ќе се уреди постапката за изрекување на мерка притвор, со цел спречување на злоупотреба на оваа мерка. Истовремено ќе се зголемат правата на одбраната, роковите за изјавување на жалби за одлуки за кои не се согласуваат странките, зголемување на правата на жртвите од кривични дела и оштетените во кривичната постапка.

### ГАРАНЦИЈА ПРЕД ПРИТВОР

Сведоци сме дека мерката притвор во кривичната постапка, во одредени случаи се користеше како казна, мерка за заплашување и пресметување со политички неистомисленици. Поради тоа, преку измена на Законот за кривична постапка, ќе се предвиди задолжителна постапка во која судот првично ќе оценува дали постојат можности за изрекување на гаранција. Притворот ќе може да биде определен како крајна мерка, само во исклучителни случаи.

## НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРАВНИ И СУДСКИ ПОСТАПКИ ВО ДРЖАВНИТЕ И ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

Со цел намалување на трошоците за судски и правни постапки во државните институции, јавните претпријатија, единиците на локална самоуправа и нивните институции, компаниите во доминантна државна сопственост, а секаде каде што има соодветен работен кадар, ќе се забрани ангажирање на надворешни лица за постапки чија вредност не надминува три милиони денари.

## ДОСТАПНА ПРАВДА ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ

Граѓаните ќе имаат полесен пристап до суд и правда преку намалување на судските такси. Ќе им се овозможи пристап до суд на ранливите категории граѓани, преку воведување задолжително ослободување од судска такса за корисниците на надоместоци од Законот за социјална заштита, лица чиишто примања се помали од минималната плата и лица што не поседуваат недвижен имот на свое име.

## КАЗНУВАЊЕ НА ЗЛОУПОТРЕБИТЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕТО

Манипулациите во извршувањето од кои страдаат граѓаните ќе бидат спречени со измена на Кривичниот законик преку воведување посебно кривично дело „Злоупотреба на извршувањето“. Казниви ќе бидат сите дејства со кои учесниците во постапката за извршување злонамерно ја спровеле постапката, стекнувајќи за себе противправна имотна корист или предизвикувајќи штета на граѓаните.

# ПЕНОЛОШКИ ПРАКТИКИ И УСТАНОВИ

## ЗАСИЛЕНА ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ ЗА ПРОБАЦИЈА

Во смисла на зголемување на почитувањето на човековите права и имплементирање на европските стандарди низ соодветни законски измени ќе воведеме поширок и почест опфат на пробацијата како систем за казнување.

## ПОДОБРИ УСЛОВИ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

Ќе се инвестира во реконструкција на казнено-поправните установи со цел достигнување на европските стандарди при издржувањето на казните.

# СТОП ЗА КОРУПЦИЈАТА

Нивото на корупција во Република Македонија во изминатите години е во постојан пораст. Корупцијата го разјадува здравото општество. Корупцијата ја повредува конкурентноста, слободата на пазарот, претриемливоста и го спречува општествениот развој. Системот во Македонија е целосно уништен од корупција, непотизам, трговија со интереси и организиран криминал, кои се длабоко вкоренети и секојдневно ги повредуваат правата на македонските граѓани.

Приоритет на новата Влада е безмилосна борба со корупцијата и казни за корумпираните носители на јавни функции.

Со јасни правила, корумпираните носители на јавни функции ќе бидат онеспособени и спречени да го корумпираат општествениот систем. Преку дигитализација на услугите ќе се намали субјективниот човечки фактор во процесите на одлучување. Ќе се воспостави и ефикасен систем за превентива, надзор и ревизија на работењето на јавните институции.

Одлучна, неселективна и бескомпромисна борба против корупцијата и владеење на правото е услов за економски раст и развој на Македонија. Елиминацијата на корупцијата создава солидна економска основа за граѓаните да се мотивираат да останат во Македонија.

## ВЛАДИНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

Во првите 100 дена, Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе формира владино координативно тело за борба против корупција. Телото ќе работи на обединување на напорите за борба против корупцијата на сите владини институции и организации. Поканети да учествуваат во работата на телото ќе бидат и раководителите на институциите кои директно работат во превенцијата и справувањето со корупцијата (Државната комисија за спречување на корупција, Државниот завод за ревизија, Инспекцискиот совет, Јавното обвинителство и други).

## СИЛЕН И ЕФИКАСЕН ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Засилен со квалитетен кадар и ресурси, Државниот завод за ревизија (ДЗР) ќе биде институција која ќе превенира и ќе препознава ризици од корупција. Предвидуваме системско поврзување на Државниот завод за ревизија со јавното обвинителство, како и обврска Јавното обвинителство задолжително да ги разгледува извештаите од ДЗР.

Во рамки на ДЗР ќе предвидиме ново одделение за ревизија на јавни набавки, каде што ревизорите ќе работат на откривање неправилности поврзани со Законот за јавни набавки.

## ЗАСИЛЕНИ КАПАЦИТЕТИ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Како столб на системот за превенција на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) треба да ги има сите потребни човечки и материјални ресурси за целосно и ефикасно исполнување на својата задача, особено во делот на проверка на имотната состојба на избраните и именуваните функционери. Преку законски измени ќе се предвиди обврска за Јавното обвинителство приоритетно да постапува по предметите и инцијативите кои ДКСК ги доставува до него.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТЕКЛО НА ИМОТ

Предвидуваме неколкукратно зголемување на постапките за испитување и утврдување на потекло на имот на политички функционери и високи раководители во јавниот сектор. Во таа насока, особено ќе се фокусираме на зголемување на бројот на постапки за утврдување на потекло на имот кон сите нивоа на власт, државни и јавни институции и високи раководители за кои постои висок степен на сомнеж за корупција.

Особено внимение ќе се посвети на лица на високи раководни позиции во Министерството за внатрешни работи, Царинската управа, Управата за јавни приходи, државните и локалните инспекторати и други институции по предлог на граѓаните.

Ќе предвидиме и зголемување на бројот на постапки за утврдување на потекло на несразмерно стекнат имот на граѓани.

## ЗГОЛЕМЕНИ САНКЦИИ ЗА ФУНКЦИОНЕРИТЕ

Предвидуваме зголемување на опфатот на санкции и нивниот износ во врска со прекршување на правилата за судирот на интереси, интегритет и превенција на коруптивни практики преку измени на Законот за спречување на корупција и судир на интереси. Измените ќе бидат во насока на исполнување на предусловите за ефикасност, пропорционалност и ефект на одвраќање. Овие измени ќе бидат во согласност со највисоките европски стандарди.

## НУЛА КОРУПЦИЈА ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Ќе ја искорениме корупцијата во јавните набавки. Првенствено, ќе ја унапредиме транспарентноста на единствениот систем за јавни набавки со зголемување на бројот на податоци и фреквентноста на објавените извештаи

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе ги поврзе единствениот систем за јавни на-

бавки со регистарот на вработени во јавниот сектор, АВРМ, УЈП, катастар, централниот регистар, регистарот на население и други неопходни системи. На овој начин, Единствениот систем за јавни набавки автоматски ќе идентификува, ќе пријавува и ќе објавува судир на интереси и ризици од корупција при јавните набавки. Регистарот ќе ги спречи злоупотребите поврзани со лицата вклучени во јавните набавки во поглед на нивната подготовка и евалуација, но и учеството во истите од страна на компаниите што конкурираат.

Овој систем ќе послужи и во процесот на проверка на потеклото на имот.

Ќе формираме сектор во рамките на Бирото за јавни набавки задолжен за контрола на критериумите за економски најповолна понуда и за спречување на манипулации во процесот на јавните набавки.

## НАМАЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ПОНИШТЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ

Пречестото поништување на постапките за јавни набавки резултира со сомнеж дека постои субјективизам и селективност во изборот. Преку подобрено планирање и одговорен однос, ќе ги намалиме поништувањата на постапките за јавни набавки, онаму каде тие не се најдиректно резултат на објективни околности и пропусти. Институциите за контрола и надзор ќе ставaт особен фокус на постапките кои се поништени и по неколку пати.

## РЕВИЗИЈА НА ЦЕЛОКУПНОТО РАБОТЕЊЕ НА ОДРЕДЕНИ ИНСТИТУЦИИ

Предвидуваме програма за сеопфатна ревизија на целокупното работење на повеќе институции чиешто работење предизвика сомнеж за корупција кај пошироката јавност. Дел од оваа програма ќе бидат: Специјалното јавно обвинителство (СЈО), Електрани на Македонија, Државна лотарија, Фонд за иновации и технолошки развој, Агенција за вработување, Универзитетската клиника за онкологија и радиологија, Министерството за земјоделство со фокус на поделбата на државно земјоделско земјиште, спроведувањето на Законот за финансиска поддршка на инвестициите и други.

## РЕВИЗОРСКИ КОМИТЕТ

За подобрување на системот на внатрешна ревизија, ќе го зголемиме бројот на внатрешните ревизори во државните и во јавните институции и ќе формираме Ревизорски комитет како ново централно тело за следење на реализацијата на препораките дадени од внатрешните ревизори и од Државниот завод за ревизија.

Ревизорскиот комитет во соработка со секоја институција ќе утврди и ќе

обезбеди оптимален број на внатрешни ревизори, со почитување на објективни критериуми кои ќе обезбедат квалитет. Ќе обезбедиме софтвер за внатрешна ревизија за сите единици за внатрешна ревизија во сите субјекти од јавниот сектор кој ќе обезбеди ефикасност, економичност и ефективност во нивното работење.

## ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ДИСКРЕЦИСКИТЕ ОВЛАСТУВАЊА

Со закон ќе бидат ограничени и намалени дискрециските овластувања на раководните лица на институциите. Секоја институција ќе биде задолжена да изработи и јавно да објави список на сите дискрециски овластувања кои ги имаат нејзините раководни структури.

Ова особено ќе се однесува на ограничување на дискрециските овластувања при вработување во секторите здравство, образование и култура, како и субвенционирање и финансирање на здруженија, клубови, фондации итн. Предвидуваме и ограничување и поставување на критериуми за оправданоста на трошоците за репрезентација, со што ќе се превенираат нерационалните трошоци за ресторани и кафеани.

## СПЕЦИЈАЛНИ РЕГИСТАРСКИ ТАБЛИЧКИ

Сите службени возила на државните институции ќе бидат означени со регистарски таблички во специфична боја за нивно препознавање. На тој начин, секој граѓанин ќе може да забележи дали некое службено возило се користи надвор од работното време или спротивно на службените потреби.

Ќе се предвиди обврска за создавање на регистар на службени возила во сопственост на државните и на јавните институции, кој ќе биде јавно објавен.

## ОФИЦЕР ЗА ИНТЕГРИТЕТ ВО СЕКОЈА ИНСТИТУЦИЈА

Сите државни институции ќе бидат обврзани да имаат офицери за интегритет, сертифицирани со лиценци за имплементација на меѓународните стандарди за антикорупциско управување и заштита на укажувачите. Со тоа ќе им се помогне на институциите да ги подобрат своите функции, ќе се заштити јавниот интерес и ќе се зголеми ефикасноста на јавните служби и потребите на граѓаните.

## ОЦЕНКА И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК

Со наведените мерки и стандарди ќе се подобри системот за оценка и управување со ризик за институциите. Целта на секоја оценка е идентификација и приоритизирање на ризиците од корупција, за да се помогне на институцијата да препознае зошто е подложна на корупција. Со тоа се овозможува разгледување и спроведување на проактивни мерки за да се намали можноста од појава на истата.

## ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДИГИТАЛНИ ОБУКИ ЗА ИНТЕГРИТЕТ

Според утврдена програма, ќе изработиме специјализирана дигитална платформа за одржување на обуки за интегритет, препознавање, превенција и спречување на корупција во јавниот сектор. Обуките ќе се ажурираат годишно, а секој вработен ќе има обврска да ја помине обуката најмалку еднаш во текот на годината.

## ЈАВНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РЕВИЗИЈА И АКЦИСКИ ПЛАНОВИ

Сите институции, јавни претпријатија и компании во доминатна државна сопственост ќе бидат обврзани да ги објавуваат јавно извештаите од Државниот завод за ревизија и ревизорските извештаи од други ревизорски куќи на својата Интернет страница и да изработат акциски план за корекција на неправилностите утврдени со ревизорските извештаи. Пропуштањето да се спроведат овие обврски ќе предизвикува постапки за соодветни санкции.

## ЗАДОЛЖИТЕЛНО ВОВЕДУВАЊЕ НА СТАНДАРДОТ ЗА АНТИКОРУПЦИСКО УПРАВУВАЊЕ (ISO 37001)

Со законски измени државните институции ќе бидат задолжени да го имплементираат стандардот за антикорпуциско управување. Овој меѓународен стандард овозможува воведување и сертификација на систем за ефикасни, мерливи и видливи механизми, процедури и процеси за превенција, детекција и справување со корупцијата во секоја државна институција.



# III. ИНСТИТУЦИИТЕ РАБОТАТ СПОРЕД ЗАКОНИТЕ

# РЕФОРМА НА ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ

Македонскиот политички систем има насушна потреба од демократска реформа. ВМРО-ДПМНЕ ќе промовира политика на разбирање и соработка во тој процес на реформирање. Ние се залагаме да се врати вредноста на принципот „национален консензус“ во политичкиот систем.

Ќе настојуваме во водењето на политиката да се постигнува што е можно посеопфатен политички консензус при креирањето и реализацијата на проектите и политиките со долгорочно значење и вредност за државата.

Трајниот соживот меѓу граѓаните и културата на меѓусебно почитување и дијалог се вредности што мора да бидат возобновени и унапредени. Веруваме во политичкиот и во граѓанскиот дијалог како најдобар начин за справување со проблемите и предизвиците на земјата.

Институциите мора да обезбедат еднаква и неселективна примена на законите како најсилен кохезивен фактор и генератор на општествената и економската стабилност и развој на државата.

## СОБРАНИЕ ОД 90 ПРАТЕНИЦИ

Ќе иницираме сеопфатна дискусија во рамки на Собранието за еднократна и единечна уставна измена, со која ќе се намали бројот на пратеници од сегашните 120 на 90 пратеници. На овој начин Собранието ќе работи економично и динамично, согласно со искуствата на соодветни европски компаративни модели.

## ЕДНА ИЗБОРНА ЕДИНИЦА

ВМРО-ДПМНЕ се залага за воведување на една изборна единица за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија со изборен праг по примерот на други европски држави.

## УКИНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЦЕНЗУС ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ

Во согласност со препораките на ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската комисија, ќе предвидиме укинување на предвиденото потребно мнозинство на излезност од 40% во вториот изборен круг за избор на Претседател, со што ќе се овозможи загарантирана успешност на изборите и политичка сигурност. На овој начин, кандидатот кој освоил повеќе гласови во вториот изборен круг, ќе биде неспорен победник на изборите.

## РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА МИНИСТЕРСТВА И ИНСТИТУЦИИ

Организацијата на институциите треба да одговори на потребите на времето во кое живееме. За зголемување на ефикасноста и функционалноста на работењето на органите на државната управа, предвидуваме реорганизација на постојните министерства, кои ќе прераснат во:

- Министерство за економија и труд (кое ќе го вклучи пазарот на труд, привлекување инвестиции, претприемливост);
- Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини;
- Министерство за социјална политика, демографија и млади;
- Министерство за спорт;
- Министерство за култура и туризам;
- Министерство за дигитална трансформација.

## УКИНУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ВЛАДА

Концептот на техничка влада се покажа како креатор на дополнителни кризи, неефикасност, поларизација и нефункционалност на институциите. Преку поширока дискусија со сите политички чинители, ќе пристапиме кон целосно укинување на влада за организација на избори.

## УКИНУВАЊЕ НА КОНЦЕПТОТ НА ЗАМЕНИК-ДИРЕКТОР

Ќе ја разгледаме можноста да се укинат позициите заменик-директор. На овој начин ќе се зголеми ефикасноста во работењето на институциите, а ќе се намалат непродуктивните трошоци во работењето.

## РАЗРЕШУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК

Преку поширок политички дијалог ќе предвидиме законски измени со кои ќе се воведе можност Советот на единицата на локалната самоуправа да го отповика градоначалникот. Членовите на Советот ќе имаат можност во јасно утврдена процедура со 2/3 мнозинство да го отпочнат и да го завршат процесот на отповикување на градоначалникот.

## НАМАЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА УПРАВНИ И НАДЗОРНИ ОДБОРИ

Ќе предвидиме законски измени за намалување на бројот на управни и надзорни одбори во некои органи на државната управа и јавните установи, како и намалување на нивниот број на членови.

## ЦЕНТРАЛИЗИРАН СИСТЕМ ЗА ЗАЕДНИЧКИ АДМИНИСТРАТИВНИ И ЛОГИСТИЧКИ РАБОТИ

За малите институции предвидуваме можности за воведување на централизиран систем за заеднички административни работи, како што се администрација, сметководство, логистички работи, јавни набавки итн.

## РЕДОВНА ПОСТАПКА ЗА НОСЕЊЕ НА ЗАКОНИТЕ

Со целосна имплементација на Деловникот за работа на Собранието, редовната постапка за донесување на законите мора да биде правило, а скратената и итна постапка исклучок. Во целост ќе ја почитуваме деловничката обврска за задолжително вклучување на експертската и стручната јавност, како и на граѓанските организации во работата на собраниските комисии.

## ПАРЛАМЕНТАРЕН НАДЗОР ВРЗ РАБОТАТА НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕГУЛАТОРНИ, НАДЗОРНИ И СОВЕТОДАВНИ ТЕЛА

Ќе овозможиме, Собранието, на барање од најмалку десет пратеници, да може да побара посебен извештај за работата на овие тела за одреден временски период, како и извештај за преземените активности за одреден предмет од нивна надлежност, како и да иницира утврдување одговорност врз основа на наодите од спроведениот надзор.

## УКИНУВАЊЕ НА БАЛАНСЕРОТ ПРИ ВРАБОТУВАЊАТА

Целосно почитувајќи го уставниот принцип за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Македонија, ќе го напуштиме балансерот при вработувањата. На овој начин, првенствено ќе се почитуваат личните квалитети, стручноста, компетентноста и мерит системот при вработувањата во државните институции.

## ДИГИТАЛЕН ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО 2026

Во процесот на надградување на системот на електронскиот регистар на население, ќе обезбедиме услови за извршување на дигиталниот попис на население во 2026 година. Носителите на одлуки континуирано ќе имаат можност да имаат пристап до актуелни и точни податоци кои ќе се искористат во системското планирање на општествено-економските политики на државата.

## НАЦИОНАЛНИТЕ СТРАТЕГИИ СЕ НОСАТ ВО СОБРАНИЕ

Сите национални стратегии треба да се носат со широк консензус во рамки на Собранието на Република Македонија. Во постапката на донесување на националните стратегии ќе бидат вклучени најквалитетните домашни научни институции, бизнис-секторот и коморите, граѓанскиот сектор и сите засегнати страни.

## ПРАТЕНИЦИ ПОБЛИСКИ ДО ГРАЃАНИТЕ – ЗГОЛЕМЕНА КОМУНИКАЦИЈА НА СОБРАНИЕТО СО ГРАЃАНИТЕ

Со цел зајакнување на комуникацијата со граѓаните од изборната единица од каде што се избрани, наша заложба е заживување на пратеничките канцеларии за комуникација со граѓаните и подобрување на условите за работа на канцелариите. Во таа насока, ќе биде и организирањето трибини и „отворен ден" на пратениците.

## УСТАВЕН СУД – ЧУВАР НА УСТАВОТ И ПРАВНИОТ СИСТЕМ

Реформата на Уставниот суд во согласност со добрите европски практики и европските стандарди е неопходна. ВМРО-ДПМНЕ ќе поттикне широка парламентарна и експертска дискусија за уставни реформи со кои би се прошириле уставните надлежности на судот, во насока на оценка на уставноста на уставните амандмани, толкување на уставните норми, превентивна и дополнителна контрола на уставноста на меѓународните договори, постапување по покрената акцесорна постапка од страна на редовните судови, а би се вовела и уставна тужба за заштита на човековите права и слободи итн.

Ќе предложиме и закон со кој ќе се регулира начинот на изборот на уставните судии во иднина, со што за уставни судии ќе бидат предлагани и избрани најдобрите правници во државата.

Ќе се залагаме за зајакнување на човечките и материјалните капацитети на судот, механизмите за негово постапување, и слично.

## РЕГИСТАР НА ЗАКОНИ

Активно ќе работиме на воведување лесно достапен регистар на закони, како и намалување на непотребните закони, правила и процедури, кои го отежнуваат водењето бизнис и целокупното живеење. Едноставните законски решенија и правила на игра им помагаат на работниците и фирмите со чесна работа да постигнат успех и резултати кои ќе им овозможат добар живот.

# СМАРТ МАКЕДОНИЈА: ЈАВНИ УСЛУГИ ДОСТАПНИ НА ЕДЕН КЛИК

Со системски пристап, ќе ја унапредиме дигиталната трансформација на јавниот сектор. Системскиот пристап првенствено ќе опфаќа преraснување на Министерството за информатичко општество и администрација во Министерство за дигитална трансформација. Ова министерство ќе има надлежност да работи на креирање политики, регулација, иницирање и спроведување на програми во однос на дигиталната трансформација на општеството и јавните услуги, како и во областите на електронските комуникации и медиумите. Активно ќе работиме на изградба на потребната инфраструктура која ќе биде носител на трансформацијата, а ќе развиваме услуги достапни на сите граѓани. Со интензивно формално и неформално образование и обуки, ќе ги вклучиме граѓаните во дигиталната трансформација за целосно искористување на потенцијалите што ги нуди.

Агенцијата за дигитализација ќе претставува централно тело во кое ќе бидат вработени сите телекомуникациски и ИТ инженери за потребите на сите државни институции, а ќе има за задача да работи на забрзување на дигиталната трансформација на сите ресори во државата, со посебен фокус на примената на вештачката интелигенција во здравството, образованието, финансиите, социјалата, земјоделството, паметните градови. При тоа, фокусот на Агенцијата ќе биде ставен на развој на современа дигитална инфраструктура (дата центар и суперкомпјутер), разработка на платформа за вештачка интелигенција, јакнење на капацитетите на јавниот сектор за работа со податоци, целосна дигитализација на јавните услуги, воведување на мобилни услуги, обуки на граѓаните за користење на дигитални услуги, дигитална инклузија на лицата со попреченост и сајбер безбедност.

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИКТ ИНФРАСТРУКТУРАТА

### БРЗ ИНТЕРНЕТ ВО ЦЕЛА МАКЕДОНИЈА

Ќе ги определиме зоните во кои операторите немаат комерцијален интерес за обезбедување на електронски комуникациски мрежи/услуги (бели зони). Државата ќе проектира агрегациска мрежа во тие зони со што операторите ќе имаат можност да ги обезбедат потребните мрежи/услуги до граѓаните. Домаќинствата во Македонија, кои немаат можност за пристап до Интернет со поголеми брзини, ќе бидат во фокусот на изградбата на инфраструктурата, со цел до 2028 најголемиот дел од домаќинствата во Македонија да имаат можност за пристап до Интернет со брзина од најмалку 30 Mbps.

## НАМАЛУВАЊЕ НА ДИГИТАЛНИОТ ЈАЗ: ИНТЕРНЕТ ДО СЕКОЕ ДОМАЌИНСТВО

Со цел намалување на дигиталниот јаз, ќе обезбедиме можност за пристап до Интернет на секое домаќинство во Македонија, вклучително и до домаќинствата што се наоѓаат во области во кои нема комерцијален интерес од операторите. Се работи за околу 2% од сите домаќинства што немаат пристап до Интернет со минимална брзина од 12 Mbps.

Со цел обезбедување универзален пристап до Интернет услугите, ќе ги олесниме административните процедури за инвестирање во овие технологии. Дополнително, сите нови објекти што ќе се градат ќе имаат можност да бидат приклучени на најмалку 3 оператори што ќе обезбедуваат брз Интернет.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА ТРЕТ МОБИЛЕН МРЕЖЕН ОПЕРАТОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ КОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ

По формирањето на Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ, ќе ги разгледаме можностите за доделување на радиофреквенции за трет мрежен мобилен оператор. На тој начин ќе се обезбеди сигурна мрежа за јавните комуникациски услуги, како и поголема конкуренција во обезбедувањето на овие услуги. Тоа ќе доведе до поголема понуда на услуги со подобрен квалитет и понатамошно намалување на цените во мобилната телефонија и мобилниот Интернет.

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА 5G ВО МАКЕДОНИЈА

ВМРО-ДПМНЕ по преземање на власта ќе ги спроведе следниве мерки за распространување на 5G мрежата:

- До крајот на 2025, сите главни патни правци во Македонија да бидат покриени со 5G;
- До крајот на 2027, сите големи градови со над 13 000 жители да бидат покриени со 5G;
- До крајот на 2030, сите граѓани на Македонија да имаат можност за пристап до 5G со брзина на пристап од најмалку 100 Mbps.

## НАМАЛУВАЊЕ НА ЦЕНИ ВО РОАМИНГ

Ќе се направат напори да се потпише спогодба за намалување на цените на услугите во роаминг и со останати држави, а особено со државите членки на ЕУ.

## САЈБЕР-БЕЗБЕДНОСТ

Со цел обединување на капацитетите и зголемување на бројот на активности за справување со сајбер-заканите, предвидуваме донесување на нова национална стратегија за сајбер-безбедност. Стратегијата ќе содржи и акциски план за надминување на досегашните сајбер-напади и закани, ќе дефинира јасна структура на управување за сајбер-безбедноста, заштита на државните системи и превенција.

Стратегијата за сајбер-безбедност ќе биде усогласена со стратегијата на ЕУ и заложбите за сајбер-одбрана на НАТО. Тоа ќе овозможи надградба на застарените системи и софтвери за да се минимизираат системските недостатоци и пропусти.

## БЕЗБЕДЕН ПРЕНОС НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Преку овозможување на сопствени трајни IP адреси на сите државни институции во еден IP адресен регистар, како и преку мерки за подобрување на безбедноста при преносот на податоци, ќе обезбедиме поголема заштита на ИКТ системите во јавната администрација и нивно непречено функционирање.

## ПАМЕТНИ ГРАДОВИ (SMART CITY)

Владата ќе ги помага општините во дигитализацијата кон систем на паметен град. Овој систем ќе придонесе првенствено за подигнувањето на квалитетот на живот (паркирање, управување со сообраќај, јавен транспорт, квалитет на воздух и вода). Истиот ќе ја подобри комуникацијата меѓу граѓаните, бизнисите и локалната самоуправа, ќе им овозможи на граѓаните и бизнисите добивање онлајн услуги од локалната самоуправа. На овој начин ќе се придонесе и кон развој на директната демократија во општините со учество на граѓаните.

# ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

## ДИГИТАЛЕН ИДЕНТИТЕТ (E-ID)

Нашата цел е да овозможиме непречено користење на јавните услуги од страна на сите граѓани. За таа цел, ќе воведеме дигитален идентитет за секој граѓанин со што граѓаните ќе бидат препознаени во дигиталниот простор. Тоа ќе овозможи масовно користење дигитални јавни услуги од страна на сите граѓани и компании.

Електронски идентитет (e-ID) е дигитално решение за докажување на

идентитетот на граѓаните или правните лица. Тој може да се користи за пристап до придобивките или услугите обезбедени од државните институции, банките или други компании, за мобилни плаќања, сертификат за електронски потпис, како и за онлајн автентикација. Електронската идентификациска картичка, која ќе биде вградена во физичката лична карта, може да се користи за онлајн и офлајн лична идентификација или автентикација.

## СИТЕ ЈАВНИ УСЛУГИ ДОСТАПНИ ПРЕКУ ЕДЕН КЛИК

Ќе овозможиме граѓаните да можат електронски да ги испраќаат барањата за сите достапни јавни услуги до институциите и електронски да ги добиваат потребните документи, преку компјутер или паметен телефон. Институциите ќе имаат можност да користат свои идентификациски алатки за потпишување на потребните документи.

Во првата година, целосно ќе се дигитализираат клучните регистри кои се од голем интерес за граѓаните. Приоритет ќе бидат 12-те електронски услуги кои ги пропишува Европската комисија, во делот на добивањето изводи, започнувањето бизнис и добивањето потврди. На крајот од четиригодишниот мандат, сите институции ќе ги испорачуваат најголем дел од своите услуги и во електронска форма. Оваа мерка има за цел да го скрати времето на чекање на граѓаните, метежот пред шалтерите во институциите и да го поттикне и да го олесни бизнисот.

Една од првите услуги кои планираме да ги дигитализираме е пријавувањето на новороденче. Со тоа ќе се скрати сегашното чекање за прв извод на новороденче, а со автоматската регистрација нотификација ќе добие и соодветниот центар за социјални работи и општините што сега даваат некаков вид финансиска поддршка.

## ЕДЕН ПОРТАЛ ЗА УСЛУГИ НА ДРЖАВНО И ЛОКАЛНО НИВО

Ќе се надгради заедничката платформа за испорака на услуги која ќе ги опслужува ИТ системите на државните институции и локалната самоуправа. Целта е рационализација на ресурсите, ефикасна испорака на услугите од државните институции, како и обезбедување на услуги што се соодветни на потребите на граѓаните и на бизнисите.

## КАТАЛОГ НА ЈАВНИ УСЛУГИ

Во рамки на секоја институција, јавно ќе ги објавиме сите услуги што таа ги нуди кон граѓаните, како и задолжителни рокови во кои секоја институција е задолжена да ја испорача услугата кон граѓаните.

## Е-ПОТСЕТНИК ЗА ОБНОВА НА ДОКУМЕНТИ

Ќе се развие електронска апликација која ќе испраќа автоматизирани потсетници до граѓаните и деловните субјекти пред истекот на важноста на одредени документи.

## ИНСТИТУЦИИТЕ ГИ СОБИРААТ ДОКУМЕНТИТЕ ЗА ГРАЃАНИТЕ (CLOUD FIRST POLICY)

За да добијат услуга од државен орган, граѓаните често прибираат докази кои исто така се издаваат од државни органи. Со целосна интероперабилност помеѓу сите државни и локални институции, административните службеници ќе можат брзо да ги прибавуваат сите потребни докази и документи и значително да ја забрзаат и да ја автоматизираат испораката на услуги. Облакот на податоци ќе елиминира дуплирање на податоците, ќе обезбеди единствен извор на податоци, податоците ќе бидат точни и значително ќе се намали времето за пристап.

# ПРОФЕСИОНАЛНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Работењето на јавната администрација мора да се базира на принципите на ефикасност, транспарентност, професионалност, отчетност и достапност на услуги. Јавната администрација мора да се ослободи од комплицираната бирократизираност, затвореност и нејасни процедури, непотизам и корупција.

ВМРО-ДПМНЕ ќе работи на итна реформа на јавната администрација.

Ние се залагаме за ефикасна администрација, која е целосно фокусирана на брза и квалитетна испорака на услуги и ги елиминира непотребните бирократски процедури. Услугите треба да бидат достапни и да одговараат на потребите на сите граѓани.

Системот на јавната администрација треба да биде изграден врз јасни правила, принципи на меритократија и транспарентен однос кон граѓаните. Дигиталната трансформација на општеството ќе ја искористиме за полесна комуникација помеѓу институциите, едноставни процеси, подобрен пристап и намалување на можностите за корупција.

Ќе работиме на тоа јавната администрација да е составена од високо квалификувани и добро обучени професионалци, кои ќе бидат вклучени во сеопфатен процес на континуирана едукација. Системот на кариера ќе значи дефинирање на јасни и објективни патеки за кариерен напредок и професионален развој на секој вработен. Платите во администрацијата ќе растат со растот на целокупната економија.

ВМРО-ДПМНЕ е посветена на системски и сеопфатен пристап кон реформите на јавната администрација. Ќе ги групираме мерките и активностите во клучни области усогласени со европската стратегиска рамка на реформата на јавната администрација (SIGMA).

Со спроведувањето на овие реформи, идната Влада има за цел да создаде јавна администрација која ќе влијае кон враќање на довербата на граѓаните во државните институции и ќе биде катализатор за економскиот раст, преку олеснување на процедурите за водење бизнис и овозможување предвидлива и транспарентна деловна средина.

# ОДГОВОРНА, ОТЧЕТНА И ТРАНСПАРЕНТНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

## *10% ПОМАЛКУ ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ*

Применувајќи европски искуства и анализи, предвидуваме скратување на 10% од вкупниот број органи на државната управа, институции и јавни претпријатија. Институциите што имаат слични или сродни надлежности ќе се спојат во една, со што ќе се намали бројот на директори, управни и надзорни одбори, како и непотребни трошоци. На овој начин ќе се намалат трошоците за функционирање на јавниот сектор.

Со оваа реорганизација, институциите ќе ги зајакнат своите капацитети, административните службеници ќе добијат можност за напредок, ќе се воспоставаат јасни линии на отчетност и транспарентност, и на оптимален начин граѓаните ќе добијат квалитетни и ефикасни услуги.

## *ЕДИНСТВЕНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ПРОЕКТИ*

Националната агенција за европски проекти ќе ги интегрира институциите и одделенијата надлежни за програмирање на европските проекти, нивна имплементација, надзор и следење на имплементацијата на проектите. Вработените во националната канцеларија за ИПА ќе имаат можност за дополнителни финансиски и други бенефити врз основа на нивната успешност.

## *ЦЕНТРАЛНА КООРДИНАЦИЈА НА ИНСПЕКТОРАТИТЕ*

Предвидуваме трансформација на Инспекцискиот совет во координативно тело кое ќе игра вистинска улога во спроведување на инспекцискиот надзор и надминувањето на проблемите и пречките.

Со трансформацијата на Инспекцискиот совет предвидуваме членови да бидат само директорите на инспекциските служби, со што ќе се подобри координацијата помеѓу инспекциските служби, транспарентноста во работата на инспекторатите и отчетноста за нивната работа. Ќе воведеме и дигитални алатки кои ќе ја зголемат транспарентоста, ефикасноста и квалитетот на постапките за инспекциски надзор.

Бројот на инспекциски служби ќе се намали од 28 на најмногу 14.

## *ЕДИНСТВЕН СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ*

Ќе воведеме електронски систем за управување со документи во сите органи на државата управа и дигитализација на сите интерни процеси, вклучу-

вајќи го архивското и деловодното работење. Со ова ќе се овозможи целосно електронска меѓуинституционална комуникација, интеграција со постојните системи на институциите, електронско следење на работните процеси, дигитално потпишување и пософистицирано управување со информациите и документите.

### ТЕРМИНАЛИ ЗА УСЛУГИ

Во централни локации низ неколку градови ќе поставиме терминали каде што граѓаните, со помош на вработени лица, ќе можат да добијат повеќе услуги и документи од типот на извод од матична книга, имотни листови, документи од Централниот регистар, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Катастарот и други.

### ДИСПЕРЗИЈА НА ИНСТИТУЦИИ НИЗ ДРЖАВАТА

Владата предводена од ВМРО–ДПМНЕ ќе изработи анализа за потребата од дисперзирање на дел од државните институции кон другите градови во Македонија. Целта на оваа активност ќе биде создавање институционални услови за рамномерен регионален развој и доближување на институциите еднакво до сите граѓани.

Оваа анализа ќе ја работиме во соработка со ЗЕЛС, научните институции и значајните општествени фактори.

## ПРОФЕСИОНАЛНА ЈАВНА СЛУЖБА И ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### МАЛА, ПРОФЕСИОНАЛНА И ЕФИКАСНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

При реформата на јавната администрација, предвидуваме воспоставување на систем за мерење на перформансите на вработените врз основа на објективни индикатори. Ќе утврдиме задолжителен план за индивидуален развој на административните службеници, подобрена безбедност и здравствена грижа за вработените.

Во процесот на управување со човечките ресурси, ќе се грижиме за адекватно вреднување на трудот на административните службеници, можности за унапредување и наградување, при што ќе се земаат предвид личниот придонес на вработените, оценката на нивните перформанси, учеството во работни групи и работното искуство.

## ПОРТАЛ ЗА СЛОБОДНА ЦИРКУЛАЦИЈА НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Порталот ќе функционира како единствен систем за управување со човечките ресурси на ниво на целата јавна администрација. Преку овој портал, секој службеник, слободно и без никакви притисоци, ќе може да направи трансфер во институција која одговара на неговите аспирации, квалификации и стручна подготовка. Дополнително, овој портал ќе биде прв и основен филтер што ќе го употребува Агенцијата за администрација при објавата на јавни огласи за вработување, сè со цел склучување на меѓуинституционални спогодби за преземање на административните службеници.

## ГРИЖА ЗА ДЕФИЦИТАРНИ ПРОФЕСИИ

Заради недостаток од професионалци од дефицитарни професии во јавниот сектор, Владата ќе обезбеди погодности за вработување и задржување на овој кадар, со цел поквалитетни и навремени услуги за граѓаните. Ќе обезбедиме најквалитетниот кадар од дефицитарните професии во јавната администрација да останат да работат за доброто на граѓаните и ефикасни услуги.

## КАРИЕРА++

Оваа мерка предвидува унапредување на категориите на работни места на административни службеници и нови нивоа на работни места, заради соодветно валоризирање на трудот на сите административни работници. Во рамки на реформата, особено ќе се валоризира искуството на вработените, нивниот учинок, постигнувања, како и континуираната обука и образование.

# РАЗВИЕНИ ЛОКАЛНИ САМОУПРАВИ

## ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ

Општините стануваат вистински сервис за граѓаните кои испорачуваат квалитетни услуги во кратки рокови. Модерни, транспарентни и финансиски стабилни општини е заложба од која се водиме во работењето на централно и локално ниво.

Еден од главните принципи на идната влада ќе биде рамномерно да се развиваат сите региони, што ќе се реализира преку балансирана распределба на средствата меѓу планските региони и општините.

Финансиската соработка којашто идната Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе ја овозможи за општините е преку повеќе области и модели, каде ќе се почитуваат следните принципи:

- Континуирано инвестирање на средства од централниот буџет за капитални инфраструктурни проекти во општините;
- Зголемување на финансиската стабилност на општините преку овозможување на фер распределба на средствата, каде ќе се внимава на начелата на рамномерен регионален развој;
- Поволности и стимулација за општините кои имаат одлично испланирани буџети, висок степен на реализација, како и висок степен на наплата на локалните даноци.

### 250 МИЛИОНИ ЕВРА ГОДИШНО ЗА ИНФРАСТРУКТУРНА ИЗГРАДБА ВО ОПШТИНИТЕ

Приоритет на новата Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе бидат инвестиции во капитални проекти, пред сè во сообраќајна, комунална и образовна инфраструктура. За таа цел, ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да инвестира по 250 милиони евра годишно од централниот буџет за капитални проекти во сите општини. Во мандат од 4 години ќе бидат инвестирани 1 милијарда евра за проекти од директен интерес на граѓаните.

## НОВА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРЕСМЕТКА НА БЛОК ДОТАЦИИТЕ ЗА ПОДДРШКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ ќе направи измена на методологијата за пресметка на трошоците за одржување на образовните објекти во општините, согласно со кои им се исплаќаат средства преку блок дотации.

Сите анализи укажуваат дека во моментов општините не добиваат соодветна распределба на овие средства заради пропусти во самата методологија.

## *ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА*

Продлабочување на процесот на децентрализација во Република Македонија, преку континуирано зголемување на пренесување на опфатот на надлежностите од државните органи на управата во надлежност на единиците на локалната самоуправа во согласност со законите.

Овој процес ќе се одвива постепено, со соодветно утврдени форми на обезбедување на ефикасен и брз начин на контрола и надзор врз работата на општините, како и со прецизно предвидени финансиски средства за општините за реализација на новопреземените обврски.

## *МОДЕРНА И ОПРЕМЕНА ПРОТИВПОЖАРНА СЛУЖБА*

Владата на ВМРО-ДПМНЕ во соработка со општините ќе инвестира во подобрување на опременоста и човечките ресурси на противпожарните бригади и единици, преку изградба на објекти и осовременување на постојните, како и набавка на соодветни возила и друг вид опрема.

## *ЕФИКАСНА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА ПОДОБРИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ*

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ во соработка со ЗЕЛС и општините ќе работи на оптимизација во работата на администрацијата во локалната самоуправа со цел подобрување на квалитетот на услуги кои се достапни за граѓаните.

Една од главните области каде се потребни трансформација и подобрување во работата на општините е недостатокот на стручен кадар за изработка на проекти и документации за аплицирање во разни фондации и меѓународни институции за обезбедување на финансиски средства. За таа цел, ќе се поттикне креирање на база на готови проекти – банка на проекти.

## *РЕСУРСЕН ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ОПШТИНИТЕ*

Во рамки на Министерството за локална самоуправа ќе развиеме ресурсен центар за поддршка на развојот на општините. Ресурсниот центар ќе обезбедува проекти, know-how, искуство и вештини за општините што имаат такви потреби.

## ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ

Дигитализацијата на услугите кои општините се должни да ги даваат кон граѓаните ќе биде врвен приоритет на следната Влада. Преку дигитализација на услугите ќе се намали просторот за корупција, непотребна бирократизација на постапките и испорака на услуги во најбрз можен рок.

Сите општини ќе имаат можност да ги поврзат своите услуги на националниот портал за електронски услуги, при што секој граѓанин ќе има пристап до државните и општинските услуги со едно најавување.



# IV. ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА ГРАЃАНИТЕ

# ЌЕ ИМА КВАЛИТЕТЕН ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ!

Основата на секоја здравствена политика е содржана во сеопфатната и квалитетна здравствена заштита која треба да се базира на начелата на достапност, солидарност и висок квалитет на пружената услуга. Визијата на ВМРО-ДПМНЕ е ефикасен, ефективен и достапен здравствен систем за граѓаните на Македонија.

Нашата визија го поставува пациентот во центарот на сите здравствени процеси, а истовремено предвидуваме здравствена грижа според потребите на пациентот. Максимално ќе внимаваме здравствените услуги да бидат достапни на целата територија на државата и во секое време да се на располагање на сите здравствени осигуреници.

Се обврзуваме правото на здравствена заштита да не зависи од финансиската моќ, полот, возраста, политичката, етничката и религиозната припадност.

Преку процес на интегрирање и функционално реорганизирање на здравствените единици во согласност со ЕУ легислативите, како и функционално фузионирање на клиниките во рамките на Клиничкиот центар во Скопје, предвидуваме драстично зголемување на ефективноста и ефикасноста на јавниот здравствен систем во полза на пациентите.

Ќе направиме оптимизација на здравствениот систем и значителни вложувања за зајакнување на јавното здравство, вложување во кадровска екипираност, медицинска опрема и инфраструктура, континуирана едукација и пренос на знаење на медицинскиот персонал, воспоставени ефикасни механизми за финансирање на здравствените установи и изработка на здравствен информативен систем во рамки на заложбите за дигитализација на здравството.

ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да изготви Национална здравствена стратегија и стратегија за млади лекари која ќе предвиди методологија, правци и начини за поддршка на младите лекари и ќе овозможи нивна достоинствена работа во здравствениот систем. Приоритети на стратегијата се:

- Зајакнување на јавното здравство, стоматологија и превентивна медицина – заради тоа што лекарите и здравствените работници треба да останат во Македонија и во јавното здравство;
- Оптимизација на здравствениот систем, ориентиран кон поквалитетни услуги за пациентите;
- Нулта корупција во здравството и ревизии на сомнителните набавки;
- Стандардизација на квалитетот на здравствените услуги;
- Интегрирање и функционално реорганизирање на здравствените единици; и
- Услови за инвестиции и фер конкуренција во приватно здравство.

# ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ – СТОЛБ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ

Во првите денови од мандатот, идната Влада ќе изработи сеопфатна анализа на состојбите за профилите, бројноста и регионалната дисперзираност на медицинскиот и помошниот кадар во сите здравствени институции во државата. Истовремено, ќе работиме и на Методологија за интегрирање и регионализација на здравствениот систем.

Нашата цел е подобрување на условите за работа на здравствените работници од сите профили, заштита на работното место, како и континуирано подобрување на примањата на здравствените работници и помошниот здравствен персонал.

## *500 НОВИ ВРАБОТУВАЊА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО РАБОТНИОТ ОДНОС НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ*

Ќе иницираме постапка за 500 нови ургентни вработувања за здравствениот кадар со нерешен статус во првите 100 дена. ВМРО-ДПМНЕ, во рамките на економските можности на државата, ќе направи план за постепено и правично вработување на сите вработени во здравствените установи кои со години работат без решен работен однос.

## *500 НОВИ ВРАБОТУВАЊА НА МЕДИЦИНСКИОТ КАДАР ВО ДЕФИЦИТАРНИТЕ ОБЛАСТИ*

Ќе иницираме вработување на 500 здравствени работници, кои се дефицитарен кадар. Идната Влада ќе направи елаборат за постепено пополнување на критичните работни места во медицинските установи секаде каде има недостаток на потребниот кадар.

## *МЛАДИТЕ СПЕЦИЈАЛИЗАНТИ – ИДНИНА НА МАКЕДОНСКОТО ЗДРАВСТВО*

Ќе иницираме двојно зголемување на бројот на специјализации од дефицитарни области.

Идната Влада стратешки ќе ги планира специјализациите, со цел надминување на дефицитот на специјализанти во критичните области и одбегнување на хиперпродукција на кадар во други области. Ќе посветиме значаен фокус на специјализантите и ќе дефинираме Стратегија за млади лекари. Стратегијата ќе опфаќа изработка на кариерен план, утврдување на достоинствен финансиски надомест на специјализантите и платени дежурства. Ова ќе овозможи гарантирани работни места кои се базираат на реална проценка на потребите од здравствен кадар во државата.

## СОВРЕМЕНА КОНТИНУИРАНА МЕДИЦИНСКА ЕДУКАЦИЈА ПО НАЈДОБРИТЕ СВЕТСКИ СТАНДАРДИ

Во првите 100 дена ќе иницираме воведување постапки за 50 нови методи и интервенции кои досега не се работеле во јавното здравство, а до крај на првата година овој број најмалку двојно ќе го зголемиме.

Преносот на знаењето и континуираната медицинска едукација (КМЕ) значат поквалитетни медицински работници, стоматолози и фармацевти, како основа за развој на секој здравствен систем, а со цел обезбедување на поквалитетни медицински услуги за граѓаните. Предвидуваме обновување на политиките на упатување на медицинскиот кадар на студиски престои во странство заради воведување на 30 нови методи, договори за престој на врвни странски експерти, кои ќе вршат едукација на македонскиот здравствен кадар во клиниките во Македонија за нови процедури и терапии, како и организирање на бесплатни настани и обуки за пренос на знаење со врвни домашни експерти.

## ДОСТОИНСТВЕНИ УСЛОВИ ЗА МЕДИЦИНСКИОТ ПЕРСОНАЛ

Подигнување на статусот на медицинскиот персонал во согласност со европските практики кои ги опфаќаат кодексот на практика, образование, обука, кариера, професионална дисциплина итн. Во рамки на политиките за развој, предвидуваме поддршка за формирање на Комора на медицинскиот персонал, како и изработка на програма за континуирана медицинска едукација за средниот медицински кадар, техничарите и технички персонал.

## КОНТИНУИРАН РАСТ НА ПЛАТИТЕ НА ЛЕКАРИТЕ, СТОМАТОЛОЗИТЕ, СРЕДНИОТ МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ, ТЕХНИЧКИОТ И АДМИНИСТРАТИВНИОТ ПЕРСОНАЛ

Предвидуваме континуиран раст на вредносната капитација кај матичните лекари и стоматолози, како и ревизија на медицинските и стоматолошките пакети, со цел вистинско вреднување на трудот. Се залагаме за рационализирање на работното време на матичните лекари, зголемување на ефикасноста и ефективноста, како и оптимизација на процесите со помалку администрација.

Силно ќе работиме за соодветно валоризирање на трудот на сите вработени во јавните здравствени установи.

## НАМАЛУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ОБВРСКИ ЗА МЕДИЦИНСКИТЕ РАБОТНИЦИ

Со оптимизација на електронските процедури ќе го олесниме начинот на внесување на дијагнозите и анамнезите. Со тоа ќе го намалиме административниот товар врз докторите.

## ПРОДОЛЖЕН РАБОТЕН ВЕК ВО СОГЛАСНОСТ СО СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПРЕНОС НА ЗНАЕЊЕ

Предвидуваме политики за овозможување право на докторите од дефицитарните области да одлучат дали ќе продолжат да работат во јавните здравствени установи, зачувувајќи го правото на пензија. Политиките ќе се дефинираат во согласност со потребите на здравствените установи и стратегијата за пренос на знаење заради задржување на младите лекари.

Ќе отвориме Центар за едукации на медицинскиот кадар за најнови современи методи кои досега не се работеле во македонското јавно здравство предводен од професори и експерти кои воведе нови методи.

## МОЖНОСТ ДОКТОРИТЕ ДА РАБОТАТ ВО РАЗЛИЧНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

Со цел промовирање на мобилноста на здравствениот кадар од и до јавното и приватното здравство, како и децентрализацијата и регионализација на здравствените услуги низ целата држава, ќе ја воведеме можноста медицинскиот кадар да работи во различни здравствени установи со особен фокус на јавното здравство.

## СТИМУЛАТИВНИ МЕРКИ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Со цел да се унапреди социјалната и здравствената заштита на населението во руралните средини, потребно е да се зајакне примарната здравствена заштита. Затоа предвидуваме стимулативни мерки за поттикнување на здравствените работници да работат во руралните средини низ државата.

## РАЗВОЈ НА КЛИНИЧКИ ВОДИЧИ/ПРОТОКОЛИ ЗА ДИЈАГНОСТИКА И ЛЕКУВАЊЕ

Заради воедначување и подобрување на медицинската терапија и воведување медицина базирана на докази, предвидуваме развој на клинички водичи и болнички оперативни процедури во сите медицински установи во државата.

# ДОСТАПНИ МЕДИЦИНСКИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

ВМРО-ДПМНЕ ќе работи на зголемување на достапноста на здравствените услуги во различни региони низ државата со цел да се намалат големите листи на чекање. На овој начин граѓаните побрзо ќе добиваат квалитетни здравствени услуги и ќе се намалат трошоците за истите.

Во делот на секундарна здравствена заштита предвидуваме регионализација, зајакнување и комплетна интегрирана функционалност на сегментот на секундарно здравство. Во терциерното здравство, предвидуваме реструктурирање и подобрување на функционалноста.

## *ТРАНСПАРЕНТНОСТ И НАМАЛУВАЊЕ НА ЛИСТИТЕ НА ЧЕКАЊЕ*

Закажувањето на термините во системот МојТермин ќе биде транспарентно, а листите преку дигитална шифра и број ќе бидат достапни на увид за секој матичен лекар и пациент. Ќе предвидиме целосно исполнување на зададените термини. Дополнително, ќе се трудиме да се зголеми бројот на термини за медицинските процедури за кои постојат поголеми листи на чекање, во сите градови во државата.

## *ЗДРАВСТВО БЕЗ ХАРТИЈА*

Надградување и модернизирање на системот МојТермин со цел:

- Надградување на мобилна апликација за системот МојТермин за сите здравствени услуги и поволности;
- Целосна дигитализација на медицински рецепти, упати, извештаи и резултати;
- Интегрален и интегриран регистар за сите пациенти во форма на Е-медицинско досие кое ќе ја содржи историјата на болести за секој пациент;
- Изработка на Е-медицински здравствен регистар на болести со кој ќе се добие увид во бројот, видот и фреквентноста на заболувањата во Република Македонија;
- Развој на потполно интегриран здравствен електронски систем со унифицирани бази на податоци, заедно со информатичкиот сектор на ФЗОМ од едната страна и сите приватни комерцијални даватели на услуги од областа на здравството. Овој систем ќе има за задача да го унифицира здравствениот систем, како и да ја следи комплетната патека на пациентот низ сите сегменти на системот; и
- Обновување на повикувачкиот (Call) центар за пријавување проблеми при користење на здравствени услуги, појаснување на процедури низ здравствениот систем, остварување на права од областа на здравствената заштита.

## ЦЕЛОСНО ОПРЕМУВАЊЕ НА ИТНАТА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Во текот на мандатот се обврзуваме да обезбедиме најмалку 100 нови возила, соодветен медицински персонал и проширување на мрежата на пунктови за итна медицинска помош во Скопје и регионалните центри низ државата.

## ЦЕНТРИ ЗА ДНЕВНА ТЕРАПИЈА И ЛЕЧЕЊЕ (ДНЕВНИ БОЛНИЦИ)

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе воведе дневни болници за да се намалат трошоците и да се сведе на минимум движењето на пациентите од една во друга здравствена институција. Во истите ќе се овозможи изведување на соодветни дијагностички процедури кои ќе ја подобрат ефикасноста на здравствениот систем.

Ќе ги разгледаме можностите за отворање на Центар за третман на лица со малигни заболувања во терминална фаза со цел да се овозможи здравствена нега и грижа на овие пациенти кои досега се третираат во домашни услови.

## ДЕЖУРНА СТОМАТОЛОШКА СЛУЖБА ВО СКОПЈЕ

Ќе ја ставиме во функција дежурната стоматолошка служба на Стоматолошкиот клинички центар „Св. Пантелејмон“ во Скопје, како и воведување на современи медицински и стоматолошки техники за унапредување на здравствените стоматолошки услуги.

## ДИГИТАЛНА СТОМАТОЛОГИЈА

Предвидуваме отворање на комплетно нов оддел за дигитална стоматологија каде ќе бидат вклучени специјалисти од сите области (орални хирурзи, протетичари, рендген–техничари и ортодонти). На овој начин ќе се зголеми квалитетот на услугите и обемот на работа. Ќе воведеме нови современи техники на работа, кои ќе им бидат достапни на граѓаните на државната клиника.

## МРЕЖА ЗА СЕКУНДАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА КАЈ МЕДИЦИНАРИ И СТОМАТОЛОЗИ ВО СИТЕ РЕГИОНИ

Ќе изработиме програма за интегрирање и функционално реорганизирање на здравствените единици во секундарното здравство. Предвидуваме рамномерна регионална позиционираност на сите медицински установи во Македонија, како и интегрирање на амбулантските и болничките капацитети низ земјата во насока на рамномерна здравствена заштита и воедначен квалитет на здравствените услуги.

Министерството ќе изготви план со кој ќе се обезбеди соодветен медицински кадар во сите градови каде има потреба за тоа, со времено или трајно ангажирање.

## ПРОГРАМА ЗА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА ВО ЗДРАВСТВО

Секој пациент без разлика на местото на живеење ќе добие навремена и еднаква здравствена услуга. Ќе обезбедиме можности за здравствените услуги да се достапни најблиску до местото на живеење на граѓаните. Ќе обезбедиме регионална покриеност со примарна и секундарна заштита.

## ЕДЕН ИНТЕГРИРАН КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР ВО СКОПЈЕ: СТОП ЗА ДУАЛИЗМОТ

Ќе изработиме програма за спојување на клиниките во Скопје во рамки на еден интегриран Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“. На тој начин ќе се обезбедат интегрирани и подобри услуги за граѓаните, ефикасност во работењето, како и намалување на трошоците за набавките во рамки на Клиничкиот центар.

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе направи сеопфатна анализа на сите досегашни иницијативи, концепти, студии и проекти за изградба на нов објект за Клиничкиот центар во Скопје. Во исто време, ќе направиме анализа за потребата од обезбедување на нови просторни услови за работа на терциерното здравство. На овој начин, државата ќе може да изработи повеќегодишен финансиски план и проценка на финансиските потенцијали за конечно реализирање на идејата за изградба на нов објект на Клинички центар.

## УКИНУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИТЕ ДИРЕКТОРИ НА КЛИНИКИТЕ

Со цел укинување на дуализмот и бирократизацијата во управувањето, предвидуваме укинување на економските директори на клиниките. Со оваа мерка и укинувањето на управните одбори, ќе заштедиме средства кои вистински ќе се пренасочат за потребите на здравствениот систем и установите.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ НА ТРАНСПЛАНТАЦИЈА НА ОРГАНИ

Предвидуваме зајакнување на системот за трансплантација на органи преку целосна дигитализација на процесите и листата за трансплантација на органи. Предвидуваме развој и зајакнување на системот за трансплантација, како и подигнување на свеста на населението за трансплантацијата на органи. Ќе ја зголемиме соработката со светските центри особено оние кои имаат врвни успеси во трансплантацијата.

## РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО БОЛЕСТИ НА СОВРЕМЕНОТО ЖИВЕЕЊЕ

Ќе ги прошириме актуелните капацитети за справување со болестите на зависност.

Ќе го зајакнеме скринингот на малигните заболувања на целата територија на државата, како што се рак на дојка и на матка и конечно ќе воведеме скрининг на карцином на простата согласно со најсовремените европски практики.

Ќе ги прошириме капацитетите и ќе го зголемиме бројот на центри за справување со проблемот на прекумерна тежина.

## ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА ЖЕНИТЕ

Со цел грижа и нега на жените, ќе работиме на подигнување на свеста за женското здравје.

Ќе отвориме современ центар за ин витро фертилизација на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство.

## ЦЕНТАР ЗА ДИЈАГНОСТИКА И ТРЕТМАН НА ДЕЦА И МЛАДИ СО ПОТЕШКОТИИ ВО РАЗВОЈОТ

Ќе формираме центар кој би бил организиран и креиран по принципот, методите и примерите на компатибилните центри за дијагностика и третман на деца и млади со потешкотии во развојот. Во центарот, преку ангажирање на психолози, дефектолози, логопеди и друг стручен кадар ќе се спроведуваат активности на третирање на потешкотиите во развојот на децата.

Ќе овозможиме медицински тимови специјализирани за третман на деца со попреченост и потешкотии во развојот да одат во домовите на децата со цел да се овозможи поголема достапност за извршување на проценка и рехабилитација на децата и индивидуален пристап со секое дете со попреченост.

## ОГРАНИЧУВАЊЕ НА МАРЖИТЕ: ДОСТАПНИ КВАЛИТЕТНИ ЛЕКОВИ, ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ, МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА И СУПЛЕМЕНТИ

Ќе изработиме модел за намалување на цените и ограничување на маржите на лековите и медицинската опрема. Преку зголемена конкуренција во фармацевтскиот сектор, ќе гарантираме врвен квалитет на лековите. Цените и квалитетот на лековите мора да бидат конкурентни на оние што се нудат на пазарите во соседството и на европските пазари.

Ќе ја ревидираме и континуирано ќе ја ажурираме позитивната листа на

лекови со вклучување на најголем дел од основните лекарства кои граѓаните реално ги користат.

Ќе се водиме од принципот на издавање на лекови, согласно со потребите на пациентот – односно издавање на персонализирана терапија со индивидуализирани дози заради воведување на систем на таргетирана терапија и индивидуализиран пристап.

## ДОСТАПНА ТЕРАПИЈА ЗА ХРОНИЧНИ И РЕТКИ БОЛЕСТИ

Ќе ја олесниме постапката за регистрирање на пациент со ретка болест преку редефинирање на постојните критериуми. Ќе преземеме ефикасни и одржливи мерки за обезбедување на соодветна и навремена терапија за категории на пациенти со хронични болести, ретки болести, пациенти со попречености и малигни заболувања.

## ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ДЕЦАТА

Над 30 000 деца немаат здравствено осигурување и можност за лекување заради неисплатени придонеси за нивните родители. Децата од раѓање па до своето полнолетство, во случај на немање на здравствено осигурување, ќе бидат засебни носители на здравствено осигурување. Ефектот од оваа мерка е загарантирана здравствена заштита за децата.

## ИМУНИЗАЦИЈА

За да се спречи трендот на опструирање на процесот на имунизација на населението, се обврзуваме дека ќе ги зајакнеме контролните механизми за набавка и дистрибуција на најквалитетните вакцини за имунизација на македонското население. Ќе изработиме нова програма за задолжителна имунизација според европските стандарди, во која ќе се предвидат мерки кои ќе имаат за цел да го надминат негативниот став на одредени популациски групи кон процесот на имунизација.

## МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ

Предвидуваме отворање на центри за ментално здравје, како и центри за психолошка поддршка на пациентите.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ГРАЃАНИ

Предвидуваме воведување поголем број услуги за граѓаните во Македонија. Меѓу другото ќе воведеме и: тримесечна терапија за хронични болни, отво-

рање тумор банка со регистар, модернизирање на службата за помош и поддршка на стари лица (домашна посета), дополнување на листата за ортопедски помагала, нови хируршки методи и здравствени интервенции.

### УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА ДРЖАВЈАНИ НА ДРУГИ ДРЖАВИ

Граѓаните на Република Македонија кои плаќаат здравствено осигурување мора да имаат предност при користењето на здравствените услуги во јавниот здравствен систем.

## СОВРЕМЕНА ЗДРАВСТВЕНА ИНФРАСТРУКТУРА

### ЧЕТИРИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТРИ

Конечно завршување на изградбата и опремувањето на новата Универзитетска клиничка болница во Штип. Опремувањето на Клиничката болница во Штип ќе биде со најнова софистицирана медицинска опрема. Кадровско доекипирање на болницата со соодветен кадар од сите профили, медицински, помошен и немедицински кадар.

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе направи сеопфатна анализа на сите досегашни иницијативи, концепти, студии и проекти за изградба на нов објект за Клиничкиот центар во Скопје. Во исто време, ќе направиме анализа за потребата од обезбедување на нови просторни услови за работа на терциерното здравство. На овој начин, државата ќе може да изработи повеќегодишен финансиски план и проценка на финансиските потенцијали за конечно реализирање на идејата за изградба на нов објект на Клиничкиот центар.

Универзитетска клиничка болница во Тетово: инфраструктурни интервенции, кадровско доекипирање и подигање на квалитетот на здравствените услуги, како и поврзување со Универзитетот во Тетово.

Клиничка болница во Битола: инфраструктурни интервенции, кадровско доекипирање и подигање на квалитетот на здравствените услуги, поврзување со Високата медицинска школа и Универзитетот во Битола.

### ГОБ „8 СЕПТЕМВРИ“ – ДОПОЛНИТЕЛЕН КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР ЗА СКОПЈЕ

Предвидуваме модернизација и реконструкција на Градската општа болница „8 Септември“ која ќе функционира како дополнителен клинички центар во

Скопје. Планираме да развиеме модерен интегриран ургентен центар (интернистички и хируршки со траума центар).

## УРГЕНТЕН ТРАУМА ЦЕНТАР „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“

Ќе изработиме проект за Хируршката клиника „Свети Наум Охридски“ во центарот на Скопје да прерасне во Ургентен траума центар „Свети Наум Охридски“.

## УРГЕНТЕН ПЕДИЈАТРИСКИ ЦЕНТАР НА КЛИНИКА ЗА ДЕТСКИ БОЛЕСТИ

Ќе го активираме Ургентниот педијатриски центар на Клиниката за детски болести.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ НИЗ МАКЕДОНИЈА

- Пуштање во употреба на болничкото крило во болницата во Струмица;
- Регионална болница во Охрид: реорганизирање на Кардиолошкиот центар „Свети Стефан“ со специјалната болница „Свети Еразмо“ во Охрид;
- Реконструкција на Општата болница во Велес;
- Реконструкција на Општата болница во Прилеп;
- Завршување со изградба и опремување на Општата болница во Кичево; и
- Реконструкција на објектот на психијатриската болница во Демир Хисар.

## НЕМА ДА ИМА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА БЕЗ НОВ МЕДИЦИНСКИ АПАРАТ

Мапирање на целата неискористена опрема во сите клиники и ЈЗУ и нејзино целосно ефикасно искористување, како и програма за нивна оптимизација и едукација на кадар. Дополнително, во согласност со потребите и можностите ќе работиме на осовременување на медицинската апаратура во сите ЈЗУ.

# ИНСТИТУЦИОНАЛНА РЕФОРМА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ

## *АКЦИЗИ ОД АЛКОХОЛ И ЦИГАРИ НАМЕНЕТИ ЗА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ*

Плус еден денар зголемување на стапката за акциза на алкохол и цигари каде директен корисник ќе биде Фондот за здравство, со цел овозможување на квалитетно лекување на последиците од алкохолот и цигарите.

## *КОНТРОЛНИТЕ МЕХАНИЗМИ ВО ТРОШЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ДЕНАР*

Воведување на контролни механизми преку целосна дигитализација на системот со цел избегнување на фиктивно издавање на лекови, фиктивно фактурирање, фиктивно лекување на лица, како и лекување на лица кои не влегуваат во здравствениот систем на Република Македонија.

## *ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ*

Ќе покажеме што значи вистинска отчетност со тоа што сите јавни набавки во здравството ќе бидат спроведувани на транспарентен начин. Ќе има системски отчет за секоја набавка во здравството.

## *РЕФОРМА НА ФЗОМ – ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОНТРОЛНИОТ МЕХАНИЗАМ*

Ќе воведеме целосно електронско работење на Фондот за здравствено осигурување. Ќе ги промениме и осовремениме правилниците на ФЗОМ.

Фондот за здравствено осигурување мора да одговара на потребите на пациентите и на здравствениот систем како контролор. Предвидуваме усогласување на ценовниците на ФЗОМ со реалните трошоци.

Предвидуваме постепено преоѓање од т.н. „условен буџет“ на комплетна наплата според системот на дијагностички сродни групи (ДСГ) до крајната цел - потполно напуштање на „условните“ буџети.

Фондот за здравствено осигурување и здравствениот и санитарен инспекторат ќе ангажираат врвен медицински и високостручен кадар, кој ќе ги детектира неправилностите и незаконските дејства од одредени субјекти.

ФЗОМ ќе изработи нови пакети за услуги во дневните болници, дијагностички и терапевтски услуги, кои ќе одговараат на реалните трошоци.

## *РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ДИРЕКТНО НА АПТЕКИ*

Фондот за здравствено осигурување ќе овозможи оние лекови што се на позитивната листа и треба да се рефундираат, да се подигнуваат од аптека на рецепт. Овој проект има за цел овозможување редовна терапија без притоа осигуреникот да има финансиско оптоварување.

Долгиот и макотрпен процес на остварување на правото за рефундирање на средствата за лекови, купени од сопствени средства, ќе работиме да стане минато. Предвидуваме граѓаните да можат да ги земат лековите од аптека врз основа на рецепт од доктор специјалист, а потоа Фондот да ги рефундира средствата на самите аптеки.

# ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ИДНИНАТА

Образованието како еден од столбовите на државата треба да биде структурирано според потребите на поединецот, пазарот на трудот и заедницата. За ВМРО-ДПМНЕ, како партија на народот, јасно е дека образованието има клучна улога во обликувањето на личноста, идентитетот, со акцент на зачувувањето и промоцијата на македонскиот идентитет, економскиот развој, социјалната кохезија и развојот на демократијата.

Се обврзуваме дека:

- Буџетските средства за образованието ќе ги зголемиме од 3,4% на 5% од бруто домашниот производ;
- Во соработка со реалниот сектор ќе ги зголемиме средствата за апликативна наука на 1% од бруто домашниот производ;
- Ќе го прилагодиме македонското образование на потребите на пазарот на трудот и националните потреби на Македонија;
- Ќе извршиме сеопфатно подобрување на образовната инфраструктура;
- Низ повеќегодишна стратегија ќе создадеме предуслови нашите ученици да напредуваат на светските рангирања на знаења;
- Преку поддршка на универзитетите ќе постигнеме забрзан развој на науката и значајно позиционирање на најмалку еден македонски универзитет на светските ранг листи; и
- Со активни политики ќе работиме на задржување на младите и реализирање на нивниот потенцијал во Македонија.

За остварување на овие цели, идната Влада на ВМРО-ДПМНЕ ќе креира национална образовна стратегија, донесена со општ консензус, која ќе ги вклучи сите чинители во образовниот и научниот процес и ќе има за цел да го подобри квалитетот на образованието во државата. Таа ќе биде водич за развој на наставните планови и програми, наставните методи, учебниците, дигиталните содржини и ресурсите што ги подобруваат наставата и учењето. Стратегијата истовремено ќе го опфати и високото образование и ќе ги поддржува и стимулира научните истражувања, развојот на иновации, инвестициите во научната инфраструктура и привлекувањето на талентирани истражувачи.

# ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ – ОСНОВА НА УСПЕХОТ

ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да направи сеопфатна ревизија на наставните планови и програми заради нивно подобрување, да обезбеди поголема инклузивност во образованието, да обезбеди услови за применливо теоретско и практично образование според потребите на пазарот на трудот, со зајакнување на дуалното образование. Со тоа обезбедуваме севкупен развој на државата и подобри услови за подигнување на можностите за вработување и задржување на креативниот потенцијал во земјата.

Посебно внимание ќе посветиме на меѓуетничката интеграција во образованието.

## *НАСТАВА ВО ЕДНА СМЕНА И ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ ЗА СИТЕ УЧЕНИЦИ*

ВМРО-ДПМНЕ континуирано ќе создава инфраструктурни услови за едносменска настава во училиштата и продолжен престој (целодневна настава) и истото до крајот на мандатот ќе го оствари за сите ученици во државата. Едносменската и целодневната настава овозможуваат соодветен престој на учениците во училиштето, позиционирање на ученикот во центарот на наставата, безбедност на учениците, развој на воннаставните активности и поголем степен на социјализација.

## *УЧЕБНИК ЗА СЕКОЈ УЧЕНИК*

Недостатокот на учебници претставува голем проблем во образованието на учениците. Се обврзуваме дека од учебната 2025/26 секој ученик пред себе ќе има учебник по секој предмет, како во основното, така и во средното образование.

Како поддршка на учебниците, ќе биде изготвен дополнителен дигитализиран наставен материјал со интерактивни содржини, аудиосодржини и гејмифицирани програми.

## *ЦЕЛОСНА РЕВИЗИЈА НА КОНЦЕПЦИЈАТА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ*

Актуелната Концепција за основно образование не е применлива, ниту пак е прифатена од учениците, наставниците, родителите и од стручната јавност. Затоа ќе направиме целосна ревизија на Концепцијата, при што ќе одржиме јавни расправи со наставниците, родителите и со директорите во сите региони од државата, а ќе биде изготвена и стручна компаративна анализа со наставните планови и програми во другите др-

жави, со акцент на соседните држави и државите на Европската Унија. Во предметната настава, науките историја, географија, биологија, физика и хемија ќе го добијат местото на наставни предмети, а акцент ќе се стави на предметите од национално значење како што се македонскиот јазик, историјата, географијата, музичката и ликовната уметност кои ќе бидат законски заштитени од идно уништување или од своеволна ненаучна интерпретација. Особено внимание ќе се посвети на дигиталната писменост на младите преку зголемување на фондот на часови и осовременување на часовите по информатичка технологија.

## ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ НА УЧЕНИКОТ

Професионалната ориентација и кариерното советување во основното образование ќе им обезбеди на учениците и родителите релевантни информации за различни кариерни можности и трендови на пазарот на трудот. Тие ќе им помогнат на учениците да разберат кои вештини и знаења се потребни за различни занимања и квалификации и заедно со родителите да донесат одлука за нивното идно образование, избирање на средно училиште и кариера.

Во средните училишта значајно место ќе имаат модерни кариерни центри кои на вистински начин професионално ќе ги насочуваат учениците. Кариерните центри ќе станат една од алатките за усогласување на образованието со потребите на пазарот на трудот и значително ќе помагаат за намалување на времето на премин од образование кон работа.

## УЧЕНИЦИТЕ ВО КОМПАНИИТЕ

За успешна реализација на практичното образование, неопходна е поголема вклученост на работодавачите, како и интензивирање на соработката помеѓу образованието и бизнис-секторот. Државата, согласно со однапред утврдени критериуми, годишно ќе финансира обуки на ментори за успешно водење на учениците низ работниот процес и пренесување на своето знаење и искуство. Ќе креираме портал за поврзување и интеракција на компаниите со средните стручни училишта со цел самоиницијативно развивање и одржливост на концептот на дуално образование.

## РЕГИОНАЛНИ ЦЕНТРИ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА (РЦСОО)

Државата ќе воспостави и целосно ќе опреми уште три нови РЦСОО со цел воспоставување рамнотежа помеѓу образованието и потребите на пазарот на трудот, можности за практично образование, континуирани курсеви за обука и услуги на валидација на претходното учење.

Така ќе имаме покриеност на сите региони во државата, давајќи можност на учениците од различни делови на Македонија да се здобијат со знаења и вештини кои се барани на пазарот на трудот.

## РЕАЛНИ КОМПАНИИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Со цел поттикнување на претприемачкиот дух кај учениците и олеснување на транзицијата од училиште кон вработување/самовработување или понатамошно образование, ќе го помагаме отворањето на реални компании во средните училишта. На овој начин ќе се остваруваат економски општествени и образовни придобивки за ученикот, училиштето и заедницата, односно реалните компании основани во рамките на училиштето ќе нудат услуги или производи за пазарот и ќе остваруваат приходи, а притоа учениците ќе стекнуваат вештини за различни позиции во компанијата.

## ЦЕНТРИ ЗА ПОДДРШКА НА ТАЛЕНТИРАНИ И НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ

Предвидуваме формирање на посебни центри за поддршка за работа со талентирани и надарени ученици. За да ги поддржиме талентираните ученици од најмала возраст, ќе развиеме систем за талентирани ученици кој ќе опфаќа препознавање на талентирани ученици, работа со учениците, менторство и поддршка, индивидуализирани наставни програми со флексибилна и разновидна настава, поврзување со ресурси и институции и поддршка на родителите.

## УЧИЛИШТА ЗА ПРИМЕР

Како дополнително мотивирање, но и истакнување на квалитетот и успешноста, државата ќе избира и ќе наградува успешни училишта, односно училишта за пример. Вреднувањето и рангирањето на училиштата по квалитетот и достигнувањата, ќе биде врз основа на критериуми по споредливост (местоположба - урбано/рурално, број на ученици/наставници, меѓународни постигнувања на ученици/наставници, успешни проекти видливи во заедницата, број на наставници со стекнато звање), како и други критериуми. Училиштата ќе бидат избрани на определен период и тие ќе добиваат поголеми средства од редовните, кои треба да ги искористат во активности поврзани со професионалниот и личниот развој на вработените во училиштето и погодности за учениците.

## СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛНА ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ

Предвидуваме зајакнување на воспитната дејност во основното и средното образование преку креирање на поддржлива и инклузивна култура во училиштето, каде сите ученици се почитувани и стимулирани да се развиваат како личности. Преку воспитната култура ќе ги негуваме вредностите на толеранција, почитување, споделување и одговорност.

За родителите ќе обезбедиме поддршка во правец на позитивно родителство за нов позитивен и ненасилен пристап на родителство.

## БЕЗБЕДНИ УЧЕНИЦИ

По примерите на европските држави ќе развиеме Програми за спречување на насилство во училиштата и за безбедна училишна средина. Учениците треба да се чувствуваат безбедно и заштитено во училишната средина затоа што на тој начин се подобруваат нивната благосостојба и можностите за учење. Програмите за спречување на насилството ќе промовираат развој на емоционалната интелигенција, емпатија, поддршка на менталното здравје на учениците, ефективна комуниција и начини на спречување непријатности, недоразбирање и врсничко насилство.

Покрај тоа, предвидуваме родителите да бидат ослободени од плаќања за обезбедување на училиштата, бидејќи обврската ќе ја преземе државата.

## НАСТАВНИЧКИ СТАНДАРД – МОТИВИРАНИ НАСТАВНИЦИ

Мотивираниот наставнички кадар е неопходен услов за подобрување на квалитетот на образованието, поради што Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да ги почитува социјалните партнери што ги застапуваат правата на наставниците. Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе го потпише колективниот договор од областа на образованието и исплатата на платите на вработените во образовните институции ќе се реализира согласно со потпишаните колективни договори до крајот на мандатот.

## ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

Ќе го унапредиме кариерното напредување на наставниците и стручните соработници. Дополнителната едукација на наставниците и стручните соработници на натамошни постдипломски и докторски студии соодветно ќе се вреднува. Ќе овозможиме на секој наставник, по исполнувањето на одредени услови, да напредува во звање (советник), без ограничување и поврзу-

вање на бројот на наставници кои напредуваат во кариерата со училиштето во кое работат наставниците. Оваа измена е важна, пред сè, заради тоа што кариерното напредување е индивидуално право и не треба да се поврзува со „колективни права“, а и поради тоа што овозможувањето повеќе советници во едно училиште ја зголемува конкуретноста, „натпреварувањето“ во знаења и постигања помеѓу наставниците во самото училиште, но и помеѓу училиштата во рамки на општината/државата.

## *ЦЕНТАР ЗА ОБУКА И РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ*

Ќе создадеме услови за отворање на Центар за обука и развој на наставниците и стручните соработници со цел спроведување обуки за градење на нивните капацитети, учење нови вештини и пристапи за работа за нивна поголема стимулација и успешност во работењето.

Заедно со наставниците, стручните соработници и директорите ќе направиме нов систем за обуки кои ќе придонесат за полесно спроведување на реформите кои ќе ги спроведува државата, но и за задоволување на потребите од обуки на наставниците и стручните соработници според нивните лични видувања.

## *УНАПРЕДУВАЊЕ И ПОДДРШКА НА НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ*

Ќе го унапредиме неформалното образование преку афирмирање, јавна промоција и информирање на младите за видовите програми и можностите што ги нуди неформалното образование, со запазување на квалитетот во понудата на квалификации, поедноставување на процедурите и скратување на временскиот рок за верификација на програмите и институциите. Ќе направиме системско признавање и валидација на квалификациите стекнати преку неформалното образование заради олеснување при вработувањето.

## *ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ*

Предучилишното образование ќе стане потсистем на образовниот систем бидејќи има значајно влијание врз развојот на децата и нивно подготвување за основното образование. Предучилишните програми и програмите за основно образование треба да имаат тесна поврзаност и континуитет.

Со поставување на заеднички цели и стандарди ќе постигнеме целосен развој на детето (когнитивни, емотивни, социјални и физички вештини), лесна адаптација и подготовка за активно учење, континуитет во учењето и поддршката на детето со негување на интересите и културните разлики, како и подготвување за следното ниво на учење во основното образование.

# ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ: МАКЕДОНСКИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИ – ЛИДЕРИ НА РАЗВОЈОТ

Високото образование овозможува иновации и научни истражувања кои се од пресудно значење за напредокот на државата. Доброто високо образование придонесува за економски напредок на државата, социјален и културен развиток, глобална конкурентност, развој на добри политики и носење на соодветни решенија.

ВМРО-ДПМНЕ се обврзува на системска поддршка за целосна ревитализација на македонските високообразовни установи. Во соработка со универзитетите, приватниот сектор и сите политички чинители, целосно ќе го реобмислиме системот на високо образование. Тоа мора да се базира на иновации и динамичен технолошки развој, меѓународна соработка со европски и светски високообразовни институции за да овозможи подобар стандард и мотивација на наставничкиот кадар за научно-истражувачка работа.

## *КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА РЕФОРМИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО*

Предвидуваме формирање на Национално координативно тело за реформи во високото образование, науката и истражувањето и развојот со учество на претставници на универзитетите и научните институции, МАНУ, МОН, бизнис-заедницата и граѓанскиот сектор, раководено од Владата. Целта на ова тело, покрај унапредување на образованието во Македонија, е и критичко преиспитување на универзитетската мрежа, како и обврските што ќе придонесат за воведување европски стандарди и критериуми за квалитет на високото образование и на науката и за интеграција на земјата во единствениот европски процес на високо образование. Врвен приоритет треба да биде подигање на квалитетот на сите видови образование со акцент на високото образование и на научноистражувачката дејност.

Во работата на ова координативно тело максимално ќе се запазуваат вредностите на градење на општествен консензус почитувајќи ги ставовите на сите заинтересирани субјекти и институции.

## *ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ПОВРЗАНО СО ПАЗАРОТ НА ТРУД*

Неусогласеноста на системот на образование со пазарот на трудот во Македонија е една од причините за појава и одржување на структурна невработеност. За надминување на ваквите состојби, неопходно е:

- Поддршка на модернизацијата на студиските програми и методите на

предавање и учење, која треба да ја прават универзитетите и приватниот сектор;

- Развивање практична работа на студентите во компании и институции во текот на нивното студирање;
- Зајакнување на програми за двојна диплома на високообразовните институции, кои се особено значајни за зголемување на знаењата и вештините и воведување меѓународни програми со светски универзитети; и
- Поттикнувачки мерки за запишување на студенти на факултетите за природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките науки со ослободување од партиципација и зголемена месечна стипендија.

## СТИПЕНДИРАНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

По направена сеопфатна анализа на дефицитарните професии, во соработка со приватниот сектор, ќе се конципира програма за воведување на стипендирана квота за поддршка на студенти во сите циклуси на наобразба. Финансирањето ќе опфаќа покривање на сите трошоци за студирање и сместување, како и месечен надоместок за трошоците за живот во текот на целото студирање. Завршените студенти потоа ќе бидат ангажирани во јавниот и приватниот сектор во државата, со што ќе се намали нивното иселување и ќе се поттикне изборот на овие дефицитарни професии.

## МЕЃУНАРОДНИ АКРЕДИТАЦИИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ДРЖАВНИ УНИВЕРЗИТЕТИ

Меѓународните акредитации на домашните студиски програми ќе донесат напредок и развој на македонските универзитети и високото образование. Затоа, преку покривање на трошоците, ќе ги поддржуваме апликациите за стекнување меѓународна акредитација на студиски програми предложени од страна на факултетите, а со тоа ќе овозможиме и меѓународна промоција на македонските високообразовни институции.

## СОВРЕМЕНИ НАСТАВНИЧКИ / ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТИ

Наставничката професија ќе ја направиме престижна професија. Наставниците овозможуваат вештини, знаења и разбирање на нештата. Тие им овозможуваат на младите да ја постигнат саканата цел преку знаење и на тој начин да ги задоволат општествените и личните потреби. Поради тоа тие треба да произлезат од групата на најдобрите ученици и студенти. Во соработка со наставничките факултети се обврзуваме да создаваме најкомпетентен кадар со висок квалитет, компетенции и вештини, способни за креативно и модерно образование на младите.

# НАУКАТА – КЛУЧЕН ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА ДРЖАВАТА

Науката треба да игра клучна улога во економскиот раст и севкупниот општествен развој преку создавање услови за иновации и подобрување на продуктивноста. ВМРО-ДПМНЕ во соработка со реалниот сектор ќе обезбеди 1% од БДП за наука, развивање на потребната научна инфраструктура, создавање услови за меѓународна соработка и формирање на интердисциплинарна мрежа, овозможување на обука на истражувачите, отворен пристап до информации, како и развивање на етички стандарди со цел развиток на прогресивната мисла.

## ФОНД ЗА ВРВНА НАУКА

Со цел поттикнување на научна активност со апликативна вредност за Македонија, ќе стимулираме истражувачки трудови. Според внимателно дефинирана методологија, за објавени трудови во списанија со фактор на влијание кои се дел од Web of Science (Thompson Reuters) ќе се финансира нивното објавување. Дополнително, Владата на ВМРО-ДПМНЕ се обврзува на првонаведениот автор да му исплаќа месечен надоместок во висина од 50% од неговата тековна месечна плата во период од една година.

## E-SCIENCE.MK: БАЗА НА МАКЕДОНСКИ НАУЧНИ СПИСАНИЈА И ТРУДОВИ

Државните универзитети мора да имаат поддршка при издавањето научни списанија. Со поддршката ќе се овозможи подигнување на нивниот квалитет и редовноста во издавањето, а со цел нивно квалификување на листите на постојните светски реномирани бази на научни списанија. Затоа, предвидуваме и изработка на електронска база на списанија и трудови, каде што ќе имаат пристап сите студенти и научници од универзитетите во Македонија.

## СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО РЕЛЕВАНТНИ НАУЧНИ СПИСАНИЈА

Ќе стимулираме и субвенционираме слободен пристап до бројни научни списанија за истражувачите вклучувајќи ги студентите кои се ангажирани во истражувањето.

## МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК – НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС

Негувањето на македонскиот јазик како национално идентитетско обележје ќе претставува еден од приоритетите на Владата на ВМРО-ДПМНЕ. За таа цел

ќе се финансираат научни проекти и ќе се спроведат активности за негова правилна употреба. Особено внимание ќе се обрне на учење на македонскиот јазик како заеднички јазик на разбирање во земјата и зајакнување на социјалната кохезија. Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе спроведе активности за грижа за лекторатите, како и за изучување на македонскиот јазик во дијаспората. Во соработка со домашните универзитети, локалните заедници и приватниот сектор, планираме организирање и на меѓународни летни школи и кампови.

## ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Образованието на лицата со попреченост, лицата со посебни образовни потреби и ранливите категории лица е базично човеково право и општеството има должност истото да го обезбеди. Инклузијата на учениците со попреченост е процес кој бара сериозна посветеност, поголеми материјални средства и едуциран наставен кадар.

### УНАПРЕДЕНО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Ќе го унапредиме инклузивното образование преку подобрена и зголемена поддршка на учениците со попречености, образовна асистенција, асистивна технологија, обучен наставен кадар и инклузивна училишна средина.

Во овој процес наши партнери ќе бидат родителите, наставниците, стручната служба, асистентите, но и учениците преку кои ќе градиме инклузивна култура и почитување на различностите меѓу сите нас.

### ТРАНСФОРМАЦИЈА НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Државните средни училишта за деца со попречености ќе прераснат во државни средни училишта со ресурсен центар, а државните средни училишта за деца со комплексни попречености во државни средни училишта со дневен центар за работна окупација. Со ваков вид трансформација ќе го подобриме средното образование за учениците со попреченост, а учениците со комплексни потреби ќе развиваат животни вештини, ќе бидат работно ангажирани и ќе се оспособуваат за одредени работни операции од одредени струки и занимања, согласно со нивните можности, афинитети и способности.

### ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА РОМИ

Во текот на мандатот на Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе ја зголемиме инклузијата на децата Роми во основното и во средното образование. Ќе продолжиме со поддршката на децата Роми преку образовните медијатори и преку стипендии.

# МОДЕРНА ОБРАЗОВНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО МАКЕДОНИЈА

Во првите 100 дена, ВМРО-ДПМНЕ ќе направи мапирање на состојбите во сите воспитно-образовни институции. Мапирањето ќе опфати преглед и анализа на постојните услови и потребите во образовните институции, како и конкретен предлог за изградба и реконструкција. Оваа иницијатива ќе се реализира преку соработка со општините и универзитетите, со кои заедно ќе се процени потребата за градба и реконструкција.

Реконструкциите ќе промовираат енергетска ефикасност и користење на обновливи извори на енергија, пристапност на училиштата и факултетите, со цел да обезбеди подобри услови и пристапност за учениците и вработените, особено оние со попречености.

Владата на ВМРО-ДПМНЕ се обврзува во својот мандат да ги доизгради и да ги пушти во употреба зградите за Факултетот за физичка култура и ФИНКИ, во согласност со потребите на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“.

## МОДЕРНИ СТУДЕНТСКИ И УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе инвестира 25 милиони евра што ќе бидат наменети за целосно реновирање и реконструкција на студентските домови, со цел обезбедување на достоинствени услови за живот и учење на студентите. По направеното мапирање и анализа на потребите, ученичките домови, исто така ќе влезат во програма за реновирање, но и постојан мониторинг на одржување на квалитетот.

## ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ БЕЗ ХАРТИЈА

Преку сеопфатен процес на дигитализација, ќе овозможиме целото високо образование да се одвива преку електронски систем. На тој начин ќе се олесни студирањето, а наставно-научниот кадар ќе се ослободи од сложените административни процедури. Со целосната дигитализација ќе се напушти концептот на хартиените индекси, пријави и заверувања.

# НОВ ПЛАН ЗА ЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Заштитата на животната средина е начин како да ја заштитиме иднината на Македонија. Еколошките предизвици со кои се соочуваме како држава нè поврзуваат со реалните предизвици насекаде во светот. Загадувањето, уништувањето на живеалишта, исцрпувањето на ресурсите, климатските промени не го загрозуваат само природниот свет, туку сериозно ја поткопуваат и иднината на нашите граѓани. Од тие причини, негувањето на чувството на одговорност кон животната средина е патриотска вредност тесно поврзана со одговорноста помеѓу генерациите.

Нашата визија е да создадеме услови за индустријата да создава еколошки производи со мал отпечаток на загадување и со зголемена додадена вредност. Од тие причини, наша мисија, покрај другото, ќе биде и зачувување и промоција на природните богатства, развивање на урбаните центри според потребите на луѓето, а не само според потребите за профит. Подобрувањето на квалитетот на животната средина е прашање на опстанок на младите и живот за децата во Македонија.

Се залагаме за зелен развој кој се состои во поставување на економска и правна регулатива која промовира економски развој кој е одржлив за животната средина.

Наша цел е помалку заболени и помалку смртни случаи како последица на аерозагадувањето во Македонија.

Приоритетни програмски определби на Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ во областа на заштитата на животната средина ќе бидат:

- План за обезбедување на чист воздух за сите;
- Управување и третман на отпадот;
- Македонските езера - животен простор од врвно национално значење;
- Управување со водните ресурси, чистата вода и речните текови;
- Превенција и заштита на националните паркови;
- Зазеленување на македонските градови и планини;
- Борба со урбаната бучава;
- Заштита на сите природни ресурси и борба со климатските промени;
- Поддршка на истражувања и екоиновации;
- Обновливата енергија како врвен приоритет и енергетска ефикасност на процесите;
- Отворање на зелени работни места.

## ЗЕЛЕН ФОНД НА МАКЕДОНИЈА

Во минатото сите средства уплатени по однос на казни и такси за животната средина одеа во државниот буџет и се трошеа за разни намени. Се обврзуваме, во најбрз можен рок по формирањето на новата влада предводена од ВМРО–ДПМНЕ, да го формираме Фондот за животна средина во кој ќе се слеваат сите средства кои граѓаните и правните лица ги уплаќаат како еколошки такси, надоместоци за животна средина и други еколошки давачки. Со ова ќе се обезбедат средства со кои сериозно ќе може да се работи на справување со проблемот на загадената животна средина.

Владата ќе посвети особено внимание на искористување европски средства и меѓународна помош за мултиплицирање на средствата на Фондот и обезбедување капитал за вложување во мерките од Програмата за животна средина.

## ЕФИКАСЕН И ЦЕНТРАЛИЗИРАН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Предвидуваме централно инспекциско тело со ингеренции на сите нивоа, надлежно за справување со загадување на животната средина и со отпадот. Ваквата поставеност на инспекцискиот надзор за животна средина ќе овозможи ефикасен и правичен инспекциски надзор над загадувачите на животната средина. Посебен осврт ќе посветиме на спречувањето на загадување на воздухот и тоа: контрола на сите согорувачки процеси, отворени палења, горење стрништа, горење недозволени материјали во печки и на отворено, градилишта, комунални дејности, мали и големи индустриски капацитети, горење недозволени материјали во домаќинствата, мерење и контрола на емисии од транспортниот сектор. Со истата посветеност, Централниот инспекторат за животна средина ќе се посвети на прашањата поврзани со загадување води, почви, загадување од бучава и управување со отпад.

# СИТЕ ИМАМЕ ПРАВО НА ЧИСТ ВОЗДУХ

## МОЈОТ ДОМ НЕ ЗАГАДУВА – ПОДДРШКА НА 150 ИЛЈАДИ ДОМАЌИНСТВА ЗА ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА

Предвидуваме програма за грантови и поволни кредити за 150 илјади домаќинства во еден мандат за сопствениците на приватните куќи и станови. Поддршката ќе се однесува на поставување нови енергетски ефикасни фасади, прозорци и врати, како и субвенции на граѓаните до 50% од цената за набавка и инсталација на енергетски ефикасна опрема: сончеви колектори, топлински пумпи, како и фотоволтачини електрични централи (ФЕЦ) за производство на електрична енергија за сопствени потреби.

## ЕКОЛОШКИ ОДГОВОРНА ВЛАДА: ПРОМЕНА НА НАЧИНОТ НА ЗАГРЕВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ

Повеќе од 600 објекти на државни и јавни институции користат мазут или цврсти горива за загревање или технолошки потреби. Се обврзуваме дека:

- ќе изработиме проектна и техничка документација за промена на горивото и за употреба на чисти горива и технологии за загревање на јавните објекти во Македонија;
- ќе инвестираме во промена на системите за загревање на јавните објекти кон системи со нулта емисија на цврсти честички (гасни горива, топлински пумпи и други системи).

## СИСТЕМСКИ РЕШЕНИЈА ЗА КВАЛИТЕТЕН ВОЗДУХ

За да се постигне напредок во подобрување на квалитетот на воздухот систематски ќе вложуваме во:

- Проширување и редовно одржување и работа на мрежата за следење на квалитетот на воздухот, вклучувајќи редовна ревизија на мрежата на државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух, кој се состои од 21 фиксна и 1 мобилна автоматска мониторинг станица за квалитет на амбиенталниот воздух. Предвидуваме инвестирање во дополнителни индикаторски мерни уреди за анализа на потеклото и движењето на загадувачките компоненти. Вложување во дополнителни мерења и анализи за изоженоста на населението на на PM2.5 и PM10 и на отворено и во објектите;
- Проширување на лабораториските методи на Централната лабораторија на МЖСПП и зголемување на капацитетите на лабораторијата;
- Донесување на регулатива за зајакнување на комунална општинска редарска служба.

За да поттикнеме зелен развој на индустријата се обврзуваме да изработиме методологија и критериуми за зелени јавни набавки, во соработка со централните и со локалните власти.

## НАМАЛУВАЊЕ НА УРБАНОТО ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ

Се обврзуваме дека еден од врвните приоритети во работењето на новата влада ќе биде решавањето на овој проблем при што предвидуваме изработка на Методологија за превенција на загадувањето од урбаните заедници и Методологија за решавање на проблемот на загадување на воздухот од големите капацитети кои се наоѓаат блиску до урбаните средини.

## ЕКОИНОВАЦИИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Зелениот фонд на Македонија ќе поддржува посебни програми за поддршка на стартап компании и иновации кои ќе работат на проекти за помало загадување, намалување на последиците од загадувањето или решенија без загадување на животната средина.

## ЈАВЕН ТРАНСПОРТ НА ЧИСТИ ГОРИВА

Ќе воведеме сеопфатен систем за поддршка на користење на чисти горива во такси превозот на начин што такси превозниците ќе бидат финансиски ослободени за набавка на возила без емисија на цврсти честички и без бучава (природен гас и електрични возила). Дополнително, ќе ги поддржиме општините при изградба на велосипедски патеки, пешачки зони, зони на смирен сообраќај (зона 20) и сл.

## ПОВЕЌЕ ЕЛЕКТРИЧНИ ВОЗИЛА ВО СООБРАЌАЈОТ

**ЕЛЕКТРИЧНИ ПАТНИЧКИ ВОЗИЛА ОСЛОБОДЕНИ ОД ДАНОК И ЦАРИНА**

Ќе го ослободиме увозот и купувањето на електрични патнички возила од плаќање на данок и царина.

**НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА НОВО ЕЛЕКТРИЧНО ВОЗИЛО**

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе овозможи на сите сопственици на електрично возило да им се намалат трошоците за регистрација на возилото за 50%.

**50% ПОНИСКА ПАТАРИНА ЗА ЕЛЕКТРИЧНИ ВОЗИЛА**

За електричните возила регистрирани во Република Македонија ќе биде намалена сумата за плаќање на патарини до 50%.

**ПАРКИНГ И ПОЛНАЧИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНО ВОЗИЛО**

Преку програми за поддршка, ќе предвидиме обврска за најмалку 5% паркинг позиции обезбедени за електрични возила на секој јавен паркинг стопанисуван од јавни или од приватни компании. Таквите паркинг позиции ќе треба да бидат со обезбеден електричен полнач за возилата.

**ПОЛНАЧИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНИ ВОЗИЛА НА СЕКОЈА БЕНЗИНСКА СТАНИЦА**

Ќе предвидиме законска обврска за поставување на најмалку еден полнач за електрични возила на секоја бензинска станица.

# СПРАВУВАЊЕ СО КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Владата предводена од ВМРО-ДМПНЕ го има како врвен приоритет справувањето со климатските промени. Во процесот на справување со овој проблем гледаме шанса за технолошки напредок, модернизација на процесите на производството, транспортот и на енергетиката. Приспособувањето на македонското општество кон европските трендови за намалување на емисиите на стакленички гасови ќе го направи македонското стопанство поконкурентно и ќе отвори нови работни места. Заради справувањето со последиците од климатските промени кои се чувствуваат во сите области, во соработка со институциите надлежни за земјоделство, економија, транспорт, урбанизам, безбедност и локална самоуправа, ќе започнеме со изработка на Национална стратегија за справување и адаптирање кон климатските промени и донесување на Закон за климатска акција.

Се обврзуваме дека ќе ги имплементираме препораките на Обединетите нации, УНЕСКО и на другите меѓународни организации за приоритети и мерки за намалување на ефектите од климатските промени.

## *ВИСОКА ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ ПАРКОВИ*

Четирите национални паркови Пелистер, Галичица, Маврово и Шар Планина ќе добијат системска финансиска поддршка за исполнување на основната цел на нивното функционирање – заштита на животната средина. Се обврзуваме да поддржиме заштита и промоција на екосистемите на националните паркови. Ќе воспоставиме дополнителни текови на финансирање од меѓународни извори за промоција на екотуризам со вклучување и развој на туристичките капацитети во руралните средини со цел одржлива заштита и развој.

Преку отворени повици ќе поддржуваме проектни активности за подготовка на елаборати и техничка документација за прогласување на нови заштитени подрачја во Македонија.

Се обврзуваме да поставиме систем на работа во заштитените подрачја со кој во целост ќе имаме доследна примена на законските решенија и спроведување на планската документација.

## *ОЗЕЛЕНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА: САДНИЦИ ЗА ИДНИТЕ ПОКОЛЕНИЈА*

Дополнително на Програмата за пошумување на Македонски шуми, која ќе предвидува 10 милиони садници годишно во руралните и во планинските предели, во и околу урбаните центри секоја година ќе засадиме по 500 000 неалергени садници. Кај најмладите ќе ја развиваме граѓанската свест за шуми и зеленило, а децата и младите ќе бидат вклучени во ак-

циите за озеленување и ќе може секоја година да садат дрвца на јавен простор или во сопствениот двор.

Како надополнување на проектот за оптимално управување со ресурсите на огревно дрво, ќе ја зголемиме дрвната маса и оптимално ќе управуваме со шумите во и вон заштитени подрачја.

# ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА ВИСОК КВАЛИТЕТ НА ВОДИ

## *ЗАШТИТА НА ПИВКИ ВОДИ*

Се обврзуваме на целосно мапирање на пивките води во Македонија. Приоритет ќе биде носење на нова регулатива која ќе поттикне искористување бунарски подземни води за техничка вода и за вода за наводнување. Во рамки на поддршката на општините, ќе финансираме изведба или реконструкција на водоводни мрежи за населените места, со цел безбедно и ефикасно снабдување со вода за пиење. Ќе вложиме во развој на мерно-информациски систем за управување со води и во систем за заштита на изворите на вода за пиење.

## *ТРЕТИРАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ*

Користејќи национално финансирање и ЕУ фондови, се обврзуваме да ги изградиме преостанатите пречистителни станици за отпадна вода со што реките и езерата во Македонија ќе станат повторно чисти. Ќе почнеме со изградба на пречистителните станици во Велес, Штип, Виница, и со доизградбата на ПС Тетово и ПС Скопје ќе имаме систем за 80% покриеност со системи за третман на отпадните води.

- Преку програма на МЖСПП и вложување во системи за локално производство на енергија, ќе се обезбедат финансиски стимулации и субвенции за оперативните трошоци за континуирана работа на пречистителните станици за отпадна вода од градовите и населените места;
- Преку инфраструктурни фондови ќе се вложува во одвојување на фекална и атмосферска канализациска мрежа во градовите;
- Доследно ќе се спроведува и ќе се унапредува регулативата за квалитет на отпадни индуструски води и редовно ќе се контролираат параметрите за квалитет на отпадните води на индустриските испусти;
- Ќе се изработи катастар на загадувачи на површинските води.

## *МАКЕДОНСКИТЕ ЕЗЕРА – ЖИВОТЕН ПРОСТОР ОД ВРВНО НАЦИОНАЛНО ЗНАЧЕЊЕ*

Се обврзуваме на темелна анализа на затекнатата состојба со Охридското, Дојранското и Преспанското Езеро, како и со останатите вештачки езера. Водејќи се од системски пристап, ќе изработиме Акциски план за водите и водните ресурси на територијата на целата држава со цел за поставување модели за водостој на езерата и управување со водните ресурси.

# ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

## *АКЦИСКИ ПЛАНОВИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА НИВО НА ДРЖАВА*

Во мандатниот период 2024 – 2028 ќе изработиме методологија за поддршка на регионалните центри за управување со отпад. Регионалните центри ќе ги поддржиме да постават преработувачки центри кои организирано ќе се бават со секундарна селекција, добивање енергија и материјали од преработувањето на отпадот, добивање биогориво и намалување на количините на отпад што се депонираат. Оваа активност ќе се спроведува во кооординација и соработка со планските региони, општините и организациските единици за управување со отпад во рамките на планските региони.

Со поддршка од меѓународни фондови и сопствени средства, по отворање на регионалните центри за преработка на отпад, ќе ја спроведеме акцијата на расчистување и ремедијација на 70 нерегулирани депонии низ Македонија и ќе финансираме мерки кои ќе оневозможат создавање нови ѓубришта и сметилишта.

## *УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА СОБИРАЊЕ НА ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ СО ОТПАД*

За системско справување со отпадот, ќе бараме начини за обезбедување финансиска поддршка за општините за поставување на системи за примарна селекција на отпад од домаќинствата на ниво на целата држава, во постојана координација со регионалните центри за управување со отпад и со општините. Проектите ќе опфатат и можности за:

- Формализирање на неформалните собирачи на отпад, вработување и создавање системи за примарна и секундарна селекција на отпад;
- Решавање на прашањето на биоотпадот од руралните средини, спречување на палењето стрништа и промовирање на концептот за компостирање на отпад;
- Поддршка за површински системи за собирање цврст отпад од речните корита, третман на градежен отпад.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА СИСТЕМИТЕ ЗА ТРГУВАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИ ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ

Идната Влада ќе се залага за целосно почитување на принципот „Загадувачот плаќа“, со што ќе ги мотивираме производителите да водат сметка за намалување на создавањето на отпад уште во фазата на дизајн на производите, нивната продажба и нивното одлагање. Предвидуваме зголемување на финансиските средства, кои ќе се фокусираат на инфраструктура и кампањи за примарна селекција на отпадот.

# СПРАВУВАЊЕ СО БУЧАВАТА

За справувањето со бучавата во урбаните центри, ќе дефинираме методологија за обезбедување заштита од бучава во урбана средина, бучава од сообраќај и од индустриски објекти. Посебен акцент ќе биде ставен на индустриската бучава и бучава предизвикана од јавни и угостителски објекти.

Се обврзуваме да изработиме мапа на бучава за големите урбани центри и катастар на загадувачи со бучава. Со средства од Зелениот фонд и ЕУ, ќе поддржиме формирање на информативен центар со мрежа на индикативни мерачи за бучава во реално време од локации со зголемена бучава. Се обврзуваме да поставиме систем за контрола и регулација на прекумерна бучава.

# СОЦИЈАЛНА ГРИЖА ЗА ОНИЕ НА КОИ ИМ Е НАЈПОТРЕБНА

Секој граѓанин заслужува можност да живее достоинствен и исполнет живот, без разлика на неговата возраст или социјален статус. Социјалната грижа не е само обезбедување помош, туку е основа за зајакнување на поединецот и неговото семејство за да го достигне својот целосен потенцијал за активно учество во општеството.

ВМРО-ДПМНЕ е посветена на градење одговорен систем за социјална грижа, чиј приоритет е благосостојбата на сите граѓани, а особено на најранливите.

Фокусот на програмата за социјална заштита се однесува на три клучни области: борба против сиромаштијата преку сеопфатни економски и социјални политики; грижа за пензионерите; и целосна вклученост на лицата со попреченост.

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде целосно посветена на справување со овие предизвици и изградба на поцврст и поправичен систем на социјална грижа. Сиромаштијата е комплексен предизвик, за кој ќе изнаоѓаме системски, институционални и посветени решенија. Нашите повозрасни сограѓани, од идната Влада, ќе ја добијат вистинската грижа и поддршка што им е потребна за да живеат достоинствен и исполнет живот. На лицата со попреченост ќе им ги овозможиме условите да имаат поголема шанса за самостоен живот и учество во општествените текови.

## ДОСТОИНСТВЕН ЖИВОТ ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

### *5 000 ДЕНАРИ ПОГОЛЕМА ПЕНЗИЈА ЗА СИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ*

Ќе ги зголемиме пензиите за 5 000 денари во првата година од мандатот.

Начинот на пресметка на зголемувањето на пензиите во последните години доведе до зголемување на финансискиот јаз помеѓу пензионерите, со што драстично се зголеми бројот на пензионери чии примања не ги задоволуваат основните животни потреби. Затоа, овој линеарен пристап ќе овозможи достоинствени примања за сите пензионери.

### *МИНИМАЛНА ПЕНЗИЈА*

Наместо досегашното решение на девет групи на минимални пензии ќе воведеме еден единствен износ на минимална пензија. Со зголемувањето од

5 000 денари овие пензии значајно ќе се придвижат кон моменталната просечната исплатена пензија во Македонија. Ќе креираме политики за континуирано подобрување на финансиската состојба на сите пензионери.

## ОТКУП НА СТАЖ

Со измени во Законот за пензиско и инвалидско осигурување ќе се овозможи на оние лица на кои им недостасуваат до 24 месеци пензиски стаж, истиот да го откупат и да остварат право на старосна пензија согласно со условот од минимум 15 години пензиско осигурување. На овој начин ќе се заокружи процесот на овозможување на користење на правото на пензија на граѓаните кои имаат недостаток во пензискиот стаж до 24 месеци, а веќе ја исполниле возрасната граница за пензионирање.

## ПЕНЗИЈА ПЛУС ПЛАТА

За пензионерите кои биле во редовен работен однос до највисоко дозволената возрасна граница за работа, законски ќе овозможиме да учествуваат на пазарот на труд без откажување на правото на пензија. На овој начин би се помогнало да се намали недостатокот на квалификувана работна сила и значително би се зголемил стандардот на оваа категорија граѓани. Оваа мерка ќе биде применлива само за оние работни места за кои работодавачите ќе докажат дека не можат да најдат лице кое е невработено.

## НОВИ ПЕНЗИОНЕРСКИ ДОМОВИ И ДНЕВНИ ЦЕНТРИ ЗА СТАРИ ЛИЦА

Предвидуваме изградба или обезбедување на простор на најмалку пет домови и осум дневни центри за стари лица согласно со потребите. На овој начин значително ќе го подобриме пензионерскиот стандард, особено за пензионерите со ниски примања. Предвидуваме сервисна служба за стари, немоќни и изнемоштени лица.

## ПОДДРШКА ЗА ИЗГРАДБА НА ПРИВАТНИ ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА

Потребата за згрижување на стари лица и пензионери е сè поголема во Македонија и токму затоа државата треба активно да поддржи приватни иницијативи во овој сегмент. Токму затоа предлагаме мерки во вид на директна и индиректна поддршка за отворање на домови за стари лица и тоа:

- Концесии на градежно земјиште или изнајмување по поволни услови на неискористени објекти во државна сопственост; и
- Поддршка на инвеститорите во подготовката на целокупната планска документација, како и бесплатно изготвување на неколку типови проекти за домови за стари лица.

## *ПРАВЕДНО ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА СЕМЕЈНА И ИНВАЛИДСКА ПЕНЗИЈА ВО ПОЛЗА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ*

На корисниците на семејна и инвалидска пензија, пензијата им се пресметува само од првиот државен фонд. Нивните средства кои се лична заштеда уплатена и инвестирана во вториот столб, за која плаќале надоместоци, се пренесува во државниот фонд. Затоа, ќе воспоставиме праведна формула за пресметување на овие пензии со цел осигурениците да не бидат оштетени.

## *СЕМЕЈНА ПЕНЗИЈА БЕЗ ПРЕКИН ПРИ РАБОТА*

Ќе направиме законски измени со што младите кои се корисници на семејна пензија ќе можат легално да бидат работно ангажирани до шест месеци во текот на годината до навршување на 26 години, под услов да се редовни студенти или ученици.

# СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЗАШТИТА НА РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ

## *ОТВОРАЊЕ НА ДНЕВНИ ЦЕНТРИ ЗА ДЕЦА И ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ*

Родителите и старателите на децата и лицата со попреченост имаат секојдневна потреба за помош во справување со предизвиците што ги носат потребите на овие деца и лица. Поради истото, како идна Влада ќе започнеме со отворање на нови дневни центри за овие категории каде што како основна дејност ќе биде дневно згрижување, психо-социјална рехабилитација и ресоцијализација. Дневни центри ќе се отворат во повеќе градови и општини согласно со потребата и бројот на деца и лица и категоријата на попреченоста што се појавува.

## *ЗГОЛЕМЕН НАДОМЕСТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА*

Зголемените цени и влошениот животен стандард, комбинирани со стагнација на износот кои семејствата и лицата го земаат како надомест за социјална заштита, секојдневно продуцираат уште поголема социјална нееднаквост. Поради тоа, ќе го зголемиме финансискиот надомест за социјално загрозените и за децата и лицата со попреченост и тоа:

- Зголемување на гарантирана минимална помош за 10%;
- Зголемување на посебен додаток за 30%;
- Зголемување на парична помош за квадриплегија за 50%;

- Зголемување на парична помош за потполно глуви лица за 20%;
- Зголемување на правото на надоместок на плата за скратено работно време за родители поради нега на дете или лице со телесна попреченост или ментална попреченост и најтешки хронични заболувања за 30%.

Ќе воведеме и ново право на парична помош на лицата без горни екстремитети.

## ГРИЖА ЗА ЛИЦАТА СО ОШТЕТЕН ВИД

Со цел обезбедување на повисок степен на самостоен живот на лицата со оштетен вид и нивно непречено движење и остварување на нивните дневни потреби, ќе ги реализираме следните мерки:

- Нови 1 500 аудиокниги за лицата со попреченост;
- Изградба на неопходни патеки за слепи лица во сите градови;
- Воведување на избирачки лист на Брајово писмо за лицата со оштетен вид;
- Факсимилот да стане официјален потпис на лицата со оштетен вид;
- Набавка на тифло-технички помагала за лицата со оштетен вид;
- Поддршка за унификација на знаковен јазик; и
- Обука на толкувачи на знаковен јазик.

## ГРИЖА ЗА ЛИЦАТА СО ОШТЕТЕН СЛУХ

Со цел надминување на бариерата во комуникацијата на лицата со оштетен слух, ќе се креира и ќе се развие апликација за мобилен телефон, со која ќе се обезбеди 24-часовна поддршка од оператори што ќе го познаваат знаковниот јазик.

## ДРЖАВНИТЕ ОБЈЕКТИ – ПРИСТАПНИ ЗА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ

Со цел подобрување на условите со кои се соочуваат лицата со телесна попреченост при вршење на своите секојдневни обврски ќе се преземат мерки и активности за изградба на пристапни рампи за лицата со телесна попреченост (патеки, лифтови и сл.) во сите органи на државната управа, единиците на локална самоуправа и други органи и институции.

## БАЊСКА ТЕРАПИЈА ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТИ

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе воведе можност за еднонеделна бањска терапија со полн пансион за лицата со попреченост во домашните бањски капацитети.

## ПОДДРШКА ЗА НАБАВКА НА СПЕЦИЈАЛНИ И АДАПТИРАНИ ВОЗИЛА ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТИ

Ќе ги зголемиме средствата, кои се рефундираат, за набавка на специјални и адаптирани возила за лицата со попречености.

Ќе создадеме програма, врз основа на потребите во градовите, за субвенционирање за набавка на специјални и адаптирани возила од страна на такси компаниите по принципот „прв дојден прв услужен“.

## ДИГИТАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТИ

Со цел подобрување на степенот на инклузивност во основното, средното и во високото образование во Македонија, на децата и лицата со попречености ќе се доделуваат вредносни ваучери за набавка на асистивна технологија и материјали.

## ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТИ ВО ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Ќе предвидиме програма за вработување на најмалку едно лице со попреченост во сите јавни институции со над 50 вработени.

Ќе предвидиме посебни програми за лицата со попречености што ќе започнат сопствен бизнис.

## ВРАБОТУВАЊЕ НА ДЕЦА БЕЗ РОДИТЕЛИ И РОДИТЕЛСКА ГРИЖА

Ќе предвидиме програма за вработување на деца без родители и родителска грижа по наполнување на 18 години.



# V. ПАТРИОТИЗАМ ШТО ОБЕДИНУВА

# НАЦИОНАЛНИТЕ ПРИОРИТЕТИ НА МАКЕДОНСКАТА НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА

Клучна **стратегиска цел** на идната Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ е Македонија да биде **полноправна членка на Европската Унија.** Македонија економски, географски, историски, културолошки и цивилизациски ѝ припаѓа на Европа.

Актуелното глобално **политичко и безбедносно опкружување** е комплексно, со изразена политичка конкуренција, ривалство меѓу актерите, вмешаност на сите центри на моќ на глобално ниво и со елементи на силна непредвидливост. Во овој меѓународен комплекс, државите од Западен Балкан наместо да бидат дел од ЕУ, стануваат мета на странски влијанија, интензивни етнонационалистички пројави, а процесот на проширувањето на ЕУ сè уште е во релативен застој.

Владата на Република Македонија ќе биде **одговорен партнер во меѓународните односи**, фактор на стабилност во регионот и пошироко, како и активен чинител во глобалните случувања и поставувањето на односите на меѓународната сцена. Во симбиоза помеѓу внатрешната и надворешната политика, Република Македонија треба да ја доизгради, но и постојано да ја надградува својата улога како успешна европска демократија, која дава позитивен придонес кон регионалниот и светскиот мир, кон стабилност и одржлив развој.

**Надворешно–политичките приоритети** на Република Македонија треба да се засноваат врз принципите на рамноправност, заемна доверба, солидарност, дијалог, меѓусебно почитување и реципроцитет.

Учејќи од националните порази заради разединетост, ВМРО-ДПМНЕ особено ќе води сметка за градење **национално единство по клучните прашања** за државата. Од особено значење е натпартиското обединување на сите граѓани на Македонија за клучните прашања, заштитата на јазикот, идентитетот, историјата, културата, економскиот развој, владеењето на правото, како и високите европски вредности и стандарди. За таа цел, се обврзуваме на соработка со сите релевантни домашни субјекти во процесот на евроатлантската интеграција, како и вклучување на целото општество во насока на преземање на претстојните задачи и одговорности.

Република Македонија ќе остане посветена на европската и евроатлантската безбедносна рамка и **целосна усогласеност на политиката на земјата со заедничката надворешна, безбедносна и одбранбена политика на ЕУ**, континуирано ќе придонесува во мисиите на ЕУ за управување со кризи и операциите предводени од НАТО. Ќе водиме усогласена политика со санкциите

кои се воведуваат како реакција на руската агресија насочена кон поткопување на територијалниот интегритет и суверенитет на Украина.

Идната Влада на ВМРО-ДПМНЕ ќе вложи максимални напори за остварување на реален видлив напредок во евроинтеграцискиот процес и полноправно членство во ЕУ. Ќе градиме конзистентна надворешно-политичка стратегија, пред сѐ заснована на државниот интерес и со силно почитување на европските вредности. Додека траат тековните дискусии за иднината на Европската Унија, она што е неспорно и што е во наш интерес е дека вредностите на кои почива оваа заедница остануваат да бидат нејзина основна водилка и неспорна точка на наше поврзување со неа. Новата Влада особено ќе се залага за што побрзо користење на придобивките од потенцијалот на европскиот заеднички пазар, во смисла на слободното движење на луѓе, стоки, услуги и капитал.

Почетокот на одамна заслужениот процес на преговори и пристапување кон ЕУ ја истакнува неопходноста за брзо и квалитетно исполнување на реформските процеси и целосно прилагодување кон европското законодавство.

Остварувањето на стратегиската цел за членство во Европската Унија мора да биде на рамноправна и реципрочна основа, базирано на мерливи и објективни критериуми. Македонскиот многувековен идентитет, македонскиот јазик, македонската посебност, култура, обичаи, традиции и херои, не смеат да бидат дел од какви било политички преговори. Секој обид за отворање дискусија на билатерален или мултилатерален политички план околу идентитетските прашања и карактеристики на македонскиот народ ја оспорува македонската самобитност и единственост.

ВМРО-ДПМНЕ, уште пред прифаќањето на предложената преговарачка рамка од страна на македонската Влада, ги понуди своите капацитети за учество во консултациите и преговорите со Бугарија и ЕУ, а со цел да не дојде до билатерализација на нашиот преговарачки процес. Во таа насока беше и предлогот на ВМРО-ДПМНЕ за прифаќање на хрватскиот модел на препознавање на малцинските заедници во преамбулата на Уставот. Но, заради немањето чувство на одговорност и дипломатски капацитет кај актуелната Влада, преговарачкиот процес стана оптоварен со билатерални прашања. ВМРО-ДПМНЕ е свесна дека ќе го наследи тешкиот товар на неодговорниот однос на власта, кој произведе сериозни проблеми во евроинтеграциите и ја стави државата во потчинета положба. Во овој контекст, ВМРО-ДПМНЕ останува на ставот за неменување на Уставот под диктат на трета држава.

Идната Влада силно ќе се залага за изнаоѓање на соодветно решение во прилог на реално придвижување на процесот на европска интеграција. Во насока на изнаоѓање на излезно решение по однос на прашањето за уставните измени, кое веќе е поставено како услов за почеток на преговорите со ЕУ, ВМРО-ДПМНЕ нуди легални и легитимни алтернативи во согласност со меѓународното право и принципи. Овие алтернативи ќе создадат услови за поголема предвидливост на евроинтегративниот процес, заштитен од непринципиелни барања, за истиот да резултира со полноправно членство на

Македонија во ЕУ. Обезбедувањето на предвидливост и сигурност дека во текот на преговарачкиот процес нема да бидат поставувани дополнителни билатерални услови, ќе го направи поизвесен нашиот интегративен пат кон ЕУ.

Одложената примена на уставните измени претставува валидна алтернатива која е целосно во согласност со досегашната практика на сите држави, кои пред самиот чин на нивно пристапување во полноправно членство вообичаено ги прават неопходните или условени уставни измени, или во таа фаза истите влегуваат во сила.

Во идниот дипломатски ангажман, Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе вложи максимални напори да обезбеди доволно гаранции во прилог на заштита на македонскиот многувековен идентитет, македонскиот јазик и посебност и во таа насока ќе побара непосредна поддршка од европските институции, нашите соседи, сојузници и стратешки партнери. Ваквото меѓународно почитување мора да биде во секоја смисла втемелено во одлуките на Судот за човекови права на Советот на Европа. Пристапувањето кон Европската Унија, за македонските граѓани, треба да носи видливи економско-социјални придобивки.

Во градењето на **квалитетни билатерални односи со соседите**, Република Македонија ќе се залага за практикување на политика на афирмативен пристап, насочен кон решавање на проблемите и отворените прашања на рамноправна основа со дипломатски средства. Наша визија се добрососедски односи базирани на взаемно почитување и соработка, како и еднаквост во правата и обврските на соседите. Само градење на односи врз принципот на рамноправност на страните, можат да доведат до почит и вистинска соработка.

Република Македонија ќе ја унапредува соработката во рамките на **регионалните организации**, иницијативи и процеси, унапредувајќи ги европските перспективи и развивајќи односи засновани врз принципите на заемна доверба, зголемена економска и трговска соработка, постојан дијалог и меѓусебно уважување.

Република Македонија ќе учествува рамноправно во градењето на стратегиската развојна ориентација на географскиот регион на кој му припаѓа. Регионалната соработка целосно ја поддржуваме затоа што исто така претставува и основен предуслов за одржлив развој и забрзано европско интегрирање на регионот и несомнено има одлучувачка улога во долгорочната стабилност на регионот. Регионалната соработка постојано ќе се користи и како дополнителен мотор на европската интеграција на Балканот.

Владата предводена од ВМРО–ДПМНЕ ќе продолжи проактивно да учествува во сите регионални иницијативи, но ќе инсистира на нивно проширување со опфат на повеќе држави од регионот и намалување на областите каде што се преклопуваат овие иницијативи.

Имајќи го предвид нашиот интерес за унапредување на демократскиот капацитет и амбиент, ќе продолжиме да ја зајакнуваме соработката со земјите членки на ЕУ и ќе ја продолжи практиката на зајакнување на стратегиските

односи со овие држави. Силно ќе се залагаме за унапредување на нашите односи и соработка со западноевропските демократии со кои споделуваме заеднички вредности.

Ќе го засилуваме **стратегиското сојузништво со САД**, целосно и ефективно применувајќи го и користејќи го механизмот на унапредување на взаемната соработка, а особено во политиката, одбраната и сајбер-заштитата, безбедноста, миграцијата, борбата против тероризмот, економијата, одржливите инвестиции, енергетиката, климатските промени, демократскиот развој, борбата против корупцијата и другите области.

**Полноправното членство во НАТО** претставува клучен столб за долгорочната стабилност, безбедност и просперитет на Македонија. Како земја членка на НАТО ќе продолжиме со активниот придонес во безбедносните мисии, вклучително и оние на ЕУ и ООН. Истовремено ќе продолжиме со активното учество во меѓународните операции кои придонесуваат за обезбедување на глобалниот мир и безбедност. Преку овие активности, Македонија ќе се изгради како доверлив и сигурен партнер во разрешувањето на комплексните меѓународни предизвици како што се нелегалните миграциски движења, последиците од војните на европска територија и пошироко, глобалните терористички закани, хибридните војни и опасностите по човековите права и демократијата. Нашето членство ќе биде во корелација со остварувањето на македонските надворешнополитички интереси.

Македонија ќе биде силен промотор на трансатлантската солидарност. Ќе бидеме активен чинител и одговорен партнер и ќе дадеме автентичен придонес кон процесите на мултилатералната сцена, каде што мора да бидеме препознатливи како мирољубива држава и силен поддржувач на мултилатерализмот. Во насока на успешна и навремена реализација на поставените цели и задачи на мултилатерален план, Република Македонија континуирано ќе работи на остварување на повисок степен на заштита и интензивна и квалитетна промоција на македонските државни интереси во ООН, Советот на Европа, ОБСЕ, Меѓународната организација на Франкофонија и во другите меѓународни организации, вклучувајќи го и засилувањето на активностите и застапеноста во работата на разни тела и органи.

Ќе работиме на зголемување на степенот на застапеност на кредибилни претставници на Република Македонија на раководни позиции во рамките на постојаните управни органи на меѓународните и регионалните организации во кои државата е полноправен член.

**Економската дипломатија** ќе продолжи да биде еден од приоритетите на надворешната политика на Република Македонија, промовирајќи ги и заштитувајќи ги економските интереси на државата, а со цел наше поуспешно интегрирање во регионалните и глобалните економски текови. Владата и МНР посебен фокус ќе дадат кон привлекувањето на иновативни, високопродуктивни инвестиции и оние што ќе доведат до повисоко ниво на соработка на странските компании со домашната индустрија и ќе помогнат во поттикнувањето на засилен економски раст и економски развој на државата.

Обврска на државата е постојаната грижа за **македонското малцинство** во државите од соседството во согласност со позитивните домашни законски прописи и целосно почитувајќи ги обврските содржани во Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа и Европската конвенција за заштита на човековите права.

Идната Влада ќе посвети многу поголемо внимание кон негување на врските и грижата поврзана со унапредување на положбата и правата на **македонската дијаспора**. Затоа, ќе ги формализираме механизмите за ангажман на дијаспората во дипломатијата, овозможувајќи ѝ на Македонија да ја искористи експертизата, мрежите и ресурсите на дијаспората. Грижата за Македонците и македонските граѓани што живеат во странство и градењето силни врски со нив се клучни приоритети во работата на идната влада.

Македонската дипломатија сериозно ќе работи на консолидирање на **позицијата на македонскиот јазик на глобално ниво,** ќе го промовира неговото користење и учење во државите каде што живеат и престојуваат македонски државјани и припадници на дијаспората, ќе ги одржува постојните и ќе отвора нови лекторати и курсеви по македонски јазик на универзитетите во странство, како и ќе вложува напори за зголемување на научната соработка во областа на културата. Посебно внимание ќе се посвети на промоцијата на македонското културно и историско наследство и на македонските културни достигнувања, мултикултурализмот, промоцијата на културната, јазична и религиска различност, развојот на културните и туристичките потенцијали на државата и ширењето на позитивни информации за Република Македонија.

Заради соодветна афирмација на Република Македонија како кредибилен и почитуван меѓународен субјект, кој активно придонесува кон меѓународниот мир и стабилност, ќе бидат преземени низа законски измени, иницијативи и конкретни чекори во насока на градење на **добро планирана и професионално водена надворешна политика.** Клучни фактори од кои зависи капацитетот на Република Македонија и успешноста во извршувањето на дипломатските функции и поставени работни задачи се добрата организациска поставеност на МНР и дипломатската мрежа, со квалитетни амбасадори и обезбедување на буџет за соодветно функционирање на сите ДКП.

Ќе пристапиме кон ревизија на дипломатско-конзуларната мрежа на Република Македонија и истата ќе ја прилагодиме на ресурсите и потребите со кои располага МНР и нашите потреби во прилог на задоволување на поставените цели и приоритети во рамките на новата **надворешно-политичка стратегија.** Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе покрене иницијатива за отповикување на актуелни амбасадори кои презеле дејства спротивни на правата и интересите на македонските државјани во странство, амбасадори што не ја испочитувале законската обврска за отчетно претставување на амбасадорските тези пред Комисијата за надворешна политика во Собранието на Република Македонија, како и за други несоодветни постапки спротивни на Законот за надворешни работи.

Во контекст на соодветно претставување на земјата ќе се засилат дипломатските капацитети на државата, ќе се унапреди квалитетот на дипломатско-конзуларните претставништва, нерезидентното покривање на земјите од страна на постојните амбасади, односно наши амбасадори во странство, нерезидентно покривање на определени држави од страна на амбасадори во МНР и паралелно ќе се засилат човечките, материјалните и техничките капацитети во нашите ДКП во странство.

Министерството за надворешни работи ќе се залага да го зголеми степенот на **дигитализација на дипломатските процеси** и извршување на најголемиот дел од конзуларните услуги, правејќи ги многу подостапни за нивните корисници, со примена и поефективно користење на придобивките на модерната технологија, што истовремено ќе создаде услови за унапредување на целокупниот процес на водење, дејствување, ангажираност, одговорност и ефикасност на нашата дипломатско-конзуларна мрежа и дипломатија воопшто. Тоа ќе поттикне ангажман на млади луѓе во дипломатијата, културна размена и меѓународна соработка, како и усогласување на дипломатските напори со Одржливите развојни цели (SDG) на Обединетите нации.

Во врска со пристапните преговори на државата со Европската Унија, ќе работиме на интензивирање на соработката меѓу институциите на Македонија и институциите на Европската Унија, подобро искористување на европските фондови од страна на македонските институции и субјекти, јакнење на капацитетите на државните институции и другите чинители со цел подготвеност за преземање на сите обврски од членството во ЕУ и поддршка на домашното стопанство да учествува во европските економски текови. Исто така ќе бидат зајакнати преведувачките и толкувачките капацитети за македонски јазик, со цел навремена и квалитетна подготовка на националната верзија на европското законодавство и обезбедување квалитетна поддршка во текот на пристапните преговори.

Ќе практикуваме брза динамика на реформи, кои ќе се движат паралелно со преговорите, но независно од нив. Ќе се водиме од европски практики при реформирање на судството, справување со корупцијата, градење одржлив економски раст и структурни општествени реформи.

## НОВА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА

Стратегијата ќе ги унапреди активностите за остварување на приоритетите на македонската надворешна политика со консензус на политичките и општествените актери, со што ќе се обезбеди континуитет во реализацијата. Нашата визија е силна позиција на меѓународната сцена како суверена и почитувана држава. Основни цели на Стратегијата ќе бидат градење држава за почит, одбрана на македонските национални интереси во мултилатералните организации, целосно кадровско екипирање и професионален напредок на МНР, како и градење конзистентна надворешна политика.

## ЕКОНОМСКА ДИПЛОМАТИЈА ФОКУСИРАНА НА НОВИ СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ

Владата ќе ги зајакне економските активности на македонските дипломатско-конзуларни претставништва, особено во делот на привлекување на инвеститори во Македонија. Ќе обезбедиме поволности за водење бизнис за странските инвеститори, но ќе го помогнеме и македонското стопанство преку создавање можности за зголемување на извозот. Ќе се работи на зголемување на капацитетите за економска дипломатија, со цел да се унапредат економските резултати на надворешната политика.

## КВАЛИТЕТНА ДИПЛОМАТСКА АКАДЕМИЈА

МНР особено ќе се фокусира на Дипломатската академија и зајакнување на капацитетите на Институтот за геостратешки истражувања и надворешна политика при МНР заради нивно реафирмирање како примарен дипломатски регрутен центар во рамки на дипломатската служба.

## КОНЗУЛАРНИ ДЕНОВИ

Со цел да се доближат до македонските државјани и да излезе во пресрет на нивните потреби и барања, дипломатско-конзуларните претставништва ќе организираат конзуларни каравани во градови и населени места со значителна македонска заедница надвор од градот каде што се примарно стационирани.

## ИНТЕРН.МК

Министерството за надворешни работи вистински ќе ги отвори вратите за студентите од политичките науки, правните студии, економијата, меѓународните односи и дипломатијата. Во таа насока ќе се овозможат стажирања во рамки на Министерството за надворешни работи, како и во дипломатско-конзуларните претставништва. Стажирањето би се одвивало во завршните години од студирањето, а би биле наменети за студенти со висок просек кои покажале особен интерес во областа.

## ОНЛАЈН (ONLINE) МНР

Со цел да се олесни пристапот до услугите што ги нуди МНР, ќе изработиме единствена веб-платформа за навремено и квалитетно информирање на сите македонски граѓани, како и за извршување на потребните дипломатско-конзуларни и административни услуги. Целта е да се модернизира, да се поедностави и да се олесни процесот на издавање на документи во дипломатско-конзуларните претставништва.

## БАЗНИ СТАНИЦИ ЗА ПАТНИ ИСПРАВИ ВО МАКЕДОНСКИТЕ АМБАСАДИ

Поставување на базни станици за земање биометриски податоци за нови патни исправи во ДКП.

## ОТВОРАЊЕ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ

Ќе вложиме напори за забрзување на билатералните активности за отворање на повеќе гранични премини вклучувајќи ги:

- ГП Берово – Сандански;
- ГП Маркова Нога (Преспа);
- ГП Пулевац Кавадарци – Воден;
- ГП Стрезимир – Рестелица;
- ГП Ѕепиште – Требиште.

## ГРАДЕЊЕ НА КВАЛИТЕТНА КАДРОВСКА СТРУКТУРА ЗА ПРЕГОВОРИ СО ЕУ

Ќе обезбедиме координираност на сите релевантни институции во адресирањето на овој стратегиски приоритет за нашата земја. Обучениот кадар, кој повеќе години работи на конкретна област од европските интеграции ќе биде соодветно мотивиран за да продолжи со својот континуитет. Во текот на мандатот значително ќе се унапреди структурата за преговори на Македонија со Европската Унија. Овој процес ќе опфати зајакнување и надоградба на човечките ресурси и преструктурирање на процесите за преговори, како и вклучување на професори од најдобрите македонски универзитети и експерти во преговарачкиот процес.

## ЕФИКАСНО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ФОНДОВИТЕ НА ЕУ

Владата на ВМРО-ДПМНЕ посветено ќе работи на јакнење на капацитетите за искористеност на достапните фондови за претпристапна помош на ЕУ. Овие заложби ќе опфатат активно дејствување во насока на институционална подготвеност, поширока достапност на информации за расположливи средства, помош и поддршка од страна на меѓународните партнери, вклученост на академската заедница, активна соработка со локалната самоуправа, како и изработка на детални акциски планови со препораки и чекори за јакнење на капацитетите за искористување на европските фондови.

## ЕУ АКАДЕМИЈА

Центарот за обука во рамките на Секретаријатот за европски прашања ќе се прошири и зајакне во ЕУ Академија. ЕУ Академијата ќе има за цел континуирано следење и јакнење на капацитетите во пристапниот процес за подобра искористеност на европските фондови, како и размена на добри практики и знаење со Центрите за ЕУ обука на земјите кандидатки и земјите членки на ЕУ.

## ЕУ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

Секретаријатот за европски прашања ќе формира ресурсен центар со материјали и бази на податоци поврзани со Европската Унија, кои ќе им бидат достапни на граѓаните, стопанските комори, граѓанските организации и факултетите. Центарот ќе овозможи редовен преглед на публикациите на повеќе европски тинк-тенкови, пристап до различни европски и национални бази на податоци, преводи на европското законодавство и поддршка при пребарување.

# БЕЗБЕДНОСТ И ОДБРАНА

Во денешниот комплексен свет на мултидимензионирани безбедносни предизвици, гарантирањето на безбедноста на нашите граѓани е од витално значење. Силен и добро координиран национален безбедносен систем е основата на стабилна и просперитетна Македонија. Тој систем опфаќа внатрешна безбедност, одбрана по највисоки стандарди, цивилна заштита и меѓународна соработка.

За справување со ерозијата на довербата на јавноста во институциите за национална безбедност предлагаме обнова која ќе се темели на градење доверба на граѓаните во македонската полиција, македонската армија, агенциите и сите други субјекти. Прироритети во оваа насока се:

- Мерки за поттикнување на транспарентноста во работењето на безбедносните институции, обезбедувајќи јавен надзор и одговорност;
- Постојани програми за обука и професионален развој на персоналот низ сите безбедносни институции, опремувајќи ги со вештини и знаења за справување со современите безбедносни закани;
- Подобрување на условите за работа, за привлекување и задржување на најквалитетниот кадар, градејќи професионална, квалитетна и достоинствена служба;
- Градење на одржлив и интегриран безбедносен систем.

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ се обврзува на мерки и активности што ќе обезбедат суштински реформи за одржлив функционално интегриран безбедносен систем, со институционални капацитети за идентификување на заканите, рано предупредување, превенирање и навремено реагирање.

Природата на безбедносните закани постојано се менува, што резултира со пораст на хибридните закани, со комбинација на сајбер-напади, кампањи за дезинформации, социјални немири. Силно ќе се залагаме за инвестиции во модернизирање на комуникациските системи и основната опрема за да овозможиме систем кој ефикасно се справува со современите закани. Во таа насока ќе развиваме механизми за квалитетно споделување информации и соработка помеѓу различните безбедносни агенции, што ќе гарантира координиран одговор на заканите.

Градењето на ефикасен систем на национална безбедност не постои само за себе, и затоа ја препознаваме важноста на силните меѓународни партнерства за ефикасно справување со транснационалните закани и зајакнување на регионалната стабилност. Во таа насока ќе ја продлабочиме соработката со НАТО и ЕУ, билатералната и регионалната соработка, градејќи партнерства за заеднички одговор на клучните безбедносни прашања и придонесувајќи во напорите за колективна одбрана.

Програмата на идната Влада на ВМРО-ДПМНЕ како врвен приоритет ја поставува безбедноста и сигурноста на македонските граѓани. Преку сеопфатен

пристап кој ги зајакнува институциите, ја поттикнува соработката и дава одговор на постојните закани, ќе обезбедиме сигурна и просперитетна иднина за Македонија.

# БЕЗБЕДНОСТА НА ГРАЃАНИТЕ НА ПРВО МЕСТО

## БЕЗБЕДНИ УЧИЛИШТА

Нашиот фокус ќе биде ставен на превенцијата и заштитата на децата и младите како наш највреден општествен ресурс. Од тие причини, предвидуваме, за разлика од сега кога училиштата ги чуваат приватни агенции за обезбедување, државата да ја преземе обврската за гарантирање на безбедноста на училиштата и на нашите најмлади – преку формирање на Државна агенција за обезбедување. Покрај обезбедувањето на училиштата, оваа агенција ќе има обврска да ја обезбедува и критичната инфраструктура како и други државни институции во зависност од капацитетите, можностите и решенијата.

Можност за работа во Државната агенција за обезбедување, по претходно исполнети највисоки стандарди, ќе добијат пензионираните полицајци, професионалните војници, припадниците на специјални единици, пожарникари и други.

## ЕЛИМИНИРАЊЕ И ПРЕВЕНЦИЈА НА МЕЃУВРСНИЧКО НАСИЛСТВО

Нашата заложба е да го превенираме и да го сузбиеме порастот на меѓуврсничкото насилство (булинг). За таа цел ќе ги зајакнеме капацитетите на МВР, кои ќе имаат обврска активно да се вклучат во превенцијата и заштитата на младите преку:

- Зголемени патроли и интензивирање на полициски патроли околу училиштата;
- Присуство на критични точки каде што се движат малолетници (автобуски постојки, паркови, плоштади);
- Континуирани програми за едукација и превенција на меѓуврсничкото насилство во соработка со Министерството за образование и наука; и
- Спроведување на јавни кампањи.

## ПЕДОФИЛИЈА И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Предвидуваме зголемување на казните за кривичните дела поврзани со педофилија и семејно насилство.

Ќе го обновиме регистарот на осудени лица за педофилија и ќе воведеме нивни задолжителен мониторинг по отслужување на нивната казна.

## ГРАДОВИ БЕЗ НАСИЛСТВО И КРИМИНАЛ

Порастот на насилството, разбојништвата и други девијатни општествени појави го вклучуваат алармот за превенција од лихварство, насилство, рекетирање, кражби и разбојништва.

Предвидуваме изработка на стратегии за полициско работење ориентирано кон заедницата, со цел јакнење на довербата и соработката помеѓу полицијата и граѓаните. Преку проактивен и заеднички пристап помеѓу полицијата и заедницата ќе работиме на решавањето на локалните безбедносни проблеми, намалување на криминалот и градење на безбедна средина за живеење.

Ќе спроведеме активни кампањи за едукација и превенција од овие малигни појави со цел да се зголеми свеста за справување со истите.

## НАДГРАДБА НА СИСТЕМОТ „БЕЗБЕДЕН ГРАД"

Идната Влада предводена од ВМРО–ДПМНЕ ќе го унапреди системот „Безбеден град". На овој начин ќе се подигне безбедноста на граѓаните. Ќе поставиме видеонадзор на повеќе локации, а особено во големите градови, клучните патни коридори и на граничните премини.

Спроведувањето на надградбата на системот „Безбеден град" ќе значи зголемување на откривачката дејност, борба против трговија со луѓе и побрзо пронаоѓање на исчезнати лица. Исто така, ваквиот систем ќе значи и брза и соодветна реакција на институциите во насока на спасување на животите на лицата загрозени во сообраќајот, а со тоа и квалитетот на полициските постапки преку подобрување на доказната постапка.

Во оваа насока ќе се изврши размена на искуства и добри практики со ЕУ членки кои веќе имаат имплементирано слични системи.

## ГРАЃАНИТЕ БЕЗБЕДНИ НА ИНТЕРНЕТ

Зајакнување на кадровската екипираност на МВР да се справува со сајбер-криминалот и зачестените напади и измами на кои се изложени граѓаните на интернет.

Постојана експертска едукација на правосудните и органите за спроведување на законот во областа на сајбер-безбедност, сајбер-криминал и електронските докази.

## ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

За елиминирање на проблемите како што се предолго чекање за термин, злоупотреби со влијанија за фаворизирање на граѓани со добивање термини преку ред, чекање во гужви и сл., ќе се воспостави функционален систем, кој ќе биде поврзан со електронскиот систем за издавање на лични документи на МВР.

Системот ќе го детектира истекот на важноста на определен документ на граѓаните и ќе ги известува граѓаните. Ќе овозможиме електронско аплицирање за обнова на документи. Ќе се воспостави систем на броеви за евидентирање на редот со цел избегнување на дополнителен метеж и нервоза кај граѓаните. На овој начин, МВР станува вистински сервис на граѓаните.

## ЕЛЕКТРОНСКО СЛЕДЕЊЕ НА БАРАЊАТА ЗА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА

Ќе воведеме електронски систем за поднесување и следење на барањата за добивање дозвола за носење и користење на оружје. Системските промени ќе го скратат времето на чекање за дозвола на најмногу три месеци.

Во соработка и координација со Ловечката федерација на Македонија и Македонската спортска стрелачка федерација, но и правните субјекти кои тргуваат со оружје и муниција ќе се преземат серија суштински легислативни и организациски промени со цел конечно да се стави крај на самоволието и да се воспостави ефикасен и брз систем, ослободен од корупција.

# БОРБА СО КЛУЧНИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕДИЗВИЦИ

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА БОРБАТА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ И НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ

Ќе ја зајакнеме и ќе ја унапредиме меѓуинституционалната соработка помеѓу сите чинители на кои во фокусот им е борбата и детектирањето на тероризмот на нацонално, регионално и меѓународно ниво. Ќе спроведуваме постојано надоградување на националните капацитети, ќе формираме мултидисциплинарни тимови, ќе ја интензивираме соработката на полицијата со локалната заедница, со верските заедници, со младите, со здруженија на граѓани и други. За таа цел ќе формираме и централно тело за откривање и справување со терористички закани и содржина на Интернет.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА БОРБАТА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

Преку систематски мерки и активности ќе се надгради безбедносниот систем за да има капацитет да се спротистави на сите облици на организиран криминал и корупција, вклучително и во своите редови.

Ќе ги унапредиме капацитетите за соработка и заедничко дејствување со Јавното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција. Во оваа насока предвидуваме формирање на координативно тело за борба против организиран криминал и корупција коешто ќе ги опфати: министерствата за внатрешни работи и за финансии, Агенцијата за разузнавање и Агенцијата за национална безбедност, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Управата за финансиска полиција и Управата за финансиско разузнавање.

Ќе формираме и една централизирана единица за борба против трговија со дрога.

## ЕДИНСТВЕН СИСТЕМ НА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

Во соработка со домашните експерти и со граѓанскиот сектор, а со цел постигнување широка граѓанска и експертска поддршка, предвидуваме спојување на Агенцијата за разузнавање и Агенцијата за национална безбедност во една единствена модерна безбедносно-разузнавачка служба. Агенцијата ќе биде раководена од високи професионалци избрани под строго утврдени критериуми според стандардите на ЕУ и НАТО. За правилно функционирање на Агенцијата, предвидуваме изградба на комплетно нов објект за таа намена, врз основа на строги безбедносни НАТО стандарди, надвор од Министерството за внатрешни работи.

## ЗАКАНИ ЗА НАЦИОНАЛНАТА САМОБИТНОСТ НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА

Почитувањето на територијалниот суверенитет, интегритет, самобитноста, самостојноста и независноста на државата се од исклучително значење. Системски ќе се бориме против негирањето на правото на постоење на македонскиот народ, неговиот јазик, култура и самобитност.

# ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МВР

## ЗАКОНИТО РАБОТЕЊЕ НА МВР

МВР ќе стави крај на практиката на непочитување на правата на вработените, во смисла на незаконско разрешување на вработени и нивна прераспределба. Ќе ги зајакнеме капацитетите на внатрешна контрола и нејзината професионализација.

Ќе работиме на намалување и сузбивање на корупција кај лицата со полициски и други службени овластувања преку зајакнувањето на механизмот за контрола во МВР, Царинската управа, Финансиската полиција, Затворската и Шумската полиција, а со цел водење на истраги против лица со полициски овластувања.

## ЦЕНТАР ЗА ОБУКА НА КАДАР ВО ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА

Ќе пристапиме кон реорганизација на Центарот за обука кој треба да овозможи континуирано надградување на знаењето и вештините на припадниците на безбедносните структури. Ќе се воведат современи програми и специјалистички обуки од областа на безбедноста, разузнавањето, одбраната и цивилната заштита.

Ќе извршиме реконструкција на постојните сместувачки и административни капацитети, реконструкција и изградба на училници и нов амфитеатар, изградба на стрелишта од затворен и отворен тип, реконструкција и изградба на нови спортски капацитети и објекти за симулација и вежби.

## ПРИОРИТЕТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА ШТО ДОБРОВОЛНО СЛУЖЕЛЕ ВОЕН РОК

Со измени на постапката за вработување, лицата што исполниле доброволен воен рок ќе добијат дополнителни поени во процесот на вработување во Министерството за внатрешни работи, Армијата на Република Македонија, безбедносните структури, службите за заштита и спасување, пожарникари и други сродни служби.

## НАЈДОБРИТЕ СТУДЕНТИ НА РАБОТА ВО МВР И БЕЗБЕДНОСНИТЕ АГЕНЦИИ

Ќе воспоставиме соработка со високообразовните институции од сферата на безбедноста и други високообразовни институции согласно со

потребите на државните институции, со која ќе овозможиме понуда до најдобрите студенти да се вработат во Министерството за внатрешни работи и во службите за безбедност. На тој начин ќе обезбедиме висока професионалност и перспектива за развој на институциите.

## КОНТИНУИРАНИ ОБУКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МВР

Предвидуваме и надградба на постојниот систем за евиденција и следење на нивото на обученост кај сите полициски службеници, како и унапредување на организациската структура на единиците во МВР и БЈБ одговорни за обуки.

Посебно внимание ќе посветиме на исполнување на високо ниво на стандарди на етичност во секојдневната комуникација на вработените во МВР со граѓаните. Ќе воведеме континиуирани обуки за вработените во МВР со цел да се постигне целосна примена на етичкиот кодекс во работењето на службата и квалитетно постапување во вршењето на работите.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЛОГАТА НА ЖЕНАТА ВО БЕЗБЕДНОСНИТЕ СТРУКТУРИ

Зајакнувањето на улогата на жените претставува едно од фундаменталните начела на демократијата. Жените поставени на високи раководни позиции во полицијата можат да дадат исклучителен придонес во перцепцијата на јавноста околу улогата на жената во полицијата. Соодветната застапеност на жените во МВР, МО и во другите институции од разузнавачко-безбедносниот сектор ќе гарантира вистинско почитување на принципите на полова рамноправност.

## МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА РАБОТНАТА УНИФОРМА НА ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Ќе овозможиме целосно нов и модерен изглед на полицијата според јасните ЕУ стандарди со кои ќе се направи унифицирање на работните униформи според должностите на различните единици. Исто така, ќе се обнови личната и формациската опрема на полициските службеници со цел зголемување на нивната ефикасност.

# ИНСТИТУЦИОНАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА ЗА МОДЕРНА, ТРАНСПАРЕНТНА И ЕФИКАСНА ПОЛИЦИЈА

## *ЦЕЛОСНО РЕФОРМИРАЊЕ НА БИРОТО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ*

Предвидуваме реформирање на Бирото за јавна безбедност со цел ефикасност на полициското работење и доближување на полицијата до граѓаните. Истата реформа ќе биде спроведена и во рамките на управните служби во делот на зголемување на ефикасноста при издавањето на личните документи.

## *МВР ЈА ПРЕЗЕМА ОДГОВОРНОСТА ЗА БЕЗБЕДНОСТА ВО ШУМИТЕ*

Секторот за шумска полиција ќе биде трансформиран и префрлен во рамките на МВР со цел превенција и откривање на сторители на кривични дела против животната средина и природата. Оваа реформа ќе се случува со адекватно темпо со цел да не бидат загрозени правата од работен однос на вработените во Шумската полиција.

Ќе воспоставиме напреден систем за мониторинг, навремено 24-часовно известување и пренос на податоци од сензорски контролни станици.

## *ПРИСТОЈНИ ИНФРАСТРУКТУРНИ УСЛОВИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ И ГРАЃАНИТЕ*

Предвидуваме континуирана реконструкција и обнова на полициските станици и другите полициски капацитети со цел обезбедување на современи услови за работа на полициските службеници.

## *ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА МВР*

Преку системска дигитализација на сите процеси во МВР, ќе воведеме дигитализирани постапки на менаџмент на документи, електронско водење на случаи (e-case management) и крипто комуникациско поврзување на субјектите на националната безбедност.

## *ГРАНИЧНА БЕЗБЕДНОСТ И ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА*

Ќе воведеме ефикасни и интегрирани напредни системи за онлјан надзор и контрола на државната граница, техничко обезбедување на границите преку поставување на сензори и камери, зачестени мешани патроли со граничната полиција на соседните држави, целосно покривање на сите ризични точки преку прецизно мапирање, како и креирање на ефикасен национален систем за контрола на миграциите.

Ќе иницираме формирање заеднички контакт центри за прекугранична соработка што ќе вклучат полициски и царински ресурси, вклучувајќи и размена на информации со останати институции што вршат работи на граничните премини. Предвидуваме воведување поефикасен и побрз систем за заедничка гранична контрола.

# ОДБРАНАТА – РАЗВОЕН ПРИОРИТЕТ НА БЕЗБЕДНОСТА

Системската поставеност и развојот на Министерството за одбрана ќе овозможи создавање модерна и флексибилна Армија на Македонија која успешно ќе ги извршува зададените одбранбени мисии и задачи.

Нашите политики предвидуваат активирање и интеграција на нашите институции на сите нивоа на НАТО Алијансата, во служба на македонските национални интереси.

## *КРИТЕРИУМИ ШТО ГАРАНТИРААТ ПРОФЕСИОНАЛНОСТ НА АРМИЈАТА*

Ќе воспоставиме објективни, транспарентни, јасни и стриктни критериуми за вработување во Армијата, врз основа на стручност, квалитет и согласно со потребите на работното место. Ќе обезбедиме квалитетен професионален развој на офицерите и подофицерите во АРМ. Ќе ја подобриме регулативата за следење на ефикасноста на вработените и за формулирање на финалната оцена.

Ќе воспоставиме транспарентни и јасни критериуми за избор и упатување на вработени на стручно оспособување, дипломатски мисии во странство и мировни мисии врз основа на стручност, заслуги и исполнетост на меѓународните стандарди и стандардите на НАТО.

## ЗАГАРАНТИРАНА РАБОТА ПО АРМИСКИОТ АНГАЖМАН

Ќе создадеме услови за овозможување на квалитетна поддршка во процесот на подготовка за враќање во цивилен живот на професионалните војници преку нивно поврзување со други државни институции кои имаат потреба од подготвен и безбедносно едуциран кадар.

## АРМИЈАТА ЗА ГРАЃАНИТЕ

Ќе создадеме можности за креативно искористување на капацитетите на Армијата во мирнодопски услови со цел ресурсите кои се вложуваат во одбранбениот сектор да се искористат во цивилна заштита на македонските граѓани.

## ОПРЕМУВАЊЕ И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА АРМ

Македонската армија ќе ја опремиме со потребното пешадиско вооружување, транспортни средства, системи за врски, заштитна опрема и развој и ќе ги модернизираме комуникациско-информациските системи, со цел ефикасна, модерна и дигитализирана армија.

## ПОДОБРЕН ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА АРМИСКИОТ ПЕРСОНАЛ

Наш приоритет е решавање на станбеното прашање за вработените во армијата, преку програма за изградба на домови за армискиот персонал, како и погодности за добивање на сопствена куќа или стан во рамки на постојните програми на државата.

Ќе работиме на подобрување на животниот стандард на вработените и нивните семејства за време на користењето на годишните одмори и за практицирање на рекреативни содржини кои се дел од плановите на единиците и специјалистите од особено значење за одбраната.

## СОВРЕМЕНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА АРМИЈАТА

Ќе изработиме повеќегодишен план за инвестиции за подобрување на условите за работа, преку реконструкција и реновирање на касарните.

Со цел да обезбедиме подобри услови за спроведување на телесното воспитување и вежби, како и одржување на висок степен на психофизичка подготвеност на припадниците на АРМ и МО ќе изградиме спортски објекти во гарнизоните на Армијата.

# НОВ КОНЦЕПТ НА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА И УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗНИ СОСТОЈБИ

## *РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА СИСТЕМОТ ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА*

Ќе отвориме широка експертска дискусија и јавна расправа за потребата од операционализација на системите за цивилна заштита и кризен менаџмент, со цел оптимална искористеност на тие системи и зголемување на ефикасноста и кохезијата на разните актери во функционирањето.

## *ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ВО ДОМЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРСТВОТО*

Ќе се организираат професионални обуки за пожарникари – спасители како и за специјализираните единици при ДЗС согласно со стандардите на ЕУ и НАТО. Континуирано ќе работиме на обезбедување на компатибилност со цивилната заштита на ЕУ согласно со европските практики и насоките на механизмот на Унијата за цивилна заштита.

Ќе се посветиме на подобрување на животниот стандард и условите за работа на вработените во противпожарните единици со носење на нов Правилник за плати на територијалната противпожарна единица.

Во соработка со единиците на локалната самоуправа, ќе изработиме повеќегодишен план за инвестиции во противпожарни возила и опрема за зголемена ефикасност и работни услови на противпожарните единици.

Развивањето на доброволно пожарникарство е еден од приоритетите, и тоа исклучиво по примерот на европските држави.

## *СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ЕДИНИЦИ ВО ЦИВИЛНАТА ЗАШТИТА*

Во Републичките единици на територијалната противпожарна заштита ќе се формираат и специјалистички единици за интервенции од алпинизам, пребарување на терен од урнатитни и лавини, интервенции на вода и под вода, интервенции за заштита од опасни животни и истите ќе бидат во координација со останатите институции со слични надлежности.

## *СМС И ДИГИТАЛНО ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА НЕПОГОДИ*

Ќе воведеме систем за ефикасно и навремено известување на граѓаните за непогоди во определени региони и области.

# КУЛТУРАТА – СТОЛБ НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА

Културата претставува еден од најважните столбови на една држава. Како главен носител на идентитетот и развојот, културата со сите институционални механизми ги штити македонските национални интереси и ги става во функција на унапредување на општеството. Културата е и интегрирачки фактор на општеството, народот и државата.

Развојот на културата нуди исклучителни сознанија за наследството, традициите и идентитетот на секоја држава. Оттука, наша задача и цел е максимално да ги вложиме сите човечки и материјални капацитети во функција на развој на културните односи во општеството.

Контекстот, во кој преземаме одговорност за културна обнова на македонската држава, ја налага потребата од засилена грижа и заштита на македонското културно-историско богатство, традициите, фолклорот, македонскиот јазик, археолошкото и севкупното културно наследство.

Сѐ ова треба да поттикне зголемена современа македонска продукција во сите дејности од културата и уметноста. Затоа, основни цели на програмата на ВМРО-ДПМНЕ за култура се:

- Враќање на националната култура како основен општествен столб, во функција на заштита на културното наследство, промоција и афирмација на националниот идентитет и повеќеслојните културни, материјални и духовни вредности на Македонија;
- Реформа на системот за финансирање со донесување нови модели кои ќе обезбедат поголема автономност на институциите;
- Поттикнување на квалитетот и слободата во уметничкото творештво;
- Зајакнување на кадровските капацитети во институциите од областа на културата на сите нивоа, грижа за достоинствено вреднување на трудот и статусот на уметниците и културните работници;
- Креирање на соодветни културни и културно-образовни програми за развој и едукација на деца и млади во насока на поттикнување на нивната креативност;
- Поттикнување на соработката помеѓу јавниот и приватниот сектор, граѓанското општество и локалните заедници за колективно унапредување на културниот развој;
- Креирање политики за општествена, социјална и културна инклузија на маргинализираните лица и лицата со попречености;
- Поголема видливост и препознатливост на културата на Македонија во меѓународни рамки.

## *МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ*

Ќе ја зголемиме и ќе ја прошириме надлежноста на Министерството за култура со интегрирање на секторот туризам во себе.

Ќе го издвоиме Секторот за туризам од постојното Министерство за економија и ќе го присоединиме кон Министерството за култура. Со интегрираните ресурси, акцентот би се ставил на заедничко унапредување, презентација и развој на двата поврзани сектори.

### *50 МИЛИОНИ ЕВРА ДИРЕКТНА ПОДДРШКА НА КУЛТУРАТА*

Ќе обезбедиме нови и дополнителни 750 милиони денари вложувања во културата годишно со обезбедување и одвојување на 1 денар од акцизата на дизел горивата. Овие средства ќе се наменат исклучиво за програмски активности и капитални инвестиции во културата. Со тоа ќе обезбедиме нови 3 милијарди денари за културата во периодот 2025 - 2028.

# КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ

Зачувување и зацврстување на културниот идентитет на македонскиот народ и другите етнички заедници во Македонија е врвен приоритет за ВМРО-ДПМНЕ.

## *ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД КАКО СЕСЛОВЕНСКИ ДУХОВЕН КУЛТУРЕН ЦЕНТАР*

- Ќе ги продолжиме и ќе ги зголемиме инфраструктурните инвестиции во комплексот Плаошник водејќи сметка за заштита на културното наследство. Ќе развиеме програма за внесување на културни и едукативни содржини, со што Охрид ќе стане центар со 365 денови културен туризам. Ќе посветиме посебно внимание на промоцијата на црковно-историското наследство.

## *ЗАЧУВУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК КАКО НАЈЗНАЧАЈНО ИДЕНТИТЕТСКО ОБЕЛЕЖЈЕ*

- Ќе посветиме внимание на целосна дигитализација на усното и пишаното творештво на македонски јазик и формирање на национална електронска библиотека достапна за сите граѓани. Врвен приоритет ќе биде подигнување на нивото на говорна и писмена јазична култура на македонски јазик.

- Ќе ја институционализираме и ќе ја поддржиме грижата за работата на лекторатите по македонски јазик во странство.
- Ќе формираме Лексикографски институт во рамки на Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски - Скопје“, со задача да проучува и да издава лексикографски и енциклопедиски публикации.

## НЕГУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ФОЛКЛОР

Значајно ќе ја зголемиме финансиската поддршка за фолклорните ансамбли во градовите низ Македонија за нивното функционирање, обезбедување основни средства и промоција.

Ќе ја зголемиме поддршката за негување, продукција и репродукција на изворни песни и ора од Македонија, како и староградски традиционални музички творби и инструменти (уд, канон, лејза и дајре).

Ќе дадеме поддршка на носителите на традиционални знаења и вештини.

## ТАНЕЦ – ЦЕНТАР НА МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА МУЗИКА И ОРА

- Ќе работиме на обезбедување на најсовремени просторни услови за Националната установа „Танец“ како прв државен професионален фолклорен ансамбл во Македонија. Просторните услови во себе треба да опфаќаат услови за работа на ансамблот и оркестарот, музичко студио за продукција и простор за востановување на трајна музејска поставка за македонскиот фолклор и традиција.
- Континуирано ќе даваме поддршка на доекипирање и понатамошна едукација на ансамблот и оркестарот во „Танец“.

## ГЕОГРАФСКИТЕ НАЗИВИ И ТРГОВСКИТЕ МАРКИ НА МАКЕДОНСКИТЕ ПРОИЗВОДИ – ДЕЛ ОД МАКЕДОНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ

- Ќе формираме Национална комисија која ќе има за цел да воспостави стандарди на географските имиња. Оваа комисија ќе има обврска да изработи програма за заштита на македонски географски називи и трговски марки на производите од Македонија.

## ***ПОТТИКНУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА***

- Ќе даваме континуирана поддршка за негување на говорната и писмената форма на јазиците на етничките заедници во уметничкото творештво во Македонија.
- Министерството за култура и туризам ќе работи на континуирана промоција на богатата културна разновидност, интеркултурализмот и идентитетските културни специфики на Македонија.
- Особено внимание и финансиска поддршка ќе дадеме на развивањето на програми за повидлива културна експресија на помалите етнички заедници.

# ЗАШТИТА И ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Културното наследство е сведоштво за нашето постоење во минатото. Соодветната и континуирана заштита и промоција на македонското богато културно наследство придонесува кон зачувување на националната културна меморија.

## ***ЗАШТИТА НА МАТЕРИЈАЛНОТО (ДВИЖНО И НЕДВИЖНО) И НЕМАТЕРИЈАЛНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО***

Заштитата на материјалното и нематеријалното културно наследство ќе ја обезбедиме преку:

- Континуирана валоризација и ревалоризација на културното наследство;
- Археолошки истражувања, конзервација и реставрација на профаната и сакралната архитектура во урбаните комплекси и градските јадра, според степенот на нивната загрозеност (цркви, манастири, џамии, безистени, амами, анови, градска и селска архитектура);
- Заштита и реставрација на движните добра;
- Континуирана идентификација, валоризација и впишување на нематеријални добра во Националниот регистар на културното наследство; и
- Креирање политики и развој на програми за промоција и популаризација на културното наследство.

## ЦЕНТРАЛНА ЛАБОРАТОРИЈА ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Ќе формираме и опремиме нова Централна конзерваторска лабораторија за движно и недвижно културно наследство која ќе биде надлежна за конзервација, реставрација и заштита на икони, мозаик, керамика, стакло, хартија, штафелајно сликарство, фрескоживопис и друго.

Ќе поддржиме воозобновување и креирање нови студиски програми за применети уметности со специјализирани насоки во областите за заштита и конзервација. Министерството за култура и туризам во рамки на своите можности ќе воведе програма за стипендирање на дефицитарен кадар од области на заштитата на културното наследство.

## ДИГИТИТАЛНИ ЕВИДЕНЦИИ И НАЦИОНАЛЕН РЕГИСТАР ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

- Ќе се активира Дигиталниот национален информативен систем на културното наследство – НИСКН, во чии рамки се содржани базирана веб-апликација и ГИС портал преку кој ќе се олесни пристапот до информации за целокупното културно наследство.

## КУЛТУРНИ ДОБРА НА ЛИСТАТА ЗА СВЕТСКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО И НА ДРУГИ ЛИСТИ НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА УНЕСКО

Ќе ги поддржиме и ќе ги интензивираме постапките за впишување културни добра на листата за светско културно наследство и на други листи на културно наследство на УНЕСКО.

## ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ТУРИСТИЧКИ ЦЕЛИ

- Ќе овозможиме осовременување на музејските поставки и депоа во националните институции. Значително ќе ги интензивираме активностите за мапирање на културното наследство и изработка на културни рути во функција на културниот туризам.
- Ќе работиме на заживување и збогатување на археолошките локалитети со придружни културни, едукативни и комерцијални содржини, со цел поквалитетна промоција на културното наследство и поттикнување одржлив економски развој преку организирање на театарски, филмски, литературни фестивали, ликовни колонии и концерти (Стоби, Хераклеа, Астибо/Баргала, Скупи, Лихнидос, Кокино, Била Зора, Вардарски Рид и други).

# УМЕТНИЧКО ТВОРЕШТВО

## *ПОДДРШКА И СТИМУЛАЦИЈА НА СОВРЕМЕНО МУЗИЧКО И МУЗИЧКО-СЦЕНСКО, ДРАМСКО, ЛИКОВНО, ФИЛМСКО И КНИЖЕВНО ТВОРЕШТВО*

- Предвидуваме зголемена поддршка и стимулација на современото музичко и музичко-сценско, драмско, ликовно, филмско и книжевно творештво.
- Ќе го стимулираме уметничкото творештво преку распишување конкурси за откуп на најдобри уметнички дела од областа на музичката, драмската, филмската, ликовната и литературно-издавачката дејност. Предвидуваме и континуирана поддршка на нови музички продукции на македонски јазик со цел квалитативно зголемување на присуството на македонскиот јазик во секојдневниот културен живот.
- Предвидуваме и поддршка на уметнички манифестации за презентација на дела од современи македонски автори.

## *ФИЛМСКА И ТЕЛЕВИЗИСКА ПРОДУКЦИЈА: НОВИ ТВ СЕРИИ И ФИЛМСКО ТВОРЕШТВО НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК*

- Ќе ги зголемиме средствата за продуцирање на нови македонски филмови и играни серии на македонски јазик. Ќе стимулираме продукција на проекти за подигнување на нивото на говорната и писмената јазична култура на македонски јазик и развој на филмската писменост.
- Континуирано ќе ја промовираме Република Македонија како дестинација за снимање и привлекување инвестиции и вложувања за продукција на филмски и тв проекти.

## *МАКЕДОНСКА ФИЛХАРМОНИЈА И МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ – АМБАСАДОРИ НА МУЗИЧКАТА КУЛТУРА ВО ДРЖАВАТА И НАДВОР*

- Македонската филхармонија и Македонската опера и балет, како најстари институции од музичката дејност во Македонија, ќе добијат поголема поддршка за гостувања во државата и надвор, зголемена продукција и издавање на носачи на звук. Како долгогодишни репрезенти на домашното и светското творештво на класична музика, овие две институции ќе прераснат во носители на културната дипломатија.

## КУЛТУРА ВО СЕКОЈ ГРАД НИЗ МАКЕДОНИЈА

- Ќе работиме на нова и целосна програма за континуирана дисперзија на културата кон регионално и локално ниво со цел збогатување на културниот живот во општините и овозможување поголема културна + партиципација на локалното население.
- Во оваа програма ќе предвидиме секоја национална установа од областа на културата, како Македонска филхармонија, Македонска опера и балет, Македонски народен театар, Танец и други, да имаат обврска да организираат свои гостувања во градовите низ Македонија каде што има адекватни услови.

## КУЛТУРА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ

Значително ќе ја зголемиме поддршката на музичката, филмската и телевизиската продукција за деца и млади на македонски јазик. Ќе изградиме системски концепт за развој на културно-образовни програми и ќе работиме на нивна достапност на публиката.

Посебно значење ќе посветиме на јакнење на кадровските капацитети за работа со деца и млади во установите од областа на културата.

Ќе ја вратиме поддршката на музичкото творештво и музичките фестивали за деца и млади.

# КУЛТУРНИ РАБОТНИЦИ

Унапредувањето на статусот на уметниците и нивното творештво, како и сите културни работници ќе биде во нашиот фокус. Особено внимание ќе посветиме на подобрувањето на нивните услови за творење и работа.

## КРЕИРАЊЕ КУЛТУРНИ ПОЛИТИКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТАТУСОТ НА УМЕТНИЦИТЕ И НИВНОТО УМЕТНИЧКО ТВОРЕШТВО

- Ќе работиме на реформи во начинот на финансирање преку воведување на јасни и прецизни критериуми, делегиран буџет, дефинирање на повеќегодишни буџетски и вонбуџетски средства по дејности, со што ќе се обезбеди финансиска стабилност и творечка независност на институциите од културата.
- Ќе поставиме фокус на уметничката, стручната, помошно-уметничката и техничката компонента исто како и на создавање законски основи за системска оптимизација на административната структура во дејностите од културата.

# ЦЕЛОСНА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО КУЛТУРАТА

- Дигитализацијата на установите од областа на културата ќе се одвива преку неколку активности, и тоа:
- Електронско осовременување на работата на сите установи од културата;
- Опремување и осовременување на сите институции од областа на заштитата на културното наследство со најсовремена опрема за континуирана дигитализација на културното наследство;
- Реставрација и дигитализација на македонската филмска и аудиовизуелна продукција;
- Дигитализација и јавна достапност на библиотеки и архиви, како и приватни колекции со важни историски записи за македонската историја;
- Презентирање на културното наследство од Македонија во светот преку современи дигитални технологии; и
- Заштитна евиденција, валоризација и дигитализација на архивата на Македонската радио-телевизија.

## КУЛТУРНИ И КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ (ККИ)

Културните и креативните индустрии (ККИ), како стопанска гранка инспирирана од уметноста, музиката, филмот, литературата и традиционалните занаети придонесуваат за развој на локалната економија и подобрување на квалитетот на животот на една земја. Развојот на ККИ обезбедува одржливост, намалување на невработеноста особено кај младите и зголемена продуктивност.

ВМРО-ДПМНЕ ќе го насочи фокусот на овој значаен културен сектор, креирајќи иновативни програми за поддршка за создавање и развој на бизнисите во креативните и културни индустрии и видеоигрите, преку финансиска поддршка на стартапи и фриленсери.

## ПРЕПОЗНАВАЊЕ И СТИМУЛИРАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА, ПРОИЗВОДСТВЕНАТА И ПРОФИТАБИЛНАТА ДИМЕНЗИЈА НА КРЕАТИВНИТЕ И КУЛТУРНИТЕ ИНДУСТРИИ

Во следниот период Министерството за култура и туризам ќе работи на следните активности:

- Возобновување на Националниот совет за културни и креативни индустрии (ККИ);
- Поддршка за создавање препознатливи македонски брендови;
- Организирање на работилници и саеми за презентација на културни и

креативни индустрии;

- Поддршка за обнова и развој на традиционални занаети;
- Препознавање на македонските производи со воведување на специјализирани географски ознаки; и
- Поддршка на еколошки одржливи проекти од областа на културата со користење на традиционални знаења и вештини поврзани со природата и заштитата на животната средина.

## ПОДДРШКА НА НЕЗАВИСНИОТ КУЛТУРЕН СЕКТОР

Министерството за култура и туризам ќе посвети особено внимание за зголемување на поддршката на независниот културен сектор како важна гранка за промовирање на културното творештво.

# РАЗВОЈ НА КУЛТУРНАТА ДИПЛОМАТИЈА

Ќе ја поттикнеме и ќе ја развиеме билатералната и мултилатералната културна соработка, соработката со меѓународни организации и промоција на културните вредности и уметничките достигнувања на меѓународен план.

- Ќе ги модернизираме постојниите и ќе работиме на проширување на мрежата од културно-информативни центри.
- Значително ќе се интензивира македонското културно претставување во соседните држави, државите членки на ЕУ, во САД и во градовите каде се сместени најважните меѓународни организации.

## ИНФРАСТРУКТУРНА ИЗГРАДБА ВО КУЛТУРАТА 2025 – 2034

- Обезбедување на најсовремени просторни услови за НУ „ТАНЕЦ“;
- Довршување на комплексот Плаошник во Охрид, Универзалната сала во Скопје, како и театрите во Струмица и во Тетово и објектот на Турскиот театар во Скопје;
- Реконструкција на објектите на Центрите за култура во Битола, Штип и во Куманово;
- Реконструкција со надградба и доградба на објектите на Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп и Центар за култура „Григор Прличев“ – Охрид, со цел обезбедување на нови објекти наменети за Театарот „Војдан Чернодрински“ - Прилеп и Народниот театар „Григор Прличев“ – Охрид;
- Ревитализација на споменикот на културата „Хавзипашини конаци“ и нивно користење во културни, едукативни и туристички цели;
- Реконструкција на музејскиот комплекс на Музеј на Македонија;
- Реконструкција и санација на административниот простор и уметнич-

киte простории за репетиции на Македонска опера и балет и набавка на нови инструменти за репетиции;

- Проектирање и изградба на современи објекти за Драмскиот театар, Театарот Комедија и Театарот за деца и младинци;
- Изготвување на проектна документација за изградба на нов современ објект на Националната галерија на Македонија;
- Реконструкција на Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

# МАКЕДОНИЈА – АТРАКТИВНА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА

Наш приоритет е обнова, реизградба и повторно отворање на целокупниот туристички потенцијал на Македонија. Наша главна цел е континуирано зголемување на бројот на туристи преку градење нови модели за развој на туризмот, креирање нови форми на туризам, брендирање на производи, зајакнување на човечките ресурси во угостителско-туристичкиот сектор и промоција на Македонија како атрактивна туристичка дестинација со богати туристички содржини.

Нашиот пристап е обнова на понудата по пандемското затворање на угостителските објекти, што ќе значи креирање нови потенцијали за одржлив туризам, одговорен и системски организиран туризам. Развојот на рамномерен туризам подразбира насочување на туристичките текови кон постигнување на временски и просторно порамномерно распоредена туристичка активност, а намалување на сезоналноста и прекумерниот туризам на одделни места.

Македонија треба да биде меѓународно препознатлива, модерна и привлечна туристичка дестинација, креирана и унапредувана од страна на соодветен и образован кадар. Со развојот на туристички производи, посебно туристички атракции и сместувачки капацитети, нови модели за развој на рамномерен, одржлив, целогодишен туризам, ќе придонесеме кон економски развој на Република Македонија.

Македонија поседува природни и културни потенцијали за развој на селективни видови туризам, автентичност, амбиенталност, автохтона храна и специјалитети, својствени занаети и автентични културни манифестации. Во исто време, развојот на туризмот мора да ги опфаќа најважните аспекти на Светските цели за одржлив развој.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РЕФОРМА ЗА РАЗВИЕН ТУРИЗАМ

### МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Туризмот ќе зазема важно место во структурната поставеност на Министерството за култура и туризам со цел системски опфат на целокупниот туристички сектор: туроператори и туристички агенции, хотелско-угостителски објекти, превозници во туризмот, туристички водичи и области поврзани со создавање квалитетен кадар за туризмот.

## ИЗРАБОТКА НА 10-ГОДИШНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

Во соработка со специјализираните факултети од областа на туризмот и стручната фела во Македонија, ќе пристапиме кон изработка на Национална стратегија за развој на туризмот, која ќе содржи конкретни акциски планови. Националната стратегија особено ќе се осврне кон новите и алтернативни форми на туризам, правците на развој на секторот и задачи за различните чинители.

## ЦЕНТРАЛНА ИНСПЕКЦИЈА ЗА ТУРИЗАМ

Со цел да се воведе воедначено важење на законите во туризмот и да се избегне преклопување на надлежностите на различните инспекции, воведуваме централно тело кое ќе има превентивна, контролна и надзорна улога во туризмот. Со засилени надлежности во делот на контролата и преку теренски пристап со правните и физичките лица кои работат во областа на туризмот, ќе се поттикне превентивната функција, ќе се сузбие нелојалната конкуренција, ќе се подигне професионалноста, ќе се унапреди квалитетот во работењето во областа на туризмот и ќе се подобри сигурноста и безбедноста на потрошувачите.

# ЈАКНЕЊЕ НА РАЗВОЈНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ТУРИЗМОТ

Наша задача е да го поттикнеме развојот на нови и иновативни решенија кои ќе обезбедат зголемување на туристичката понуда, целосно искористување на потенцијалот на постојната туристичка инфраструктура, намалување на негативните последици и поттикнување на конкурентноста на претприемливоста во туризмот. Ќе стимулираме вложувања во иновации и дигитални технологии кои ќе ја зголемат отпорноста и продуктивноста.

## НОВ МОДЕЛ НА ДРЖАВНА ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ

Досегашната поддршка за туризмот треба да претрпи промени. Особено ќе се фокусираме на поддршка на претприемачи што го развиваат дојдовниот (in coming) туризам од нови пазари, целогодишен туризам, специфични категории на висококвалитетни угостителски објекти, развој на нови форми на туризам со цел збогатување на туристичката понуда, како и за развој на недоволно развиените подрачја.

## МАКЕДОНИЈА – ПРОАКТИВЕН ПАРТНЕР ВО СВЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ТУРИЗАМ НА ОН (UNWTO)

Македонија е полноправна членка на оваа светска организација, но потенцијалите кои се нудат воопшто не се искористени. Ќе ги промовираме и ќе ги искористиме можностите што се нудат преку оваа организација за финансирање за стартап компании од туризмот за млади, академии за дообразување, натпревари за рурален туризам и слично.

## ОБЈЕКТИВНИ КРИТЕРИУМИ ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА СИТЕ ТУРИСТИЧКИ ОБЈЕКТИ

Со оглед на фактот дека е туризмот променлива категорија која секојдневно се подобрува и наметнува нови барања од страна на туристите, се јавува неопходна потреба и за промена на начинот и условите за категоризација на туристичките објекти. Категоризацијата ќе ја вршат стручни лица, во мали и ефикасни тимови, по однапред утврдени јасни и транспарентни критериуми.

## НАМАЛУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ ТОВАР НА ТУРИСТИЧКИТЕ РАБОТНИЦИ

Во рамки на државниот проект за целосна дигитална трансформација, ќе ги намалиме административните процедури и во туризмот. Воведуваме напредни е-услуги кои ќе овозможат полесна комуникација на чинителите во туризмот со јавната администрација, а со тоа и зголемување на продуктивноста и ефикасноста во работата.

# ПОБОГАТА ТУРИСТИЧКА ПОНУДА

Со развојот на туристичката инфраструктура, структуриран развој на производи со поголема додадена вредност и развој на посебни форми на туризам, ќе создадеме услови за порамномерен и одржлив развој на туризмот. Развојот на нова и унапредувањето на постојната јавна инфраструктура ќе бидат насочени кон стимулирање на развојот на урбаниот, здравствениот и активниот туризам, како и валоризација на гастрономската и енолошката понуда, како најпрепознатлив знак за Македонија.

## УРБАН ТУРИЗАМ

Урбаниот туризам (City Break) е најбарана форма на туризам во глобални размери. Искористувајќи ги македонските културни и урбанистички квалитети и целогодишните настани во урбаните центри, ќе поттикнеме форми на развој на урбаниот туризам.

## РУРАЛЕН ТУРИЗАМ

Преку истражување и мапирање на туристичките потенцијали на руралните средини и обуки за локалните жители, го поттикнуваме интересот за препознавање на потенцијалите за развој на руралниот туизам. Тоа ќе донесе значајни економски бенефити за граѓаните во овие средини.

## ЕТНОТУРИЗАМ

Преку развој и промоција на етнотуризмот, основните карактеристики на народот, културата, наследството и националната кујна ги доближуваме до туристите. Го искористуваме потенцијалот и стимулираме промоција на етнолошките локалитети, винариите и винските патишта во Македонија.

## ЗИМСКИ ТУРИЗАМ

Ќе посветиме особено внимание на развојот на зимскиот туризам, кој ќе се фокусира на создавање разновидни активности на отворено, промовирање културни и спортски настани, како и подобрување на инфраструктурата во нив, сè со цел зголемување на бројот на посетители во текот на целата година. Ќе посветиме внимание на атрактивните зимски центри (Крушево, Попова Шапка, Маврово, Пелистер, Галичица, Поникva и сите останати) со можност за зголемен број на туристи.

## ПЛАНИНСКИ ТУРИЗАМ

Ќе ги мапираме и ќе ги промовираме планинските врвови (особено највпечатливите на Кораб, Шар Планина, Кожуф, Баба, Ниџе, Јакупица и Беласица), и велосипедските патеки, а ќе изработиме и апликативен софтвер за планинарски патеки, ќе извршиме мапирање на планинарските домови и ќе поддржиме планински спортови.

## ЕЗЕРСКИ ТУРИЗАМ

Започнуваме со засилена промоција на трите најголеми езера Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, како и спроведување на програми за заштита, уредување, развој и збогатување на содржините и на другите езера: Крушевско, Велешко, Беровско, Тиквешко и Мавровско Езеро.

## ТРАНЗИТЕН ТУРИЗАМ

Ќе ги збогатиме содржините по должината на меѓународната рута Е-75, која ја користат голем број патници што транзитираат низ Македонија. По должината на автопатот ќе поставиме информативни пунктови со препораки за по-

сета, совети и информации за туристичките вредности, со цел туристите што повеќе да се задржат во некои од попатните станици во државата.

## АВАНТУРИСТИЧКИ ТУРИЗАМ

Со цел засилена промоција на авантуристичкиот туризам ќе се поврземе и вмрежиме со водечките туроператори за авантуристички туризам. Во Крушево, Маврово, Шар Планина, Демир Капија, Смоларските Водопади, Пониква, Беласица, Прилеп и Мариово ќе поддржиме организација и промоција на параглајдинг, јавање коњи, возење со кајаци на диви води, џип-сафари, со што ќе ја збогатиме туристичката понуда и ќе креираме нови туристички производи.

## ОХРИД НА СВЕТСКАТА МАПА

Со сеопфатни инфраструктурни инвестиции, ќе го позиционираме Охрид на мапата на светски центри за конференциски (MICE) туризам за организација на меѓународни конференции и бизнис-настани. Во претстојниот период ќе промовираме и туристички содржини за Охрид, кои овозможуваат 365 дена туризам во сите форми и облици.

## ЖИЧНИЦА ОД СКОПЈЕ ДО СРЕДНО ВОДНО

Ќе ја започнеме втората фаза на реализацијата на проектот Жичница на Водно, започнувајќи од подножјето на парк шумата. Со овој проект се зголемува туристичкиот потенцијал на Водно и Скопје, посетеноста на парк шумата, а се намалува фреквенцијата на автомобили кои се движат во ова заштитено подрачје.

## МЕЃУНАРОДНА ТУРИСТИЧКА ЗОНА

За да постигнеме туризам во 365 дена од годината, ќе иницираме разговори со Албанија и Грција за оформување на заедничка туристичка зона помеѓу трите држави, во реонот на Охридско, Преспанско и Костурско Езеро и постојните и потенцијално нови скијачки центри.

## ОПЛЕМЕНУВАЊЕ НА ПРОСТОРИТЕ НА ЛОКАЛИТЕТИТЕ КОКИНО, КУКЛИЦЕ, ЦОЦЕВ КАМЕН, ГОВРЛЕВО И КУРБИНОВО

Македонија има локалитети што имаат огромно културно значење кои претставуваат своевидна туристичка атракција. Во таа насока, потребно е подобрување на инфраструктурниот пристап до овие локалитети и поставување на туристичка сигнализација.

## ЛОВЕЧКИ ТУРИЗАМ

Ќе го преобмислиме концептот на ловство во Македонија – ловството ќе прерасне во еден од приоритетните економски аспекти на туризмот. Преку промоција на одржливи практики за лов, ќе го нагласиме одговорното управување со дивечот, безбедноста на ловот и напорите за зачувување на животната средина. Ќе посветиме внимание на поддршка на риболовците и риболовните здруженија, заради промоција на овој популарен спорт.

## БАЊСКИ ТУРИЗАМ

Ќе ги промовираме постојните бањски центри во Македонија. Во соработка со приватниот сектор ќе ја подобриме инфраструктурата до бањските центри и ќе стимулираме зголемување на бројот на легла, спа центри, како и развој на здравствениот и спортскиот туризам.

## СОВРЕМЕН КАМПИНГ ТУРИЗАМ (GLAMPING)

По примерот на бројни европски кампинг дестинации, кај приватниот сектор ќе го поттикнеме воведувањето на висока удобност и услуги во камперските зони, ловиштата, одморалиштата кои традиционално не биле вклучени во кампувањето.

# ПРОМОВИРАН ТУРИЗАМ – РАЗВИЕН ТУРИЗАМ

Маркетиншката стратегија за промоција на Македонија како атрактивна туристичка дестинација, ќе биде дел од Националната стратегија за туризам, операционализирана врз конкретна временска динамика, која ќе вклучува спотови на светските медиуми, како и подготовка на промотивен материјал во согласност со националните туристички приоритети на државата.

Во наредните четири години ќе ги мапираме и ќе поставиме ознаки за туристичките локалитети на главните патишта во државата согласно со светските стандарди.

## ОДМОРАМ ВО МАКЕДОНИЈА

Ќе изработиме сеопфатна програма за промовирање на домашните туристички и угостителски капацитети за македонските граѓани, како и активирање на младински патувања и патувања за пензионери со цел зголемување на посетеноста на домашните туристички места.

## ЕЛЕКТРОНСКО ПРИЈАВУВАЊЕ НА ТУРИСТИ

Туристите ќе се пријавуваат електронски преку поврзан систем: сместувачки капацитети – МВР - општини, со цел реално следење на бројот на туристи, местото каде што престојуваат, должината на престој и сл. На тој начин подобро ќе се следат параметрите и ефектите од туризмот врз економијата и ќе се креираат соодветни идни стратегии засновани на релевантни параметри.

## ОЛЕСНУВАЊЕ НА ВИЗНИТЕ БАРИЕРИ

Со цел да стимулираме посетители на кои им е потребна виза за влез во државата, неопходно е да се преземат мерки за забрзување на процедурите и олеснување на начинот за добивање на туристички визи за влез во Република Македонија.

## МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА ЗА ТУРИЗАМ

Во рамки на програмата за целосна дигитализација на услугите, ќе ја дигитализираме туристичката понуда. Домашните и странските туристи, преку апликацијата ќе можат да се запознаат со потенцијалите на Македонија, да ги добијат најважните информации за туристичките локалитети и знаменитости и самостојно да си ја креираат туристичката рута.

## САЕМ ЗА ТУРИЗАМ

Ќе поддржиме организација на меѓународен саем за туризам кој ќе ги промовира севкупните туристички потенцијали на Македонија. Ќе поттикнеме учество на меѓународни саеми за туризам.

## ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИ ПОДРАЧЈА

Преку проектни фондови во соработка со локалните самоуправи ќе се овозможи заживување на недоволно развиените локалитети во државата, како што се Виа Егнација, Скопскиот аквадукт, Девина кула и пештерата Пешна во Македонски Брод, Мариово, Зовички мост во Новаци, амфитеатри, антички градови, неолитски населби итн.

# ТУРИСТИЧКИТЕ РАБОТНИЦИ НА ПРВО МЕСТО

## ПОДОБРУВАЊЕ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ТУРИЗМОТ

Преку практичната работа во средните училишта, соработка со компании од стопанството, модернизација и подобрување на квалитетот на наставните програми, ќе работиме на намалување на јазот помеѓу образованието и работодавачите во областа на туризмот. Во таа насока, ќе го ревидираме работењето на практичното образование во областа на туризмот и ќе разгледаме можности за воведување дуално образование.

## СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ЕДНОГОДИШНИ СТУДИИ ЗА ТУРИЗАМ

Со цел подигнување на интересот за специфични научни гранки, како и збогатување на кадарот кој се занимава со туризам, ќе поттикнеме создавање специјалистичка студиска група за работа во култура за туристички цели, опфаќајќи теми како што се археологија, етнологија, историја на уметност, историја и сл.

## ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ВОДИЧИ И ПРИДРУЖНИЦИ

Секторите во новото Министерство ќе работат на поддршка при ревидирање на програмите за обука и полагање за лиценцирањето на туристички водичи и придружници на факултетите, објективни критериуми за лиценцирање, како и институционализација на издавањето на сертификати и лиценци за туристички водичи и придружници пред стручна комисија.

# ДИЈАСПОРАТА – НЕРАСКИНЛИВ ДЕЛ ОД МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ТКИВО

Македонската дијаспора е нераскинлив дел од македонскиот народ и од македонската држава. Република Македонија е матична држава за сите Македонци кои живеат надвор од нејзините граници. Економските и политички услови на Балканот во повеќе децении наназад беа причина за создавање на огромна дијаспора од Македонија во европските и во прекуокеанските земји. Неуспешните политики во последните неколку години, таа дијаспора, за жал дополнително ја зголемија.

Република Македонија ќе посвети многу поголемо внимание кон негување на врските и грижа за унапредување на положбата и правата на Македонците надвор од државата.

Забрзаната глобализација, подобрените комуникации и сообраќајни конекции отвораат нова шанса за интеграција на македонската дијаспора во секојдневните предизвици, потреби и шанси на Република Македонија.

Владата на ВМРО–ДПМНЕ ќе отвори ново поглавје на однос и политики кон македонската дијаспора. За нас од исклучителна важност е подобрување на присуството на Република Македонија секаде каде што постои македонска дијаспора, зголемување на комуникацијата и соработката помеѓу различните организации на Македонците низ светот.

## НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ДИЈАСПОРАТА

Ќе создадеме Национална стратегија за соработка со дијаспората, проследена со акциски планови за нејзина реализација. За првпат јасно ќе се идентификуваат визијата и стратешките цели, начелата и принципите, опсегот и насоките на дејствување. Ќе ги идентификуваме сите формални и неформални групи и организации кои себеси се идентификуваат како дијаспора од Македонија, начините на соработка со нив и принципите на градење на доверба.

## ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА РЕЦИПРОЦИТЕТ ПО ПРАШАЊЕТО НА МАЛЦИНСКИТЕ ПРАВА

Во новиот состав на Собранието на Македонија, ВМРО-ДПМНЕ ќе предложи „Декларација за реципроцитет по прашањето на малцинските права“. Со овој

документ, Македонија на принципиелна и реципроцитетна основа ќе даде мотив и енергија во меѓусоседските односи за поголема соработка на ова поле и воедно ќе им помогне на Македонците во европски дух да продолжат да ја практикуваат својата препознатлива култура и традиција.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНЗУЛАРНИТЕ УСЛУГИ ЗА ДИЈАСПОРАТА

Преку подобрување на работата на целокупната мрежа на дипломатско-конзуларните претставништва ќе го унапредиме квалитетот и бројот на конзуларните услуги за македонските државјани со цел ефикасно остварување на нивните социјални и граѓански права.

Поголем дел од конзуларните услуги ќе ги дигитализираме и со тоа ќе ги направиме многу подостапни за државјаните на Република Македонија. Ќе направиме интегриран систем во Министерството за надворешни работи, кој ќе можат да го користат сите заинтересирани лица без разлика каде живеат.

## ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ДИЈАСПОРАТА

Владата предводена од ВМРО–ДПМНЕ ќе изврши мапирање на сите формални и неформални групи и здруженија во дијаспората. Ќе воспоставиме принципи и правила за редовна и интензивна комуникација.

Ќе стимулираме и ќе поддржуваме соработка помеѓу здруженијата на Македонците без разлика на нивното верско, идеолошко или географско потекло од Македонија во насока на градење на единство и нивно зближување.

## СОВЕТ ЗА ЕКОНОМСКА ДИПЛОМАТИЈА

Со цел искористување на севкупниот потенцијал на македонските иселеници, ќе извршиме мапирање на сите Македонци и граѓани на Република Македонија во светот кои се наоѓаат на влијателни работни места и извршуваат високи позиции во своето поле на работа. Владата силно ќе се залага за нивно вклучување во надворешната дипломатска и економска политика на Македонија.

Ќе формираме Совет за економска дипломатија во рамки на Министерството за надворешни работи, во кој, покрај другите, ќе бидат вклучени македонските стопанственици и менаџери низ светот. Целта на овој совет е да ги истражи можностите за инвестирање, да поттикнува партнерства, да ја промовира трговијата и да ја зголеми размената на знаења и искуства.

## СОВЕТ ЗА НАУЧНА ДИПЛОМАТИЈА

Една од задачите на дипломатско-конзуларните претставништва ќе биде мапирање на научници и експерти од македонската дијаспора кои би станале дел од македонскиот Совет за научна дипломатија.

Советот ќе има за цел вмрежување на научните потенцијали и нивно насочување кон идеи и проекти за подобрување на севкупните состојби во Република Македонија, посебно во делот на образование, технологија и дигитализација, економија и бизнис.

## ДРЖАВНИ СТИПЕНДИИ ЗА НАЈДОБРИТЕ СТУДЕНТИ

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе обезбеди зголемен обем на државни стипендии за најдобрите студенти Македонци од дијаспората и соседството. Овие стипендии ќе бидат наменети за додипломски и постдипломски студии на државните универзитети во Македонија.

## БЕСПЛАТЕН ДИГИТАЛЕН КУРС ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Со цел промоција на македонскиот јазик во светот, но и помош на граѓаните кои потекнуваат од Македонија, а сакаат да го учат македонскиот јазик, ќе пристапиме кон изработка на сеопфатен дигитален курс за изучување на истиот. Бесплатниот дигитален курс ќе биде изработен по најсовремените методолошки практики и ќе биде достапен електронски до секој заинтересиран. Овој дигитален курс ќе биде адаптиран и за оние Македонци кои многу малку или воопшто не го познаваат македонскиот јазик.

## НОВИ КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВНИ ЦЕНТРИ

Потребно е формирање на нови културно-информативни центри во соседството, низ поголемите центри во Европа и светот заради зацврстување и промоција на македонската уметност, култура и особености. Ова е особено важно на местата каде што живее многубројна македонска дијаспора.

Ќе ги разгледаме можностите и потенцијалите за отворање вакви центри преку соработка со здруженија од македонската дијаспора.

## МРТВ – ПРОЗОРЕЦ КОН МАКЕДОНИЈА

Македонската радио телевизија ќе биде поддржана да ги гради и да ги развива своите капацитети како дигитален информативен простор и за македонската дијаспора. Во таа насока ќе поддржиме:

- Онлајн платформи преку кои ќе биде достапна програмата и архивите на сите канали на МРТВ со превод на регионалните балкански јазици и светски јазици во согласност со потребата;
- Создавање и поставување на апликации за мобилни уреди на кои би биле поставени голем дел од програмите и продукцијата на МРТВ; и
- Нов дигитален програмски сервис на Македонско радио - насочен кон Македонците кои живеат во регионот и дијаспората.

# СПОРТОТ: НАЦИОНАЛНА ГОРДОСТ

Нашите спортисти се современи херои. Спортот отсекогаш ја обединувал нацијата, а успесите во индивидуалните и колективните спортови носат заедничка национална гордост. Повеќе од само игра, спортот ги надминува разликите во јазиците, етничката припадност и социјалните бариери. На спортските терени, сведоци сме на успехот на тимската работа, моќта на индивидуалниот талент и упорноста која носи победа.

Занимавањето со спорт од најрана возраст промовира физичка и ментална стабилност, учи на добри животни вештини како дисциплина и тимска работа и поттикнува чувство на победа што ги прави младите поуспешни во понатамошниот живот. Меѓународниот успех на нашите спортисти влијае како своевиден амбасадор на македонската држава, покажувајќи ги нашиот талент, решителност и посветеност.

Владата на ВМРО-ДПМНЕ силно ќе инвестира во спортска инфраструктура за врвни успеси, но и ќе поттикнува вклученост на децата и младите во постојан спортски ангажман. Тоа ќе донесе нови успеси во македонскиот спорт. Нашите цели во четиригодишниот мандат се:

- Можност за секое дете да се занимава со спорт;
- Нашите репрезентации постојано да се присутни на меѓународните спортски натпреварувања;
- Спортската инфраструктура да е модернизирана и достапна;
- Да се негува културата на спортски дух и ферплеј.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТОТ

### СПОРТСКИ ДЕНАР: 50 МИЛИОНИ ЕВРА ДИРЕКТНА ПОДДРШКА ЗА СПОРТОТ

Спортот ќе го добие финансиското внимание кое го заслужува.

Ќе издвоиме по 1 денар од секој литар наточено дизел гориво кое директно ќе биде наменето за спортот. На годишно ниво со овој износ на средства ќе се обезбеди зголемување на државното инвестирање во спортска инфраструктура, поддршка на професионалниот и масовен спорт, континуирана едукација на наставниот кадар во училиштата и спортските работници и вложувања во науката за спорт.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ

Ќе формираме ново Министерство за спорт. Преку трансформација на Агенцијата за млади и спорт, која ќе прерасне во министерство, тоа исклучиво ќе се занимава со надлежности од спортот кои ќе опфаќаат професионален и масовен спорт, практикувањето на спортот во училиштата, спортската инфраструктура, рекреативниот спорт, како и останати области.

Во рамки на Министерството се предвидува отворање на посебен сектор за управување со спортска инфраструктура кој ќе треба да направи регистар на сите спортски објекти, како и проценка за состојбата во која се наоѓаат. Сите државни спортски објекти ќе бидат под надлежност на Министерството.

Ќе ги ревидираме сите концесии поради кои спортските сали се запуштени и неупотребливи.

## НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА

Владата на ВМРО–ДПМНЕ ќе донесе долгорочна Национална стратегија за спорт со цел јасно идентификување на состојбата во спортот и проблемите со кои моментално се соочуваат спортистите и спортските субјекти во државата. Стратегијата ќе ги дефинира областите на делување и приоритетите со посебен акцент на спортовите во кои се бележат значајни резултати. Со донесувањето на Стратегијата ќе се утврдуваат и програмите за развој на спортот на локално и национално ниво, како и обврските и задачите на јавните институции и носители на спортски програми во остварувањето на поставените спортски и развојни цели.

Националната стратегија, покрај професионалниот спорт и спортските клубови, ќе посвети внимание на масовниот спорт и спортот помеѓу најмладите.

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА И СТИМУЛАЦИИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СПОРТ

Владата предводена од ВМРО–ДПМНЕ ќе предложи нов Закон за спорт, кој ќе има за цел јасно дефинирање на правата и обврските на спортските субјекти, начин на финансирање, надлежности над спортските објекти, награди и признанија, училиштен и универзитетски спорт, како и надзор над работата на организациите од областа на спортот.

Со новиот Закон за спорт точно ќе ги дефинираме начинот и висината на финансирањето во спортот со јасно утврдени критериуми согласно со степенот на натпреварувањето, постигнатиот резултат и категорија и со праведно вреднување на резултатите. Посебно внимание ќе посветиме на стимулирање на отворање на спортски школи за деца, обука и лиценцирање

на спортски работници, набавка на современа спортска опрема и зголемување на бројот на гледачи на натпревари. Ваквите критериуми ќе овозможат транспарентно и објективно доделување на финансиските средства во спортските федерации и спортските клубови.

## ЗГОЛЕМЕНА СОРАБОТКА СО ФЕДЕРАЦИИТЕ

Ќе предвидиме финансиски средства за поврзување на науката со спортот, како и меѓународно лиценцирање на спортски работници и ангажман на спортски работници од странство за да го пренесат своето знаење. Дополнително, за федерациите и клубовите ќе овозможиме трансфер на знаење со домашни и меѓународни професионалци во областа на спортскиот менаџмент, маркетинг и други области кои се неопходни за да се подигне нивото на функционирање на спортските клубови во државата.

Министерството за спорт ќе работи заедно со федерациите со цел почитување на Конвенцијата за борба против допингот, како и едуцирање на спортистите за негативните последици од користењето допинг.

# ВАЖНИ НИ СЕ СПОРТИСТИТЕ

## СПОРТСКИ СТАЖ

Ќе овозможиме сите спортисти што ќе докажат дека во минатото биле професионални спортисти, под одредени услови да го откупат стажот за да остварат право на пензија. За оние што во моментов се активни спортисти ќе разгледаме различни модели за уплаќање на надоместоците за пензиско осигурување.

## ВРВНИТЕ СПОРТИСТИ ЗГРИЖЕНИ ОД ДРЖАВАТА

Предвидуваме вработување на успешните индивидуални спортисти во јавниот сектор (армија, полиција или друга институција) за да имаат сигурно вработување додека се активни спортисти и потоа. Меѓу другото, придобивка би било што тие би работеле на унапредување на спортот и физичката активност во овие институции.

## ПОДДРШКА НА УСПЕСИТЕ

Ќе го унапредиме моменталниот модел на поддршка на нашите спортски амбасадори кои достојно нè претставуваат и постигнуваат врвни успеси на меѓународни натпреварувања. Покрај спортистот, нема да биде заборавен и стручниот тим што го подготвува спортистот и токму затоа предвидуваме континуирана и долгорочна финансиска поддршка за успешните стручни тимови.

Исто така Владата предводена од ВМРО–ДПМНЕ по првпат ќе ги валоризира и постигнатите резултати на учениците од училишниот спорт на официјалните меѓународни првенства и постигнатите резултати на студентите од универзитетскиот спорт на меѓународни првенства.

## СПОРТ ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ

Се обврзуваме до крајот на мандатот во 2028 година да обезбедиме соодветни услови за одржување на физичко образование во секое основно и средно училиште што ќе придонесе за подобар психофизички развој кај децата. Дополнително, преку програми за поддршка на спортските клубови ќе стимулираме што повеќе деца да се вклучат активно во професионални спортски активности.

За децата што се талентирани, а доаѓаат од семејства што немаат доволно финансиски средства, државата ќе субвенционира месечна членарина во спортските клубови.

## УЧЕНИЧКИ СПОРТСКИ ЛИГИ

Владата на ВМРО–ДПМНЕ преку Министерството за спорт и Министерството за образование и наука, а во соработка со општините, основните и средните училишта и спортските федерации ќе организира и ќе поддржи одржување на општински, регионални и државни лиги и куп натпреварувања во четирите најпопуларни колективни спортови во Македонија (фудбал, кошарка, ракомет и одбојка).

Најдобрите училишта и натпреварувачи ќе добијат ваучери за спортска опрема и стипендии.

## ВКЛУЧЕНОСТА НА ЖЕНАТА ВО СПОРТОТ

Ќе посветиме посебно внимание за зголемување на вклученоста на жените и девојчињата во професионалниот и рекреативен спорт. Ќе предвидиме дополнителна финансиска поддршка за спортските клубови што ќе го овозможат тоа. Континуирано ќе се спроведуваат мерки за промоција на женскиот спорт и на остварените спортски резултати.

## ПРОГРАМИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ПЕНЗИОНИРАНИ СПОРТИСТИ

Во соработка меѓу Министерството за спорт и Агенцијата за вработување ќе предвидиме обуки за преквалификација и доквалификација на поранешните спортисти. На овој начин ќе овозможиме професионалните спортисти по завршувањето на нивната играчка кариера да можат лесно да се вклучат на пазарот на труд.

# НАЈСОВРЕМЕНА СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

## НАЦИОНАЛЕН СПОРТСКИ ЦЕНТАР „МЕТОДИЈА АНДОНОВ ЧЕНТО“

Се обврзуваме во текот на следниот мандат да изградиме вистински национален спортски центар кој ќе опфаќа:

- фудбалски стадион;
- изградба на голема спортска сала со капацитет од неколку илјади гледачи и повеќе помали сали согласно со потребите на колективните и индивидуалните спортови;
- административен простор за вселување на спортските федерации во соодветни капацитети;
- конференциски сали, фитнес сали и останати простории согласно со потребите на федерациите и спортистите;
- во соработка со Министерството за здравство ќе ја разгледаме можноста за сместување на Институтот за спортска медицина во рамките на овој спортски комплекс;
- Спортски музеј.

## ДОСТОИНСТВЕНА СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

По спроведениот попис на спортската инфраструктура, Министерството за спорт ќе направи план за санација на подовите, реконструкција на салите и енергетско ефикасна рехабилитација на спортските сали во кои се игра врвен спорт.

Министерството за спорт ќе изготви инфраструктурен план и повеќегодишна стратегија за изградба на спортски објекти во оние градови во коишто ќе се утврди недостаток.

Во соработка со надлежни организации предвидуваме модернизација на повеќе фудбалски стадиони низ државата.

Предвидуваме завршување и пуштање во употреба на базенот во Охрид.

## СПОРТСКИ КОМПЛЕКС БИТОЛА

Во соработка со локалната самоуправа, а врз основа на потребите на Битола и регионот, предвидуваме изградба на повеќенаменски спортски комплекс во Битола. Овој комплекс ќе опфаќа спортска инфраструктура која е неопходна, а не е изградена досега.

## СПОРТ НА ОТВОРЕНО

Во соработка со општините ќе направиме план за годишни вложувања во спортски терени на отворено, кои ќе бидат достапни за сите граѓани. Во рамки на овој проект се предвидени изградба на фитнес зони, тартан патеки за трчање, игралишта за тимски спортови и останата инфраструктура која ќе биде достапна за сите и во секое време.

## ПЛАНИНАРЕЊЕ

Министерството за спорт во соработка со планинарските здруженија и федерацијата за планинарење ќе изготви акциски план за популаризирање на рекреативното планинарење во Македонија.

Ќе се преземаат активности за означување и маркирање на најфреквентните планинарски патеки. Во соработка со планинарските здруженија ќе се направи анализа и инфраструктурен план за реконструкција на постојните планинарски домови. Ќе создадеме услови планинарските здруженија и други заинтересирани субјекти, под строги услови, да можат да изградат нови планинарски домови.

## СПОРТ ДОСТАПЕН ЗА СИТЕ

Министерството за спорт ќе постави рампи со цел олеснување на пристапот до спортските објекти за сите лица со попречености.

Во рамки на националниот спортски центар ќе биде изградена поливалентна сала за лицата со попреченост во која ќе можат да се практикуваат повеќе спортови.

Министерството за спорт ќе даде дополнителна поддршка за оние спортски клубови коишто во својата работа ќе опфатат и лица со попречености.

Предвидуваме и финансиска поддршка за подготовки на поголем број лица со попречености за Специјалната олимпијада и вклучување во организација на повеќе домашни и меѓународни натпреварувања за овие лица.



# VI. ПРАВА И СЛОБОДИ

# ЖЕНАТА – ЦЕНТАР НА МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО

Еднаквоста на жените и мажите е основно човеково право, суштински елемент на демократијата и императив на социјалната правда. Во денешните општества нееднаквостите меѓу жените и мажите опстојуваат како на политичко, економско, социјално, културно, така и на сите други полиња. Еднаквоста помеѓу граѓаните, независно од полот, е темелна вредност чие постигнување има огромни социо-економски ефекти. Зајакнувањето на позицијата на жените води кон просперитетна економија, поттикнување на продуктивноста и економски раст.

Во Република Македонија, според Уставот, граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, имотната и општествената положба. Во таа насока, потребно е подигање на свеста на граѓаните за препознавање на нееднаквоста помеѓу половите и делување во насока на остварување на правата на жените, со цел отказите поради бременост, помалку платениот труд, мобингот и насилството да останат во минатото.

ВМРО-ДПМНЕ е фокусирана на зајакнувањето на позицијата на жената во секој сегмент на општественото дејствување, како потребна основа за просперитет и одржливост, затоа што силни жени значат силно општество. Ќе креираме и ќе промовираме мерки и политики за вработување и самовработување со цел економско јакнење на жените преку проекти за развој на женското претприемништво.

Нашата визија е жена свесна за нејзината општествена улога, заштитена од секаков тип насилство, едуцирана, економски самостојна, почитувана и среќна.

## ПРОТИВ НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ

Нашата цел е воспоставување на нулта толеранција за различните облици на насилство на кои се изложени жените. Во оваа насока активно ќе ги поддржиме мерките за заштита на жените жртви на насилство, ќе се заложиме за подобрување на пристапот до специјализирани сервиси за поддршка на сите жени и нивните деца, за зголемување на бројот и подобрување на квалитетот на сервисите за поддршка.

## ЦЕНТРИ ЗА ПОДДРШКА И ЗГРИЖУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО

Оваа мерка предвидува отворање нови десет центри за згрижување и поддршка на жени жртви на полово базирано насилство. Ќе ги прилагодиме и ќе ги зајакнеме критериумите за професионални работници кои обезбедуваат услуги за жени жртви на насилство со воспоставен систем на лиценцирање на давателите на услуги за специјализирани сервиси за полово базирано насилство. Ќе формираме мултисекторски општински тимови кои постапуваат според предвидениот модел за пријава на случаи на различни форми на насилство.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ПРОФЕСИОНАЛЦИ КОИ РАБОТАТ СО ЖЕНИ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО

Меѓуресорна група на Владата ќе работи на заштита на жената од сите форми на полово базирано насилство и жртвите на семејно насилство преку зајакнување на законската регулатива, преку посилна и редовна координација на државните и локалните институции и невладините организации, како и преку доследна имплементација на потпишаните меѓународни договори, конвенции и резолуции за човековите права и заштита од насилството врз жената.

Ќе создадеме простор за доедукација и обука на професионалци кои ќе работат исклучиво само на полето на давање поддршка на жените кои се жртви на секаков вид насилство.

## НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО НАСИЛСТВО ВО УЧИЛИШТАТА

Ќе направиме ревизија и подобрување на програмите за советување на родители и ученици во основно и средно образование за процедури за постапување во случаите на насилство врз жени и девојчиња, врсничко насилство и вознемирување и силеџиство (булинг).

Ќе работиме на зголемување на капацитетот на педагошко-психолошките служби во училиштата.

# ПОДДРШКА НА ЖЕНАТА ВО СЕМЕЈСТВОТО

## СТИМУЛАТИВНИ МЕРКИ ЗА РОДИЛКИ

Потребно е да се стимулираат работодавачите кои овозможуваат флексибилно работно време и работа од дома. Со оваа мерка на мајките би им се овозможило подобро да ги усогласат своите семејни и деловни обврски. Идејата е преку континуиран дијалог со работодавачите, синдикатите и државните органи да се најдат афирмативни можности за реализација на оваа мерка.

## ПОСЕБНИ ПРАВА И ПРОГРАМИ ЗА БРЕМЕНИ ЖЕНИ И ДОИЛКИ

Ќе едуцираме здравствен кадар за препознавање на ризик факторите кои можат да доведат до постнатална депресија, со цел рано препознавање, превентивно делување и третман на мајките со ризик. Истовремено, ќе воспоставиме програма за психолошко советување на жените во текот на целата бременост.

# ЈАКНЕЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА НЕЗАВИСНОСТ НА ЖЕНИТЕ

## ЕДНАКВОСТ НА ПЛАТИТЕ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ

Преку социјален дијалог ќе работиме на намалување на разликите во платите помеѓу мажите и жените, преку воспоставување неутрален план за класификација на занимањата во кои доминираат работничките. Ќе работиме на воспоставување на објективни критериуми за напредување во кариерата.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЖЕНИ ЗЕМЈОДЕЛКИ

Многу мал процент од руралните жени се сопственици на имот и земјоделско земјиште, а најголема пречка и понатаму се традиционалните обичаи за наследување на имотот на мажи, како и неплатената работа во домаќинствата и семејните фарми.

Со цел да се зголеми вработеноста на жените во руралните средини, ќе се фокусираме на системско решение со кое жените земјоделки ќе можат да си го остварат правото на пензија и породилното отсуство.

## *КУРСЕВИ ЗА ПРЕКВАЛИФИКАЦИЈА И ДОКВАЛИФИКАЦИЈА ЗА ВЕШТИНИ ЗА САМОВРАБОТУВАЊА*

Оваа мерка предвидува развивање на планови и програми во рамките на активностите на Агенцијата за вработување за поголемо вклучување на жените од урбаните и руралните средини на пазарот на трудот, подготовка на годишни програми за женско претприемништво и континуирано зголемување на буџетите за оваа намена на годишно ниво.

## *ПОДДРШКА НА МАЈКИ НА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ*

Ќе посветиме особено внимание на раната дијагностика, на менаџмент со состојбата и на адекватна социјална заштита на мајките и децата. Дополнително, ќе се ангажираме за обезбедување дефектолози и логопеди во градинките и училиштата. Ќе поттикнуваме и ќе поддржуваме инклузивно образование, со индивидуализиран пристап кон потребите на секој ученик. Ќе ги поедноставиме административните постапки со што ќе ги олесниме условите за стекнување на законски утврдените права.

## *ОБРАЗОВАНИЕ ДОСТАПНО ЗА СИТЕ ДЕВОЈЧИЊА*

Преку системска меѓуресорна соработка, целосно ќе ги вклучиме во образовниот процес и оние млади девојки кои сè уште не се дел од истиот.

На младите девојки ќе им обезбедиме кариерно советување во училиштата за да ги поттикнеме на образование и професионална кариера во науките кои сè уште важат за помалку атрактивни за жените. За оваа цел предвидуваме промоција на атрактивноста на кариерите во повеќе области, предочување на предностите што ги нудат и дополнителни стипендии.

Ќе работиме и на обезбедување на поддршка од страна на семејството во оние средини каде истата недостасува.

# МАКЕДОНСКОТО ЗДРАВСТВО – ПОДДРЖУВАЧ НА ЖЕНИТЕ

Ќе обезбедиме достапна, ефикасна превентивна здравствена заштита заради спречување на малигните заболувања кај жените, права на пристап до соодветни здравствени услуги кои на жените ќе им овозможат безбедна бременост и породување, а на двојките ќе им ја дадат можноста да имаат здраво новороденче.

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА РЕПРОДУКТИВНОТО ЗДРАВЈЕ НА ЖЕНАТА

Едни од посериозните проблеми со кои се соочуваат жените се поврзани со ненавременото дијагностицирање и третман на одредени болести, пред сè поради недостаток на едноставни дијагностички процедури, асимптоматската природа на инфекциите и стигмата поврзана со нив.

Од тие причини, ќе обезбедиме универзален пристап до квалитетна здравствена заштита во целата држава, како и пристап до информации кај општата популација, а посебно кај социјалните ранливи групи на население за ХИВ/СИДА и други сексуално преносливи инфекции, за абортус, за инфертилитет, за малигни заболувања на дојка и матка.

# ВРЕМЕ НА МЛАДИТЕ

Младите се највредниот ресурс на секое општество. Вложувањето во младите е инвестиција во развојот на сегашноста и иднината. Младите поседуваат талент, креативност и желба да донесат промени. Идната Влада на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде силно посветена на создавање општество во која младите ќе можат да напредуваат.

Наместо празна реторика и ветувања, ВМРО-ДПМНЕ нуди визија за создавање на неопходни услови за младите од Македонија да градат иднина дома, нивно зајакнување преку образование и развој на вештини, поттикнување на младинското учество во процесите на донесување одлуки и промоција на претприемивоста и иновациите.

Ќе се посветиме на креирање современи наставни програми, обезбедување достојни услови за студирање и престој во студентските домови и подобрување на севкупниот студентски стандард. Ќе градиме силни партнерства меѓу образовните институции и приватниот сектор за да се создадат можности за стекнување работно искуство кај младите и нивно полесно вработување.

Преку програмите за вработување, самовработување и стартап иновативни компании ќе обезбедиме финансиски ресурси специјално прилагодени на младите. Ќе ги поддржиме и ќе ги промовираме иновативните иницијативи што поттикнуваат креативност и технолошки напредок. За првпат ќе ги препознаеме и ќе ги мотивираме фриленсерите, како категорија на лица што се самовработени и нудат услуги насекаде во светот.

## ЕКОНОМСКИ МЕРКИ ЗА МЛАДИ

### *70 000 НОВОВРАБОТЕНИ МЛАДИ ЛУЃЕ*

Приоритет на новата Влада е да обезбеди сигурни и добро платени работни места за младите луѓе во Македонија. Преку креирање на подобра бизнис клима, ќе се отвораат работни места со повисока додадена вредност, достапни за младите. За полесно вклучување на младите на пазарот на трудот, ќе ги унапредиме образовните програми во средното образование, но и во високото образование. Предвидуваме и обуки за доквалификација и стекнување на нови вештини за поголема вработливост на младите преку разни програми на Агенцијата за вработување. Оваа цел ќе ја постигнеме преку следните мерки:

- **ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД ЗА НОВОВРАБОТЕНИ МЛАДИ ЛИЦА ДО 29 ГОДИНИ:** Со оваа мерка предвидено е работодавачите да добијат ослободување од плаќање данок на личен доход по основа на плата за секое новоразботено младо лице од моментот на вработување до месецот кога лицето наврשува 29 години.

На овој начин работодавецот ќе биде мотивиран да вработува млади лица и со тоа да направи заштеда по основа на давачки кон државата;

- дополнителна поддршка за вработување на млади на возраст до 29 години кои се невработени подолго од 24 месеци.

## ЗАГАРАНТИРАНА ПОНУДА ЗА РАБОТА НА 500-ТЕ НАЈДОБРИ СТУДЕНТИ

Преку посебна програма на Агенцијата за вработување, секоја година 500 студенти со највисок академски успех од додипломските студии на јавните универзитети, ќе овозможиме да добијат понуда за работа во приватниот и во јавниот сектор.

## ХОНОРАРНА (PART-TIME) РАБОТА ЗА СТУДЕНТИ

Преку законски измени предвидуваме можност секој студент да работи на скратено работно време без да го изгуби статусот редовен студент и можноста да аплицира за стипендии. Целта е студентите да обезбедат практично искуство за време на студиите што ќе биде соодветно платено, но и ќе ги зголеми шансите за вработување на студентот по дипломирањето. Обврска на работодавачот е да обезбеди менторска програма, соодветен месечен надомест и да плати придонес за пензиско осигурување. Доходот по оваа основа ќе биде ослободен од оданочување.

## ВЕШТИНИ ЗА ПРОФЕСИИТЕ НА ИДНИНАТА

Во соработка со универзитетите и едукативни платформи ќе обезбедиме до 5 000 едногодишни обуки за напредни дигитални вештини согласно со потребите на домашните ИКТ компании.

Дополнително ќе предвидиме и кофинансирање за меѓународна сертификација на млади ИКТ професионалци со цел зголемување на продуктивноста на работниците преку зголемување на вештини што се бараат на глобално ниво.

## 5 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА НА МЛАДИ

Владата на ВМРО–ДПМНЕ ќе обезбеди пет милиони евра за претприемачки иницијативи на младите како сеопфатна програма за поддршка на младинското вработување. Ќе поддржуваме иновативни решенија и бизниси од полето на современите професии. Ќе воспоставиме советодавни услуги за младите што ќе започнат бизнис во полето на легислатива, финансии и даноци, административно работење, ИТ алатки, маркетинг и други соодветни програми за поддршка при започнување со сопствен бизнис.

## ДИГИТАЛНО ПОВРЗУВАЊЕ СО СВЕТОТ

Младите луѓе најмногу ги користат придобивките на Интернетот, глобализацијата и модерното доба, а главен извор на заработка за некои од нив се токму трансакции од странскиот пазар. Со цел легализирање на овие приходи и овозможување на дигитална инфраструктура за полесен пристап до меѓународните пазари, настојуваме да создадеме правна рамка за трговија со криптовалути, фриленс работење, како и воведување на глобални платежни процесори во Македонија.

## ДИГИТАЛНИ ИНОВАЦИСКИ ХАБОВИ

Ќе поддржиме формирање на младински иновативни центри со образовни и технички ресурси и простор за работа. Во рамки на овој проект предвидена е и поддршка за инкубатори и акцеларатори кои дополнително треба да помогнат за развој на иновативните стартапи да го освојат регионалниот и глобалниот пазар. Се надеваме дека во периодот што претстои корисниците на оваа мерка ќе креираат газели т.е. брзорастечки компании со приходи од неколку стотици илјади евра.

## МЛАДИНСКО ВОЛОНТИРАЊЕ ВО ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

Иницијатива за поттикнување волонтирање и практична работа во јавните институции за средношколците и студентите, преку што ќе се запознаат со работата на државните службеници и институции и притоа ќе се стекнат со потврда за работно искуство пред излегување на пазарот на трудот.

## Е-ВАУЧЕР ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ ОБУКИ И НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Кофинансирање на обуки преку систем на ваучер, на познати онлајн платформи за едукација за талентирани студенти, со посебен акцент на оние што се усовршуваат во дефицитарните професии.

## НОВА ГЕНЕРАЦИЈА ЗЕМЈОДЕЛЦИ

Нашата цел е во следниот мандат да имаме нови 5 000 млади земјоделци. За младите што сакаат да се занимаваат со земјоделство ќе предвидиме зголемена почетна финансиска поддршка, бонус поени при рангирање за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост и дополнително во секоја од мерките за финансиска поддршка ќе дадеме до 20% повеќе средства доколку апликантот е лице до 40 години. Се обврзуваме на активна поддршка преку таргетирање и советување на младите регистрирани земјоделци за користење на средства од ИПАРД и националните програми.

# МЛАДИНСКИ СТАНДАРД

## М – АПЛИКАЦИЈА ЗА МЛАДИНСКИ СТАНДАРД

Ќе изработиме мобилна апликација преку која сите млади ќе имаат можност да користат попусти за влез во театри, музеи, институции од областа на културата, јавен превоз (автобуски и железнички), спортски натпреварувања и други настани. Дополнително ќе соработуваме со приватниот сектор за воведување попусти за млади.

## БЕСПЛАТЕН ИНТЕРНЕТ ЗА МЛАДИ

Во ера на дигитални технологии достапноста на Интернетот не смее да се доведе во прашање. Затоа предвидуваме бесплатен безжичен Интернет за младите во сите студентски и ученички домови, библиотеки, читалници, младински центри и факултети. Дополнително во соработка со локалната самоуправа ќе се овозможи бесплатен Интернет на плоштадите и определени точки во урбаните средини, како и во домовите за култура и други јавни установи.

# ОБРАЗОВАНИЕ И ЕВРОПСКИ СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД

## МОДЕРНИ СТУДЕНТСКИ И УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ

Владата предводена од ВМРО–ДПМНЕ се обврзува дека ќе ги реновира сите студентски и ученички домови во државата за да имаат студентите достоинствени услови за живот во текот на годината. Составен дел на домовите е и мензата и токму затоа предвидуваме особено внимание на квалитетот на храната. Во рамки на студентските домови ќе биде заменет дотраениот мебел, ќе се направат фитнес зони, читалници и простории за културно-забавен живот.

## ДОСТОИНСТВЕН СТУДЕНТСКИ ОБРОК

Сметаме дека постојното решение со Законот за студентски оброк е неквалитетно и со бројни недостатоци. Токму затоа предвидуваме негова целосна промена, со зголемување на износот во текот на академската година за студентите. Нема да дозволиме средствата кои се наменети за студентите да не бидат искористени.

## 50 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА СТИПЕНДИИ ЗА СТУДЕНТИ И СРЕДНОШКОЛЦИ

Владата на ВМРО–ДПМНЕ во следниот мандат ќе обезбеди 50 милиони евра за стипендирање на средношколци и студенти. Ќе извршиме ревидирање и реприоритизација на постојните програми и критериуми за доделување на стипендии со цел да обезбедиме можност стипендиите да се добиваат врз база на реални резултати и реални потреби. Ќе работиме на крерирање на дигитална платформа за аплицирање за стипендии.

- За дефицитарните и високоплатените професии ќе обезбедиме целосни стипендии за студирање;
- Намалување на партиципацијата за 50% за сите студенти до 25 години, кои се родители;
- Стипендии за учениците што ќе постигнат резултати на светска олимпијада, меѓународен, државен натпревар во знаење по различни предмети.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА Е-БИБЛИОТЕКИ НА ФАКУЛТЕТИТЕ

Ќе иницираме и ќе поддржиме целосна дигитализација на факултетските библиотеки на државните факултети со цел да се овозможи постојана достапност на наставните материјали и други стручни трудови за сите студенти.

## КАРИЕРНИ ЦЕНТРИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

Предвидуваме отворање нови кариерни центри во рамки на државните универзитети и средните училишта каде што сè уште не се отворени, како и модернизација и поголеми вложувања во постојните кариерни центри. Кариерните центри ќе ги поврземе со Агенцијата за вработување, со што би се доближиле информациите до студентите, учениците и до нивните родители.

## ЧИТАЛНИЦИ И БИБЛИОТЕКИ

Во соработка со единиците на локална самоуправа и други надлежни институции, Владата преку меѓуресорна соработка ќе изврши реновирање и модернизирање на повеќе библиотеки и читалници во државата. Ќе работиме на обновување и зголемување на книжевниот фонд.

# МЛАДИНСКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ

## *ФОКУС НА МЛАДИ*

ВМРО–ДПМНЕ ќе предложи до Собранието реорганизација на надлежностите на неколку министерства. Ќе предложиме сегментот за млади да добие секторско значење и приоритизација во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Во рамки на новото министерство ќе се формира и центар за истражување на младински прашања, кој, меѓу другото, ќе има за цел да ја следи имплементацијата на оперативните планови што ќе произлезат од Националната стратегија за млади.

## *МЛАДИНСКИ ЦЕНТРИ НИЗ ЦЕЛА МАКЕДОНИЈА*

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ преку дополнителна иницијатива ќе се заложи и ќе поддржи отворање на младински центри во повеќе градови во Македонија. На овој начин ќе се обезбедат услови за младите луѓе да користат простор во којшто ќе се одржуваат најразлични едукативни програми и настани од интерес за младите.

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СЛОБОДНИ МЕДИУМИ

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Транспарентноста на државните институции е врвен приоритет на ВМРО-ДПМНЕ како основа за градење на демократски и отчетен државно-политички систем. Превентивната улога на транспарентноста во работата на институциите е еден од механизмите за подобрување на нивната работа, како во насока на зголемување на нивната ефикасност, така и во насока на намалување на можностите за каква било форма на злоупотреби и корупција.

### ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СОБРАНИЕТО

Ќе воведеме можност за континуирано следење на сите активности на Собранието на Република Македонија во живо на online платформа (седници, седници на комисиите, надзорни и јавни расправи и друго).

Ќе креираме и база на видеозаписи од работата на Собранието и неговите работни тела кои ќе бидат достапни на онлајн платформа за сите граѓани и за сите претставници на медиумите, медиумските организации, научни институции, граѓански организации и слично.

Ќе работиме на подобрување на Интернет порталот на Собранието со цел лесно и адекватно да може да се стапи во контакт со институцијата и со пратениците, да се следи постапката за различни законодавни или надзорни инцијативи, да може да се пронајде записник, заклучоци, документи или стенограми од работата и сè друго што, во соработка со медиумските и новинарски организации, ќе биде утврдено како неопходно.

Ќе работиме на подобрување на адекватни технички и секакви други услови за работа на собранискиот канал, но и услови неопходни за работата на сите медиуми и новинари.

### ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ВЛАДАТА И ВЛАДИНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Врвен приоритет на Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе биде приближување на нејзината работа до граѓаните. Владата мора да биде орган кој ќе биде пример за својата транспарентност и иницијативност кон понатамошно подобрување на комуникацијата на државата со граѓаните.

Ќе воспоставиме систем со кој Владата и сите институции ќе се насочат кон подобрување на комуникацијата со граѓаните преку сите адекватни Интернет платформи. Наша цел е граѓаните да можат да ги добиваат сите информации за работата на институциите во секое време, на едноставен начин.

Ќе направиме стандард на минимум неопходни информации кои секоја државна институција ќе мора да ги објавува на Интернет платформа. Во тој стандард ќе мора да постои можност за информации околу раководните органи во институцијата, бројот и структурата на вработените лица, финансиското работење, планови и извештаи, програмите за работа, степенот на реализација на програмите и слични адекватни потреби.

Ќе го зголемиме бројот на отворени податоци во компјутерски обработлив формат. Отворените податоци редовно ќе ги ажурираме и истите ќе можат да се користат слободно, да бидат реискористени и редистрибуирани без ограничувања.

Секоја институција ќе го почитува Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата и Државниот завод за ревизија, а користејќи ги најдобрите европски практитки, ќе изготвиме анализа на ризик факторите за злоупотреби и корупција во државните институции. Врз основа на таа анализа ќе составиме план за објавување на информации од институциите како адекватна превентива од корупција и злоупотреби.

## ВЕБ-СТРАНИЦИ ДОСТАПНИ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Преку законски измени ќе овозможиме целосна пристапност на веб-страниците на државните институции за лицата со попреченост, според препораките на здруженијата за заштита на лицата со попреченост.

## УНИФИЦИРАНИ ВЕБ-СТРАНИЦИ ЗА ОПШТИНИТЕ

Ќе изработиме унифицирани веб-страници кои во отворен формат ќе бидат достапни за користење на секоја општина која има потреба од нова и функционална веб-страница. Веб-страниците ќе бидат прилагодени на потребите од информирање на секоја од општините.

# СЛОБОДНИ МЕДИУМИ

Во ерата на нови технологии, вештачката интелигенција и зголемената конкурентност во македонскиот медиумски пејсаж потребно е да се предложат мерки за изградба на економски одржливи медиуми чии реални ефекти врз медиумскиот плурализам и различност нема да бидат неповолни. Тоа е га-

ранција за нивната слобода.

Нашата цел е да се заштити и да се промовира различноста на културните изрази во медиумскиот простор, вклучително и Интернет порталите, преку јасни медиумски политики кои ќе бидат градени, работени и поддржани од адекватните институции и независни здруженија на медиуми, медиумски работници и новинари.

Неопходно е да се поддржи обезбедување, одржливост на независните и професионални јавни медиумски услуги со понатамошен развој на транспарентни и еднакви пазарни услови за сите приватни и јавни актери. Ќе се залагаме за зајакнување на транспарентноста на сопственоста на медиумите и спречување на негативните импликации од медиумската концентрација.

Нашите цели се:

- Развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги;
- Развој на онлајн медиумите;
- Промовирање на слободата на изразување;
- Развој на медиумската писменост;
- Развој на независната аудио, визуелна и Интернет продукција;
- Поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на македонскот народ и заедниците во Република Македонија, почитување на културните и религиозните разлики, поттикнување на културата на јавен дијалог меѓу граѓаните со цел да се зацврстува заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите меѓу различните заедници;
- Поттикнување на творештвото, образовниот и научниот развој;
- Заштита на интересите на корисниците особено на малолетните лица;
- Транспарентен, независен, ефикасен и отчетен јавен радиодифузен сервис;
- Транспарентно, независно, ефикасно и отчетно регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и на онлајн медиумите;
- Техничко-технолошки развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, онлајн медиумите, конвергенција со електронските комуникации и услугите на информатичко општество;
- Ефикасна борба против дезинформациите и лажните вести во медиумите и на Интернет просторот;
- Поттикнување и развој на конкуренцијата во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и реемитувањето на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи; и
- Развој на економијата во Македонија.

## САМОРЕГУЛАЦИЈА И РЕГУЛАТИВА

Ќе поддржиме воведување ефективни саморегулаторни и корегулаторни механизми, во комбинација со воспоставување на редовни анализи на медиумскиот плурализам. Слободата на медиумскиот израз е врвна вредност на развиените демократски општества кон кои се стремиме.

Во однос на медиумската содржина, регулативата не треба се однесува само на проценти и квоти, туку и на неопходното фокусирање на квалитативната димензија преку спроведување мерки за обезбедување квалитетна содржина.

Ќе отвориме дебата со сите заинтересирани страни за измени на законските одредби за да се обезбеди конкурентност, одржливост и плурализам на медиумскиот пазар, унапредување на социјалниот и економскиот статус на новинарите, правна сигурност, еднаквост и недискриминација, промовирање на медиумскиот плурализам и одржливоста на медиумите, поттикнување на нивни развој и усогласување на правната рамка за јавниот радиодифузен сервис со европските стандарди.

## МАКЕДОНСКАТА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА – СЕРВИС ЗА ГРАЃАНИТЕ

Потребна е понатамошна реформа на јавниот радиодифузен сервис за да продолжи да се зајакнува неговата независност, професионалните стандарди и финансиската одржливост.

Ќе ги унапредиме условите за работа на новинарите и медиумските работници во МРТВ. Во таа насока ќе поддржиме:

- Поддршка на сопствена продукција за заштита и унапредување на македонскиот културен и национален идентитет;
- Достапност на сите содржини до лицата со попреченост;
- Модернизација на техничко-технолошкото работење на МРТВ;
- Онлајн платформи преку кои ќе биде достапна програмата и архивите на сите канали на МРТВ со превод на регионалните балкански јазици;
- Создавање и поставување на апликации за мобилни уреди на кои би биле поставени голем дел од програмите и продукцијата на МРТВ;
- Разгледување на можност за стимулирање и поддршка на продукција на програма за ТВ и радио канали на јазиците што ги говорат помалите етнички заедници во Македонија;
- Зајакнување на образовната, детската, спортската и документарната продукција;
- Ќе поддржиме програмски сервис на Македонското радио, кој ќе емитува македонска програма и музика во текот на целиот ден;
- Комплетна дигитализација на работата и програмата на Македонското радио;
- Ќе поддржиме нов дигитален програмски сервис на Македонско радио - насочен кон Македонците кои живеат во регионот и дијаспората.

# ИНКЛУЗИВЕН ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

Граѓанското општество во Република Македонија е во неповолна состојба, односно активистите и работата на граѓанскиот сектор се инструментализирани од политичките елити за реализација на ограничени партиски интереси.

За динамично и инклузивно општество кое ќе претставува рефлексија на граѓанските потреби и интереси, неопходно е континуирано градење на капацитетите и професионално надградување на невладините организации. Слободата и независноста во нивното дејствување треба да бидат водечки императив, бидејќи на тој начин ќе се овозможи самите граѓански организации да го заземат вистинското место во општеството.

Во периодот што следува ВМРО-ДПМНЕ се обврзува на посветен ангажман со цел развој на граѓанското општество, за поддршка на невладин сектор ослободен од каква било злоупотреба од политичките и други центри на моќ. Граѓанските организации ќе играат важна улога во реформскиот процес на новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ и ќе бидат реално и активно вклучени во процесите на донесување одлуки. Ќе ја зајакнеме улогата на граѓанското општество во процесот на преговори за пристапување во ЕУ.

ВМРО-ДПМНЕ работи на унапредување на соработката и односите со граѓанските организации врз основа на следниве принципи:

- Инклузивност и партиципативно планирање - граѓанскиот сектор ќе биде консултиран и вклучен во креирањето на политики за развој на државата;
- Сигурност и одговорност - правна сигурност и реформирање на законите кои се однесуваат на граѓанските организации;
- Отвореност и транспарентност - отвореноста и транспарентноста се неопходни инструменти за градење еднаквост пред законот и одговорност на носителите на одлуки. Процесот на соработка со граѓанскиот сектор мора да биде транспарентен за јавноста и подложен на надворешна контрола.

Нашата визија е поддршка на инклузивен, независен и професионален граѓански сектор, кој е партнер на институциите во креирањето и реализацијата на стратешките цели на државата.

## ГАРАНТЕН ФОНД ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе обезбеди буџетски средства за поддршка на граѓанските организации со цел квалитетен развој на граѓанското општество. Намената на гарантниот фонд ќе биде финансиска поддршка на граѓански организации што аплицираат и се добитници на проекти од европски и други фондови, како што се ИПА фондовите, Хоризонт Европа,

Клајмет Кик, ИнвестЕУ, Дигитал Европа и други, а за кои е потребен процент на учество, односно кофинансирање.

Гарантниот фонд во целост ќе ја исполни својата намена преку воспоставување на процес на транспарентно, мониторирано и кредибилно финансирање по однапред строго утврдени услови.

## ФОРМИРАЊЕ НА 8 (ОСУМ) РЕСУРСНИ ЦЕНТРИ

ВМРО-ДПМНЕ се обврзува во сите плански региони во Република Македонија да формира по еден ресурсен центар за поддршка во основање и функционирање на граѓанските организации што ќе служат како отворени хабови и лаборатории.

## ОНЛАЈН РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

Преку воведување на дигитални алатки во работењето и соработката со НВО секторот, вистински ќе профункционира порталот за соработка со граѓанското општество, кој ќе служи како онлајн ресурсен центар. На тој начин ќе се олесни и ќе се намали бирократијата со која се соочуваат граѓанските организации и фондации, а како резултат на тоа ќе имаме податоци во реално време за статусот на сите здруженија во една централна база.

Во рамки на порталот, ќе создадеме онлајн база на активни граѓански организации, како и обновување на веќе постојни национални бази на локални, национални и меѓународни повици за грантови на организации.

## НОВ ЗАКОН ЗА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ

Согласно со постојната законска регулатива за здруженија и фондации, практичната реализација на законските решенија е честопати невозможна. Нефункционалната законска регулатива доведува до намален капацитет на можностите на граѓанскиот сектор во Република Македонија. Оттука, неопходно е посеопфатна дебата и во партнерски однос со граѓанскиот сектор, да се донесе нов и целисходен Закон за здруженија и фондации.

## ДОНАЦИИ И СПОНЗОРСТВА ВО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ШТО ВРШАТ ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ

Ќе спроведеме сеопфатна реформа на системот за спонзорства на организациите кои вршат јавни дејности, која ќе значи зајакнати граѓански организации, но и конзистентни, отворени и транспарентни механизми за доделување донации и спонзорства. Постапката за потврдување на јавен интерес на граѓанска организација и фондација ќе биде брза и ефикасна.

## *РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНА ПРЕТПРИЕМЛИВОСТ*

Ќе работиме на развојот на социјалната претприемливост што придонесува за социјалната кохезија, регионалниот и рурален развој, заштита на животната средина, заштита на потрошувачите, земјоделството и социјалната безбедност. Ќе изработиме Стратегија за развој и промоција на социјалната претприемливост.

## *ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ*

Советот за граѓански организации во рамки на Владата ќе организира Годишна конференција на граѓанските организации, заради презентација на работата на граѓанските организации, како и на взаемните активности и соработка со владините институции во вид на граѓански саем.

# 250 МИЛИОНИ ЕВРА ГОДИШНО ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО СИТЕ ОПШТИНИ ВО МАКЕДОНИЈА

Приоритет на новата Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе бидат инвестиции во капитални проекти, пред сѐ, во сообраќајната, комуналната и образовната инфраструктура. За таа цел, ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да инвестира по 250 милиони евра годишно од централниот буџет за капитални проекти во сите општини, или за мандатот од 4 години ќе бидат инвестирани 1 милијарда евра за локални проекти.



## АЕРОДРОМ

Изградба на средно училиште гимназија, изградба на основно училиште во населба Мичурин и Горно Лисиче, изградба на детска градинка Изворче во Стар Аеродром и во Населба Лисиче.

## КИСЕЛА ВОДА

Проектирање и изградба на поликлиника во Кисела Вода, уредување на корито на Маркова Река, изградба на нова улица кон нова економска зона кај поранешен Охис, изградба на ново основно училиште Св. Климент Охридски во населба Драчево, изградба на нова детска градинка во населба Расадник и во населба 11 Октомври згради, проектирање на надвозник Народни херои до о. Аеродром кај Раде Кончар, реконструкција на спортска сала Расадник, модернизирање на спортските сали во ООУ Круме Кепески, ООУ Кузман Јосифовски Питу и ООУ Кузман Шапкарев, изградба на сообраќајница Киро Фетак до Драчево и реконструкција на пат Пеленица.

## ЦЕНТАР

Изградба на градинки во населбите Маџир Маало и Буњаковец, монтажни паркинзи во Капиштец и Дебар Маало, проектирање и изградба на кружен тек и соодветно сообраќајно решение на раскрсницата кај Нова Македонија, изградба на резервоар со потисен цевковод со цел обезбедување вода во високите зони во Центар, дневен центар за престој и рехабилитација на лица со попреченост.

## КАРПОШ

Изградба на нова училишна зграда за ОУ во Средно Нерези, реконструкција или изградба училишна спортска сала ОУ Лазо Трповски, во О.У. Братство, и во ОУ Вера Циривири Трена, изградба на нова градинка во Влае 1, изградба на резервоар со потисен цевковод со цел обезбедување вода во високите зони во Карпош, проектирање и изведување на мултифункционален културен центар.

## САРАЈ

Канализациона мрежа во Долна Матка, изградба на пат од обиколница кај патарина Глумово до Долна Матка, изградба на крак на улица во село Шишево од 150м и реконструкција на улица 12 Сарај, осветлување на патот до Горна Матка, изградба на спортска сала во с.Љубин, изградба на мост од село Лока кој ќе ги поврзува Сарај со Ѓорче Петров.

## СОПИШТЕ

Ревервоар за вода за Сопиште, Ракотинци и Добри дол, асфалтирање на сите локални патишта и улици, спортска сала во Ракотинци, проектирање на систем за третирање на отпадни води.

## СТУДЕНИЧАНИ

Обезбедување на систем за водоснабдување во Долно Количани, канализациона мрежа во Долно Количани, градинка во Батинци (Љубош), тротоар и осветлување на регионален пат Батинци, асфалтирање на улици во Цветово.

## МАКЕДОНСКИ БРОД

Изградба на водоводни системи во Македонски Брод и уредување на кеј на река Треска.

## ЧАИР

Реконструкција и проширување на булевар Цветан Димов, изградба на амбуланта во Чаир, изградба на катна гаража и монтажни гаражи, изградба на мултифункционално игралиште, изградба на спортска сала.

## БУТЕЛ

Изградба на нова модерна Поликлиника од цврста градба, парк во населба Радишани и на левата страна на бул. Христијан Тодоровски Карпош, изградба на објект на Полициска станица во населеното место Расадник, изградба на нови и реконструкција на веќе постоечките мостови на територијата на општина Бутел, водовод за Љуботен и Љубанци, реконструкција на улици на територијата на општина Бутел, рконструкција на атмосферска и фекална канализација, амфитеатар и партерно уредување во дворот на ООУ “Ацо Шопов”

## ГАЗИ БАБА

Фекална канализација во сите рурални средини, изградба на ОУ Крсте Петков Мисирков во Ченто, изградба на 3 детски градинки во Гази Баба (меѓу кои и во Инџиково и Трубарево)

## ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Изградба на детска градинка во Дексион и основно училиште и детска градинка во населба Александрија, доградба на основно училиште „Страшо

Пинџур“ и „Јоаким Крчовски“, реконструкција и изградба на ул. Шар Планина, изградба на спортско рекреативен центар во Хром, изградба на локален пат во с. Кучково, како и реконструкција на улици.

## ШУТО ОРИЗАРИ

Изградба на ново основно училиште, изградба на Културен Дом, изградба на фудбалски стадион со трибини и помошни простории, изградба на Пензионерски дом, како и атмосферска канализација долж ул.Пелагонија, долж ул.Гарсија Лорка, долж ул.Карбуница и Клисурска, долж ул.Рељо Шестокрило

## ЧУЧЕР САНДЕВО

Канализациона мрежа за населено место Кучевачка Бара со пречистителна станица на река Серава, рекострукција на локален пат с. Чучер до с.Блаце, рекострукција на улица 10 од граница со општина Шуто Оризари до с.Сандево, рекострукција на 2 моста на регионален пат R 301 во с.Бразда и с.Кучевиште, бушење на бунари за вода за нови извори с. Бањани с. Чучер с. Мирковци, рекостркција на локален пат с. Бањани манастир св Илија, рекострукција на локален пат с.Кучевиште манастир св Архангел.

## ЛИПКОВО

Рехабилитација на регионален пат од населба Ченто до Арачиново и Липково, пречистителна станица за вода за пиење, експлоатација на минерални суровини и проекти за нов рудник, реконструкција на училишта и спортски терени.

## КУМАНОВО

Реконструкција, санација и доградба на поранешниот пионерски дом, изградба на 2 нови детски градинки, изградба на современ спортски центар, реконструкција на градски кеј: доградба од кружен тек до Кумановска бања, доградба од Вододвод до Чоче.

## АРАЧИНОВО

Изградба на системи за водозафаќање, атмосферска и фекална канализација, изградба, доизградба и рехабилитација на регионални патишта во општината, рехабилитација на регионален пат од населба Ченто до Арачиново и Липково.

## СТАРО НАГОРИЧАНЕ

Реконструкција на локален пат до маалите во Старо и Младо Нагоричане, изградба на спортска сала во ЦОУ Христијан Карпош, доградба и ставање во функција на централен водовод во с.Младо Нагоричане, изработка на техничка документација за фекална канализација во централен дел на с. Старо Нагоричане и Младо Нагоричане и почеток на изградба, реконструкција на регионален пат од с. Степанце до мегалитска опсерваторија Кокино, реконструкција на пат од Старо Нагоричане до манастир Забел, реконструкција на пат од с. Канарево до с.Бајловце, санација на паднат мост на река Петрошница во с. Макреш.

## ВЕЛЕС

Изградба на обиколница од Тунелот до мостот кај Башино Село, изградба на нов мост на реката Вардар кај Башино Село, изградба на нова подземна катна гаража лоцирана во центарот на градот, доизградба на лева страна од кејот на Вардар во правец од стар Мост до поранешен хотел Вила Зора и од десната страна до Долни Дуќани, нова катна гаража од левата страна на мостот Гемиџии, реконструкција на патниот правец кој минува низ Дорутовец и Чолошево, реконструкција на патниот правец од Отовица до Мамутчево, изградба на велосипедски пешачки парк - Велес лоциран на езерото Младост ,одводен канал за одведување на отпадни води во високите зони на Велес.

## ШТИП

Изградба на обиколница со цел да се поврзе влезот од страната на Скопје со влезот од Струмица, реставрација на тврдина Исар, Булевар Партизанска со кои ќе се поврзат населбите „8ми Ноември" и „Баби", завршување на главна водоводна линија 2 со која значително ќе се подобри снабдувањето со вода во населбите Пребег, Плуждино и Кежовица, изградба на нова детска градинка помеѓу населбите Пребег и Железничка.

## КОЧАНИ

Изградба на Дом за стари лица во Кочани, изградба на Јужен булевар - поврзување на ул. „Никола Карев" од вкрстувањето со железничката пруга во Кочани, изградба на систем за одведување и третман на отпадни фекални и атмосферски води во спортско рекреативен центар Пониква (главна водоводна мрежа во спортско рекреативен центар Пониква и доводен цевковод кај идна акумулација Пониква 1 до резервоарите 1 и 2 за водоснабдување на СРТЦ Пониква), реконструкција на улиците „Гоце Делчев" и „Борис Трајковски", изградба на катна гаража, изградба на колектор за фекална канализација Виница- Кочани до ПСОВ Мојанци, изградба на главен потисен цевковод дел 3 до препумната станица и изградба на мост на Кочанска река за поврзување на улица „Лазар Андонов" и „Вера Которка".

## ВИНИЦА

Изградба на Булевар Илинденска на влез во Виница, изградба на кружен тек, ул.Браќа Миладинови, изградба на локален пат до туристичка и викенд населба на Плачковица, с.Градец – Маринково, Блатец – Детлово (2 фаза), регулација и партерно уредување на Виничка река, регулација на Градечка река – Виница, партерно уредување на кеј на Градечка река во Виница, изградба на локален пат Трсино - Голак (1 фаза), изградба на спортска сала во ООУ Гоце Делчев – Виница, изградба на спортски терени во с.Градец и с.Трсино, изградба на канализациона мрежа во село Липец, изградба на пречистителна станица за отпадни води во село Блатец, регулација на речно корито на Кајанечки дол с.Истибања, изградба на водоводна мрежа во Големчево - с.Истибања, изградба и реконструкција на улици во Виница и други населени места.

## СВЕТИ НИКОЛЕ

Изградба на нова пречистителна станица, изградба и реконструкција на повеќе улици во градот и селата, изградба на фекална канализација во сите рурални средини, надградба и доградба на детската градинка Рахилка Гонева, уредување на излетничкото место на езерото Мавровица.

## БЕРОВО

Изградба на пристапен пат до селските гробишта во с.Русиново, изградба на локален пат до црква св. Марко во с.Русиново, асфалтирање на локален пат Берово-Владимирово, канализирање и отпуштање отпадни води во сите рурални населени места во општината, проект и Реконструкција на патен правец Берово Струмица, реконструкција и проширување со трета лента за претицување на патен правец Берово – Виница, проширување на патниот правец Берово-с.Русиново, средување на просторот околу Беровско Езеро за развој на туризмот.

## ДЕЛЧЕВО

Изградба на пречистителна станица за отпадни води на град Делчево, изградба на мини пречистителни станици за отпадни води на поголеми населени места: село Град, село Стамер, село Вирче, село Трабогивиште, реконструкција на главен доводен цевковод на вода за пиење за град Делчево, изградба на нови главни потисни цевководи за вода за пиење за селата Габрово, Вирче, Град, Стамер, Ѕвегор, Полето и Очипала, изградба на нова водоводна мрежа за село Вирче и Бигла, изградба на нов мост на река Брегалница, изградба на коловозен мост на Река Брегалница за поврзување на Ново Делчево и населба Стрелиште, доизградба на водоводна, канализациона и патна инфраструктура во ТИРЗ Делчево, проектирање и изградба на нов експресен пат Делчево-Виница преку Калиманско поле, изградба на нов

јавен паркинг за теретни возила и автобуси, поставување на мерни станици за мерење на загадувањеето на амбиенталниот воздух во Делчево, поставување на мерна станица за следење на квалитетот и количината на проток на Река Брегалница.

## ПЕХЧЕВО

Реконструкција на локален пат Умлена- Робово, реконструкција на локален пат село Панчарево, реконструкција на влез во Општина Пехчево од страна на Делчево, реконструкција и доизградба на кеј на Пехчевска река, изградба на градска капела, изградба на атмосферска канализација во Пехчево.

## МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Изградба на локален пат од с.Косевица до с.Моштица, с.Саса до с. Цера, с.Саса Алебаци, с.Костин Дол, с.Тодоровци до с.Луковица, реконструкција на локален пат до с.Луковица и до с.Моштица, изградба на улица Питу Гули, улица Карпошова и улица Миле Јаневски Џингар, реконструкција на улица Илинденска, изградба на пешачки мост на Каменичка река, изградба на фекална канализација во с.Моштица, изградба на колектор за фекална канализација од с.Моштица до М.Каменица, изградба на фекална канализација во с.Косевица и на улица Македонска и Илинденска, изградба на атмосферска канализација на улица Македоснска,Илинденска и Осоговска, изградба на локален пат од маало Ристовци до маало Османлии во с. Саса.

## ПРОБИШТИП

Пречистителна станица на отпадни води за Пробиштип и Злетово, поставување на мерни станици за квалитет на воздух, изградба на канализационен крак во Злетово, реконструкција на локален пат Долни Стубол - Горни Стубол, рехабилитација на регионален пат Пробиштип – Кратово, изградба на пат до Пониква , асфалтирање на пат Турско Рудари-Шталковица, пат Шталковица - Ратковица, реконструкција и проширување на Регионален пат Пробиштип Св. Николе, затворање и ревитализација на депонијата Озрен, обезбедување просторни услови за Дом за стари лица, развој на индустриската зона.

## КРИВА ПАЛАНКА

Доизградба на главен фекален колектор за град Крива Паланка по фази и докомплетирање на техничка документација за пречистителна станица, изградба на регионален пат Тораница – Саса, стимулирање на земјоделското предприемништво, поголема промоција и конкурентност на земјоделските производи, изградба на нов водоводен систем од м. в. Љуљки до с. Конопница со секундарна мрежа доизградба и реконструкција на водоводна и канализациона мрежа во с. Конопница.

## КРАТОВО

Регулација на речно корито и изградба на колекторски систем за уредување на дел од Манцева река и дел од Кратовска река, реконструкција на улица Кочо Рацин заедно со потпорен ѕид, реконструкција на градска Сала, изградба на крак од улица Вера Јоциќ, реконструкција на патот до планинските села Близанци, Куново, Мушково, Нежилово до Каврак, изградба на мала пречистителна станица во с. Приковци (Црн Врв), реконструкција на зграда на поранешна Кристалограферница, изградба на дом за стари лица, урбано уредување и обликување на дел од улица Гоце Делчев , Реконструкција на ЈОУДГ "Царка Андреевска".

## ИЛИНДЕН

Реконструкција на коловозот на локалниот пат Бујковци-Мршевци, локален пат Кадино-Мралино, со пешачка патека и одводнување на атмосферски води од улицата, изградба на атлетска патека, реконструкција на улица 11 во Мралино, локален пат с.Јурумлери-Илинден, , реконструкција на улица 9, реконструкција на коловозот на локалниот пат Мршевци- Дељадровци и одводнување на атмосферски води, изградба на фекална канализација за дел од населено место Кадино, прифаќање и третман на отпадни води за населено место Ајватовци, Мралино и населено место Бунарџик, изградба на Пречистителна станица за третман на отпадни води од колекторскиот систем Илинден-Марино, реконструкција и реставрација на водоводна мрежа од кружен тек во Илинден до улица 500 во Марино, плоштад во Илинден, изградба на нова детска градинка во населба Илинден, доградба на училиште ООУ Гоце Делчев – Илинден, изградба на училишна сала во ООУ Браќа Миладиновци – Илинден, изградба на мал стадион со трибина во Илинден, изградба на атлетска патека, обезбедување на комплетно нова инфраструктура на населено место ЈАКА, пречистителна станица и изградба на мост.

## ПЕТРОВЕЦ

Асфалтирање на регионален пат Р103 од влез на Петровец до излез на Ржаничино, доизградба на новата Детска градинка ЈОУДГ "Авионче", изградба на пречистителна станица за отпадни води во н.м. Петровец, изградба на мост на река Пчиња во Средно Коњари, поставување на звучна ограда на Автопатот "Пријателство" во н.м. Ржаничино и н.м. Катланово, изградба на културен дом во н.м. Петровец

## ЗЕЛЕНИКОВО

Изградба на детска градинка, реконструкција на главен водовод во општината, изградба на пат од с. Пакошево до с. Таор, изградба на 2.5 км пат до с. Гумалево.

## ГРАДСКО

Реконструкција на мостот на река Вардар кај село Уланци, реконструкција на улица 8-ми Септември во Градско, подобрување на квалитетот на услугите за водоснабдувањето во Градско

## ЛОЗОВО

Изградба и реконструкција на локални патишта Каратманово, Аџиматово, Ќоселери, Дорфулија, Милино.

## ЗРНОВЦИ

Изградба на локален пат село Мородвис-локалитет Црквиште, село Мородвис-Гробишта, с. Видовиште, Друмот-Оризови Гумна, локален пат од с. Зрновци до нова индустриска зона, изградба на Капела во Зрновци, реконструкција на улица Илинденска во с. Зрновци, реконструкција на повеќенаменско училишно спортско игралиште во село Мородвис, реконструкција на спортско фудбалско игралиште во село Зрновци, изградба на армирано бетонски ѕидови - зафат на Морошка река, изградба на мост на река Зрновка на локален пат кај место викано Убаво Поле.

## КАРБИНЦИ

Изградба на нова детска градинка во село Карбинци, реконструкција на постоечки канали за наводнување во село Карбинци, изградба на зафат на река Брегалница, изградба на спортска сала во село Таринци, реконструкција на улици во село Таринци и Карбинци, уредување на одводен канал Герен во село Долни Балван

## РАНКОВЦЕ

Изградба на канализациона мрежа за отпадни води на населено место Опила, изградба на патен правец с. Петралица - с. Баратлија, изградба на општински пат Радибуш - Средна маала

## ЧАШКА

Пречистителни станици во населба Чашка и с. Лисиче, изградба на канализациона мрежа и пречистителна станица во с. Долно Јаболчиште и мрежа и пречистителна станица во с. Горно Јаболчиште, и аслфалтирање на регионалниот пат с. Извор-Прилеп преку с. Јасеново.

## ЧЕШИНОВО ОБЛЕШЕВО

Реконструкција на улица Сремска и улица бр. 6 во Облешево, локален пат Спанчево – Чешиново, локален пат Спанчево – Облешево, улица Маршал Тито со атмосферска канализација во Чешиново, изградба на водоводна мрежа во с. Чешиново, изградба на фекална канализација во с. Соколарци ( фаза 2 ), регулација на Суводолина во Спанчево, изградба на фекална канализација во с. Теранци, во с. Жиганци, изградба на пречистителна станица и фекална канализација во с. Соколарци, реконструкција на општинска зграда во с. Облешево, реконструкција на локален пат Чешиново – Соколарци, подобрување и заштита на природната зелена инфраструктура во с.Облешево, реконструкција на ул. Прохор Пчински во с.Чифлик и ул. Први Мај с.Спанчево

## ПРИЛЕП

Реконструкција на улица Победа со мост, кружен тек Табана со мостовско решение, влез Македонски Брод-Прилеп , улица Орде Чопела, кружен тек Нова Автобуска, реконстукција на спортска сала Партизан, урбанизарање на нова населба „Проект Градина“ (улици, водовод, канализација, осветлување, училишта, градинки), реконструкција на стари и изградба на нови детски игралишта и сали, реконструкција на улици во населени места и градот.

## КАВАДАРЦИ

Реконструкција на локален пат Кавадарци – с. Долни Дисан, поврзување со општина Неготино, локален пат од с. Бојанчиште до река Блашница (Киново), с. Бојанчиште до с. Куманичево, с. Ресава до с. Дабниште, до с. Гарниково, од брана Тиквеш до с. Ресава, локален пат за с. Чемерско, с. Бегниште до Кошани, пат од нас. Голеш до с. Шешково, локален пат од с. Бохула до с. Радња, забиколница на делница од с. Марена до Југокомерц и до Витачево.

## СТРУМИЦА

Изградба на систем за наводнување на брана на Маркова Река во селото Куклиш, ревитализација на систем за вода во населени места Банско и Свидовица, реконструкција на пристапен пат до населено место Сачево и до населено место Просениково, велосипедска патека до населените места за рекреација и еколошки транспорт, уредување на градските гробишта и реновирање и изградна на мултифункционална сала во Дом на културата – Антон Панов, реконструкција на водоводна мрежа во Раборци, Банско, Сачево, изградба на канализациски системи во Свидовица, Габрово, Градско Балдовци, Сачево, реконструкција на одводни канали на патот во Рич, Дабиле, Куклиш и Муртино, како и реконструкција на Цареви Кули над градот Струмица, нова агро-берза помеѓу селата Куклиш и Банско, проект за изградба на градска читална, реконструкција на градска библиотека Благој Јанков Мучето, современ

градски пазар , проект за уредување на кванташкиот пазар во Струмица, развој на бањски туризам, реконструкција на дел од канал Крушевска република, реконструкција на ул. Младинска и ул. Ката Поцкова, реконструкција на ул. „Климент Охридски“, реконструкција на локален пат Водоча – Струмица, нова градинка во Банско, реконструкција на водоводна мрежа во Раборци, Банско, Сачево, решавање на проблемот со водата за пиење во Куклиш, реконструкција и проширување на патот Робово- Муртино-Банско.

## РАДОВИШ

Уредување на порој во населено место Воиславци и населено место Ињево, уредување на речно корито на Радовишка река, реконструкција и пренамена на „Стоковна куќа“ во едукативен, забавен и културен центар со содржини на јавни дејности, уредување на УБ 15, изградба на спортско рекреативен центар „Канлиева воденица“.

## ВАЛАНДОВО

Спортска сала во населено место Пирава, реконструкција на фудбалско игралиште во населено место Брајковци во мултифункционален спортски објект, изградба на канализациони мрежи за селата Собри, Грчиште и пречистителна станица во Валандово, реконструкција на улици во населените места Собри, Раброво, Грчиште, Чалакли, Казандол, изградба на мултифункционален спортски објект во Собри, како и уредување и регулација на суводолица „Странец“, реконструкција на културни домови во населени места Удово, Јосифово, Собри, изградба на цефковод за водоснабување на с. Башибос, проширување на патот до село Чалакли, обезбедување на нов извор за водоснабдување за с.Грчиште, Јосифово и Удово.

## ГЕВГЕЛИЈА

Изградба на фекална канализација Смоквица и Милетково, реставрација и конзервација на објектите и патрнерното уредување на патеките во стара градска чаршија, реконструкција на ул. Маршал Тито, задржувајќи ја нејзината автентичност која има особено значење за Гевгелија, изградба на ново основно училиште, нов фудбалски стадион локациски сместен во комплексот „Касарна“,нов градски музеј, на местото на стариот фудбалски стадион во центарот на градот, реконструкција на локален пат Миравци-Петрово, реконструкција на градски плоштад по примерот на модерните европски градови, реконструкција на повеќе улици и поставување на канализациони мрежи во градот и во населените места.

## ДОЈРАН

Изградба на нова канализациона мрежа на цела општина со нова пречистителна станица, санација на хидросистем Ѓавото и негово ставање во функција, изградба на локални улици во Нов Дојран, Стар Дојран, Николич, Фурка, Црничани, водоводна мрежа на Нов Дојран,Стар Дојран и нови бушотини, како и изградба на училишна зграда во Црничани.

## БОГДАНЦИ

Реконструкција и доизградба на канализациони мрежи во населените места во општина Богданци, замена на азбестните цевки во мрежата за водоснабдување во Богданци, Стојаково, изградба на пат Ѓавото (општина Богданци) -Грчиште (општина Валандово), изградба на нов мост на река Луда Мара (Богданци-Индустриска зона Барта-Стојаково), реконструкција на Дом на Култура во с.Ѓавото, училишна спортска сала во ООУ Петар Мусев Богданци и реконструкција на пешачка и велосипетска патека Богданци -м.в. Чести јавори II фаза, регулација на водотеци-атмосферска канализација на ул 25 Мај во н.м Богданци, доизградба на инфраструктура во индустриски и туристички зони.

## НЕГОТИНО

Изградба на комплетно нова улица бр. 38 со линиска и комунална инфраструктура, изградба на нова Обиколница, изградба на рекреативен парк во кругот на СРЦ Младост, целосна реставрација на улиците Маршал Тито и Партизанска, изградба на четири нови улици во с.Тремник, реконструкција на улица 29-ти Ноември, изградба на целосна комунална инфраструктура (улици, водовод, канализација и осветлување) во населбата Урбана Заедница 5- 5.1, целосна реконструкција на улица Ленинова, изградба-доградба на нови училници заедно со нова сала во ООУ Страшо Пинџур, уредување на речното корито во с.Тимјаник, изградба на челичен мост кој што ќе ја поврзува ул. Димче Мирчев до ООУ Гоце Делчев – Неготино, изработка на проект за комплетна реконструкција на стара и руинирана зграда на ОМУ Владимир Арсовски – Неготино, реконструкција на улица Фемо Кулаков.

## ДЕМИР КАПИЈА

Изградба на спортска сала во с.Корешница и с. Бистренци, изградба на фекална канализација во с. Прждево и пречистителна станица на отпадните води во село Бистренци, доизградба на постоечкиот објект ЈОУДГ „Борис Трајковски" Демир Капија, изградба на спортско игралиште во Демир Капија и изградба на мост од С.Бистренци до сепарацијата на Гранит, асфалтирање на улици во село Прждарево.

## МОГИЛА

Изградба на водоводна мрежа и атмосферска канализација во индустриска зона Петилеп и во с.Беранци, Долно Српци, Ивањевци, Свето Тодори, Трновци, Вашарејца и Лознани, Изградба на атмосферска канализација во Добрушево, Изградба на Индустриска Зона Петилеп ( атмосферска канализација, електрика, фекална и прочистителна станица), изградба на атмосферска канализација во Беранци, Долно српци и Трновци

## НОВАЦИ

Индустриска зона во Новаци (атмосферска канализација, коловоз и осветлување).

## РОСОМАН

Проектирање и изградба на локален пат од Росоман до клучка на регионален пат Градско Прилеп кај Крушевица, изградба на клучка кај Сирково за поврзување со експресниот пат, санација и реконструкција на каналот за наводнување Макарија, како и уредување на индустриската зона во Росоман, санација и реконструкција на каналот за наводнување Макарија.

## КОНЧЕ

Изградба на регионален пат Д.Липовиќ – Рич, реконструкција на регионален пат Конче –Радовиш, изградба на мини-брана во месност „Лесковица“, за наводнување на земјоделски површини.

## НОВО СЕЛО

Изградба на пешачка патека од Ново Село до Мокриево, реконструкција на патен правец клучка Сушица до Зубово, реконструкција на водоводен систем и филтер станица во Колешино, асфалтирање на улици во Сушица во Оброк маало и Порој маало, реконструкција на водоводен систем во Мокриево, изградба на мост, уредување на речно корито на река новоселка

## БОСИЛОВО

Реконструкција на дел од водоводниот систем за селата Иловица и Штука (изградба на 12 272 метри нова водоводна мрежа, реконструкција на резервоар за вода со зафатнина од 300 м3 во с. Дрвош), изградба за фекална канализација со прочистителна станица за село Моноспитово, изградба на фекална канализација со пречистителна станица за село Босилово (изградба на канализациона мрежа, канализација во с.Босилово и водоснабдителен систем во с. Дрвош.), изградба на доводен цевковод, изградба на локален пат за поврзување на селата Секирник и Штука.

## ВАСИЛЕВО

Реконструкција на филтер станица Ташли Баир и во Добрашинци, изградба на пат во с. Василево од Домот на културата до фабриката 11 Септември, изградба на фекална канализација во Градашорци, во с. Радичево и во населено место Василево, реконструкција на главната улица во с.Пиперево, изградба на крак од фекална канализација во населено место Ангелци, реконструкција на месна заедница Ангелци, изградба на пат кон селски гробишта Нова Маала, доградба на ОУ Гоце Делчев – Василево.

## КРИВОГАШТАНИ

Изградба и реконструкција на водоснабдителни системи во населените места, изградба и реконструкција на регионални патишта, како и фекална канализација.

## БИТОЛА

Набавка на 10 нови електрични автобуси, изградба на влез во Битола од страна на Охрид, изградба на нов мултифункционален спортски комплекс Нова Битола, затворен базен до спортската сала Боро Чурлески, изградба на нова противпожарна зграда, докомплетирање на индрустриска зона Жабени, изградба на улици во поранешната касарна АРМ ЧЕТВРТ 2, реконструкција на објект „СПОРТСКА САЛА" с. Бистрица, Изградба на целосна инфраструктура во населба Буковски Ливади 3 Дел, реконструкција на јужна трибина, изградба на атлетски патеки, борилиште на Градски стадион Петар Милошевски, изградба на тренинг центар на отворени спортски игралишта во АРМ Четврт 2, реконструкција на објект "Парк".

## ОХРИД

Изградба на ново основно училиште „Григор Прличев", катна гаража во Охрид на локација-Градски пазар, изградба на канализационен систем со пречистителна станица во с.Трпејца, изградба на плоштад „Чинар" во центарот на градот, изградба на систем за водоснабдување на општина Охрид од "Свињишки извори", довршување на Градскиот базен во Охрид, изградба на Кеј Македонија.

## СТРУГА

Надградба на пречистителна станица за отпадни води во Враништа, реконструкција на водоводната мрежа, замена на азбестните цевки и решавање на проблемот со притисокот, чистење и ремедијација на депонијата во Струга, пробивање и асфалтирање на нови патишта: поврзување на село Драслајца со село Ложани, село Мороишта со село Драслајца, село Враништа со село Драслајца, село Враништа со село Драслајца, рехабилитација на патот Нере-

зи – Јабланица, изградба на булевар од кружниот тек пред Струга до мостот на реката Шум кај село Враништа, изградба на нова градинка, енергетски ефикасна реконструкција на училиштата.

## КИЧЕВО

Изградба на регионален пат од с. Извор до Бошков Мост Дебар, изградба на спортско едукативен центар во Крушино / Кичево, реставрација на првото училиште на македонски јазик во Подвис / Кичево, довршување на изградбата на болницата во Кичево, завршување на автопатот Кичево-Охрид, реконструкција на автомобилистичка тркачка патека во Кичево.

## РЕСЕН

Целосна реконструкција на плоштадот „Цар Самоил“, реконструкција на ул. „Наум Веслиевски“, изградба на нов цевковод од извори с.Крушје до главниот резервоар во градското подрачје, изградба на водоводна мрежа од Сирхан до Стење, изградба на фекална и атмосферска канализација со пречистителна станица во индустриска зона Ресен, реконструкција на патен правец до с.Болно, изградба на речно корито во с.Царев Двор, комплетна реконструкција на ул. Науме Веслиевки асфалтирање и поставување тротоари, ул. Гоце Делчев, канализација во с.Јанковец со изведба за примарна и секундарна мрежа, изградба на водоводна примарна мрежа од с.Јанковец до Ресен, изградба на монтажна катна гаража од 500м2 над градскиот пазар во Ресен

## ДЕМИР ХИСАР

Изградба на канализациона мрежа со пречистителна станица во Вардино, реконструкција на локален пат с.Вардино-Демир Хисар, изградба и реконструкција на улици во с.Белче, реконструкција на локална улица во с.Жван.

## КРУШЕВО

Реконструкција на училиште во с.Норово и с.Врбоец, изградба на монтажно училиште во с.Јакреново, изградба на систем за наводнување за с.Борино, реконструкција на водоводна мрежа во Крушево и водовод Езериште, набавка на нови пумпи во с. Норово и изградба на систем за водоснабдување на град Крушево, изградба на спортска сала, изградба на катна гаража.

## ДОЛНЕНИ

Изградба на локални патишта во населените места, изградба на водовод, реконструкција на локални патишта и спортски игралишта.

## ВЕВЧАНИ

Уредување на централното јадро – изградба на плоштад во Вевчани, изградба на велосипедски патеки во должина од 20 км на планината Јабланица, изградба на повеќенаменско спортско игралиште во училиштето Страшо Пинџур, реконструкција на кино сала во Вевчани

## ПЛАСНИЦА

Изградба на локални патишта, системи за третман на отпадни води и фекалии, спортски игралишта, обезбедување на потребите за чиста вода за пиење во населените места.

## ДЕБАР

Реконструкција на водоводна мрежа Манастирец -Џепиште- Отишани, изградба на спортско игралиште во с.Отишани, изградба на паркинг во с.Горно Косоврасти, реконструкција на водоводна мрежа во с.Могорче, изградба на спортска сала во близина на основното училиште во с. Могорче и уредување на речното корито во с.Долно Косоврасти

## МАВРОВО И РОСТУШЕ

Проектирање и изведба на канализациона мрежа со пречистителни станици во мавровски регион, проектирање и изведба на нов мост преку река Радика кај м.в. Ростушки мост, како и изградба на туристричка развојна зона.

## ДЕБРЦА

Реконструкција на водоводна мрежа во с.Мешеишта, реконструкција на повеќе наменско игралиште во с. Мешеишта, изградва на нов резервоар за вода во с. Оровник, реконструкција на патен правец во село Злести, асфалтирање на селски пат со канали за наводнување во село Лешани, канализациона мрежа во село Велмеј, санација на патниот правец од место викано (Џер) с.Издеглавје до с.Слатино, асфалтирање на локален пат с.Волино-с. Мешеишта, набавка на противпожарно возило и опремување простории, реконструкција на веќе постоечко игралиште во склоп на училиштето во с.Белчишта, асфалтирање на локален пат од с.Требеништа - с.Мислешево (Струга).

## ЦЕНТАР ЖУПА

Изградба и реконструкција на патни правци во Центар Жупа, особено с. Брештани и с. Житнени, изградба и реконструкција на спортски изгралишта.

## ТЕТОВО

Изградба на нов објект за примарна здравствена заштита во кругот на ЈЗУ Здравствен дом Тетово, изградба на катни гаражи, музеј на планинарењето во Вратница.

## ГОСТИВАР

Целосна реконструкција на спортската сала во Гостивар, реконструкција на училиштата и спортски сали, изградба на нова детска градинка во населба Малеарди и потребни доградби, Реконструкција на главна улица во населба Циглана, изградба на нова канализациона мрежа во населба Циглана и Фазанерија, целосна реконструкција на водоводната мрежа во Општина Гостивар и реконструкција и доградба на канализациона мрежа за собирање на отпадните води во Гостивар, рехабилитација и реконструкција на локални улици во Гостивар, реконструкција на сите културни споменици и спомен обележја, изградба на улици во с. Здуње - долно Здуње, изградба на локални улици во с. Тумчевиште, изработка на проектна документација за издградба на пречистителна станица за отпадни води, изградба на нова канализациона мрежа во населени места Галате, Врапчиште и Зубовце, изградба на нова водоводна мрежа во населени места Галате, Врапчиште и Зубовце, изградба на повеќенаменско спортско игралиште во Галате.

## ТЕАРЦЕ

Изградба на резервоар за вода од 120 кубни метри, изградба на училиште во с. Непроштено, изградба на пречистителна станица во Лешок и реконструкција на крак од регионален пат до село Глоѓи, изградба на канализациони системи, реконструкција на игралишта во село Непроштено и село Глоѓи, надградба и чистење на браната на непроштенска река.

## БРВЕНИЦА

Ново училиште во с. Брвеница, спортска сала во с. Челопек, доградба на градинката во Брвеница за згрижување на повеќе од 60 дечиња, изградба на градинка во с.Челопек

## БОГОВИЊЕ

Изградба и реконструкција на канализациони мрежи во населените места во општината, реконструкција на патишта, изградба на пат во с. Урвич и с. Јеловјане, изградба и реконструкција на улици.

## ВРАПЧИШТЕ

Изградба на нова канализациона мрежа во населени места Галате, Врапчиште и Зубовце и изградба на повеќенаменско спортско игралиште во Галате, изградба на спортски игралишта.

## ЖЕЛИНО

Целосна реконструкција на регионален пат Р2242, завршување на асфалтирањето на пат од Желино до населено место Луковица, канализациони системи во населените места во општината.

## ЈЕГУНОВЦЕ

Доизградба на фекална канализација во н.м. Јанчиште и Подбреѓе, реконструкција на локалните улици во н.м. Јегуновце, реконструкција и изградба на локален пат с.Копанце-с.Туденце, локален пат од с.Туденце до с.Сиричино, реконструкција на пат во с.Сиричино, изградба на фекална канализација во н.м. Ратае, изградба на повеќенаменско спортско игралиште во Старо Село, тампонирање на пристапни патишта во Јанчиште, Подбреѓе, Копанце, Раотинце, Туденце и Прељубиште, изградба на регионален пат Рогачево.

ВМРО-ДПМНЕ